КП 665

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“

Филозофски факултет – Скопје

Институт за Историја

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

# МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ОД 1988 ДО 1995 ГОДИНА

**Ментор:**

**Проф. Д-р. Виолета Ачкоска**

**Изработил:**

**Никола Србов**

**Скопје 2015**

# ВОВЕД

Ја имаме таа привилегија да пишуваме за нешто кое допрва ќе станува се поактуелно и попривлечно за научните работници. Темата е присутна во научните кругови и во јавниот дискурс, проблемот ја тангира целата македонска јавност која смета дека одигрувањето на овие круцијални настани, од периодот 1988 до 1995 година, пред се начинот на кој биле одиграни, влијае врз сеопштиот живот во денешното општество, дотаму што истите имаат влијание и врз приватниот живот на македонските граѓани – економско, социолошко, културолошко, итн.

Сознанието дека до сега нема напишан историографски труд за посочената проблематика, е првиот во низата предизвици пред нас, фактот дека се избегнува оваа тема е вториот во низата предизвици, контроверзноста на разногласието во општеството кое оди од една во друга крајност не` предизвикува да ставиме крај на истото. Како последно би го ставиле фактот дека прашањата кои ги обработуваме се` повеќе ќе добиваат на актуелност помеѓу научната јавност во Македонија, атрактивноста и интересот за нив нема да спласне во блиската иднина, напротив, тој ќе се зголемува бидејќи иднината има потреба од одговорите.

Покрај круцијалните прашања од национален карактер кои навлегуваат во достоинството на секој поединец во Македонија, променетото знаме и име на државата (за меѓународна употреба во рамките на бројните органиозации каде Македонија е член), овие настани влијаат и врз егзистенционалните прашања на секој граѓанин. Како прв пример ќе гоземеме блокирањето на Македонија од страна на Република Грција на патот кон евро-атлантските интеграции. Македонските граѓани веруваат дека доколку не постои блокадата од јужниот сосед, со што Македонија веднаш би станала полноправна членка на Европската Унија, тоа би се одразило врз џебот на секој поединец, поточно, би се зголемил стандардот и квалитетот на живеење во државата. Истото важи и за блокадата на Македонија за нејзино интегрирање во НАТО, македонските граѓани веруваат дека, доколку Р. Македонија стане дел од НАТО, повеќе нема да постојат безбедносни прашања внатре во државата, што значи, политиката на соседните земји влијае директно врз семејниот буџет и безбедноста на македонските граѓани. Корените на овие прашања, кои се

секојдневно присутни во јавниот, политичкиот и научниот дискурс, се наоѓаат токму во периодот кој е тема на обработка во овој магистерски труд. Оттука сметаме дека општествената оправданост на проблемот кој го поставуваме е повеќе од евидентна, исто така, преку презентирање на фактите од овој период, може да се очекува градење на одлуки во иднина базирани врз позитивните или негативните превземени чекори од овој период.

Маргинализацијата на прашањето кое го поставуваме во трудот, од страна на одреден дел од македонските историчари, според нашето видување е резултат на повеќе фактори кои со својата испреплетеност всушност ја деградираат историската наука. Оправдувањата за избегнувањето да се истражува најблиското минато од македонската историја официјално се базирале на неисполнетоста на историската дистанца откако се случиле настаните кои подлежат на истражување и обработка. Покрај неисполентоста на историската дистанца, временска рамка која е востановена како потребна да измине во време кога комуникациите биле во самиот зародиш и методологијата на истаражување била во согласност со тогашните можности за добивање на информации, нивно условено и селективно презентирање во јавност, друг проблем со кој се соочува историчарот, или бара оправдување за молчењето, е влијанието на овие настани во денешната политика. До сега како хендикеп се земаше фактот дека учесниците во соодветните настани се се`уште живи, а дел од нив се активни во македонското општество, и со предочување на нивното делување во историографски научен труд, би се извлекла некаква оцена за нивните постапки, аналогно на тоа историчарот – авторот на трудот би бил вметнат во еден од таборите на дневната политика. Поминати се 24 години од чинот на осамостојување на Република Македонија, 26 години од измената на Уставот на СР Македонија која ја земаме како почетна одредница во нашиот труд и 20 години од промената на државното знаме на Република Македонија и симнувањето на економската блокада од страна на Република Грција, со што, практично, завршува овој труд во кој е опфатено и главното прашање „Како се создава и обезличува една држава“. Со ова, историската дистанца од триесетина години востановена пред еден век до некаде е целосно исполнета. Најновата технологија и пристапноста на комуникациите се причина зошто во светски рамки временската дистанца е речиси преполовена, ние

имаме пристап до овие технологии исто како и секој граѓанин на Република Македонија. Оттука се запрашуваме, зошто не би ги искористиле? Првата „пречка“ кон трудот ја премостивме. Основна задача на историчарот не е да оценува нечиво делување, туку истото да го презентира такво какво што е, историјата и политиката се дијаметрално различни полиња, доколку некој стравува од етикетирање, во тој случај би немале историографска наука. Токму поради овие причини ваквите оправдувања воопшто не се во согласност со науката како таква, втората „пречка“ би ја отфрлил секој историчар. Фактот дека директните учесници во овие настани се се`уште живи, за нас не претставува хендикеп туку непроценлива предност бидејќи преку интервјуата вршени со нив ќе дојдеме изворно до мотивите за подвлекување на политичките чекори, третата „пречка“ за нас е всушност предност. Сочноста на периодот за кој се нафативме да пишуваме не не` остави рамнодушни пред предизвикот, макар биле и етикетирани, наша должност е да истражуваме и резултатите да ги презентираме во научен труд.

Низ сите редови на овој труд се провлекува поделеноста на македонскиот народ по сите прашања од национален интерес.

# ГЛАВА I „СОЗДАВАЊЕ И РАСПАД НА ФЕДЕРАЦИЈА“

## МАКЕДОНЦИТЕ ОД ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА ДО РАСПАДОТ НА СФРЈ

Македонската борба за создавање на сопствена независна држава, поминувајќи низ сите етапи, од отварањето на македонското прашање во втората половина на XIX век, преку востанијата кои ги поведувал македонскиот народ против османлиските власти, стигнала до една од најважните и најкритични точки, Народно ослободителната борба. Во екот на Втората светска војна, Македонците предводени од своите вековни соништа, се приклучиле кон антифашистичката коалиција во која гледале природен сојузник преку кој ќе ги остварат своите стремежи за самостојна држава. Било природно да се очекува од еден народ кој поминал долго под тоталитарни режими, како Османлиската империја, Српското кралство, бугарска окупација и повторно српска окупација, да се приклучи кон еден блок кој пропагирал рамноправност на сите луѓе. Декларативно југословенските комунисти како сојузници на Антантата ги пропагирале оние вредности кои ги наметнувале западните земји кои биле дел од антифашистичката коалиција, право на самоопределување, економска самостојност, институционална самостојност и на крајот, право на сопствена држава на секој еден народ. Во тој дух и со таа цел Македонците се приклучиле во антифашистичката борба. Антихитлеровата коалиција, или антифашистичката коалиција, и воопшто терминот антифашист, ни тогаш како ни денес, по дифолт не укажува на комунист, бидејќи комунистите биле само еден дел од коалицијата во која се наоѓале, меѓу другите, и САД, Велика Британија, Канада, итн, кои немаат, ниту имале нешто заедничко со комунизмот. Па така, паролата „Смрт на комунизмот, слобода на народот“ е универзална парола на сите антифашисти кои пак не се комунисти, масовното користење на оваа парола од страна на комунистите после војната оддаде впечаток дека само тие размислуваат во таа насока, што всушност претставува киднапирање/присвојување на универзалната парола. Македонците да се приклучат на антихитлеровата коалиција ги поттикнала и одлуката која Хитлер ја донел за поделбата на Југославија во која стои „Фирерот одлучи...... Војната против Југославија мора да биде популарна во Италија, Унгарија и Бугарија, бидејќи на овие држави ќе им

се стават во изглед територијални проширувања: за Италија – јадранскиот брег, за Унгарија – Банат, за Бугарија – Македонија."[1]

Многу важен сегмент за учеството на Македонците во НОБ, се причините и целите заради кои Македонците се приклучиле на страната на Сојузниците. После сите крваво задушени востанија и братоубиствената војна помеѓу самите Македонци, македонскиот народ речиси останал без сопствена интелегенција која ќе го поведе во новите искушенија и борби. Обичниот македонски селанец во почетниот период од војната не бил доволно запознаен со идеологијата на комунистите или идеологијата на национал-социјалистите и со нивните цели, тој едноставно бил заинтересиран, најпрво да ја ослободи својата земја од туѓи окупатори, да биде свој на своето и да работи за себе, да создаде сопствена држава со која ќе раководи тој самиот. Социјалните права и еднаквост, кои подоцна комунистите ги преземале како нивен ексклузивитет, во подоцнежната фаза влегле во програмите и на двете страни кои се бореле за што повеќе симаптии кај народот. Хитлер, исто како и Сталин, во својата програма се залагал за некаква созцијална правда и еднаквост на народот. Кога ќе се тргне на страна тој сегмент, кој бил ист на двете страни, останува националното прашање и создавањето на македонската држава.

Националното прашање било есенцијално кај Македонците и тоа ја решило определбата кон кој блок ќе се приклучат. Водени од слободарскиот дух на Илинденците, од децениската борба против српската и моменталната нацистичка окупација спроведена преку бугарската и албанската администрација, Македонците масовно се приклучувале во антифашистичката борба, борба која водела кон „Македонија на Македонците". За време на војната и пред нејзе, Оската била цврсто определена целата територија на Македонија да влезе во склоп на Бугарија, за тоа говори и следната телеграма, исто како и претходната, со тоа што тука станува збор за сојузниците на Хитлер, од каде го гледаме општото расположение во Оската: „Строго доверлива телеграма на МНР – Рим, април 1941 година; Предмет: Бугарија и Албанија. „...сето тоа не може да го спречи бугарскиот план за приклучување на цела Западна Македонија, заедно со градот Охрид, да остане неизменет и цврст. На Албанија Косово и Епир, па дури, ако го сака, и Нови Пазар, но на Бугарија цела Македонија. На таа тема

[1] Ferdo Čulinovič, Okupatorska podejela Jugoslavije, Beograd 1970, стр.49-50

Германците молчат, но даваат до знаење дека тие немаат ништо против целосното доделување на некогашна југословенска Македонија на пријателска и верна Бугарија."[2] Ваквата политика на Оската била поттик Македонците да се кренат против новата поделба на Македонија, кон крајот на војната Германија понудила и можност за независна и обединета Македонија но со изразен бугарски национален елемент во нејзе, нешто што Македонците веднаш го одбиле бидејќи не се бореле само за самостојна Македонија, туку се бореле и за Македонија на Македонците.

Илинденските традиции биле присутни за цело време на НОБ. Почнувајќи од старите Илинденци кои активно се вклучиле за време на НОБ, преку содржината на прогласите за чествување на 2 август денот на Илинденското востание со кои се поткревал патриотскиот дух, се до имињата на одредите од кои поголемиот дел носеле имиња на дејци од МРО. Пример за тоа се одредите од кои е составен прввиот баталјон „Мирче Ацев". „Штабот на II-та О. Зона на НОВ и ПО во Македонија, формира Баталјон Ном. I-ви „Мирче Ацев". Него го сочинуваат борци од одредите Даме Груев, Гоце Делчев, Димитар Влахов и др.".[3] На 2 август 1941 година М. Шаторов Шарло испратил Илинденски проглас до Македонците во кој се наведувало: „Оваа година се навршуваат 38 години од великото и славно Илинденско востание. Секоја година на 2 август на Илинден вие по традиција го празнувате овој ден затоа што тој ден 1903 година беше објавена и започна највисоката и масовна форма на македонската борба. Илинденското востание и Крушевската република беа дело на македонскиот народ, но не таков каков што сакаа да го претстават врховистите – денешните македонски фашисти, ниту дело на бугарската држава. Бугарските фашисти сакаат да ни го откраднат Илинденското знаме од рацете на вистинските Македонци, сакаат да ја фалсификуваат македонската историја..."[4] Желбата за слобода и сопствена држава била посилна од идеолошкото убедување и била поттик за вклучување во НОБ. Таквото расположение може да се види и во поствоениот период кога Македонците воопшто не воделе грижа за Југославија туку едноставно го гледале македонското прашање и обединувањето на Македонија. Во дискусијата по повод партиското

[2] Државен архив на Република Македонија, фонд:KCXXVII – кут.11, предмет LIV, (папка 27/1941-42, Бугарија) л.6
[3] ...фонд: Баталјон „Мирче Ацев", Кутија 40, Архивска единица бр.586
[4] Историски архив на КПЈ, т.VII, Македонија...; док. бр 14, стр.39

советување со секретарите на околиските комитети, месните комитети и помошниците на УДБ, еден од дискутантите, со име Дојчин кој бил секретар на СК КПМ Битола, го истакнал следното: „Јас би изнесол за тие пројави во нашата битолска околија. Кај нас има ВМРО-вски елементи и појќето се тие кои (ги) имаат засегнато некои закони на ФНРЈ на пример, разни ратни добитници, или пак оние кои ги фати аграрната реформа. Друго, во работата наша, на терен, слабо се удираше, појќето се викаше за Македонија, а не за југословенски патриотизам т.е. за братство и единство помеѓу нашите народи."[5]

Југословенската историграфија, НОБ во Македонија секогаш ја ставала во заден план, подалеку од јавноста, а подоцна и целосно ја ретуширала. Македонската борба најчесто се квалификувала како „задоцнета реакција" на Македонците кои, според југословенските и пред се српските историчари, се вклучиле во самиот крај на војната бидејќи калкулирале помеѓу српските и бугарските комунисти. Покрај сите квалификации за едно биле во право, навистина Македонците калкулирале и гледале со недоверба кон југословенските комунисти на кои им биле потребни две децении за да го признаат постоењето на македонски идентитет одделно од српскиот, и тоа признание, прозично кажано, било од личен интерес со цел Македонците да се вклучат во нивните редови со што КПЈ би го раширила своето влијание помеѓу конзервативниот и борбен македонски народ. Од друга страна, непризнавањето на македонскиот идентитет од страна на Бугарија ги ставило Македонците во незавидна позиција кон кого да се приклонат, бидејќи негирањето пристигнувало и од двете понудени опции. Кога на тоа ќе се додаде прашањето за обединување на Македонија, ќе сфатиме од каде доаѓала таа недоверба кон двете страни. Двојбата кај Македонците и недовербата спрема соседите, која се должела на нивната политика, Павел Шатев кратко ја опишува со следниве зборови „Во Југославија големосрбите македонските манифестации ги етикетираат како бугарски иредентизам, додека во Бугарија таквите движења ги квалификуваат како сепаратизам".[6] Понатаму, за целите на Македонците, Шатев пишува: „Идеалот на Македонците е создавањето на една

[5] ...фонд „Судско досие на Методија Андонов – Ченто", Окружен НО Суд Скопје, К/бр. 175/1946
[6] Павел Шатев, *„Македонското национално ослободително движење"*, В. Македонско дело, год. I, бр.11, 10.02.1926, стр.3

татковина, одделна македонска држава, со македонска нација, со своја историја и со свој самостоен политички и културен живот."[7]

## ПОДЕЛЕНОСТА КАЈ МАКЕДОНЦИТЕ

Подоле во текстот нема да ја претставиме целата антифашистичка борба на македонскиот народ, бидејќи не е централна тема на трудот и истата е доволно обработена од страна на македонската историографија, туку преку одделни секвенци ќе ги претставиме амбиентот во кој таа се одвивала и поделбата помеѓу Македонците во однос на националните прашања, поделба која кулминирала по завршувањето на Втората светска војна, а се рефлектира до ден денешен. Еден од ретките интелектуалци кои Македонците го поседувале за време на Втората светска војна бил Методија Шаторов Шарло, активист на ВМРО Обединета, соработник со Димитар Влахов и Васил Ивановски. Шарло, човек кој бил на вискоа позиција во Коминтерната, на ист ранг со Јосип Броз Тито, високо вреднуван интелектуалец на интернационално ниво, човек кој зборувал девет светски јазици, во 1939 година се вратил во Македонија (во вардарскиот дел) и ја предводел антифашистичката борба. Шарло најпрво во Македонија создал самостојна организација независна од Југославија и Бугарија, организација која требала да ја шири антифашистичката борба во Македонија во лицето на ВМРО Обединета, наспроти името Комунистичка партија, тоа било трн во очите кај југословенските комунисти. Во летокот на ПК на КПЈ во Македонија до македонскиот народ од ноември 1940 година, Шарло напишал: „Македонците не сет нити Срби, нити Бугари, а сет само Македонци. Браќа, вие имате свој јазик, своја култура, традиции, песни. Вие имате славна историја и минато. Споро меѓу српските и бугарските шовинисти е кој да владеи во Македонија и кој да стрижи македонската овца. Господата од Белград и Софија спорат за Македонија, а македонскио народ ич не го питат".[8] Шаторов Шарло и покрај тоа што бил убеден левичар, човек кој имал своја заложба за време на Шпанската граѓанска војна (дотогаш најголемата идеолошка војна), највисоко го поставувал прашањето за ослободување, обединување и независност на Македонија која подоцна би влегла во некаква балканска федерација или во југословенска федерација, но исклучиво како рамноправна членка, не

[7] Исто...
[8] „Искра", Орган на ПК на КПЈ во Македонија, VII/1 јануари 1941.

осврнувајќи внимание како ќе се дојде до таа цел. Наспроти интернационализмот, кој го краси секој вистински комунист, кај Шарло, кој бил докажан и признат комунист, гледаме и класичен националист, патриот, кој на највисоко место го издигнува есенцијалното прашање на неговиот народ, создавање македонска држава. Во ликот на Шарло го препознаваме и ставот на најголемиот процент Македонци кои се вклучиле во војната, да ние ќе бидеме комунисти, ќе бидеме интернационалисти, но прво да си го решиме националното прашање, а потоа идеолошки ќе се надградуваме. Сличен став имале и Илинденците, со мала разлика што тие не прејудицирале за идното уредување, размислувајќи за уредувањето на македонската држава, заклучиле, наше е да го поведеме македонскиот народ кон слободата, да ја предводиме борбата за слобода, а потоа народот сам ќе си одлучува како ќе си ја уреди својата држава. Методија Шаторов го красела прагматичноста која ја поседувале највидните македонски револуционери од илинденскиот период и периодот помеѓу двете светски војни. Гледиштето кон македонските интереси Шаторов Шарло го истакнал во прогласот кој го упатил до македонскиот народ во форма на писмо, со наслов „Писмо до Стојан“ во мај 1941 година, напишано на македонски народен говор и потпишано со псевдонимот на Шарло - „Митре“, додека „Стојан“ го симболизирал македонскиот народ кон кого Шарло се обраќал непосредно во вид на писмо. Во прогласот Шарло жестоко ја критикува српската окупација на Вардарска Македонија во времето на СХС, а на Македонците им ја разјаснува дилемата за новиот окупатор кој дел од неписменото македонско население го гледале како некаков „ослободител“ од српксата власт. Токму затоа била потребна интелегенцијата која ќе го поведе народот кон вистинската борба, дилемата била поставена со следните зборови „Каква ли е оваја слобода, штом Шумадинците се заместени со Бугари, а Македонците се држат под карантина“,[9] со тоа сакал да им укаже дека стариот окупатор е сменет со нов, а дека Македонците не добиваат ништо, само промена на окупаторот, од српски во бугарски. Додатно на тоа, новиот окупатор се што било македонско го претставувал како бугарско, по што ги потсетил Македонците на славното минато на ВМРО:

[9] *Извори за Ослободителната војна и револуција во Македонија 1941-1945*, Том I, Документи на КПЈ и КПМ, Скопје 1968, стр. 13-18

„Безразличието на широките народни маси по одношението на југославјанската држава и правителства, који 23 години пљачкаја и потискаја народите на Југославија. Како резултат на војната и наша Македонија е окупирана од германски, италјански и бугарски војски. Ние не видофме нити наши чиновници, нити да се споменува нешто за нашите македонски революционери, што пак за македонската култура. Се што е наше ни се представуе како да е било бугарско. Да се обединат сите Македонци и други народности во Македонија за општо своје право за слобода и равноправност, но не цепене на македонската земја и македонскио народ“.[10]

Македонците уште за време на војната биле на удар од српските и бугарските комунисти за припојување на ПК за Македонија кон една од двете организации. И покрај тоа што секоја организација била под закрила на Коминтерната, што по принцип не би требало да биде важно во чиј состав се, принципот и целта била да се поразат фашистите. Позади идеолошките флоскули на Балканот се криеле национални агенди и големодржавнички соништа од минатото. КПЈ не дозволувала во ниту еден момент Македонците да се приближат кон БРП (К) или да ја осамостојат својата борба, едноставно ги сметале за своина и дека природно им припаѓале ним. Посебно е очигледно настојувањето на КПЈ да ја има под своја контрола организацијата само во Вардарска Македонија, притоа не давајќи им важност на останатите два дела каде Македонците биле организирани, тоа наведува на територијата на Кралска Југославија, па оттаму и сомнежот кај македонските комунисти во однос на КПЈ се до доаѓањето на Темпо кој на брутален начин ќе ја воспостави линијата на КПЈ во Вардарска Македонија. По завршувањето на војната, македонската борба и челните луѓе во нејзе биле уште повеќе дискредитирани од страна на КПЈ, до степен да бидат прогласени за државни непријатели. Класичен пример за тоа е исказот на Боге Кузмановски кој во своите сеќавања зборува за судирот помеѓу Методија Шаторов Шарло и Лазар Колишевски. Тој меѓу другото истакнал, „Јас овде ќе изнесам некои факти кои говорат дека не се работи за незнаење и за недораснатост, туку за една смислена опортунистичка политика од страна на Методија Шаторов Шарло, затоа што тој не беше случаен човек, туку долгогодишен робијаш, бил во Москва, некаде 1928 година, и порано бил во револуционерното движење на БРП(К), и понатаму како секретар на

[10] Исто...

ПК на КПЈ за Македонија, го познаваше курсот на КПЈ, бидејќи беше делегат на Петтата земска конференција. (...) Кон средината на мај беше свикан состанок на МК. На состанокот ни беше соопштено дека Методија Стариот, бил во Софија и постигнал спогодба со ЦК на БРП(К) за тоа партиската организација во Македонија да биде во состав со бугарската Партија."[11] Шарло ова го образложил со фактот дека и едните и другите имаат иста цел, дека се комунисти и се борат против нацистичкиот окупатор и бидејќи Македонија е окупирана од Бугарија на тој начин полесно ќе течеле врските со БРП(К) отколку со КПЈ со која врските им биле целосно пресечени. Притоа на тој начин полесно ќе делуваат во Пиринска Македонија создавајќи амбиент за припојување на Пиринска кон Вардарска Македонија, после обединувањето би се разгледувало прашањето за влез во сојузи, балкански или југословенски. Понатаму се вели „...ние во 1941 година имавме високо мислење за БРП(К), знаевме дека Георги Димитров е израснат од бугарската партија. Така ние не се спротиставивме туку си поставивме прашање – дали ЦК КПЈ знае за оваа промена и дали е согласен со тоа."[12] Вазалската, инфериорна и поданичка позиција која македонските комунисти после војната ја заземале спрема Србија била толку длабока што целите на Шарло ги изобличиле до мерка на квислинштво и покрај неговите чесни намери. Подоцна било одлучено дека приклучувањето кон БРП(К) било всушност признавање на окупаторот, додека приклучувањето кон КПЈ била вистинската слободарска опција за Македонците, притоа заборавајќи дека, доколку соработката со партијата која потекнува од државата која моментално ја имала окупирано Македонија е предавство, истото би важело и за соработката со КПЈ која потекнува од државата под чија окупација бил вардарскиот дел на Македонија до пред војната. Исто така, во борбата за превласт врз Македонците, КПЈ и БРП(К) ги заборавиле основните начела на Интернацијоналата, дека комунистичките партии се наднационални и дека се борат против заедничкото зло. Боге Кузмановски понатаму истакнува „Сега сакам да кажам нешто за заедничкиот состанок на МК и ПК што се одржа во средината на јуни 1941 година. На тој состанок, освен членовите на МК, присуствуваа уште Методија Шаторов Шарло, Перо Ивановски – Тиквар, Коце Металец, кој истовремено беше и секретар на МК. Меѓу другите беше присутен и другарот Лазар Колишевски, кого го викавме Митре. Состанокот мина

[11] *Скопје во НОВ 1941*-материјали од научниот собир, Скопје, 13-14 јуни 1972
[12] Исто...

повеќе во дискусија по прашањата што ги наметна другарот Митре (Колишевски). Митре најнапред изнесе дека во Србија веќе се води вооружено востание, дека се спроведуваат подготовки во другите покраини во Југославија, а дека во Македонија се уште нема подготовки, ниту пак Партијата води курс на вооружено востание. Настапи една мачна ситуација. Сите бевме стреснати од вака поставените прашања. А Методија Шаторов – Шарло му се спротистави на Колишевски, тврдејќи дека тој не ги познава условите, дека во Македонија не се исти условите какви што се во другите краишта на Југославија и дека тој не еднаш му рекол на Митре да престане со фракционерска работа, како што ја нарече работата на Лазар Колишевски."[13] По ова се одржал уште еден состанок на Градскиот комитет на кој Коце Металец им соопштил дека ПК го исклучил Лазар Колишевски како фракционер. За истиот состанок Боге Кузмановски вели „Ги пренесе (Коце) зборовите на Шарло кои содржеа директни напади против другарот Тито и против ЦК КПЈ, велејќи дека Коминтерната нема доверба во другарот Тито, дека во ЦК КПЈ стоеле сомнителни луѓе, агенти. Ние реагиравме остро и Градскиот комитет ги отфрли таквите клевети".[14] Веднаш по ова Лазар Колишевски се упатил во Белград за инструкции како да постапува, се сретнал со Темпо и со Ранковиќ на кои им ја објаснил целата ситуација со партиската организација во Македонија. „На нашиот следен состанок (со Ранковиќ) тој ми ја предаде одлуката на ЦК КПЈ за исклучување на Методија Шаторов – Шарло од ПК и од КПЈ. Одново се вратив во Скопје. Меѓутоа, и покраинскиот комитет и самиот Шаторов, одбија да ја прифатат одлуката на ЦК КПЈ за негово исклучување."[15] Од овој исказ на самиот Колишевски, дека ПК се спротиставил на одлуката на ЦК на КПЈ за исклучување на Шарло, воочливо е фабрикувањето на настаните во исказот на Боге Кузмановски кој тврди дека членството се побунило против одлуката на Шарло за исклучување на Колишевски од партијата. По неуспехот на Колишевски да го исфрли Шарло од партијата кој важел за голем авторитет во Коминтерната, тој повторно се упатил во Белград. „По одбивањето на ПК да се потчини на одлуките на ЦК на КПЈ за исклучување на Шарло од КПЈ и за продолжувањето на неговата штетна политика требаше одново да го известам ЦК на КПЈ. Тргнав за Белград и за тоа ги известив другарите. Овој пат, ЦК на КПЈ со одлука од

[13] Исто...
[14] Исто...
[15] Лазар Колишевски, *Аспекти на македонското прашање*, НИП „Наша книга", Скопје 1979. Стр.161-175

21 јуни 1941 година го суспендира Покраинскиот комитет".[16] Претходно Лазар Колишевски кој работел во Србија и воопшто не ги познавал состојбите во Македонија по налог на Александар Ранковиќ бил испратен во Македонија да го превземе водството на партијата бидејќи Шарло работел спротивно од интересите на КПЈ, всушност работел на штета на Србите, пред се колонистите против кои комунистите, барем декларативно, се бореле и идеолошки се спореа. „(на состанокот) Му ја пренесов на Шарло одлуката на ЦК на КПЈ за моето префрлување во Македонија... ги изнесов исто така и своите забелешки од Куманово – дека во градот не само што не се собира оружје, туку им се предава на властите и она што било собрано. Му обрнав внимание и на односот на бугарскиот окупатор спрема колонистите".[17] Околу одлуките донесени на мајското советување Шарло истакнал дека не се согласува со нив и дека не се чувствува должен да ги спроведе во Македонија, при што повторно ја нагласил независноста на партиската организација во Македонија, нешто што од Колишевски било протолкувано (пренесено) како исто гледиште на Шарло со БРП(К). Во писмото кое Тито го испратил до ПК на КПЈ за Македонија по повод исклучувањето на Шарло од партијата и нападот на СССР, како причини за исклучувањето на Шарло ги навел: „1. Тој го саботираше издавањето на Прогласот на ЦК на КПЈ и заземе национал-шовинистички став, 2. Тој ги прекина сите врски со ЦК на КПЈ по окупацијата и не се одзва на повикот да дојде со извештај во ЦК. Не само тоа, тој не сметаше за потребно ни да го обрзаложи тој свој прекин, 3. Тој заземе непријателски став спрема другарите Срби, заземе став кој со ништо не се разликува од ставот на македонската реакционерна буржоазија, ... Според тоа, ЦК на КПЈ целата негова постапка ја смета за антипартиска и контрареволуционерна и поради тоа го симнува од неговата должност член на ПК за Македонија и го исклучува од Партијата."[18]

По ваквата постапка од страна на Тито започнала жестока борба помеѓу Тито и Шарло преку Коминтерната. Тито не можел да се помири со фактот дека Методија Шаторов – Шарло имал поголем авторитет од него и дека многу видни комунисти застанале позади ставовите на Шарло. Оваа борба ја сфатил толку лично што испратил

---

[16] Исто...
[17] Исто...
[18] Архив на ЦК СКЈ, Фонд: ЦК на КПМ 1941/27, Историски архив на КПЈ, т.VII, Македонија, документ бр. 12, стр. 37-38

редица писма до Коминтерната во кои го обвинува Шарло и за непостоечки постапки и ставови. Најпрво го испратил Драган Павловиќ во Македонија со цел да ја увиди состојбата на терен. Павловиќ во известувањето, на Тито му предочил дека во Македонија нема никаква организација, дека поголемиот дел од членството се за соработка со бугарската партија и дека обвинувањата кон Шарло се неосновани. Притоа увидел дека постои големо антисрпско расположени посебно по прашањето за колонистите. Од делегатот на „Таткото" (псевдоним за ЦК) на Бугарија прв пат дознал дека постоело одобрение од другарот Димитров за приклучување на македонската организација кон бугарската партија. Потоа, на негово големо изненадување, тој сметал дека нема неактивност и грешки. Вели дека „Таткото" од Бугарија и „Дедото" (се мисли на Коминтерната) го познаваат мошне добро „Стариот Бугарин" (се мисли на Шарло) и имаат доверба во него, Раководството останува старото".[19] Со ова биле урнати сите напори на Тито во борбата против Методија Шаторов – Шарло, одговор кој Тито го сфатил како шлаканица од страна на Коминтерната.

Но сепак, на 21 август 1941 година Коминтерната носи одлука со која Македонија требала да биде во склоп на Југославија од причини практични и целеобразни, но не биле наведени причините за ваквата постапка. Основната борба сега се води против германските и италијанските окупатори и нивните агенти. Главно средство на борбата сега е партизанското движење. Ова движење сега се развива на југословенска територија и под раководство на Југославија. Српска Македонија треба да стане една база на ова движење кое што ќе ја дезорганизира задницата на Германија и Италија на Балканот.[20] Со оваа одлука пропаднал планот на Шарло за идно присоединување на Пиринска Македонија кон вардарскиот дел, до кое би дошло доколку македонската организација соработувала со бугарските комунисти. Српксите комунисти воопшто не ги интересирало обединувањето на Македонија, подоцна тоа ќе дојде до поголем израз, ним им било страв од менување на курсот на Македонците кои ги сметале за големи националисти кои си го гледаат само македонското прашање.

[19] Исто... документ бр. 15, стр.42-44
[20] Историски архив на КПЈ, т.VII, Македонија, документ бр. 20, стр.50

И покрај одлуката на Коминтерната за вклучување на Македонија во Југославија, КПЈ и понатаму не преземала никакви чекори за помош на организацијата во Македонија. Во тој момент од Коминтерната пристигнало известување со одлука за самостојна КПМ. На 27 февруари 1942 година, Извршниот комитет на Коминтерната испраќа писмо до Тито во кое се наведува дека комунистичката организација во Македонија нема никакви врски со КПЈ, дека Македонците бараат совет од бугарските комунисти кои притоа го помагаат и финансиски ПК за Македонија, додека КПЈ не превзема никакви дејствија за помагање на Македонците. Понатаму се вели дека е донесена одлука сите македонски организации да се обединет во една самостојна Комунистичка партија на Македонија, независна од КПЈ и БРП(К). На ова Тито вратил со зборовите „не ве разбирам целосно за посебна Комунистичка партија на Македонија" и превземал чекори за спречување на одлуката на Коминтерната. Дури во февруари 1943 година КПЈ дозволила да се основа посебна (автономна) Комунистичка партија на Македонија. Во писмото на Темпо до ПК за Македонија од 28 февруари 1943 година стои „ЦК на КПЈ реши да им даде автономија, формирајќи македонска комунистичка партија, во состав и политичка контрола на Комунистичката партија на Југославија."[21] По ова во Тетово на 19 март 1943 година, во куќата на Јовановски се одржал состанок на кој присуствувале Светозар Вукмановиќ – Темпо, Кузман Јосифовски – Питу, Цветко Узуновски – Абас и Страхил Гигов, на кој се оформила Комунистичката партија на Македонија. Страхил Гигов во своите спомени за овој состанок, помеѓу другото, пишува „Тогаш преминавме на третата точка за избор на ЦК на КПМ. По инсистирање на Темпо, решивме во ЦК да влезат за почеток што помал број луѓе. По опширни дискусии го одбравме неговиот состав. За политички секретар го избравме Лазар Колишевски, за организационен секретар Мара Нацева, а негови членови станавме: Кузман Јосифовски – Питу, Цветко Узуновски – Абас, Бане Андреев и јас."[22] За овие писанија по војната и фабрикувањето на историјата од страна на југословенските историчари постојат многу контроверзи, имено, Лазар Колишевски на 6 ноември 1941 година бил уапсен од бугарските власти заедно со 15 друи активисти од охридската организација, бил осуден, најпрво на смртна казна, но по молбата упатена до бугарскиот цар казната му била заменета со доживотен затвор, од Охрид бил

[21] ИНИ, Скопје 1968, том I кн.2, документ 26, стр. 107 / Зборник НОБ, том VII, кн. 1, документ 64;
[22] Страхил Гигов, *Сеќавања*, Скопје 1975. стр.252

префрлен во Плевен од каде не можел да одржува апсолутно никакви контакти, од затвор излегол дури на 7 септември 1944 година. Се поставува прашањето, зошто за секретар на ЦК на КПМ би се поставил човек кој се наоѓа во затвор и за кој нема изгледи за негово брзо ослободување, уште посимптоматично е тоа што, за изборот на Колишевски за секретар на ЦК на КПМ не постои никаков документ, сето тоа се базира на подоцнежни прераскажувања. Поголемиот дел од историчарите сметаат дека ваквите шпекулации се раширени во јавноста со цел Лазар Колишевски да добие некаков бекграунд за претензиите на позицијата која ќе ја добие после војната. Лазар Колишевски бил анонимус за Македонците за време на Втората светска војна, човекот кој никогаш не фатил пушка во рака и на самиот почеток бил уапсен, човекот кој војната ја поминал во бугарски затвор и кој се попишувал како Југословен но никогаш како Македонец,[23] по војната бил поставен за прв претседател на Владата на Демократска федерална Македонија која ги преземала ингеренциите на Презедиумот на АСНОМ, а подоцна ќе се пресмета и со првиот претседател на Македонија, Методија Андонов – Ченто.

## МАКЕДОНЦИТЕ ПОМЕЃУ ПАРТИСКИТЕ ДИРЕКТИВИ И НАЦИОНАЛНИТЕ ЦЕЛИ

За време на целиот тек на антифашистичката војна на територија на Југославија и на територија на етногеографска Македонија, Македонците се обидуваат да се одтргнат од хегемонијата на КПЈ која јасно не ги гарантирала, ниту пак прецизно ги истакнувала, стремежите на македонскиот народ за слободна обединета Македонија на македонскиот народ која подоцна би се вклучила во југословенска федерација или балканска федерација. ЦК на КПЈ постојано испраќал писма во кои реагирал за слабостите на Комунистичката партија во Вардарска Македонија и за сепаратизмот на нејзините членови. После случувањата со Методија Шаторов – Шарло и неговото исклучување од партијата, сепаратизмот кај Македонците не исчезнал бидејќи сеуште владеела одбивност кон самото име „Југославија" кое ги потсетувало на кралска Југославија или Кралството на СХС во кое Македонците ги немале ни основните човекови права и подлежеле на силна асимилација. Во писмото од Темпо од 10 август 1943 година се пренесени ставовите на Тито и на ЦК на КПЈ, во кое меѓу другото

[23] Постојат индиции дека за време на престојот во затвор Лазар Колишевски се потпишал како Бугарин по националност со цел да му биде намалена доживотната затворска казна.

пишува: „1. Во писмото од ЦК на КПЈ јасно се подвлечени слабостите на партиската организација во Македонија. А тоа се: недоволно спроведување на политичката линија на нашата Партија, колебање по прашањето за нејзината примена во практика, туѓи опортунистички и непријателски елементи внатре во Партијата, тесно поставување на прашањето за борбата и независноста на македонскиот народ. Неизживување и либерален однос спрема „автономистичките" тенденции од организациско-партиски карактер, како и спрема „автономистичките" тенденции од национален карактер. Потребно е да ги мобилизираме сите сили на нашата партиска организација потполно да ги елиминираме. Во моите писма е јасно зацртана линијата на народноослободителното движење во Македонија кое мора тесно да се поврзе со народноослободителното движење на сите народи во Југославија. Исто така е подвлечено дека единството во заедничката борба со останатите народи на Југославија, македонскиот народ ќе добие своја полна национална слобода и рамноправност. Но ние недоволно енергично удривме по тие „автономистички" тенденции, кои во прилична мерка ја зафатија нашата партиска организација во Македонија и кои се изразуваа во настојувањето нашата партиска организација во Македонија да ја одвојат од составот на КПЈ и да ја изолираат борбата на македонскиот народ од борбата која ја водат останатите народи на Југославија."[24] На крајот од писмото е подвлечен поданичкиот однос кој требал да се спроведе кон КПЈ и македонските комунисти целосно да се покорат, Темпо писмото го завршува со препораката „Ние, другари, мораме со нашата работа и успеси да му покажеме на нашиот ЦК на КПЈ дека ќе можеме со негова сјајна контрола и помош, која се до сега ни ја даваше, да раководиме со борбата на македонскиот народ за негово ослободување."[25] Од овие писма, покрај тоа што можеме да го воочиме сепаратизмот кај Македонците кои сакале самостојно да ја водат ослободителната борба заедно со организациите од Пиринска и Егејска Македонија, можеме да видиме и како КПЈ ја преземала борбата на македонскиот народ, како ја превземала борбата на веќе разбунтуваниот народ во Македонија и подоцна заслугите ги препишувала на своја сметка убедувајќи го народот дека без КПЈ тој никогаш немал да се ослободи и да создаде своја држава.

[24] Историски архив на КПЈ, т.VII, Македонија, документ бр. 78, стр. 245-247.
[25] Исто...

Во истиот дух, Темпо испраќа писмо до ЦК на КПМ на 25 август 1943 година во кое пишува „Комунистичката партија на Југославија денес се бори против сите сепаратистички движења кои што, всушност, би оделе кон изолирање на општата борба. Во светлината на таквата линија, што јасно и недвосмислено се изразува во паролата за слободна Македонија во слободна Југославија, ние мора сето народноослободително движење во Македонија да го насочиме во правец кон обединување со останатите народи на Југославија.[26]

Покрај Методија Шаторов Шарло, Македонците во овој период имале уште еден истакнат интелектуалец кој ќе ги поведе во народноослободителната борба, кој подоцна ќе стане прв претседател на Презедиумот на АСНОМ а со тоа и прв претседател на современата македонска држава, тоа е Методија Андонов Ченто. Во раната фаза, на 8 декември 1940 година во Прилеп на родителскиот состанок во Гимназијата, Ченто истакнал „Нашите деца да зборуваат на својот мајчин јазик затоа што ние сме Македонци, а нашите деца се македонски деца. Не можете ниту Вие ниту било кој друг да ни забрани, нам, на нашите деца, дома и овде на часовите, да зборуваат на својот мајчин македонски јазик, затоа што ние сме Македонци, а нашите деца се македонски деца. Ние, Македонците, имаме свој јазик и нашите деца имаат право да зборуваат и в школо на часовите на својот мајчин јазик. Ниту ние им забрануваме, ниту некој друг може да им забрани на српските деца, кои се дојдени во Прилеп, да зборуваат на нивниост мајчин српски јазик. Не им браниме да бидат Срби, но нашите деца нека останат Македонци. Ако овој политички поредок не ни ги дава нашите политички и национални права за самостојност, во една федерална држава, ќе дојде ден кога оваа земја нема да се вика Јужна Србија туку Македонија.“[27] [28] После војната, откако Президиумот на АСНОМ бил трансформиран во Влада на Македонија на чело со Лазар Колишевски, започнала пресметката со Методија Андонов Ченто. Тој, исто како и Шарло, бил обвинуван за национализам и за уривање на „братството и единството“ во Југославија. На Ченто ми било земено како грев, неговиот став против Србите пред војната, неговиот негативен став кон српските колонисти, неговиот став за

[26] АСНОМ 1944-1964, *Зборник на документи*, Скопје 1964, стр.54

[27] Државен архив на Република Македонија, фонд „Судско досие на Методија Андонов – Ченто“, Окружен НО Суд Скопје, К/бр. 175/1946

[28] Автобиографија на М. Андонов Ченто, Методија Андонов Ченто документи и материјали, ДАРМ, Скопје 2002, стр. 505-506.

обединување на Македонија и неговиот протест после војната кој се однесувал на распоредување на средствата во Федерацијата. Ченто протестирал зошто од Македонија се влечеле ресурси а најмалку се вложувало во Македонија, дека со македонските пари се градат Белград и Србија. Југословенските власти исцениралe наводно бегство на Методија Андонов Ченто преку границата, всушност бил спроведен од дома и бил суден како македонски националист и сепаратист. Ченто бил осуден на 11 години затвор, по излегувањето од затвор, со тешко нарушено здравје, првиот претседател на Македонија завршил како ѕидарски работник. На негово место застанале луѓе кои ги преземале неговите заслуги, не учествувале во војната и ги гонеле сите луѓе кои биле или се приврзаници на Ченто под терминот „Ченовисти".

Подвоеноста помеѓу партиските директиви и тежнеењето кон националните интереси била најистакната кај уште еден македонски великан од народно-ослободителната војна, станува збор за најголемиот македонски генерал од најновиот период на македонската историја, Михаило Апостолски. Михајло Апостолски, еден од најобразуваните воени кадри во Југославија за време на војната, кој од Тито добил најголема територија под негова команда, човекот кој на 18 август 1943 година ја создаде современата македонска војска[29] и го постави воениот правец на сите југословенски народи, бил воспитан во типичен македонски конзервативен дух.[30] Роден во Ново Село – штипско во 1906 година, три години по Илинденското востание и две години пред Младотурската револуција, кај Апостолски биле живи илинденските традиции, безмалку целата негова фамилија била вклучена во Организацијата за време на востанието и по него.[31] Апостолски ги поминал сите нивоа на воена наобразба[32] каде и на своја кожа ја осетил дискриминацијата врз Македонците, бил на чело во сите походи за време на војната, завршува како академик во МАНУ и целиот свој живот работи како историчар. Станува збор за национално високоосвестена личност, со големи познавања на историјата на македонскиот народ, но воспитан во војнички дух секогаш се наоѓал помеѓу своите ставови и партиските директиви.

---

[29] Македонска академија на науките и уметностите, Институт за национална историја, *„Главниот штаб на народноослободителната војска и партизанските одреди на Македонија (1941-1945)*, прилози од научен собир, Скопје 19-20 декември 1996, стр. 16

[30] Михаило Апостолски, *Сеќавања*, приредил Михаил Белдедовски, Скопје 2003, стр.13

[31] Исто...

[32] Македонска академија на науките и уметностите, *Зборник на трудови посветени на академикот Михаило Апостолски*, Скопје 1986, стр.5

Неговите ставови искажани во неговите историграфски трудови честопати се во контрадикторност со неговите подвлечени потези додека бил на должност во армијата, ваков момент наоѓаме кај многумина Македонци учесници во војната. Михаило Апостолски за прв пат се појавил пред македонската јавност[33] во моментот кога го прочитал Манифестот со кој се повикувал македонскиот народ во борба против фашистичкиот окупатор до конечна победа.

Во октомври 1943 година во селото Црвена Вода на Караорман за прв пат бил прочитан Манифестот на Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија до македонскиот народ.[34] Манифестот завршува со повикот до Македонците „Ве викаме, вас, синови и ќерки на македонскиот народ да се сплотите во борбените редови на нашата Народноослободителна војска на Македонија. Ве викаме со небројни сили да удриме по сите непријатели на нашата слобода и независност".[35]

По прогласот на Манифестот во Црвена Вода, започнале опсежни акции на македонските партизански одреди низ цела територија на Македонија. Веќе имало значително голема слободна зона која била под контрола на Македонците и во која имало воспоставено народна власт, сега веќе се одело на последниот удар врз фашистичкиот окупатор и конечното ослободување и конституирање на Македонија како независен државен субјект на Балканот.

На 29 ноември 1943 година во Јајце било одржано второто заседание на Авној на кое биле донесени најважните одлуки за идното конституирање на југословенската федерација и за конституирање на македонската држава.[36] На ова заседнаие на АВНОЈ на кое се носеле одлуки за Македонија, не присуствувал ниту еден претставник од Македонија. Во точка 2 од одлуката на АВНОЈ се споменуваат сите рамноправни народи на Југославија: „2. За да се оствари принципот на суверепоста на народите на Југославија, за да претставува Југославија вистинска татковина на сите свои народи и дека никогаш повеќе не би станала домен на било која хегемонистичка клика,

[33] Македонска академија на науките и уметностите, Институт за национална историја, *„Главниот штаб на народноослободителната војска и партизанските одреди на Македонија (1941-1945)*, прилози од научен собир, Скопје 19-20 декември 1996, стр.17
[34] Види прилози, документ бр.1
[35] Државен архив на Република Македонија; Фонд: НОБ; Кутија 35; архивска единица 279
[36] Види прилози, документ бр.2

Југославија се изградува и ќе се изградува врз федералниот принцип, кој ќе обезбеди полна рамноправност на Србите, Хрватите, Словенците, Македонците, Црногорците, односно на народите на Србија, Хрватска, Словенија, Македонија, Црна Гора и Босна и Херцеговина.[37]

Помеѓу Македонците сеуште бил присутен сонот за создавање на балкански сојуз преку кој териториите на етногеографска Македонија би биле обединети наспроти моменталната поделба. Но покрај пониските слоеви во партизанското движење, биле манипулирани и дел од челните луѓе на антифашистичката борба во Македонија. Раскрстувањето со идејата за балкански сојуз може да се воочи во неколку писма кои Тито ги испраќал до Темпо, во кои потенцира дека таква бесмислица би го преземала водечкото место на КПЈ во борбата против фашизмот на Балканот и со самото тоа би ги засегнала хегемонистичките цели на КПЈ во Југославија но и влијанието на Балканот. Во едно од тие писма Тито пишува „Балканскиот штаб, кој е, како се гледа, една бесмислица бидејќи таков не постои ниту може да постои (со 4 команданти и 4 комесари), всушност би требало да ја потисне нашата народноослободителна борба, Врховниот штаб на АВНОЈ со некаквото општобалканско движење, кое сеуште ни приближно не се искристализира во процесот на борбата. Од друга страна, ние мораме строго да водиме сметка, со оглед на меѓународната положба, за Југославија како целина, како држава која постоела и сеуште е призната во странство како таква, чувајќи се, формално, легално да не ги пречекориме тие рамки на нашите пароли и со разни фрази да им користиме на реакционерните клики кои движењата на балканските народи, во балканските држави, сакаат да ги прикажат како некој балкански болшевизам, болшевизација на Балканот и на тоа слично."[38]

Дека била присутна надежта кај Македонците за обединување на Македонија јасна слика ни дава и рекцијата/приговор[39] која била испратена со забелешки кон Манифестот на главвниот штаб на НОВ и ПОМ. Во приговорот може да се воочи како Македонците биле верни на илинденските традиции, како се повикувале на дејците на МРО, Гоце Делчев, Даме Груев, Ѓорче Петров, Пере Тошев и др. и како сеуште била

[37] Arhiv Jugoslavije; Ustavni razvoj Jugoslavije... стр.54
[38] Историски архив на КПЈ; том VII, документ 98, стр 289-293
[39] Види прилози, документ бр.3

жива идејата за обединета и независна Македонија, а доколку не може да биде независна, да се создаде некаква балканска федерација со цел решавање на македонското прашање, или да се вклучи цела територија на етногеографска Македонија во склоп на Југославија, но никако да не се делува само во едниот дел од Македонија (во случајот вардарскиот) бидејќи со ослободувањето на само еден дел од Македонија ќе се стави печат на конечната поделба на Македонија. Во еден дел од Приговорот кој се однесува на територијата на која се однесува Манифестот, стои: „Од така преведените думи на Тито излева следното: 1. Народноослободителната борба треба да доведе до ослободувањето на Југославија 2. Таја борба треба да донесе национална рамноправност на сите народи на Југославија и 3. Таја слобода може да е спечали секој народ само со пушка во рака.

Прокламираните горни три принципа, приложени на македонската дејствителност, значат: слобода и равноправност на една трета част от Македонија, која беше преди 1941 во границите на Југославија, или приложен до крај принципа оти таја борба требе неминовно да значи и национална слобода и на отделните народи. За нашиот народ она нема да донесе слобода и рамноправност, оти частично слободен народ не е слободен“.[40] За балканскиот сојуз во приговорот се вели: „ решението на македонскиот вопрос е возможен само во една федерација на балканските народи, заради това, оти нашиот вопрос е општбалкански.

Повтараме: Проблемот на Македонија и неговото разрешение нахврлуе рамките на бивша Југославија“.[41]

По испраќањето на приговорот од страна на АНОК, следеле жестоки реакции од ЦК на КПЈ и ЦК на КПМ кои обвинувале за сепаратизам, национализам и шовинизам бидејќи ги гледале само македонските интереси. По реакциите следеле жестоки притисоци врз креаторите на документот, првиот – Благој Хаџи Панзов подоцна бил отстранет од југословенската политичка сцена и бил испратен како советник на амбасадорот во Софија, додека вториот – Киро Глигоров подоцна останува да работи во Белград и подлегнал на притисоците бидејќи не го фатила ниту една чистка која се спроведувала после војната. За подлегнувањето под притисокот можеме да прочитаме во писмото од Љупчо Арсов испратено до Добривое Радосављевиќ од 5 април 1944

---

[40] Државен архив на Република Македонија; фонд: „НОБ“; кутија бр. 35, архивска единица 279
[41] Исто...

година, во кое му кажува дека луѓето кои го напишале приговорот кон Манифестот биле спремни за 10 до 15 дена веднаш да заминат во партизани и дека целта им била да го свртат вниманието кон македонското прашање, а не да одат против Манифестот.[42] Осуда за приговорот стигнала и од Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ, во која се вели дека сонот за обединување го делат и тие но тој ќе се оствари преку титова Југославија.[43]

Сето ова горе наведено го испишавме со цел на кратко да дадеме слика за антифашистичката борба во Македонија, но пред се` за контрадикторноста и спротиставените ставови кои биле присутни во текот на војната. Македонскиот народ со големи жртви ја платил својата слобода и сопствената држава, макар на само еден дел од етногеографска Македонија. Македонецот принел големи жртви и на туѓи фронтови за туѓи држави и нивната слобода бидејќи бил притиснат под паролата „братство и единство" уште за време на војната, се со цел да не започне самостојна војна на целата територија на Македонија со што КПЈ би го изгубила приматот на водечка партија во регионот. Овој дел ќе го завршиме со заседанието на АСНОМ и конституирањето на современата македонска држава, бидејќи без овој дел од македонската историја не можеме да стигнеме до периодот на независна Република Македонија.

На 14 март 1944 година бил издаден распис од иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ до сите народноослободителни одбори за избор на делегати за првото заседание на АСНОМ, потпишан од Методија Андонов Ченто, Претседател на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ.[44] На 2 август 1944 година во манастирот Св. Прохор Пчински се одржало првото заседание на АСНОМ на кое биле удрени темелите на современата македонска држава.

## СТУДЕНТСКАТА ПРОЛЕТ 1968 ГОДИНА

Успешното ликвидирање на асномската струја веднаш по војната, расчистувањето со вмровските групи и нивното ликвидирање, судирот со Сталин и

[42] Државен архив на Република Македонија, фонд: „НОБ", кутија бр. 15, архивска единица 942.
[43] ...фонд „Главен штаб на НОВ и ПОМ", сигнатура 1.254-5/3
[44] ...фонд: „АСНОМ", број на фонд 157, кутија 1, архивска единица 1, лист 1-10
Во фондот се наоѓа целосниот документ од расписката за избор на делегати.

превземањето на неговите методи на работа, насилното стишување на македонското прашање, биле одличен терен за целосна централизација на Федерацијата. „Се бориме против Сталин но ги преземаме неговите методи – од него учиме", вака некако изгледала политиката во Југославија до 1953 година. Егзекуција, доживотна робија во затворите ширум државата – пред се` логорот Голи Оток, или губење на граѓанските права, таква судбина ги снаоѓало сите оние кои оделе против партиската линија, макар и за некои периферни прашања.

По 1948 година откако раководствата сфатиле дека не може Југославија да се раководи строго по сталинистичките методи, започнале т.н. реформи во општеството. Ги нарекуваме „така наречени" бидејќи навистина не постоеле реформи или истите се однесувале на маргинални и безначајни области. Започнала т.н. политика на „3-Д", децентрализација, демократизација, департизација. Но овие залагања биле декларативни бидејќи цеиот систем на раководење останал ист, а исти останале и пресметките со неистомислениците. На пример, се извршила децентрализација на комуналната управа и околиската управа, биле дадени малку повеќе надлежности на републиките и повеќе самоуправа на претпријатијата. Значи немало никакви суштински промени, бидејќи комунални прашања не се од суштинско значење за една нација и народ кој посакувал својот пат да го води кон развиток.

Следело затоплување на односите помеѓу ФНР Југославија и Советскиот Сојуз, во однос за подобрувањето на меѓусебните односи Никита Хрушчов истакнал: „Срамна е улогата што Сталин ја одиграл овде. „Југословенскиот случај" не претставувал никаков проблем што не можел да се реши преку партиски разговори меѓу другари. Немало некоја важна основа да се развие „случај", било сосема можно да се спречи прекинувањето на односите со таа земја. Ова сепак, не значи дека југословенските водачи не правеле грешки или дека немале недостатоци, но овие грешки и недостатоци биле зголемени на монструозен начин од страна на Сталин и завршиле со прекин на односите со една пријателска земја".[45] Потоа следела и белградската декларација од 02 јуни 1955 година помеѓу Тито и Хрушчов во која станувало збор за

[45]Dan N. Jacobs, *The New Communist Manifesto and Related Documents*, New York: Harper Torchbooks 1965, str. 150-151

развивање на сестрана соработка меѓу ФНРЈ и СССР врз принципите на почитување на суверенитетот, независноста, итн.

Пристигнала пролета 1968 година, пролет која ќе го разбранува целиот свет, а со него и Југославија. Во пролета 1968 година започнале најмасовните студентски демонстрации видени до тогаш, кои на некои места достигнувале и милионски бројки на присутни демонстранти. Во студентските демонстрации предничела Франција, масовни демонстрации имало и во Шпанија, Германија, САД, Италија, Англија, Австрија, Чешка, Полска, Унгарија и Југославија. Повод за протестите била кризата на општеството, системот, моралот, економскиот систем, итн. во САД и Западна Европа се говорело за криза на капитализмот, додека во Источните земји и во Југославија се говорело за криза на комунизмот. Револтот бил општ и насочен кон постојните системи и се барале промени на истите. Протестите од студентски прераснале во граѓански предводени од интелектуалните слоеви на општеството. Во САД протестите биле насочени и против војната во Виетнам. Низ цела Европа започнала окупација на факултетите, студентските домови и други јавни установи. Биле заземени универзитетите во Сорбона, Берлин, Мадрид, Нантер, Брисел, Краков и др., истите биле прогласени за „слободни зони".

Во Југославија протестите земале најголем замав во Белград, Сараево и Загреб, исто така биле масовни и во Љубљана и Подгорица, но најпасивни биле во Скопје, речиси и како да ги немало. Во Скопје биле најбрзо задушени од страна на безбедносните власти и било спроведено апсење на водечките демонстранти. Македонија всушност секогаш доцнела во либералните процеси во Југославија, а некогаш дури и не учествувала, како што било за време на студентските протести од 1968 година. Студентите и професорите се залагале за поголема либерализација, демократизација, социјална правда и намалување на јазот помеѓу народот и владеачката структура.

Во јуни истата година, Тито им се обратил на студентите преку „ТВ Белград" кажувајќи им кратко дека се во право. Од денешен аспект многумина овој говор на Тито го сметаат за популистички говор. По обраќањето на Тито и ветувањето дека ќе

следат промени, протестите веднаш биле прекинати, а Тито бил воздигнуван како херој кој ги исполнува барањата, воздигнуван токму од професорите и студентите.

Студентските протести од 1968 година до некаде и вродиле со плод, не биле исполнети сите барања но темите кои биле отворени влегле длабоко и сериозно во политичкиот дискурс. Протестите на површина исфрлиле голем број на интелектуалци кои подоцна го заземале раководството со републиките. Во Македонија најистакнат бил Крсте Црвенковски кој подоцна ќе биде поставен за претседател на ЦК на СКМ, а потоа изолиран од страна на властите. Истото се случувало во сите републики, биле поставени нови луѓе кои произлегле од самите протести, но потоа истите биле отстранети од политичкиот па и од јавниот живот во Југославија. На тој начин Тито се справил со разбунтуваната младина и интелегенција. Но сепак, и покрај тоа што Тито на некој начин се справил со протестите, тие оставиле големи последици по иднината на Федерацијата, речиси и до самиот нејзин крај.

Протестите резултирале со крупни промени во југословенскиот Устав во 1968 година, а подоцна и со целосно нов Устав во 1974 година. При распадот на СФР Југославија, Словенија и Хрватска ги бранеле своите барања врз прописите запишани во Уставот од 1974 година, додека Србија на секој начин сакала да го промени тој Устав. Кога ќе го погледнеметекот на настаните ќе заклучиме дека студентските протести од 1968 година го започнале процесот на распадот на Југославија.

## РЕЗУЛТАТИ

Протестите најпрво резултирале со промени во југословенскиот Устав во 1968 година со кои се извршила поголема децентрализација на Федерацијата, републиките добиле поголеми права во управувањето и покраините добиле автономен статус во рамките на СР Србија. Исто така се направиле измени и во правата на народностите во Југославија, се гарантирала рамноправноста на јазиците и писмата на народите и народностите во Федерацијата. Највпечатливи се промените во Уставот кои се однесувале на двете автономни покраини, ваквата одлука ќе влијае и врз случувањата од почетокот на 90-те години, во Уставот од 1968 година[46] тие биле санкционирани на начин кој е запишан во точка 1 од истиот, "Социјалистичка Федеративна Република

[46] Види прилози, документ бр.4

Југославија ја сочинуваат: Социјалистичка Република Босна и Херцеговина, Социјалистичка Република Македонија; Социјалистичка Република Словенија, Социјалистичка Република Србија со Социјалистичка Автономна Покраина Војводина и Социјалистичка Автономна Покраина Косово кои се во нејзин состав, Социјалистичка Република Хрватска и Социјалистичка Република Црна Гора“.[47]

Во 1971 година следеле уште неколку измени на Уставот[48], една од нив се однесува на воспоставување на Претседателство на Федерацијата, „ АМАНДМАН XXXVI 1. Се востановува Претседателство на Социјалистичка Федеративна Република Југославија...“.[49]

Новиот Устав на Социјалистичка Федеративна Република Југославија кој останал на сила се до постоењето на федерацијата, бил донесен на 21 февруари 1974 година во Белград.[50] Во новиот Устав во Членот 1 се прошируваат надлежностите во однос на имените од 1968 година, „Социјалистичка Федеративна Република Југославија е сојузна држава како државна заедница на доброволно обединети народи и нивните социјалистички републики, како и социјалистичките автономни покраини Војводина и Косово кои се во составот на Социјалистичка Република Србија, заснована на власта и самоуправувањето на работничката класа и сите работни луѓе, и социјалистичка самоуправна демократска заедница на работните луѓе и граѓаните и рамноправните народи и народности“.[51]

Покрај федералниот Устав биле изменети и уставите на републиките во Федерацијата, со тоа и СР Македонија добила измени во Уставот. Во член 1. Во уставот на СР Македонија од 1974 година стои:

Член 1

Социјалистичка Република Македонија е национална држава на македонскиот народ и држава на албанската и турската народност во неа, заснована врз сувереноста на народот и врз власта и самоуправувањето на работничката класа и на сите работни луѓе, и социјалистичката самоуправна демократска заедница на работните луѓе и граѓаните, на македонскиот народ и рамноправните со него албанска и турска народност.

---

[47] *Службен лист на СФРЈ*, бр.55/1968
[48] Види прилози, документ бр.5
[49] Службен лист на СФРЈ, бр. 29/1971
[50] Види прилози, документ бр.6
[51] Устав на СФРЈ, Устави на социјалистичките републики и покраини, Белград, 1974, стр. 3-13

Социјалистичка Република Македонија е во состав на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.[52]

## МЕМОРАНДУМ НА САНУ

**(Од Начертението на Гарашанин до сега Србија немала национална програма)[53]**

Документот кој бил изработен во Српската академија на науките и уметностите, според српските академици претставувал еден вид на национална програма која била неопходен за Србите кои живеат на територија на СФР Југославија. По објавувањето на документот во јавност, САНУ се обидела да објасни дека документот не е насочен против никого туку дека е насочен кон целовитоста на Југославија и положбата на Србите во нејзе. Несомнено, овој документ е реакција на зголемениот шовинизам во Федерацијата кој започнал јавно да се манифестира по смртта на Јосип Броз Тито, но првенствено бил испровоциран од делувањето на Албанците на Косово и Метохија.

„Трепча ради, Београд се гради", „Косово Косоварима", „Хоћемо уједињене албанске земље", се дел од паролите кои биле истакнати за време на немирите во Косово и Метохија во 1981 година. Немирите започнале на 11 март 1981 година во мензата на студентскиот дом во Приштина каде дошло до голем бунт под изговор дека се протестира за студентскиот стандарт. По реакцијата на полицијата и апсењето на поголем број лица, избиле жестоки и масовни демонстрации во Приштина на кои најпрво се зборувало за социјална правда но веднаш потоа биле истакнати паролите со кои се барало прогласување на Косово за седма република во рамките на СФР Југославија. На почетокот полицијата успеала да ги разбие демонстрантите но на 1 април протестите повторно избувнале и тоа многу помасовно од претходно бидејќи тогаш на студентите им се придружиле и работниците кои стапиле во штрајк. По неуспехот на полицијата да се справи со агресивните демонстранти, покраинскиот секретар за народна одбрана наредил да биде активирана војската, по наредбата

[52] Исто...стр. 373-475

[53] Коста Михајлович – академик при САНУ, изјава дадена на вонредното собрание на САНУ на 18 декември 1986 година свикано по повод објавувањето на делови од Меморандумот во весникот „Вечерне новосте" кој претходно бил украден од просториите на САНУ

војската излегла со тенкови на улиците. Претседателството на СФРЈ и ЦК СКЈ прогласиле вонредна состојба во Приштина со цел да може војската слободно да делува. По оваа одлука протести избиле во Вучитрн, Косовска Митровица и Урошевац, но овој пат војската и полицијата реагирале жестоко и целосно го задушиле протестот на Албанците на Косово и Метохија.

Главното барање на Албанците било прогласување на Косово за рамноправна седма република во СФР Југославија бидејќи републиките имале формално право за самоопределување до отцепување. Барањата воопшто не биле наивни и не се однесувале на поголеми ингеренции во управувањето со покраината, токму правото за отцепување била целта на Албанците како преодна етапа пред соединувањето со Албанија и создавање на т.н. „Голема Албанија“ која е албански сон започнат од Призренската лига, како што впрочем и било истакнато на паролите за време на протестите.

Српското раководство имало став дека Србите во федерацијата се деградирани и не им се почитуваат основните права во останатите републики, овој став го темелеле врз состојбата на Србите во Косово и Метохија за кои сметале дека се угнетени, потиснати и протерувани од своите родни огништа на кои се населувале Албанци. Фактите говорат дека во периодот од создавањето на југословенската федерација до 80-те години на Косово демографската слика била драстично изменета во полза на албанскиот елемент, на сметка на Србите. Многудетните албански семејства и пред се напливот на бегалци од НР Албанија кои биле принудени на бегство под притисокот на режимот на Енвер Хоџа, кои пак биле веднаш прифаќани од југословенското раководство, допринело бројот на Албанците на Косово и Метохија да се зголеми неколкукратно. Од друга страна огромниот одлив на Срби од Косово и Метохија кои мигрирале во СР Македонија, СР Црна Гора, но најмногу во Србија, се должел првенствено на неразвиеноста на покраината, социјалната нерамноправност и сиромаштија, но и заради притисокот кој го трпеле Србите од новодојдените Албанци на Косово и Метохија.

Српските реакции оделе во правец дека и покрај тоа што Србите биле најбројни во Федерацијата тие биле понижени и во Хрватска и Македонија, но иницијалната

каписла биле случувањата на Косово и албанските барања. Присутен е впечатокот дека српското раковдоство ја искористило фактичката состојба на Србите на Косово и Метохија за остварување на српските вековни соништа. Позади српската реакција во Косово и прашањето за положбата на Србите, се криеле апетитите на српското раководство за надмоќ во Федерацијата кои започнале јавно да се манифестираат по смртта на Тито. Токму случувањата во Косово и Метохија и хегемонистичките стремежи на Србите, биле причина за изработка на документот од САНУ кој носел наслов „Меморандум на САНУ, одговори на критиките".

По смртта на Јосип Броз Тито, според српските академици, целото југословенско општество западнало во голема криза која довела до распад на моралните вредности, недоверба во раководствата кои ја наследиле титовата администрација, зголемената корупција, криза во економијата и меѓунационалните односи. Во документот стои дека, со објективно набљудување на југословенската реалност може да се воочи дека има можност сегашната криза да заврши со социјални протести со несогледливи последици, не исклучувајќи го ни најкатастрофалниот исход како што е распадот на југословенската државна заедница.[54] Оваа реченица која се наоѓа во првиот пасус од документот на САНУ говори за сериозноста на општествената криза која ја зафатила Федерацијата.

Во првите наколку точки станува збор за економската криза во која западнала Федерацијата, за распадот на моралните вредности, корумпираноста и пред се за неспособноста на политичарите да ја водат државата по смртта на Тито. Биле жестоко критикувани српските власти кои не преземале ништо за заштите на Србите во останатите републики, додека во СР Србија малцинствата и народностите ги имале сите полни слободи и права. Додека критиката кон Уставот од 1974 година се протега низ сите точки од Меморандумот со што се добива впечаток дека главната цел на САНУ е носење на нов Устав на СФРЈ кој нема да дозволи децентрализација која води кон конфедерација, што подоцна ќе се рефлектира врз срcпското делување за време на 14-от Конгрес на СКЈ. Впрочем идејните решенија за југословенското општество САНУ во иднина ги пласирала преку Слободан Милошевиќ кој се раководел по

[54] MEMORANDUM SRPSKE AKADEMIJE NAUKA I UMETNOSTI (nacrt) Jesen 1986. Електронска верзија

заклучоците на српската академија. Во третата точка од Меморандумот пишува: „Двете најразвиени републики (се мисли на Хрватска и Словенија) кои со овој устав ги остварија своите национални програми денеска настапуваат како најупорни бранители на постоечкиот систем. Благодарејќи на политичката положба на своите лидери во центрите на моќ, тие и пред и после пресвртните 60-ти години имале иницијатива околу сите прашања за политичкиот и економскиот систем. По своите потреби тие го кроеле општественото и економското уредување на Југославија. Ништо не изгледа понормално од тоа тие сега да го бранат уредувањето кое го создавале, уредување во кое гледаат остварување на најголемиот дел од своите национални програми."[55] Понатаму се вели: „Никој не треба да го убедуваме дека сепаратизмот и национализмот делуваат на општествената сцена, но недоволно се сфаќа дека таквото определување идејно го овозможува Уставот од 1974 година. Постојаното засилување и меѓусебното поттикнување на сепаратизмот и национализмот ги одалечи нациите една од друга, до критична точка."[56]

Во осмата точка станува збор за положбата на Србија и српскиот народ, пред се за Србите на Косово и Метохија. „Прогонот на српскиот народ од Косово е спектакуларно сведоштво за неговиот историски пораз."[57] Пишува како Албанците од Косово се во војна со Србија и Србите веќе 5 години, алудирајќи на протестите од 1981 година кои избиле во Косово. Академиците тврделе дека на Косово се води специјална војна против српскиот народ и дека во јавниот дискурс таа борба за права треба да се нарече со нејзиното вистинско име – војна. Заклучиле дека Албанците на Косово имаат голема поддршка како од внатрешни политички сили (се мисли на Словенија и Хрватска) така и од надворешни фактори кои со децении работеле против Србија и српскиот народ. Вокабулраот во документот зазема се поголема жестина, па така во истата точка подоле пишува: „Физичкиот, политичкиот, правниот и културниот геноцид над српските жители во Косово и Метохија е најтешкиот пораз во ослободителните борби кои ги водела Србија од Орешец 1804 година до востанието од 1941 година. Одговорноста за тој пораз паѓа, пред се, на сеуште живото коминтерновско наследство во националната политика на Комунистичката партија на Југославија и следбеништвото

[55] MEMORANDUM SRPSKE AKADEMIJE NAUKA I UMETNOSTI (nacrt) Jesen 1986. Електронска верзија; стр.9
[56] Исто...
[57] Исто...стр.23

на српските комунисти на таа политика..."[58] Опфатен е историјатот на миграциите од Косово пред се иселувањето на Србите од ова подрачје. Сериозноста со која се пристапувало кон косовското прашање, е најексплицитно воочлива во следниов пасус од истата точка: „Судбината на Косово останува животно прашање за целиот српски народ. Ако тоа не биде решено со еден прав исход од наметнатата војна, ако не се воспостави вистинска безбедност и недвосмислена рамноправност за сите народи кои живеат на Косово и Метохија, ако не се создадат објективни и трајни услови за враќање на иселениот народ – тој дел од Република Србија и Југославија ќе прерасне во европско прашање, со најтешки, недогледливи последици."[59] „... барањето за етнички чисто Косово, кое се спроведува на дело, не само што е директна и тешка закана кон сите народи кои таму се малцинство, туку ќе започне бран на експанзија и секојдневна закана за сите народи во Југославија."[60]

Покрај Косово, во докумантот е засегната и СР Хрватска за која академиците тврделе дека воопшто не ги почитува правата на Србите на нејзина територија. Бројките за намалување на српското население во овие две области, САНУ ги опишала на следниот начин: „Косово не е единственото подрачје во кое српскиот народ е под притисок на дискриминација. Апсолутно, а не само релативно, опаднувањето на бројот на Срби во Хрватска е доволен доказ за ова тврдење. Според пописот од 1948 година, во Хрватска имало 543 795 Срби, или 14,48% од населението. По пописот од 1981 година нивниот број се смалил на 531 502 што од вкупниот број жители на Хрватска изнесува 11,5%. За 33 мирнодопски години бројот на Срби во Хрватска опаднал и во однос на поствоеното време, кога е извршен првиот попис и кога последицита од војната по бројот на српските жители биле добро познати"[61] (се алудира на српските жртви во Хрватска од Втората светска војна и геноцидот кој бил извршен врз нив). Според српските академици, ваквиот пад на населението во Хрватска се должело на фактот што „Лика, Кордун и Банија останале најнеразвиени предели во Хрватска, што силно ја потикнало емиграцијата на Србите во Србија, како и преселба во други краеви

[58] Исто...стр.24
[59] Исто...стр.25
[60] Исто...
[61] Исто...

на Хрватска, каде Србите, како дојденци, малцинство и инфериорна група, биле подложни на асимилација.“[62]

Контроверзноста која го следи документот на САНУ не се состои само во неговата изработка и содржина, туку и начинот на кој овој документ за прв пат излегол во јавност. Документот бил изработен во текот на 1985/86 година, на 24 и 25 септември 1986 година во весникот „Вечерње новости“ биле објавени фрагменти од Меморандумот. Српската академија тврдела дека Меморандумот е украден од просториите на академијата и дека тоа е работна верзија на документот. Во весникот „Вечерње новости“ биле објавувани најчуствителните делови од овој документ кој се однесувале на дискриминацијата на Србија и Србите од страна на двете најразвиени држави Хрватска и Словенија, на насилното иселување на 103 000 Срби и Црногорци од Косово и Метохија под притисок на Албанците, економската нерамноправност меѓу републиките, искористувањето на српскиот народ како најброен во федерацијата и неговото дискриминирање и слично. По објавувањето, во ваков формат, на документот избиле жестоки реакции во јавноста, документот бил оквалификуван како „големосрпски“, „сепаратистички“, „контрареволуционерен“, „асимилаторски“, „хегемонистички“ и тн. Ова допринело за зовривање на страстите во националистички поглед во останатите републики, пред се во Хрватска, Словенија и покраината Косово и Метохија чие население на Меморандумот гледало како на повик за војна против Албанците.

Останува нејасно како документот бил украден од просториите на САНУ и во чив интерес бил форматот во кој бил објавен овој документ. Несомнено, документот бил украден од некој од внатре но од кого? Академијата тврдела дека документот бил украден од личност која имала омраза кон Србите сакајќи на тој начин со манипулација да го оцрни српскиот народ и република, притоа да го зголеми сепаратизмот во Словенија, Хрватска и Косово и Метохија како контра реакција на овој документ. Додека хрватската и словенечката јавност шпекулирала дека Меморандумот во јавност го пуштила токму Српската академија со цел да предизвика реакции кај републиките и покраината, а подоцна на свој начин да се справува со тие реакции, дека подготвува терен за општествени промени во Федерацијата

[62] Исто...стр.25

критикувајќи го Уставот од 1974 година кои би оделе во корист на Србија. Хрватите на Меморандумот гледале како на документ од типот на „Начертание", „Срби сите и сегде", „Хомогена Србија" и тн. Изразеното „великосрпство" било трн во очите на хрватскиот народ. Кога ќе ги погледнеме двете верзии, за објавувањето на документот, и двете имаат своја логика, но не можеме да потврдиме кој го објавил документот. Симптоматично е тоа што САНУ веднаш не го објавила целиот документ со што би ставила крај, на како што они тврделе, шпекулациите околу содржината на документот и манипулацијата со истиот. Тоа фрла сомнеж дека САНУ немала за цел да ја објави завршната верзија на документот и да се отвори аргументирана јавна дебата околу него, туку имала за цел да ја разбранува јавноста, зоврие страстите, и кај српскиот народ да го покрене националниот дух, што подоцна ќе даде резултати. За волја на вистината Меморандумот бил објавен во јавноста, но три години подоцна, во јуни 1989 година во весникот „Дуга", пропратен со коментар на уредниците и сконцентриран кон економскиот дел од содржината на документот.

Меморандумот на САНУ го поткренал национализмот и шовинизмот во Србија на до тогаш не видено ниво. Тоа бил документ кој ги прикажувал фактите, но и ги загревал страстите, ја подготвувал Федерацијата за она што ќе се случува во наредните години. Тој бил проект за промена на политичкиот систем во Југославија и промена на југословенскиот Устав од 1974 година за кој Србите сметале дека им го нанел најголемото зло. Со новиот устав Србите сакале да ги укинат автономните покраини Војводина и Косово и Метохија, да ги распуштат нивните парламенти и да ги вратат на положбата пред 1974 година. Со Меморандумот се подготвувал теренот за дејствување на Србите во Босна и Херцеговина, Црна Гора, Хрватска, но и во Македонија, каде Србија преку своето малцинство (иако во Македонија било минимално) ќе ја диктира политиката на Федерацијата и републиките. И покрај тоа што приликите за распад на Федерацијата и разединување на републиките веќе биле созреани, што се должело на долгогодишното вештачко „братство и единство", економското назадување, задолженост, етничка и верска нетрпеливост, големодржавни соништа и слично, Меморандумот на САНУ е почетната точка од каде започнуваат судирите, шовинизмот, распадот на Југославија и најкрвавите војни на тлото на Европа по Втората светска војна.

## ГАЗИМЕСТАН

Доколку студентските протести од 1968 година го започнале процесот на децентрализација и како што наведовме индиректно допринеле за распад на Федерацијата, доколку протестите на Косово и Метохија од 1981 година, на кои Албанците барале нов статус на покраината, биле иницијална написла за подгревање на шовинизмот во Србија и разгорување на српските страсти за хегемонија над Федерацијата, доколку „Меморандумот" на САНУ со кој пораснал шовинизмот низ цела Југославија бил директна причина за започнување на војните, тогаш дефинитивно Газиместан е местото каде јавно била објавена војната и крвавиот распад на СФР Југославија.

Газиместан е предградие на Приштина, главниот град на Косово и Метохија каде мнозинството го сочинувале Албанци. На ова место на 28 јуни 1989 година била одржана прославата на Видовден, еден од најзначајните празници за српскиот народ со кој се одбележува битката на Косово поле од 1389 година кога христијанската војска предводена од кнез Лазар се судрила со османлиската војска предводена од султанот Мурат I, во која христијанската војска била поразена, но сепак Србите овој ден го слават како симбол на нивниот непокор и преку него бил граден националниот мит во подоцнежните векови.

Во 1981 година се навршувале 600 години од оваа битка и српското раководство по повод јубилејот ја организирало најмасовната прослава до тогаш. На собирот биле присутни (според повеќе извори) повеќе од еден милион луѓе, додека медиумите пренесувале за бројки од 1,5 до 2,5 милиони луѓе[63] Организирано пристигнувале Срби од дијаспората од сите континенти, исто така бил присутен и целиот политички врв на СФР Југославија и републичките раководства.[64] Иконографијата била строго националистичка, југословенски знамиња речиси и да немало, додека преовладувале српски националистички пароли. На прославата бил присутен и врвот на Српската православна црква, на снимките од настанот можат да се забележат бројни верски симболи како крстови и верски икони. Најприсутен во целата

[63] В. *Нова Македонија*, број 15240, 29 јуни 1989, Скопје, стр.1
[64] Хрватска ја бојкотирала прославата и не присуствувало хрватското раководство а не испратила ни претставници

иконографија бил двоглавиот орел со четири „С“ византиски симбол кој Србите го интерпретираат на свој начин преку кованицата „само слога Срби спашава“, а денес е присутен и на српското државно знаме. Организацијата била смислена провокација кон Албанците кои во тоа време барале поголеми права и прогласување на Косово за република, со што Србите сакале да докажат дека Косово е српска а не албанска земја, и како што велат, за нив „света земја“. Но прославата претставувала и провокација за останатите републики во Федерацијата меѓу кои Хрватска била најзасегната бидејќи Милошевиќ говорел за слога и обединување на сите Срби на територија на Југославија. Биле присутни елементи кои не биле својствени за југословенското општество, „на секој чекор на импровизираните тезги се продаваа сувенири... со ликовите на Слободан Милошевќ, кнезот Лазар и други значајни личности од историјата на српскиот народ“[65] се создавал мит од ликот на Слободан Милошевиќ.

Од масата народ одекнувале извици со шовинистички пораки, меѓу останатите најприсутни биле „Ко то каже Србија је мала“, „Косово е Србија“ и „Слобо, слобода, Слободане – Србине“.[66] Од големиот број присутни, пристигнати неколку денови порано, немало пристап до бината, сите го чекале излагањето на Слободан Милошевиќ.[67] Помеѓу присутните официјални лица биле и претседателот на Претседателството на СФРЈ, Јанез Дрношвек, претседателот на Претседателството на ЦК на СКЈ Милан Панчевски и српскиот патријарх Герман.[68]

„По интонирањето на државната химна, на сите присутни на Газиместан им се обрати Слободан Милошевиќ. Неговото појавување на бината предизвика ерупција од воодушевување и повеќеминутно скандирање, а неговиот говор повеќе пати беше прекинуван со аплаузи и скандирање како израз на доверба и длабоко согласување со содржината на неговиот говор“.[69]

Амбиентот на масовност, борбеност и загреан национален дух кај Србите, Слободан Милошевиќ го искористил да испрати порака до Албанците и републиките дека Србија е таа која давала најмногу жртви, како во блиското така и во подалечното

[65] В. *Нова Македонија*, број 15240, 29 јуни 1989, Скопје, стр.1
[66] Исто...
[67] Исто...стр.4
[68] Исто...
[69] Исто...

минато, и дека Србија и Србите треба да стојат на чело на Федерацијата во иднина како, „најзаслужен народ". Говорот кој го одржал Слободан Милошевич бил националшовинистички како и целиот настан, во овој говор Милошевич ги најавил крвавите војни во СФР Југославија. Историчарите од говорот издвојуваат една реченица која директно ги најавува војните и распадот, со која Милошевич истакнал „Повторно сме пред битки и во битки, тие не се вооружени, но ни такви уште не се исклучени".

Милошевиќ зборувал за рамноправност на народите во Југославија нагласувајќи дека Србите се потиснати во Федерацијата, всушност преку нагласувањето на рамноправноста Милошевиќ сакал да го зголеми српското влијание во Федерацијата кое и до тогаш било најголемо. Тој говорел за „големи" и „мали" народи, во однос на тоа истакнал „Тоа што Србите на овие простори се најголем народ не е никаков српски грев ни срам, тоа е предност која не сме ја користеле против другите. Но овде морам да кажам на ова легендарно поле Косово, дека Србите таа предност што се големи никогаш не ја користеле ни за себе, по заслуга на своите водачи и политичари со нивниот вазален менталитет дури се осеќале и виновни пред другите па и пред себе (......) таквата инфериорност ги уништуваше и уназадуваше Србите децении наназад, но еве не нас денес на Косово да кажеме дека не е така".[70]

Останатите републики ги загрижувало постојаното истакнување на слогата кај српскиот народ и неговото обединување, Милошевиќ говорел за економско засилување на народот и негово духовно обединување но заканата по сите републики каде живееле Срби била реална. Тој во говорот неколку пати истакнал „...слогата во Србија ќе овозможи просперитет на Србија и српскиот народ",[71] по што Хрватите стравувале дека Милошевиќ цели на територијално обединување на сите територии каде живеат Срби при распад на Федерацијата што било се поизвесно. Засегнати биле и Босна и Херцеговина, Црна Гора и Македонија, но покрај Хрватите никој друг не реагирал, во Црна Гора била инсталирана власт верна на Милошевиќ, а македонските

[70] Извадок од говорот на Слободан Милошевиќ одржан на 28 јуни 1989 година на Газиместан по повод прослава на 600 години од Косовската битка.
[71] Исто...

власти слепо му верувале на Милошевиќ па дури и му давале поддршка поттикнати од политиката која ја спроведувал по албанското прашање.

## ПОЧЕТОК НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИОТ РАСПАД

Како што одминувале осумдесетите години од XX век, така Југославија под влијание на многубројните фактори се соочувала со се поголема криза. Недоразбирањата, несогласувањата и незадоволството по одредени прашања во Федерацијата, кои започнале јавно да се манифестираат во втората половина од шеесетите години, биле решавани брзоплето, со моментални и краткотрајни решенија кои служеле за брзо смирување на пројавеното незадоволство, а истите не содржеле суштински и фундаментални промени во системот, прозаично кажано, проблемите биле ставани под тепих за идни времиња.

„Студентската пролет" од 1968 година е моментот кога за прв пат се скршил молкот во општеството кој владеел од самото формирање на Федерацијата. Протестот започнат од студентите по студентските домови, кој одекнал силно во одредени делови од Федерацијата, во Македонија бил најбрзо задушен и ставен под контрола од државните власти, на површина исфрлил нови интелектуални сили кои се залагале за поголема либерализација, демократизација, социјална правда и намалување на јазот помеѓу народот и владеачката структура, бил еден од причините и столбовите за подоцнежните промени во општеството.

Покрај проблемите кои произлегувале од економската нерамноправност, во шеесетите години се отворило и прашањето за рамноправност на јазиците во СФР Југославија, како и проблемот за употреба на знамињата на народностите кој ескалирал со немири, односно демонстрации при крајот на 1968 година во Социјалистичката покраина Косово и Метохија.[72]

Албанскиот комплекс прашања со сета своја сложеност се наметнал подрастично во 1968 година, а кулминирал со демонстрациите на студентите во Приштина, на денот на најголемиот празник на соседната тогашна Народна Република

[72] Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991)*, Скопје 2011, стр. 189

Албанија – Денот на знамето (Dita e Flamurit) и со немирите во Тетово во втората половина од декември истата година.[73] На демонстрациите на Косово и Метохија и во неколку македонски градови, од страна на Албанците било побарано да се промени статусот на покраината Косово и Метохија и таа да прерасне во република. Албанците ја искористиле моменталната ситуација и амбиент кој го создале студентските протести за масовизирање и актуелизирање на своите барања кои немале ништо заедничко со оние на студентите. Овие барања, најпрво биле решени со измени на статусот на Косово и Метохија, кои не оделе целосно во интерес на албанските аспирации но сепак имало поместувања во овластувањата на покраинските власти, на крајот резултирале со промена на југословенскиот Устав во 1974 година, со која била овозможена децентрализација на федерацијата во одреден степен. Не била воспоставена целосна децентрализација, но сепак идејата за поголеми права на републиките и покраините, кои добиле статус на конститутивни субјекти, навлегла во политичкиот и научниот дискурс. Идејата за поголема децентрализација на државата останала само идеја додека на чело на државата бил доживотниот претседател Јосип Броз Тито, кој со својот авторитет во СКЈ успевал да ја оддржи паролата „братство и единство" како најсвето нешто „кое треба да се чува како зеницата во своето око", а за чиј успех било неопходно Федерацијата да биде строго централизирана.

Строгата централизација била злоупотребувана за секој сегмент во општеството, не постоела слобода на одлучување дури и за најситните нешта без тоа да „помине" во Белград. По смртта на доживотниот претседател, Уставот од 1974 година ќе ги покаже сите недостатоци во однос на федерацијата, односно позитивни импликации во однос на републиките и нивното подоцнежно осамостојување. Брзите и несуштински решенија на проблемите кои тлееле уште од 60-те годни, на крајот резултирале со судир на два концепти кој својата кулминација ја доживеал кога се диференцирале два блока во општеството „реформатори" и „централисти". Првите, исто така наречени и „уставобранители", предводени од словенечкото раководство, своите барања за децентрализација и поголема слобода ги темелеле врз Уставот од 1974 година, додека централистите предводени од српското раководство се залагале

---

[73] Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава* (1944-1991), Скопје 2011; стр. 190

за нов устав и за уште поголема централизација на Федерацијата. Со доаѓањето на Слободан Милошевич на власт во Србија во 1987 година кога неговата фракција ја поразила фракцијата собрана околу Иван Стамболич дотогашен претседател на Србија, меѓурепубличките односи добиле драматичен тек во меѓусебниот судир кој веќе не бил обвиткан во разни флоскули туку станал отворен и директен. Во 1989 година Милошевич создал Комисија која предложила темелна реформа на политичкиот систем во СФРЈ, притоа најрадикалниот чекор се однесувал на начинот на усвојување на одлуките во федеративното собрание. За Милошевич проблем претставувало гласањето врз принципот на паритет востановен со Уставот од 1974 година, со кој сите републики биле рамноправни во носењето на одлуките вклучително и двете автономни покраини. Во таквиот систем Милошевич гледал пречка за спроведувањето на својата хегемонија врз федерацијата. Наспроти бараниот консензус на федералните единици, сега Милошевич предлагал одлуките кои се од витално значење за федерацијата да се носат со квалификувано мнозинство, а стариот систем да остане за периферни прашања. Гласањето со квалификувано мнозинство претставува, за една одлука да биде донесена мора да биде поддржана од мнозинството, а мнозинство гласови во парламентот да има републиката која има најголем број на жители, притоа се потребни 62% од вкупниот број гласови за одлуката да биде изгласана. Србија имала најголем број на жители во Федерацијата, а со тоа би имала и најголем број на пратеници во федералното собрание, патем со промената на раководствата во Црна Гора и покраините кои биле марионети во рацете на Милошевич тој би добил уште поголема моќ во одлучувањето, а се надевал и на наклонетост кон него од страна на македонското и раководството на Босна и Херцеговина. Со овој принцип на гласање, Милошевич би можел да носи одлуки и без согласност на Словенија и Хрватска, што претставувало газење на волјата на овие две републики и народот во нив. „Српскиот блок“ на Милошевич се определи за „мајоризација“, т.е. за бројно надгласување на делегатите од другите републики, што беше крајно чудно, бидејќи дотогаш конгресите донесуваа одлуки со консенсус, а сојузните партиски органи беа составени врз паритетна база.[74] На пленарните седници на Конгресот на СКЈ Милошевич се обидувал да ги убеди останатите делегати дека Србија нема никогаш да го злоупотреби ваквиот

[74] Димитар Мирчев, *Ферментација на демократијата и на нацијата, сите македонски пролети 1943-1993*, Скопје 2013, стр. 184

принцип на гласање, при што истакнал: „ Сакам да кажам во името на сите граѓани на Србија, дека Србија со ниту еден потег нема да ја злоупотреби својата бројност во Југославија на штета на било кој помал народ. Србија нема да ја злоупотреби својата историска, духовна и политичка рехабилитација за потценување, а посебно за понижување на други помали народи. Нека бидат во тоа уверени Словенците, нека бидат во тоа уверени Албанците, и сите други, рече Слободан Милошевич.[75] Но не понудил конкретна гаранција за системот на гласање и негово незлоупотребување.

На ваквите српски барања најжестоко се спротиставиле Словенците кои доследно останале на своите ставови за почитување на моделот за гласање произлезен од Уставот од 1974 година и дека она што го прави Србија е всушност противуставно. Притоа Словенците предложиле да се формира т.н. асиметрична федерација во која секоја република сама ќе одлучи кои овластувања ќе ги предаде на федералното раководство. Словенците предлагале СФР Југославија да се трансформира во конфедерација со што републикте би добиле право на водење сопствена надворешна политика, поголема децентрализација на вооружените сили наспроти дотогашниот интегрирачки принцип на ЈНА и други надлежности. Предложиле СКЈ да се трансформира во „сојуз на сојузите“ што значи секој републички СК доброволно пристапува кон СКЈ а не по дифолт да биде дел од него, со што по логика на нештата, доколку некој пристапува доброволно во сојуз, тој има и поголеми овластувања и моќ за одлучување. Со ваквиот пристап, СКЈ би станала второстепена необврзувачка за републичките СК кои сега би имале примарна улога во одлучувањето.

Сите овие дијаметрално спротиставени ставови и недоразбирања требале да се решат на вонредниот Конгрес на Сојузот на комунисти на Југославија закажан за јануари 1990 година, со кој на јавноста требало да и се прикаже единството на СКЈ и неговиот легитимитет.

Продлабочувањето на кризата, пред се заострувањето на меѓунационалните односи, биле отрезнувачки фактор кај сите политички субјекти во државата кај кои растела сваста за потребата од темелни реформи. Додека Србија тежнеела кон

[75] В. *Политика*, број 27404, понеделник 22 јануари 1990 Белград, стр. 1-2.

централизација и кратење на ингеренциите на републичките СК, во Словенија, во јуни 1989 година, била објавена т.н. „Темелна уставна повелба" со која се гарантирале човековите права, слободи и суверенитетот на словенечкиот народ.[76] Словенците направиле и чекор подалеку, формирале Уставна комисија која подготвила амандмани во согласност со зацртаните цели, и покрај силните притисоци од страна на Србија, на 27 септември словенечкото Собрание ги прифатило амандманите кои на Словенија и давале формално право за отцепување од федерацијата и право на одлучување за прифаќање или отфрлање на одлуките од сојузните власти. Србија вршела опструкции кон донесувањето на вакви одлуки во словенечкиот парламент, потег кој го предизвикало лидерот на словенечките комунисти Милан Кучан ваквиот обид да го оквалификува како политички притисок и „ограничување на суверената волја на словенечкиот народ со сериозни негативни последици".[77] Кучан додал дека покрај создадената теза за „вродената геноцидност кај Хрватите", се создава и теза за „вродениот сепаратизам кај Словенците". Притоа предупредил дека постои опасност од избивање на револт кај Словенците доколку се гази врз нивната волја или, како што кажал, „косовизација" на Словенија.[78] По ваквата одлука, Слободан Милошевич започнал да се заканува со воена интервенција во Словенија за што и покренал постапка, но ЈНА ги одбила ваквите барања како неосновани.

Прифаќањето на амндманите во словенечкиот парламент било удар врз СКЈ и начелото за демократски централизам. Во наредните месеци завладеал страв од ширењето на „антибирократската револуција" во Словенија и Хрватска.[79] Во тој момент Милошевич започнал со организирање на митинзи низ цела Југославија, т.н. „митинг за вистината". Такви биле одржани во покраините и во Црна Гора на кои Милошевиќ им ги одзел сите ингеренции и ги ставил под политичкиот чадор на Белград. Словенија и Хрватска стравувале дека тие се следни на удар од страна на Милошевич кој закажал ист таков митинг во Љубљана на кој требало преку презентирањето на „вистината" за Косово (одземање на статусот автономна покраина) да се наметне „вистината" за Југославија која водела кон унитаризација, или како што

[76] *Радио Слободна Европа*, интервју со Милан Кучан, www.slobodnaevropa.org, 27.02.2008.
[77] Исто...
[78] Исто...
[79] Carole Rogel, *The Breakup of Yugoslavia and Its Aftermath*, 2004, стр.158 https://books.google.mk/books?id=vsy5IAsKJsYC&pg=PA158&hl=en#v=onepage&q&f=false

истакнува Милан Кучан, Милошевич сакаше од Југославија да направи Србославија.[80] Со цел да се претстави масовност на тие собири, Милошевич со себе носел „митингаши" кои биле Срби по националност, биле жители на Србија и биле транспортирани од митинг на митинг, притоа на собирите преовладувала националистичка - „четничка" иконографија и се оддржувале шовинистички говори. Словенија го забранила оддржувањето на митингот во Љубљана со образложение дека може да дојде до судир помеѓу локалното население и „митингашите". Словенечките власти нагласиле дека, доколку тие луѓе пристигнат на словенечката граница ќе бидат вратени со сите расположливи средства. Веднаш по одлуката на словенечките власти пристигнало поддршка од Хрватска која донела идентична одлука стравувајќи дека „митингашите" би можеле на пат од Љубљана да застанат во Загреб. Хрватското раководство сметало дека преку прашањето за положбата на Србите во Хрватска била можна „косовизација" и дестабилизација на Хрватска, по што би избиле големи немири. На забраната за оддржување на митингот српската страна го презела најрадикалниот чекор, Милошевич преку стопанската комора на Србија издејствувал економска блокада на Словенија бојкотирајќи ги словенечките производи, нешто што се косело со принципите на една федерација и заедничко битисување. За превземениот чекор, Милошевиќ во интервју дадено за медиумите подвлекол: „Единствениот југословенски пазар, како што знаете, за жал не функционира заради една парцелизација, атомизација на капиталот и меѓусебна конфронтација на делови, претпријатија, гранки и групации, кои настанале со дефекти во политичкиот систем кој го изградивме во текот на последните неколку децении, а пред се, од Уставот од 1974 година".[81]

Пред одржувањето на вонредниот 14-ти Конгрес на СКЈ биле одржани конгреси на СК во сите републики на кои биле носени заклучоци за делувањето на конгресот на СКЈ. На републичките конгреси во Словенија и Србија биле потврдени веќе претходно донесените одлуки на нивните собранија. И двете страни биле во исчекување какви одлуки ќе бидат донесени на останатите конгреси во другите републики.

---

[80] *Радио Слободна Европа*, интервју со Милан Кучан, www.slobodnaevropa.org, 27.02.2008.

[81] Серијал документарни филмови *„20 години македонска независност"*, прва епизода „20 години независност (1980-1990); 46:48 мин. сек.

На 11 декември 1989 година бил оддржан 11-от конгрес на СК на Хрватска (СКХ) на кој бил усвоен и завршниот документ „Основни правци на делување на СКХ на општествени реформи и СК".[82] Исто така била усвоена и „Декларација за човековите права" во однос на слободното политичко делување на граѓаните во Југославија и целосно право на вероисповед во државата.[83] Синтагмата создадена од хрватските комунисти била само декларативна и не нудела никакви конкретни решенија, тоа се должело на нединството внатре во СКХ по прашањето околу реформите.

Сојузот на комунисти на Босна и Херцеговина на републичкиот конгрес донел одлуки со кои останал верен на демократскиот централизам но со неопходно редефинирање во интерпретацијата „современа реформска и обновена интерпретација".

Црна Гора и покраините Војводина и Косово, после т.н. антибирократска револуција и промената на раководствата каде биле поставени слепи следбеници на Милошевич и неговите политики, се изјасниле за централизирана федерација во економски, политички и безбедносен аспект.

Во ноември 1989 година македонските комунисти први во СФРЈ го одржале својот републички конгрес. На Конгресот на СКМ се спровело тајно гласање за избор на нов претседател на СКМ по што резултатите го дале Петар Гошев како нов претседател. Веднаш по изборот биле донесени следниве одлуки:

1. Прекин на работата на партиските организации во претпријатијата и државните институции.

---

[82] *„Почитување на сложената структура на југословенското општество, кое не се одликува само со доминантните интереси на поедини нации или републичко-покраински целини, поврзување на југословенското општество... Секое насилство врз тие процеси, затворање во територијалните граници, наметнување на еден, доминантен интерес како универзален принцип на организирање е спротивно со југословенската синтеза... Нашата цивилизациска зрелост ја потврдуваме со негување на соживотот на различностите. Затоа не се согласуваме со мајоризација изразена парцијално врз било кој, посебно не за националните интереси, не одобруваме диктат и политика на притисок, и на обнова на хегемонијата."*

[83] Ivan Markešič, *Kriza i transformacija političkih stranaka*, Zagreb 2007, стр. 46

2. Прекон на работата на т.н. Координативно тело за кадровски прашања во рамките на Социјалистичкиот сојуз на Македонија, во рамките на кое се договараа кадровските решенија за државните функции и стопанството.
3. Откажување од полициското обезбедување на зградата на ЦК СКМ и кабинетот на претседателот на СКМ, Петар Гошев.[84]

Било одлучено да се формира Комисија за реформи во државата, во чиј состав биле вклучени повеќе истакнати научни работници, политичари, интелектуалци и др. со цел да подготват ставови за реформирање на стопанскиот и на политичкиот систем во државата. Во Комисијата, меѓу другите, учествувале: Киро Глигоров, Никола Кљусев, Љубомир Фрчковски, Лазар Китановски, Димитар Димитров, Коле Чашуле, Денко Малевски и други истакнати личности од општествениот живот.[85] Сојузот на комунисти на Македонија се изјаснил за авнојска и федеративна Југославија, додека за повеќепартискиот состав истакнале дека за политичкиот плурализам треба да одлучат граѓаните на републиките. Македонските комунисти заземале цврсти позиции против мајоризацијата која сакал да ја спроведе Милошевич и декларативно се залагале за воведување на плурализам во Федерацијата. Но слободно може да се заклучи дека Македонија и Босна и Херцеговина имале неутрални ставови по сите прашања, или воопшто и немале изградено ставови.

Покрај републичките и покраинските делегати, на Вонредниот конгрес на СКЈ биле присутни и делегати на ЈНА кои претставувале 75 000 комунисти од вооружените сили. На седницата на комитетот за организирање на Конгресот, било одлучено дека делегатите на ЈНА ќе се залагаат за единствена и федерална Југославија. Делегатите на ЈНА на конгресот биле против плурализмот и партиите за кои сметале дека се повикуваат на минатото и со тоа прават раздор помеѓу народите во Југославија. Всушност во овој момент ЈНА претставувала партиска воена сила на Сојузот на комунисти која била под диктат на Слободан Милошевич и истата била користена како средство за заплашување на останатите републики кои биле под закана.

Одборот за поготовка на 14 Конгрес на СКЈ на својата трета седница одлучил дека треба да се изработи декларација како општ документ за престојниот Конгрес

[84] *Зборник Макдеонија* 1989-1999, Скопје 2001, стр. 64
[85] Исто...стр. 65

која би претставувала темел на Конгресот. ЦК на СКЈ ја прифатил декларацијата и било одлучено истата да биде објавена во печатените медиуми со цел да се отвори јавна дебата по нејзе. Декларацијата на СКЈ носела наслов „Нов проект за демократски социјализам и Југославија". Документот всушност претставува сламка за спас на клинички мртвата СКЈ која покрај изгубениот авторитет помеѓу народот веќе била разорена и од внатре, за што говори и реториката која била користена при судирот за време на подготовките. Работата на одборот за подготовка на конгресот поминала во духот на следниве реплики: Станко Радмилович истакнал „покрај асиметрична држава сега се бара и асиметричен СКЈ" по што изјавил дека „Србија не може да прифати заедништво какво што наметнува Словенија", и додал „додека се инсистира за конфедерација, Србија ќе превземе мерки за заштита на своите интереси". На ова добил одговор од Јанез Коцијанчич кој напоменал „веќе стана досадно на секоја седница на ЦК да се прозива и да се дисциплинира Словенија ". На изјавата на Радмилович како Србите нема да ја наведнат главата, Коцијанчич одговорил дека „ни Словенија нема да ја наведне главата и поминаа времињата кога можеше да се заплашува Словенија. Со нас може да се дискутира само на рамноправно ниво." Покрај ваквите несогласувања и расправи, имало несогласувања и околу статусот на конгресот, т.е. дали тој да биде наречен „вонреден" односно „редовен" конгрес, словенечките комунисти по прифаќањето на барањето од претходните седници на СКЈ за свикување конгрес, се противеле тој да биде наречен 14 вонреден конгрес на СКЈ.

## 14. КОНГРЕС НА СКЈ

Последниот 14-ти, а прв вонреден, конгрес на СКЈ започнал со работа на 20 јануари 1990 година во Сава центарот во Белград. Делегатите на Конгресот се бирале пропорционално по бројот на членови во партијата во републиките и покраините. Покрај нив, на Конгресот учествувале и делегати од ЈНА, а според делегатскиот статус на конгресот земале учество и членови на органите на СКЈ. Работата на Конгресот била поделена во три комисии: 1. комисија за економска реформа, 2. комисија за реформа во политичкиот систем и 3. комисија за трансформација на СКЈ. Конгресот бил отворен од претседателот на претседателството на ЦК СКЈ, Милан Панчевски кој прочитал воведен реферат „СКЈ и општествената реформа", што било вообичаена пракса на сите комунистички конгреси.

По отварањето на конгресот Корошец предложил амандмани за Декларацијата да се усвои веднаш на пленарната седница како би се испратила порака до јавноста дека СКЈ е спремна за трансформација. За амндманот гласале 780 делегати, а против се изјасниле 649 делегати, амандманот не бил прифатен бидејќи било потребно двотретинско мнозинство.[86] Во комисијата за трансформирање на СКЈ имало доста полемики по предлогот на Иве Дружич кој предложил СКЈ да се трансформира во социјалдемократска партија.[87]

Најжестоко било во комисијата за реформа на политичкиот систем во која исто така преовладувале тоталитаристичките барања од Словенците и Србите. Во комисијата за реформа на политичкиот систем, најголемо внимание предизвикал говорот на Слободан Милошевич кој истакнал: „Овој Конгрес цела Југославија го чека најмалку година дена, а последните месеци го чекаат и поголемиот дел од светската јавност. Југословенските комунисти и југословенските народи го очекуваат овој Конгрес со прашање но и со надеж. Прашањето е – Дали југословенските комунисти можат да и помогнат на својата земја да излезе од кризата? А надежта е дека тие тоа го можат. Таа надеж не исчезнала туку така. Таа настанала врз неоспорливите факти од историјата. А тие велат дека југословенските комунисти секогаш биле со својот народ, или барем кога му било најтешко. Наспроти сите неволји со кои се соочувам денес од инфлација до шовинизмот, таа надеж која граѓаните на Југославија ја имаат во нас на овој Конгрес, не обврзува нас да не ја изневериме. Повторно да бидеме први во борбата против злото и тешкотијата, први во борбата за доброто и прогресот, за општествена реформа која не само што ќе не извлече од незадоволството, туку ќе ни донесе и просперитет, а тоа значи да кажеме уште едно историско не! Сојузот на комунисти е единствената гаранција дека од притаениот мрак на светлост нема да избијат националните и верските омрази кои некогаш не имаа втурнато во братоубиствена војна, кој како што добро знаеме беше таква да последиците од нејзе ја притискаат свеста и на идните генерации кои допрва ќе се родат. Ние сме за единствен Сојуз на комунисти на Југославија затоа што сме за единствена Југославија. И морам да истакнам дека сум за единствена Југославија не затоа што Србите живеат

[86] Радио телевизија Србија (РТС), *емисија за 14-от Конгрес на СКЈ*, Трезор, сечања.
[87] Borba, Organ Socijalističkog saveta radnog naroda Jugoslavije, 01.22.1990, стр. 1

ширум нејзе, туку и затоа што во Србија не живеат само Срби."[88] Во својот говор, лидерот на словеначките комунисти Милан Кучан истакнал дека „СР Словенија е суверена држава на словенечкиот народ и дека не прифаќаат унитарно и централистичко уредување на Федерацијата". По него излагање имал Слободан Милошевич кој истакнал „предлогот СКЈ да се претвори во сојуз на сојузите оди во интерес на бирократската елита. Во нивните штабови се готват плановите за војна помеѓу југословенските комунисти, а јас би додал и југословенските народи."[89] Притоа додал „Југославија не ја создаде никој од надвор, па нема ни никој од надвор да ја растури"[90] Секој останал во својот ров од каде намилосрдно вербално пукал во правец на другиот, а сето тоа личело на трагикомична арена на чии трибини имало повеќе проследувачи од Сојузите на комунисти од оние републики кои се сметаат, во најмала рака, за „неутрални".[91] Едноставно, се работи за доминација на српско-словенечкиот судар од кој последиците се рефлектираат речиси на сите подрачја.[92] И овде се покажало дека Словенците не се помируваат со политичката одлука за економска блокада, односно прекин на природните стопански врски помеѓу две републики, при што, како што признавале и едните и другите, страдале сите во овие две земји."[93] Додека едни на ова гледале како српско-словенечки судир, други гледале како судир на Словенија со цела Федерација, што во најмала рака било шпекулантско бидејќи на крајот Словенија ќе биде поддржана од останатите делегации. Во ваков контекст било известувано и од српските медиуми кои истакнале: колку и да се труделе некои да претстават дека судирот е помеѓу Србија и Словенија, било јасно дека имало судир помеѓу Словенија и Југославија.[94]

Доцна попладнето на вториот ден од Конгресот, словенечката делегација свикала конференција за медиумите на која го искажала незадоволството од текот на работата на 14 Конгрес. Цирил Рибичич на пресот истакнал дека словенечките делегати немаат мандат да отстапуваат од одлуките донесени на републичкиот конгрес во Словенија. Со самото тоа Словенците веќе биле решени републичкиот СК да

[88] В. *Политика*, број 27404, понеделник 22 јануари 1990 Белград, стр. 1,2.
[89] В. *Политика*; понеделник 22 јануари 1990; број 27404; стр. 1
[90] Исто...
[91] В. *Borba*, Organ Socijalističkog saveta radnog naroda Jugoslavije, 01.22.1990, стр. 1
[92] Исто...
[93] Исто...стр. 2
[94] Исто...стр. 1

биде првостепен во одлучувањето, додека СКЈ да остане проформа. Во изјавата било истакнато дека Конгресот влегол во слепа улица и дека тоа води кон распад на СКЈ.

Во понеделник, 22 јануари, околу 15:00 часот, започнала втората пленарна седница со која претседавал црногорскиот лидер Момир Булатович. Биле поднесени 485 амандмани, кои се однесувале на Декларацијата. Сите амандмани поднесени од Словенците биле веднаш отфрлани со надгласување од страна на српските делегати, дошло дури и до апсурдни ситуации кога амандман со иста содржина, предложен од црногорски, македонски или делегат од Босна и Херцеговина, бил прифаќан додека словенечкиот бил отфрлан. Во тој момент Милан Кучан истакнал „Југославија не е правна држава, а во неа ниту еден народ не е задоволен со својата положба“.[95] Словенците неколку пати ултимативно се заканиле дека, доколку не се испочитуваат нивните барања, ќе се отцепат во посебна партија, па дури и ќе го напуштат Конгресот.[96] Но клучен бил амандманот предложен од Јанез Коцијанчич во кој се предлагало одредбата за трансформација на СКЈ (со која се предвидувало СКЈ да прерасне во модерна, обединета и демократска политичка организација) да се замени со формулацијата во која стои дека СКЈ е партија на „рамноправни републички организации СК кои слободно се здружуваат со СКЈ“. Булатович го ставил амандманот на гласање, тој бил одбиен со 1.156 гласови против наспроти 169 гласови за. Не може да се избегне фактот за пристрасното информирање на српските пишени медиуми, кои за одбивањето на амандманот истакнале: Со огромно мнозинство беше одбиен амандманот за „сојуз на сојузите“.[97] После многу полемики и прекини на пленарната седница, беше ставен на гласање амандманот предложен од Јанез Коцијанчич, член на словенечката делегација, кој барал формулацијата во Декларацијата да гласи дека СКЈ во суштина треба да биде сојуз на рамноправни сојузи на комунисти на републиките.... Исходот од гласањето е охрабрувачки за иднината на единството во СКЈ, бидејќи за амандманите на Коцијанчич гласаа 169 делегати за, додека 1 165 делегати беа за единствен СКЈ, или против амандманите.[98]

[95] В. *Вечерне новости*, 22 јануари 1990, Белград; стр. 2
[96] В. *Политика*, број 27404, понеделник 22 јануари 1990 Белград, стр. 2
[97] В. *Политика*; број 27405; вторник 23 јануари 1990 Белград; стр. 2
[98] Исто...

На крајот на изјаснувањето за амндманите на Декларација, околу 22:30 часот, за збор се јавил Рибичич кој напоменал дека е евидентно дека не само што не се сака да се прифати словенечката иницијатива за „Савезу савеза" (сојуз на сојузите за републичките СК), туку не се сака да се прифатат ниту „минимум кој би осигурал автономност, самостојност и рамноправност" на словенечката „републичките делегации". Исто така нагласил дека надгласувањето е најдобриот начин за растурање на СКЈ, и во тој случај одлуките кои се донесени на пленумот се неприфатливи и необврзувачки за словенечката делегација. На крајот заклучил дека се создадени услови за напуштање на 14 Конгрес од страна на словенечката делегација бидејќи таа не сакала да биде соучесник„ за агонијата на СК на Југославија која е водена од наметнување на волја и носителите на тие наметнувања".[99] [100] Веднаш потоа словенечките делегати пропратени со аплауз (ироничен) започнале да го напуштеет Сава центарот во Белград.

Претседавачот Булатович предложил, како ништо значајно да не се случило, да продолжи Конгресот со работа. На тоа веднаш реагирал предводникот на хрватската делегација Ивица Рачан, кој предупредил дека не може да се дискутира за СКЈ без присуство на една делегација од републиките. Во име на поголемиот број делегати од Хрватска, тој предложил прекин на 14-от Конгрес, нагласувајќи ја потребата за ургентно разгледувае на новонастанатата ситуација, за нејзините причини и решенија. Доколку се одлучи 14-от Конгрес да продолжи со работа, најголемиот број од хрватските делегати, во таков случај, повеќе не би сакале да учествуваат во усвојување на такви одлуки. На ова веднаш реагирал Милошевич со предлог да продолжат со работа бидејќи предлогот за прекин на 14-от Конгрес на СКЈ би значело дека Конгресот, односно СК „е практично распуштен и обезглавен со неизвесно временско конституирање...."[101] Потоа предложил да се востанови нов кворум и да се продолжи со работата.

За време на паузата се одржала седница на Работното претседателство на 14-от Конгрес и претседателството на ЦК СКЈ на кое од хрватската делегација било барано да

[99] https://www.youtube.com/watch?v=BjzVd5pw51E
[100] Радио телевизија Србија (РТС), *емисија за 14-от Конгрес на СКЈ*, Трезор, сечања.
[101] https://www.youtube.com/watch?v=BjzVd5pw51E

се откаже од ставовите за прекин на 14-от Конгрес, на што Хрватите не се согласиле. На крајот, хрватскиот предлог за прекин на 14-от Конгрес бил поддржан од делегациите на Македонија, БиХ, па дури и од делегацијата на ЈНА. Сепак, седницата била продолжена дури во 3:20 часот наутро под водство на Панчевски, кој на изненадување на Хрватите, предложил на 3-та пленарна седница да се усвојат претходно изложените документи, со тоа што седницата ќе биде свикана кога за тоа ќе одлучи ЦК СКЈ, а до тогаш органите на СКЈ да продолжат со работа. Ги повикал делегатите да го чуваат единството на СКЈ и СФРЈ. По гласањето било утврдено дека тие предлози биле прифатени, со што завршила 2-та пленарна седница. Со ваквиот потег сакале да направат компромис и да се ублажи неприфаќањето на предлогот на Милошевич. Но, до продолжување на 14-от Конгрес никогаш не дошло, со излегувањето на делегатите од Сава центарот и симболично исчезнал СКЈ од историската сцена.

### Како понатаму?

По ваквиот развој на настаните, во јавноста најчесто било поставувано прашањето, „ќе може ли да преживее Југославија без партијата?", голем број делегати уште на Конгресот истакнале дека прекинот на Конгресот би можел да биде и почеток на крајот на Југославија која ќе се распадне крваво. По враќањето на словенечката делегација во Љубљана, веднаш била одржана седница на ЦК СК на Словенија на која била дадена целосна поддршка на делувањето на делегацијата на Конгресот. По седницата била свикана прес конференција за медиумите на која Борут Пахор изјавил „Мислевме дека одиме во Белград да оперираме болен пациент, но наидовме на мртовец". Во склоп на тоа, било одлучено да се замрзнат односите со СКЈ до оддржувањето на конференцијата на СК Словенија.[102]

Во Србија реакциите од прекинот на 14-от Конгрес се однесувале во правец како малцинството наметнало став на мнозинството, се нагласувало како Словенија како најмала република го минирала конгресот наметнувајќи нејзини стандарди врз мнозинството – Србија. Било дискутирано и за бројот на гласови кои го добил амандманот поднесен од Словенците кој освоил 169 гласа, коментарите биле потценувачки кон словенечката делегација. Но сепак, бесот кај Србите бил преголем,

[102] Исто...

не можеле да сфатат како најмалата република го наметнала нејзиното гледиште врз мнозинството, притоа Словенците биле осудени за ултимативност, уривање на СКЈ и сепаратизам. Запрашан во интервју за весникот Политика: „Во јавноста постојат мислења дека повеќе не важно дали Југославија е федерација или конфедерација, важна е суштината на односите помеѓу републиките. Што по вашето мислење е иднината на Југославија во тој поглед?" Борисав Јович, претседателот на претседателството на СФРЈ, одговорил: „Таквите мислења се создадени со цел да се замагли вистинскиот проблем. Бидејќи тие два државни облици, федерација и конфедерација, всушност содржат различни односи помеѓу републиките. Со тоа, тврдењето дека е важна суштината на односите, а не државниот облик, претставува обично вербално жонглирање и измама за недоволно упатени луѓе."[103] Било нагласено дека единството во СКЈ е најклучниот фактор за опстанок на државата, со што сите кои допринеле за прекин на Конгресот и разединувањето во СКЈ биле посочени како антидржавни елементи, оваа реторика станувала уште поексплицитна кога се истакнало дека на 14-от Конгрес на СКЈ всушност дошло до судир помеѓу приврзаниците и противниците на СФРЈ. Ова претставувало обвинение кон сите републики кои застанале на страната на Словенија и биле за прекин на Конгресот.

**Одлика на фактичката состојба**

Конгресот оставил јасна слика за состојбите во државата, биле искристализирани позициите, од една страна Србија со двете покраини и Црна Гора биле единствени во барањата за поголема централизација и со став дека плурализмот може да донесе само зло, при што требало да се забранат сите партии бидејќи во себе носеле национализам. Од друга страна застанале Словенија и Хрватска кои јасно и дале на знаење на Србија дека не може да врши мајоризација на државата и дека тие се залагаат за децентрализација, поточно за конфедерација. Најнејасни во целата ситуација биле Македонија и Босна и Херцеговина, кои од една страна го поддржале ставот на Хрватска дека со излегувањето на една делегација од Конгресот тој го губи својот легитимитет и треба да биде веднаш прекинат, но од друга страна истакнале дека мора да се стори се` за Конгресот да биде продолжен, тие всушност се држеле

103 В. *Политика*, 14 мај 1990, Белград, стр. 5

неутрални незаземајќи една од спротиставените страни, што пак довело до продолжение на кризата во државата.

Ден по прекинот на 14-от Конгрес на СКЈ, претседателот на претседателството на ЦК на СК Македонија, Петар Гошев истакнал дека мора да се направи се` за да продолжи 14-от Конгрес, но во нормални околности и без надгласување за клучните прашања. Притоа нагласил, објаснувајќи ги ставовите на македонските делегати за прекинот на Конгредсот по напуштањето на истиот од страна на словеначките делегати, дека продолжувањето со работата на Конгресот, против Статутот на СКЈ, додатно ја заострило политичката ситуација. Навел дека, СК Македонија се согласува со обединет СКЈ, но со значајни и радикални промени во начелата за демократскиот централизам.

Неуспехот на 14-от Конгрес на СКЈ ги истакнал и потврдил длабоките концепциски поделби внатре во Југославија. Конгресот бил всушност почеток на распадот на СКЈ, а подоцна и на СФРЈ која се темелела на партијата, одредени личности уште пред самиот конгрес истакнале дека се ближи крајот на Федерацијата и дека имало пропусти уште во самите подготовки на конгресот бидејќи не биле изнајдени ни минимум заеднички ставови. Конгресот се одржал во период кога целокупниот СКЈ бил во процес на трансформација, имало жестока борба помеѓу реформските и догматските сили.[104] Со оглед на тоа дека СКЈ де факто повеќе не била единствена партија, туку партија поделена на републички организации, не ни можело да се очекува дека на конгресот ќе победат едни или други. А случувањата на конгресот само го разнишале уште повеќе и онака нарушениот легитимитет кој го имала СКЈ во изнаоѓањето излез од моменталната политичка криза во Југославија. Резултатите од Конгресот биле последица од кризата која се надзирала кон крајот на 70-те, а која конечно ескалирала во последните години од 80-те години на дваесетиот век. Исто така може да се заклучи дека 14-от Конгрес претставувал пораз на Милошевич кој сакал преку формален пат да воспостави контрола над СКЈ, а со тоа и

[104] Притоа, најголемата хомогеност на реформските сили се наоѓала внатре во СК Словенија, додека хомогеноста на догматските сили била најголема во СК Србија, заради што и ќе настане жесток судир помеѓу двете делегации.

на Југославија.[105] Воспоставената контрола над СКЈ требала да овозможи промена на Уставот со кој би се засилиле овластувањата на Федерацијата во која Србија, како најголема република со најголем број жители, преку начелото „еден човек еден глас" би имала одлучувачка улога во сите сегменти од југословенското општество. По неуспехот на 14-от Конгрес се размислувало дури и за воен удар, но за тоа немало доволно кворум во ЈНА, истакнува Јович. Во следните месеци српското раководство полека отстапува од идејата за единствена СКЈ и ја прифаќа можноста за Југославија без Словенија и Словенците, „скратена Југославија". А со самиот развој на настаните, при распад на Југославија, српското раководство би барало промена на републичките граници и заокружување на териториите каде живеат Срби, што впрочем подоцна ќе се покаже како примарна цел на Србија за време на војните во Југославија.

Во однос на политичко идеолошкиот сегмент на Конгресот би истакнал дека дел од републичките раководства сакале да спасуваат нешто за што биле свесни дека заминува во историјата, тие имале јасна слика за распадот на социјалистичкиот модел и комунистичката идеологија но имале страв од новото и непознатото кое доаѓало, ова пред се важи за Македонија и Босна и Херцегеовина, додека Словенија и Хрватска веќе го имале трасирано патот кон новото, кон кое сакале да одат самостојно, надвор од федерација, додека Србија во сето ова гледала можност за исполнување на вековниот сон за целосна надмоќ на Балканскиот полуостров кое сакала да го спроведе преку декларативно спасување на СФР Југославија, а декларативноста се докажала по одлуката на српското раководство за прифаќање на „скратена Југославија". Падот на еден систем и стравот произлезен од неизвесноста која ја носело новото најдобро го илустрира Секретарот на Претседателството на СКЈ Штефан Корошец, а јас со цитат од неговиот говор ќе го заокружам овој дел каде станува збор за институционалниот распад на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

- ✓ „Штефан Корошец: Она што до вчера се декларираше како завршеток на историското движење, како еден целосен општествен систем, кој малтене ги

[105] Според пишувањата на Јович на состанокот кај Милошевич одржан на 10 јануари 1990 година, на 14-от Конгрес требала да се одигра клучната битка. Стратегијата се сведувала на изолација на словенечката делегација, при што главната улога требала да ја има ЈНА, а не делегацијата од Србија, бидејќи делувањето преку српската делегација можело да доведе до одбивност кај делегациите од Хрватска и Македонија.

решил сите проблеми во историјата, денес се покажа како неуспешен и без историски перспективи. Социјализмот кој радикално ги пресече врските со сопственото минато и со светот на капиталот, во кој една единствена партија имаше монопол не само над власта туку и над вистината и интерпретацијата на социјализмот, дојде до својот крај. Крај е на авторитативниот – авторитарен социјализам. Распадот на авторитарниот социјализам кој не беше способен да ги реши ни старите проблеми а камоли новите проблеми на човештвото изгледа како крај на идејата на социјализмот само за оние кои не се способни да ги сфатат предизвиците на новото време и да ја воочат нужноста од радикални промени оние кои не сакаат да ги спроведат само за да го задржат монополот на политичката сцена и привилегиите во кои уживаат. Ако СКЈ сака да спроведе реформи во општествениот систем, мора да биде бескомпромисна спрема сопствените грешки, мора да го прифати фактот дека не е повеќе единствена политичка сила, и дека само на нејзиниот грб лежи судбината на земјата. Мандат за остварување на демократскиот социјализам сакаме да го легитимираме со нови програмски определби и на повеќепартиски избори, демократски и слободни. Доколку има такви, ќе има и демократија, доколку има демократија ќе има и социјализам, а ќе ја има и Југославија."[106]

## РАСПАДОТ НА ЈУГОСЛАВИЈА ПРЕКУ БАЛКАНСКОТО ПОДЗЕМЈЕ

Додека во почетокот на 90-те во сите југословенски републики започнувале да дуваат нови ветришта на политичката сцена, властите во Белград решиле без војна да не се отстапи ни педа од Федерацијата, или како што тогаш провеала паролата „без крв нема држава", притоа заборавајќи дека југословенските народи „крв" – жртви дадоа во Втората светска војна и по војната ги создадоа своите држави кои влегоа во југословенската федерација. Десетдневната војна во Словенија прецизно го прикажала начинот на кој ќе се раздружува Федерацијата, дека тоа раздружување нема да биде мирно туку крваво и со оружје. Таков впечаток добиле сите републички раководства во Федерацијата знаејќи дека во Словенија не постои никакво српско малцинство и дека

[106] В. *Политика*, број 27405, вторник 23 јануари 1990 Белград, стр. 1-2

по Уставот не може да биде спречено излегувањето на Словенија од Федерацијата, а сепак ЈНА интервенирала, најзагрижени биле раководствата во оние републики каде српското малцинство претставувало респектабилна бројка од целокупното население во нив. На таа линија пред се се` нашле Хрватска и Босна и Херцеговина кои веќе биле во процес на излегување од Федерацијата.

Српската демократска партија од Книн не ја прифаќала независноста на Хрватска која била главната интенција на владеачката хрватска партија на Фрањо Туѓман. Додека Загреб ја засилувал полицијата и се спремал за крајниот исход, СДС во општините со српско мнозинство прогласила српска автономна област Краина и биле поставени барикади долж целата линија на замислената етничка граница.[107]

Сред војната, која започнала во Хрватска, во Белград се засилиле моќните криминални структури, кланови и воени профитери кои не биле гонети од власта туку напротив, власта соработувала со овие структури уште додека постоела СФРЈ. Тајната полиција на СФРЈ и нејзените безбедносни и разузнавачки служби сакале да го канализираат потенцијалот на криминалните групи во своја полза, започнала поединците да ги испраќа „преку граница". На криминалците државата им обезбедувала фалсификуван пасош им го плаќала превозот и ги испраќала до одредена западноевропска дестинација. Еден од оперативците кој бил одговорен за ваквото префрлување на криминалци во Западна Европа подцна истакнал: „ги испраќавме во Западна Европа, тие таму ограбуваа банки, златари и продавници за спортска опрема, крадеа возила, изнудуваа „рекет" и вршеа други криминални дејанија, откако ќе направеа голема количина на пари ние им дозволувавме да се вратат во Белград. Нас тоа ни одговараше бидејќи парите украдени на Запад ги трошеа во Србија. Откако ќе ги потрошеа сите пари ние им правевме нови пасоши и повторно ги испраќавме во Западна Европа, на тој начин не можеа да бидат уапсени за претходните дела".[108] Криминалните структури на кои им било овозможено сето ова од страна на државата требале и да се одложат кон југословенските служби, тие биле користени од страна на службите за задушување на политичката емиграција која произлегла од југословенските републики. Најистакнати ликвидатори на политичката

[107] Документарен филм „*Jedinica*" прв дел, https://www.youtube.com/watch?v=G9q440imUC8
[108] Документарен филм „Vidimo se u čitulji", https://www.youtube.com/watch?v=-JRDuRP_NGE

емиграција кои биле инструирани од безбедносните служби биле Љубомир Магаш – Љуба Земунац и Жељко Ражњатовиќ – Аркан.[109] На удар на безбедносните служби биле хрватската, македонската и српската емиграција кои пропагирале распад на Федерацијата и независност на републиките, извршители биле луѓето од белградското подземје.

Овие криминални структури ја запечатиле судбината на Србија и српскиот народ. Но покрај Србија овие криминални структури имале силно влијание и во македонското општество, организационата мрежа на овие структури била преземена од македонските моќници за време на транзицијата кога без вложен капитал беа приватизирани државните фирми и паднаа во рацете на новите олигарси. Токму заради влијанието во Македонија, подземјето од југословенските републики и неговата соработка со властите, ќе си го пронајдат своето место во овој труд. Распадот на СФРЈ ќе го претставиме преку криминалните структури кои владееле во Белград а влијаеле економски, политички и безбедносно врз Македонија и нејзината државност, тука пред се мислиме на паравоената формација Црвени беретки чија патека експлицитно го отсликува начинот на распаѓање на Федерацијата и нејзините последни години.

На 9 март 1991 година во Белград избувнале најмасовните демонстрации до тогаш организирани од демократската српска опозиција насочени против режимот на Слободан Милошевиќ. Режимот бил сериозно поткопан од масовноста на демонстрациите, но бил спасен благодарение на идеолошкиот сојузник – ЈНА која со тенкови излегла на белградските улици и немилосрдно ги разбила демонстрантите. Слободан Милошевиќ започнал кампања чија поента била дека во такви тешки моменти не е патриотски да се бутка власта во државата, тој ја разводенил опозициската коалиција велејќи дека во тој момент во прашање е доведен опстанокот на српскиот народ. Започнала жестока шовинистичка кампања во Србија која вродила со плод, Србите биле спремни да влезат во војна и ја поддржале ваквата одлука на Милошевиќ.

[109] Документарен филм „*Jedinica*“ прв дел, https://www.youtube.com/watch?v=G9q440imUC8

Прв на удар во Хрватска бил Книн каде локалното население се вооружило и се судрило со територијалната одбрана на Хрватска. На Хрватите им останало само оружјето од територијалната одбрана кое било во многу мали количини и несоодветно за војна од поголеми размери. Оружјето во најголем процент се состоело од лесно пешадиско оружје автоматски јуришни пушки и од рачни минофрлачи, додека недостасувале оклопни возила, тенкови, транспортери и сл. Локалното српско население го одликувало недисциплина, непрофесионалност и грабеж на терен, по ваквите лоши прилики неминовно било да се вмешаат безбедносните служби на Србија бидејќи Србија не дозволувала одделување од Југославија. Јовица Станишиќ бил шеф на тајната полиција, најлојалниот соработник на Милошевиќ и негова десна рака, помеѓу народот познат како продолжувач на делото на Александар Ранковиќ озлогласениот шеф на УДБ кој го креирал логорот Голи оток.[110] На 16 март 1991 година на седница со претседателите на општините со мнозинско српско население Милошевиќ го најавил создавањето на „Единицата".[111] Тој истакнал дека нема да биде оставен српскиот народ во Книн на цедило. Во таа изјава Милошевиќ подвлекол, никој не може да не сопре да ги заштитиме интересите на Србија и на Србите дури и оние кои живеат надвор од Република Србија,[112] ваквата опасна изјава била најава дека тој е спремен воено да интервенира во сите републики каде постои српско малцинство. Подоцна ваквата најава ќе се оствари, Милошевиќ српското малцинство ќе го користи како параван зад кој се криеле големосрпските апетити.

Станишиќ добил зелено светло да делува, тој одлучил дека е најдобро да се изврши организација и обука на месното население во Книн наместо да се испраќаат воени сили од Белград. Воените сили биле користени само за артилериски оган додека рововската борба ја воделе српски доброволци од Книн. За овој план шефот на тајната полиција ангажирал еден од најдобрите и најсурови оперативци Франко Симатович – Френки кој бил по потекло Хрват од партизанска фамилија и со богато оперативно искуство во безбедносните служби. Френки за создавањето на елитна единица во Книн го ангажирал Драган Василкович алијас Капетан Драган кој бил еден од најискусните

[110] Документарен филм „*Vlast I mafija*" прв дел, https://www.youtube.com/watch?v=e4OwoNGP4ck
[111] Документарен филм „*Jedinica*" прв дел, https://www.youtube.com/watch?v=G9q440imUC8
[112] Исто...

официри на ЈНА.[113] Капетан Драган бил испратен во Книн каде ја презел командата над српската милиција и започнал од темел да ја гради „Единицата". Низ годините додека постоела единицата се менувало и нејзиното име, но таа секогаш била тајна вооружена формација на државната безбедност. Капетан Драган за многу краток период успеал од недисциплираната народна милиција во Книн да создаде елитна воена формација обучена по највисоките воени стандарди. Припадниците на единицата српските медиуми ги нарекле „Книнџи", сплет на зборовите Книн – градот од каде произлегле и нинџи – заради боречките вештини кои ги поседувале,[114] се разбира, овој назив не бил официјален но јавноста ја препознавала единицата по него.

Фронтот кон Хрватска навлагал од две токчи, едната била Книн, а втората точка била Славонија со што хрватските сили биле растегнати по многу долга линија, на две бази со огромно меѓусебно растојание. Радован Стоишиќ – Баџа командант на антитерористичката единица при МВР Србија, бил командант на „Единицата" во Славонија.[115] Од единицата предводена од Баџа, во Славонија, подоцна ќе се издигне Жељко Ражњатовиќ – Аркан. Во почетокот Аркан бил извршител на атентати врз членови на хрватската, македонската и српската политичка емиграција под команда на тајната југословенска полиција. Потоа застанал на чело на Делии навивачка група на фудбалскиот клуб „Црвена ѕвезда" која била најбројна во Југославија и во која се гаел шовинистичкиот национализам.[116] Тајната полиција ги искористила организаторските способности на Аркан и неговата репутација на опасен човек кој има големо влијание кај навивачките групи, првенствено со цел да го канализира национализмот кој бил присутен на трибини и да го пренасочи во корист на Слободан Милошевиќ.[117]

Дел од „Единицата" била позната под името „Српска доброволна гарда" и била под команда на Аркан, подоцна биле наречени „Тигри" или „Арканови тигри", прв пат се појавиле на боиштето во јуни 1991 година.[118] Командата на оваа единица ја сочинувале пријатели на Аркан од белградското подземје, најголем дел од, подоцна познатиот, Земунски клан и припадници на тајната полиција која всушност го

[113] Исто...
[114] Исто...
[115] Исто...
[116] Документарен филм „*Dosije*", https://www.youtube.com/watch?v=v4Wj4eJ0-bg
[117] Документарен филм „*Jedinica*" прв дел, https://www.youtube.com/watch?v=G9q440imUC8
[118] Документарен Филм „*Арканови тигрови*", https://www.youtube.com/watch?v=7xwqU4UY4ts

контролирала подземјето. Единицата била составена од луѓе со долго криминално минато, безмалку 95% од нејзините припадници биле со полициско досие.[119]

Делот од „Единицата" познат под името „Книнџи" бил распуштен, притоа Френки одбрал 15-мина војници од оваа единица кои ги одликувала дисциплина, храброст и борбеност и ги ставил под своја команда, со тоа „единицата" не била распуштена туку само прегрупирана.[120] На Капетан Драган му било кажано дека тој од својата професионална војничка позиција не гледа некои работи кои другите ги гледале, а другите била тајната полиција. Ова му било соопштено до Френки, а налогот за негово отпуштање пристигнал од Јовица Станишиќ. Од тој момент „Единицата" била отстранета од нејзината примарна цел и била користена за вршење криминал и воен злостор, примарна цел и станало опстојувањето на Милошевиќ на власт до кое морало да се дојде по било каков пат, тој пат бил посеан со илјадници цивилни жртви, киднапирања, атентати и етнички чистки.[121]

Во српските медиуми ЈНА била обвинета за неспособност и велепредаство, а како пример за патриотизам и воена вештина бил нуден Аркан и неговата единица. Командантите на ЈНА ја разбрале пораката испратена преку медиумите и се приклониле кон Аркан.[122]

По склопувањето на мирот во почетокот на 1992 година ЈНА се повлекла од Хрватска, но „Единицата" не била распуштена, била повлечена за идните воени боишта кои ќе бидат отворени во Босна и Херцеговина, во Косово, во Прешевската долина и за потребите на власта внатре во Србија.

Војниците кои ги избрал Френки и ги ставил под негова команда ги одвел на Фрушка Гора каде повторно бил повикан Капетан Драган, но тој увидел дека единицата се гради по принципите на Аркан и го напуштил местото. Од тој момент „Црвените беретки" повеќе нема да војуваат по Женевската конвенција. Единицата никогаш не

[119] Документарен филм „*Jedinica*" прв дел, https://www.youtube.com/watch?v=G9q440imUC8
[120] Исто...
[121] Исто...
[122] Исто...

била вклучена во редовите на редовната полиција во Србија, таа и понатаму делувала но службено никаде не постоела.[123]

Како реакција на референдумот во Босна и Херцеговина на кој се изјаснувало за независност, босанските Срби ја прогласиле Република Српска. Тоа всушност бил дел од планот на Слободан Милошевиќ и Фрањо Туѓман за поделба на Босна и Херцеговина. Започнала војната во Босна и Херцеговина, војна која била најкрвава по завршувањето на Втората светска војна, војна во која паднале 200 илјади жртви а 5 милиони луѓе биле раселени. Веднаш била испратена единицата „Црвени беретки" со цел да ја заземе Источна Босна.

Црвените беретки под команда на Аркан во Босна го извршиле најголемиот воен злостор и етничко чистење на локалното босанско население. Покрај ликвидацијата на цивилното население „единицата" вршела и огромен грабеж на приватните имоти, фабрики и фирми. Современиците и учесниците на настаните сведочат дека секогаш кога се повлекувале Црвените беретки, покрај оклопните возила и тенкови кои им биле потребни за борба, со нив имало и голем број камиони кои биле полни со украдени стоки кои и цистерни со нафта.[124]

За време на војната во Босна и Херцеговина, на Единицата и се приклучил Милорад Улемек – Легија. Тој бил легионер во француската Легија на странци, ограбувал продавници, златари и банки низ Западна Европа.[125] Со искуството и обуката која ја добил во Легија на странци тој се истакнал во единицата Црвени Беретки каде добил комндна позиција. По убиството на Аркан на 15 јануари 2000 година[126] Легија ќе застане на чело на Црвените беретки. Во 2003 година Легија го организирал атентатот над српскиот премиер Зоран Џинџиќ кој бил застрелан од снајперски оган отворен од Звездан Јованович припадник на Црвените беретки од самиот почеток и десна рака на Френки.

„Единицата" била во центарот на сите црни сценарија на Балканот, пред се на територијата на поранешна Југославија. Таа била раководена од Милошевиќ, и

---

[123] Исто...
[124] Исто...
[125] Исто...
[126] Документарен филм „*Vlast I mafija*" прв дел, https://www.youtube.com/watch?v=e4OwoNGP4ck

работела за Милошевиќ, вршела атентати над сите неистомисленици, ја гасела секоја искра за раѓање на опозиција во Србија а со тоа ја убивала и секоја надеж за демократизација на српското општество. На крајот кога станало јасно дека Милошевиќ ја губи својата моќ, Црвените беретки предводени од Милорад Улемек – Легија се оттргнале од Милошевиќ и за време на демонстрациите во Белград кои избувнале на 5 октомври 2000 година се доближиле до опозицијата.[127] Демонстрациите избувнале заради непризнавањето на изборниот пораз од страна на Милошевиќ кој не сакал да се симне од власт и повторно сакал да ја употреби војската. Слободан Милошевиќ најпрво бил поразен на избори а потоа и насилно симнат од власт, неговото апсење го извршиле токму Црвените беретки кои биле негова креација. Со тоа Легија сакал да се вклучи во победничката страна, спуштајќи го оружјето при демонстрациите сакал да се здобие со симпатии кај народот.[128] Новата српска влада предводена од проевропскиот политичар Зоран Џинџиќ немала друг избор освен да соработува со Легија бидејќи тој и структурите на тајната полиција во свои раце ги држеле речиси сите вооружени сили во државата, пред се полицијата која му била повеќе верна нему отколку на властите. Улемек – Легија се обидел на Џинџиќ да му го наметне истиот принцип на работа каков што го имал со Слободан Милошевиќ, но Џинџиќ кој имал реформаторски планови и кој сакал Србија да ја постави на патот кон Европската Унија не се согласил со таквиот начин на работа, притоа бил свесен дека доклку не го уапси Легија нема да биде во можност да ги спроведе замислените реформи а исто така би биле ставен во опасност тој и неговите соработници. Легија со уцена се обидел да му наметне соработка на Џинџиќ со српското подземје, но вториот тоа експлицитно го одбил. Акцијата за апсење на Легија веќе била при крај, било подготвено и обвинението против него, Џинџиќ бил сигурен дека конечно ќе стави крај на владеењето на мафијата со државата. Но Црвените беретки предводени од Легија делувале побрзо, на 12 март 2003 година бил извршен атентат врз српскиот премиер Зоран Џинџиќ кој бил застрелан со снајперски оган отворен од страна на припадник на Црвените беретки - Звездан Јованович, и починал на самото место.

[127] Документарен филм „*Jedinica*" прв дел, https://www.youtube.com/watch?v=G9q440imUC8
[128] Исто...

Еден ден по убиството на премиерот српската влада за атентатот ги обвинила Земунскиот клан и Црвените беретки. Три дена по атентатот започнала акцијата на српската полиција под кодно име „Сабја“ во која биле уапсени сите учесници во заговорот за атентатот, биле уапсени поголемиот дел од командантите на Црвените беретки, бил мирана луксузниот комплекс во Белград во кој бил сместен Земунскиот клан, биле уапсени сите водачи на кланот и била распуштена единицата Црвени беретки.[129]

По распуштањето на Црвените беретки српските граѓани за прв пат по распадот на СФР Југославија се почуствувале слободни, за прв пат не стравувале од освета доколку јавно упатат критика кон власта или кон криминалот кој се вршел во Србија, во 2003 година по убиството на Џинџиќ во Србија конечно навлегла демократијата и плурализмот.

## ПО СТАПКИТЕ НА СЛОБОДАН МИЛОШЕВИЌ

Во втората половина од 1980-те години Македонија масовно ја зафатил бранот на албанофобија кој произлегувал од дејствувањето на Слободан Милошевиќ на Косово и Метохија, каде со укинувањето на автономијата им ги одземал сите права на Албанците. Македонскиот народ поведен од тогашното раководство, на настаните на Косово гледал како тие да се одигруваат на македонска земја, пристрасно и со одобрување на чекорите кои ги преземала Србија, со полна омраза кон Албанците. Додека сите републики го осудувале дејствувањето на Србите на Косово и стравувале од т.н. „косовизација“ на своите републики, Македонците земале дури и учество во тие настани и покрај тоа што Македонија не била засегната. Во тој период албанското малцинство во Македонија изнесувало многу помал процент од целокупното население во републиката. После Србија и Црна Гора, Милошевиќ најмногу привrзаници имал во Македонија. Македонците во него го гледале новиот Тито, заслепени од проблемите кои ги засегала Србија тие си отварале нови проблеми со албанското малцинство во Македонија. Македонците не успеале да го увидат шовинизмот кај Слободан Милошевиќ кој во своите планови предвидувал воено

[129] Документарен филм „*Sablja*“ https://www.youtube.com/watch?v=rBPnsDqfqWI

дејствување и во Македонија заедно со Република Грција (на ова ќе се навратиме подоле во текстот).

Во ваква атмосфера македонските власти преземале чекори за менување на Уставот на СР Македонија донесен во 1974 година. Само Србија и Македонија интервенирале во своите устави, во деловите каде се прецизираат правата на малцинствата и каде се наведува кои малцинства живеат во соодветните републики.

ОДЛУКА

За прогласување на амандманот LVI НА Уставот на Социјалистичка Република Македонија

Се прогласува Амандманот LVI на Уставот на СР Македонија, што го усвои Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 19 јули 1989 година.[130]

Бр. 08-2731

19 јули 1989 година

Скопје

Претседател

на Собранието на СРМ

д-р Вулнет Старова

АМАНДМАН

НА УСТАВОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА

МАКЕДОНИЈА

Овој амандман е составен дел на Уставот на Социјалистичка Република Македонија и влегува во сила со денот на неговото прогласување

АМАНДМАН LVI



АМАНДМАН
НА УСТАВОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Овој амандман е составен дел на Уставот на Социјалистичка Република Македонија и влегува во сила со денот на неговото прогласување.

АМАНДМАН LVI

1. Социјалистичка Република Македонија е национална држава на македонскиот народ, заснована врз сувереноста на народот и врз власта и самоуправувањето на работничката класа и на сите работни луѓе, и социјалистичка самоуправна демократска заедница на работните луѓе и граѓаните, на македонскиот народ и на рамноправните со него припадници на другите народи и на народностите кои живеат во неа.

2. Со овој амандман се бришат зборовите: „и држава на албанската и турската народност во неа“ во алинеја 2 на став 1 на преамбулата; се заменува став 1 на член 1; се укинува член 2; се додаваат зборовите: „припадниците на другите народи“ во членовите 3 и 4 од Уставот на СРМ.

1. Социјалистичка Република Македонија е национална држава на македонскиот народ, заснована врз сувереноста на народот и врз власта и самоуправувањето на работничката класа и на сите работни луѓе, и социјалистичка самоуправна демократска заедница на работните луѓе и граѓаните, на македонскиот

[130] *Службен весник на Социјалистичка Република Македонија*, 26 јули 1989 Скопје, бр. 29

народ и на рамноправните со него припадници на другите народи и на народностите кои живеат во неа.

2. Со овој амандман се бришат зборовите: „и држава на албанската и турската народност во неа“ во алинеја 2 на став 1 на преамбулата, се заменува став 1 член 1, се укинува член 2, се додаваат зборовите: „припадниците на другите народи“ во членовите 3 и 4 од Уставот на СРМ.[131]

Промените на Уставот во СР Македонија поминале тивко, речиси без никакво известување за јавноста во македонските медиуми. За измените во Уставот на СР Македонија известувале хрватските медиуми кои истакнале: „Делегатите во македонското Собрание денес го прифатија предлогот за измените на став 1 од републичкиот Устав со кој се менува дефиницијата за државност на СР Македонија.. Новата дефиниција гласи: Македонија е национална држава на македонскиот народ и рамноправните заедници, сите народи и народности кои живеат во нејзе. На местото на досегашната дефиниција, Македонија е национална држава на македонскиот народ и албанската и турска народност“.[132]

Од истиот Дневник на ТВ Загреб дознаваме и за излагањето на Петар Карајанов во македонскиот Парламент кој ја образложил потребата од менување на Уставот. Петар Карајанов: Оваа одлука се носи заради екстремизмот кој се појавува не само во соседните држави и републики туку и во одредени краеви на Република Македоинија. Со акцентирањето на македонската државаност се зацврстува непобојната вистина дека Социјалистиќка Република Македонија не е никаква и ничива сопствена творба и никој на нејзе да не гледа како на монета за поткусурување. Но тоа не значи промена на демократските стандарди на сите кои живеат во нејзе, наспроти разните инсинуации на поедини кругови и личности кои тврдат дека со овој амандман се кратат правата на дел од малцинствата. Нивните права се определени со посебна точка во законот.[133]

[131] Исто...
[132] Видео инсерти, *Телевизија Загреб, ТВ Дневник*, 1989 година / https://www.youtube.com/watch?v=vxnI93wV1TI
[133] Исто...

Овие измени се многу важни за понатамошниот развој на настаните при осамостојувањето на Република Македонија. Со измените се скратиле дел од правата кои претходно ги уживало албанското малцинство во Македонија. Ваквиот погрешен чекор преземен од македонските власти подоцна ќе резултира со бојкот на албанските пратеници при усвојувањето на Уставот на независна Република Македонија на 17 ноември 1991 година во Парламентот на Република Македонија. Арбен Џафери во интервју истакнува дека Албанците заради рестриктивните мерки кои произлегувале од Уставот од 1989 година не гласале за новиот Устав, тие се повикувале на Уставот од 1974 година кој им давал поголеми права.[134]

Ваквата политика која започнала во 80-те години, а продолжила и во 90-те години, Албанците ќе ја искористат како алиби за време на војната во 2001 година во која албанските терористички групации се бореа за отцепување на територии од Република Македонија и нивно припојување кон Република Албанија. За на крај да истакнат дека се борат за некакви човекови права, пред се за промена на Уставот на Република Македонија во кој со измените беа впишани како конститутивен народ на Република Македонија, државата беше прогласена за мултиетничка творба, а Македонците станаа само еден од многу етникуми во својата држава.

[134] Документарен филм *„20 години македонска независност"* / https://www.youtube.com/watch?v=5rxDL_gp5Ko&index=2&list=PL4BA53C0517E8D375

# ГЛАВА II

# „МАКЕДОНИЈА КОН НЕЗАВИСНОСТА“

## УРИВАЊЕ НА ПОЛИТИЧКИОТ МОНОПОЛ

Од укинувањето на Президиумот на АСНОМ на 15 април 1945 година, кога се воспоставило Народно собрание на Македонија,[135] до 20 септември 1990 година, вкупно 45 години, комунистите имале целосен монопол врз политичкиот живот во Македонија и во сите пори на македонското општество. Комунистите биле неприкосновени на политичката сцена, секоја искра на слободна мисла била веднаш сосекувана во корен, во првите децении тоа се вршело јавно на брутален начин а подоцна тоа се вршело далеку од очите на јавноста. Секоја идеја која доаѓала од дијаспората за создавање на политички партии и отцепување на Македонија од Федерацијата, била уништувана уште пред да стигне до ушите на македонските граѓани. Со пропагандистите на таквите идеи југословенските служби како КОС, ОЗНА и УДБ, се справувале на најбрутален начин, тие биле „ловени“ и во западноевропските држави од страна на агентите на Управата за државна безбедност.

Македонската дијаспора која ја сочинувале политички емигранти била најактива во пропагирањето на идејата за воведување на плурализм во Федерацијата, создавање на политички партии преку кои ќе се дојде до отцепувањето на Македонија од Федерацијата. Македонската политичка емиграција била антирежимски настроена, увидувајќи ги придобивките од западноевропските демократски општества таа сакала истото да го воведе и во Македонија. Емиграцијата се појавила веднаш по војната откако било јасно дека југословенските власти заземаат спротивен курс од принципите кои биле пропагирани за време на војната.[136] Појавата на македонската политичка емиграција се должи на големото незадоволство и разочарување од злоупотребата на

[135] Државен архив на Република Македонија, *Прва Влада на Македонија*, Документи, том II, книга I, Скопје 1995, стр. 4

[136] За време на војната комунистите на Македонците им ветувале целосно право на самоопределување со кое ќе се здобијат после ослободувањето. Помеѓу Македонците била слабо раширена идејата на комунистичката партија, тие идеолошки не припаѓале на нејзе, или воопшто и не биле идеолошки определени, единствена цел им било ослободувањето на целата територија на Македонија. Комунистите знаејќи го ова на Македонците им ги ветувале нивните желби, се со цел да ги придобијат во нивните редови.

основните човекови права и слободи. Незадоволството било врзано и со извршената национализација и социјализација на приватната сопственост, ова било и едно од основните барања на емиграцијата „загарантирано право на приватна сопственост", кое го уживале во земјите во кои живееле. На крајот, тука е и идеолошкиот судир кој настанал по Резулуцијата на Информбирото. Од 50-те години економската и политичката криза во Федерацијата а со тоа и во Македонија се повеќе се продлабочувала, се засилило елиминирањето на сите демократски процеси, обвиено во сложен бирократизам изразен во демагогијата на самоуправниот систем.[137]

Основната карактеристика на македонската политичка емиграција, широко распространета низ Европа, Америка и Австралија, бил аниткомунизмот, антијугословенизмот, антититоизмот, ослободувањето и обединувањето на Македонија и нејзино конституирање како самостојна држава на Балканот, отворена за соработка со сите соседи, за обединување во балканска федерација во рамките на обединета Европа.[138]

Во своите политички активности, македонската политичка емиграција на меѓународен план го интернацинализирала прашањето за државно самоопределување и осамостојување на Македонија, а на пропаганден план водела жестока битка против сите негатори на македонската национална самобитност и против политиката на денацинализација и асимилација на Македонците во деловите под власт на соседните земји.[139]

Кога зборуваме за македонската политичка емиграција и нејзината дејност неизбежно е да се спомене човекот кој преставувал икона на емигрантските движења – Драган Богдановски – македонски публицист, политички емигрант, десидент, политзатвореник, еден од основачите на ВМРО ДПМНЕ, кој 30 години бил во челните редови на македонската патриотски настроена емиграција, посветувајќи го целиот свој живот на идејата за независна, обединета и демократска Македонија.

---

[137] Државен архив на Република Македонија, *Драган Богдановски „Мојата борба за Македонија"*, Скопје, 2014, стр.5

[138] Државен архив на Република Македонија, *Драган Богдановски „Мојата борба за Македонија"*, Скопје, 2014, стр.5

[139] Исто...

Драган Богдановски во 1949 година се запишал на Земјоделскиот факултет во Земун, но во 1951 година бил исклучен од факултетот и осуден на 6 месеци затвор од кои одлежал 4 месеци заради неговата заложба за основање на македонски студентски клуб, исто како што имало српски, хрватски и словеничкки клубови, но македонски не постоел.[140] По исклучувањето од факултет, Богдановски добил забрана за идно запишување на факултет на цела територија на Југославија. Ваквата мерка силно влијаела врз Драган Богдановски, тој не можел да се помири со фактот дека му се ускратува правото да го продолжи своето образование, подоцна на својот брат му кажал дека потешко ја поднел забраната за школување отколку затворот на кој бил осуден.[141]

По ова тој одлучил да ја напушти Југославија, најпрво заминал во Грција во логорот „Лаврион" покрај Атина каде престојувал точно 4 месеци и 15 дена,[142] во кој престојувале многумина Македонци кои пребегале од Југославија по разни основи, идеолошки, економски, земјоделци пребегани заради спротиставувањето на национализацијата на земјиштето и голем број млади луѓе студенти кои ја напуштиле Федерацијата заради политички причини. По краток престој во Грција, истата година, Богдановски заминал за Италија а оттаму во Јужна Америка (Аргентина и Бразил) каде престојувал три години.[143] Во 1954 година заминал за Франција каде се запишал на Сорбона на факултетот за журналистика и политички науки.[144]

Во Париз веднаш се зафатил со организирање на младите од македонската емиграција, ја формирал организацијата „Македонски национален фронт" на која основна задача и била да ги врбува младите Македонци во Западна Европа кои таму се нашле како емигранти или млади Македонци кои биле како студенти заминати на студии на западноевропските универзитети.

Во 1958 година Богдановски се преселил во Осло, Норвешка, каде почнал со печатење на весникот „Македонска лоза". Една година подоцна Богдановски заедно

[140] Интервју со Раде Станковски (брат на Драган Богдановски), снимено на 31 август 2015 година
[141] Исто...
[142] Исто...
[143] Исто...
[144] Исто...

со емигрантот Страхил Пеев од Шведска одржале основачко собрание на новата организација „Македонски национален комитет“.[145]

Сите организации кои ги основал Драган Богдановски во западноевропските земји имале една цел, обединување на Македонија и нејзино конституирање како независна држава надвор од Југославија.

Во 1962 година во Шведска бил основан „Ослободителен комитет на Македонија“ (ОКМ).[146] Во програмата на оваа организација стоело дека таа се бори против секоја тиранија на македонската слобода, против комунистичките влијанија, шовинизмот, сепаратизмот и сл., како и да ги организира сите Македонци во светот кои имаат отворени срца и патриотски чувства за Македонија.[147] За претседател на ОМК бил избран Димко Начевски од Копенхаген.

ОКМ го издавал весникот „Македонска нација“ чив уредник бил Драган Богдановски. Набргу Ослободителниот комитет на Македонија го променил своето име во Движење за обединување на Македонија (ДОМ). Бил формиран Централен комитет на ДОМ во Минхен, а движењето извршило организирање на свои структури во Австралија, Канада и Америка во следниот состав: претседател: Драган Богдановски, Париз, Франција; потпретседател: Благој Шамбевски, Минхен, Германија; политички секретар: Панко Стамковски, Мелбурн, Австралија; организационен секретар: Јован Гарвански, Бремен, Германија. Седиштето на Централниот комитет на ДОМ и на списанието „Македонска нација“ било во Минхен, Западна Германија.[148]

Во 1971 година во весникот „Македонска нација“ Драган Богдановски напишал „Југославија се наоѓа пред распаѓање, „Болниот на Балканот“ ја испушта својата грешна душа, ја предава на ѓаволот за да ја однесе во пеколот, каде што и е местото, зашто и самата беше пекол додека беше жива. Врз гробот на Југославија ќе плачат само српските хегемонисти и по некој јаничар на српскиот империјализам во Македонија на кој неславната покојничка му обезбедила раскош и разврат. Сега, пред самото

---

[145] Државен архив на Република Македонија, *Драган Богдановски „Мојата борба за Македонија“*, Скопје, 2014, стр.7
[146] Исто...
[147] Исто...
[148] Исто...стр.10

распаѓање на Југославија ние Македонците треба да се прашаме што да правиме? Кој пат треба да го фатиме? Нема никакво сомневање дека распаѓањето на Југославија ќе биде судбоносно за Македонската република. Од нас Македонците ќе зависи дали таа судбоност ќе биде во полза или во наша штета. За да биде во наша полза ние треба навреме да ги преземеме сите мерки што се потребни да спречиме при распаѓањето Србите да ја окупираат Македонската Република и пак да ја прогласат за „Јужна Србија". Оти постои таква опасност му е познато на секој Македонец кој знае трезвено да мисли. Ние уште од сега треба да бараме од Обединетите Нации и од Европската Заедница да испрати свои воени единици во Македонската Република како гаранција за спречување на една крвава граѓанска војна и за обезбедубањетѕо на територијалниот интегритет и националната суверенost на Македонската Република".[149]

На 3 ноември 1973 година ДОМ го сменила името во ДООМ – Движење за ослободување и обединување на Македонија.[150] Сите активности на Драган Богдановски биле внимателно и будно следени од службата за државна безбедност на Југославија.

На 5 декември 1967 година полициските служби во Куманово го обновиле личното доие на Драган Богдановски, со број 20218, во кое бил категоризиран како „политички член на македонска патриотска организација во Норвешка и екстремен емигрант".[151]

Во почетокот на јуни 1977 година Драган Богдановски бил уапсен во Париз од југословенската тајна полиција. Апсењето било извршено од страна на агенти на УДБ без знаење на француските власти. Драган Богдановски бил опиен хлоро...... и му била вбризгана инекција во вратот.[152] Со дипломатско возило бил префрлен до Љубљана, Словенија, а оттаму со воен авион бил префрлен во Скопје. Две години бил чуван во резерватот „Јасен" кај Солунска Глава каде пристапот бил строго ограничен од страна

[149] Исто...стр.8
[150] Исто...стр.10
[151] Исто...стр.9
[152] Интервју со Раде Станковски (брат на Драган Богдановски), снимено на 31 август 2015 година

на службите. На Јасен, Богдановски бил испутуван од службениците, кои му вршеле силен притисок, за разоткривање на целата мрежа на ДООМ.

За судењето на Драган Богдановски, откако бил префрлен во истражниот затвор „Шутка“, известувал и дневниот печат, тогаш македонската јавност за прв пат дознала за активноста на македонскат дијаспора но цел процес бил претставен во крајно негативна конотација како да се работи за најтежок криминалец. Богдановски бил суден како непријател кој „дејствувал против Југославија, нејзиното општествено уредување и самоуправниот систем заради уривање на нашиот општестевено-политички систем и системот на самоуправување, разбивање на братството и единството и загрозување на територијалната целина на СФРЈ“.[153] Драган Богдановски бил осуден на 13 години затвор, казната ја издржувал во затворот „Идризово“ Скопје.


СУДСКА ХРОНИКА

ОД ОКРУЖНИОТ СУД СКОПЈЕ

ЗА НЕПРИЈАТЕЛСКА ДЕЈНОСТ 13 ГОДИНИ ЗАТВОР

ЕМИГРАНТОТ ДРАГАН БОГДАНОВСКИ (50) ПОВЕЌЕ ГОДИНИ НЕПРИЈАТЕЛСКИ ДЕЈСТВУВАЛ ВО СТРАНСТВО И НЕЛЕГАЛНО ДОШОЛ ВО НАШАТА ЗЕМЈА

За обид за силување — три години затвор

РАСВЕТЛЕНО УБИСТВОТО ВО СЕЛОТО ЖЕЛИНО

Интересно е што САД веднаш реагирале откако била донесена пресудата, тие барале Богдановски да биде веднаш ослободен и се повикувале на Универзалната декларација за човековите права на ОН, права за кои всушност се борел и самиот Богдановски.

Од организациите кои работеле внатре на територија на Македонија ќе издвоиме неколку кои биле највлијателни во тогашното општество и кои поттикнале поразлично размислување од она унифицираното кое го пласирале комунистичките власти. Како прва би ја навеле организацијата ВМРО – СДРМА која во својата програма имала зацртано навистина прогресивни идеи околу општественото уредување за тоа време, но најприсутен бил националниот момент во нивното делување.

ВМРО – СДРМА опстојувала од 1946 до 1947 година, таа била младинска организација создадена по иницијатива на Глигор Крстески, со цел да се бори за отцепување на НР Македонија од Федерацијата, ослободување на Пиринска и Егејска

[153] В. *Нова Македонија*, 17 Февруари 1979.

Македонија кои се наоѓале под власт на Бугарија и Грција, обединување на Македонија и создавање самостојна држава Република Македонија (СДРМ) која би имала поддршка од Соединетите Американски Држави и другите западни сили и би била под покровителство на САД. Било предвидено независната Република Македонија да биде граѓанска држава уредена по урнек на западните демократии. Членовите на оваа организација ги увиделе демагошките празни ветувања за демократско уредување од страна на комунистите и се залагале за воведување на вистинска демократија. ВМРО – СДРМА била организирана по системот на тројки и имала изградено своја мрежа во Прилеп и Прилепско, но кон крајот на 1947 година организацијата била откриена од страна на властите и водечките личности во нејзе биле уапсени и затворени.

Од ВМРО-СДРМА, по нејзиното разбивање, произлегла нова организација наречена ВМРО Правда. Приврзаниците на ВМРО правда се декларирале како следбеници на Претседателот Методија Андонов-Ченто, по тоа биле и наречени „Чентовци“.[154] ВМРО правда во својата политичка програма имала зацртано: обединета самостојна држава Македонија со парламентарно уредување по угледот на парламентарните држави на Запад, била надополнета со заложби за остварување на социјална правда. ВМРО правда развила навистина голема мрежа со голем број приврзаници, имала мрежа во Битола, Охрид, Ресен, Скопје, Свети Николе, Штип, Берово, Струмица и во селата, во Малешевско и во Дебрца. Во 1970-1971 година организацијата се проширила и во Пиринска и Егејска Македонија, а преку студентската група во Загреб одржувала врски со Движењето за ослободување на Македонија (ДОМ). ВМРО Правда егзистирала до 1985 година.

Покрај овие две групи, на територијата на Македонија во склоп на Југославија делувала и организацијата на Трајко Попов – БУНТ која исто така се залагала за идеите на ВМРО и за илинденските идеали и цели. Ефтим Гашев кој бил еден од челните личности на БУНТ во својата книга „Нашата кауза“ пишува за начинот на кој функционирала организацијата. „Во Бунт работевме строго конспиративно иако меѓусебе се познававме во ограничен број. Се разбира, јас се движев главно во кругот

[154] подоцна овој термин „Чентовци“ во Прилеп и Прилепско ќе биде користен како погрден и навредлив збор кој означува предавник кој работи против Југославија

на Трајко и Борислав[155], кадешто речиси секојдневно се информиравме за нашето дејствување што, главно, се состоеше од агитација и пропаганда против бугарската асмилаторска политика“.[156]

Целите на оваа организација можеме јасно да ги видиме од признанијата кои ги дале водачите на истата при нивното апсење од страна на југословенската ОЗН-а.

Признав дека:

- Нашата организација се вика Македонски национален покрет – „Бунт“,
- Организатори беа Трајко Попов и Борислав Градишки,
- Јас во неа се вклучив кон крајот на 1941 година,
- Целта на организацијата беше реализација на идеалите на првобитната централистичка ВМРО (се мисли на централистите по расцепот на Рилскиот Конгрес, наспроти децентралистите), односно самостојна, обединета и парламентарна Македонија, со издиференцирана македонска национална индивидуалност, надвор од било каков државотворен сојуз со соседните држави,
- Учествував на повеќе илегални состаноци на кои активно земав учество,
- Имавме изработено симбол на Организацијата: штит, врз него меч, а околу мечот буквата „М“, чии зраци како стрели излегуваа надвор од штитот,
- Во почетокот на 1945 година одржувавме состаноци на кои дискутиравме за воено-политичката состојба во светот, Југославија и Македонија,
- Кога на еден од состаноците, Трајко Попов, ја изнесе непроверената информација дека во Пиринска Македонија има илегални востаници за самостојна Македонија, јас се воодушевив и предложив и ние да им се придружиме,
- По задача на Организацијата се зачленив во бугарската младешка и фашистичка организација „Браник“ за идејно да делувам врз македонските младинци од позициите на нашата организација.[157]

---

[155] Се мисли на Борислав Градишки кој заедно со Трајко Попов биле основачи на Бунт, по апсењето од страна на безбедносните служби на Југославија Борислав Градишки бил осуден на долгогодишна затворска казна.
[156] Ефтим Гашев, *Нашата кауза*, второ издание, Скопје 2007, стр.38
[157] Исто...стр.66

Ефтим Гашев подвлекува „на моите искрени настојувања да ја прикажам сета наша национална чистота и дистанцираноста од идеите на врховистичката ВМРО на Ванчо Михајлов, тие реагираа во веќе опишаниот стил".[158] „За да ме присилат на признание улогата му ја доделија на познатиот извршител на таквите терористички методи Крсте Панговски, којшто за тоа време беше командант на иследниот затвор на ОЗН-а. И покрај сета тортура не потпишав дека сме терористичка организација на Ванчо Михајлов".[159]

Ефтим Гашев и Борислав Градишки биле осудени на долгогодишни затворски казни, додека водачот Трајко Попов бил осуден на смртна казна со стрелање. Во својата книга Ефтим го опишува моментот пред извршувањето на казната врз Трајко Попов кога се поздравувал со својата фамилија.[160]

„Во предвечерието на 19 август 1946 година Никола Попов беше повикан на последно предсмртно видување и разделба со постариот брат Трајко. По кажувањето на Никола, на разделбата биле присутни само неколкумина од најтесното семејство на Попови - таткото, стариот комита, вмро-вец и свештеник - Косто, кого Србите го распопиле и средсело џандарите го избричиле на суво. Атмосферата погрозоморна отколку кога се испраќа најмилиот мртовец. Нема поголема трагедија кога се знае дека својот најсакан и најблизок за некој час ќе лежи покосен во сопствената крв. На предсмртниот "ритуал", по службена "должност" беа присутни неколкумина љубобитни "озновци" коишто ја задоволуваа својата крвава патолошка страст, уживајќи во туѓата несреќа. Но, Трајко не им даде шанса на своите џелати да ликуваат, туку напротив уште еднаш неповторливо им погледа во крвјосаните очи. Мигот траурен и погребален, со придушено ридање, кршење на прсти и кубење коси не ги возбудуваше "службеноприсутните". Трајко, тој херој и великан, верен син на Македонија, не падна во емотивно искушение и на најблиските им се обрати: "Ако не престанете со плачењето веднаш ќе се повлечам и цел живот ќе ви биде жал за ваквата разделба. Не плачете! За Македонија гинеле со иљадници, вечерва и Трајко

158 секој кој се повикувал на Македонската револуционерна организација според југословенските власти бил приврзаник на Ванчо Михајлов и покрај тоа што сите овиее организации и нејзини членови ги отфрлале идеите на Ванчо Михајлов и се бореле против таквите идеи

159 Ефтим Гашев, *Нашата кауза*, второ издание, Скопје 2007, стр.67

160 Моментот кога Трајко Попов бил носен на стрелање е овековечен на масивна сцена која се наоѓа во музејската поставка при НУ „Музеј на македонската борба за државност и самостојност – Скопје".

Попов ќе падне за слободата на Македонија!". Со придушени воздишки се кинеа срцата по овој родољубец, а "озновците" како мршојадци го очекуваа својот пир. Трајко, со големо НЕ и овој пат им плукна во суратот".[161]

Југословенските власти се справувале најжестоко со секој кој покажувал и најмал сомнеж кон Федерацијата и кој мислата го носела кон фактот дека македонското прашање е далеку од решавање во полза на македонскиот народ. Затворите биле преполни со политички затвореници, а следени биле над 20 000 граѓани на територијата на Вардарска Македонија.

ВО ИМЕТО НА НАРОДОТ[162]

Окружниот суд на гр. Велес во состав: претседател Борис Јунојков и членови на составот Васка Дуганова и Мито Индов и дваицата од гр. Гевгелија, при записничар Цвета Арнаудова, по кривичното дело бр. 26/46 год.

Основание: Обвинителен акт на јавниот обвинител за велешкиот округ бр. 675 од 12.VI.46 год.

ПРЕСУДА

Србов Христо Никола, роден на 25.XII.1928 год. во с. Богданци, безимотен, Македонец, југословенски поданик, неженет, писмен, завршил VII клас, неосудуван.

КРИВИ СА:

........

IX и X обв. Србов Ристо Никола и Дандалов Андон Петар, што се биле организатори на младинско фашистичка организација ВМРО во гр. Гевгелија и околијата која имала за цел да по пат на насилие собори постоекето државно уредување на Ф.Н.Р.Ј. као и рамноправност и братството на југословенските народи и народната власт као тековина на народната борба и на тој начин извршиле

[161] Ефтим Гашев, *Нашата кауза*, второ издание, Скопје 2007, стр.73

[162] Виолета Ачкоска, Никола Жежов, *Зборник, Политички затвореници 1945-1990*, втор том, Скопје 2012, стр.10

престапление по чл.3 т.7 и 8 од Законот за кривичните дела против народот и државата.

ОСУДУВААТ:

9 обв. Србов Ристо Никола лишуене од слобода со присилна работа и 2 години губенје на политички и поедини грагјански права, след издржуене на казната, согласно чл.1 т.10 и 4 од Законот за сортите на казните.[163]

За случајот околу Никола Србов кој бил осуден за членство во ВМРОвска група добивме сведоштва од неговите синови кои им ги пренел Никола Србов. По неговите кажувања, за време на судењето не му бил овозможен адвокат, тој се бранел сам пред судот и покрај тоа што бил малолетен, имал 17 години. Најпрво бил осуден на смртна казна, подоцна оваа одлука била изменета со доживотен затвор (измената се должела на младоста на осуденикот), додека бил во затвор казната му била намалена на 10 години, подоцна на 5 години, по одлежувањето бил ослободен со две годишно губење на сите граѓански права. Во досието кое беше пронајдено во Државниот архив на Република Македонија, а подоцна и објавено во Зборник „Политички затвореници 1945-1990"[164], можеме да видиме дека сите претходни пресуди се остранети и оставена е само последната пресуда за губењето на граѓанските права. Овој случај многу прецизно ни говори за фризирањето на досиеата од страна на УДБ која оставајќи ги најбалгите казни во евиденцијата ги криела трагите за нејзината бруталност и суровост за која денес знаеме благодарение на сведоштвата од нејзините жртви. Исто како и останатите, Србов сведочел за ставовите на кои тогаш почивале нивните идеали, дека исто како што ги осудувале големосрпските апетити во Македонија така го осудувале и Ванчо Михајлов од кого строго се оградувале и правеле јасна дистинкција помеѓу нивното ВМРО и она на Михајлов. Тие биле судени за „михајловизам", а се бореле против михајловизмот. Според него, тие се залагале за обединета и независна Македонија колнејќи се во ликот и делото на Гоце Делчев и (како што тие ја нарекувале) гоцевата ВМРО.[165]

[163] Исто...
[164] Виолета Ачкоска, Никола Жежов, *Зборник, Политички затвореници 1945-1990*, втор том, Скопје 2012
[165] Усни сведоштва од Никола Србов, политички затвореник кој починал 1988 година, пренесени од неговите синови Ристо Србов и Димитар Србов.

Сојузот на комунисти на Македонија (СКМ), како што кажавме и погоре, ја ништел секоја вмровска идеја која проникнувала помеѓу Македонците кои започнале да се повикуваат на старото ВМРО бидејќи согледале дека Македонија во новата федерација ќе даде многу повеќе од она што ќе го добие, покрај тоа, кај Македонците постоел и некаков страв и одбивност кон името "Југославија" кое ги потсеќало на Кралството СХС, подоцна наречено Кралство Југославија. Притоа, Македонците биле свесни дека признавањето на македонскиот идентитет, држава и јазик било платено со големи жртви и дека тие самите се избориле за тоа признавање наспроти тенденциите на српските шовинисти кои сакале да прикажат дека Тито и Србија им подариле нешто на Македонците, поточно, дека доколку Србија не се „откажела" од вардарскиот дел на Македонија, немало ни да постои Република Македонија.

Сите напори да се воведе плурализам во Македонија пропаднале, со тоа Македонија од самото конституирање како држава се до распадот на Југославија егзистирала во еднопартиски систем. Македонците немале никакво искуство со плурализам, тоа им било нешто непознато, а СКМ, која подоцна ќе се трансформира (преименува) во друга политичка партија, сметала дека природно и` припаѓа власта и дека доколку не постои Комунистичката партија не може да постои ни држава Македонија, како што бил случајот со СКЈ во однос на СФР Југославија. Од тука произлегуваат сите дилеми при распадот на СФР Југославија и осамостојувањето на Македонија кај дел од македонските политички партии кои тешко се трансформирале.

Судирот помеѓу СКМ и ВМРОвските групи продолжил и по осамостојувањето на Република Македонија, едните како наследници на прогонувачите, другите како наследници на прогонуваните. Првите не можеле да се помират со фактот дека сега се на исто рамниште со оние кои до вчера ги гонеле за сепаратизам, а вторите биле жедни за освета. Приликите и по воведувањето на плурализмот останале речиси исти, заради тоа погоре ги наведовме прикажаните случаи со цел да имаме појасна слика за корените на политичките партии во Република Македонија.

## ПЛУРАЛИЗМОТ ВО МАКЕДОНИЈА

На 20 септември 1990 година бил урнат монополот кој СКМ го држел на власт цели 45 години. По неуспехот на 14-от вонреден Конгрес на СКЈ, процесот на

плурализација започнал во сите републики во Федерацијата. На Конгресот СКЈ не успеала да го задржи единството благодарение на словенечката делегација која веќе била спремна и за излегување од Федерацијата. По Конгресот повеќе немало враќање назад, процесот започнал, од јануари истата година во Македонија започнале да се регистрираат политички партии. Во македонското Собрание биле изгласани промените на Уставот[166] со кои се овозможувало регистрирање на политички партии. Тоа е содржано во Амандманот АМАНДМАН LXX Точка 7 Загарантирана е слобода на политичко организирање и дејствување.[167]

Покрај воведувањето на плурализмот во Македонија, со новите уставни промени било овозможено Македонците сами да одлучуваат за отцепувањето од Југославија преку правото на самоопределување, како и за симболите на државата.

„Собранието со двотретинско мнозинство гласови на сите пратеници одлучува за правото на македонскиот народ на самоопределување, вклучувајќи го и правото на отцепување од заедницата на југословенските народи, како и за менување на границите на Републиката и за републичките празници“.[168]

„Одлуката за остварување на правото на македонскиот народ на самоопределување, вклучувајќи го и правото на отцепување од заедницата на југословенските народи, измените на одредбите на Уставот на СРМ, за грбот, знамето и химната на СРМ, како и одлуките за менување на границите на Републиката и за републичките празници, се применуваат откако за нив на референдум се изјасни мнозинството од граѓаните на Републиката“.[169]

Со овие измени бил унинат монополот на СКМ и официјално започнал повеќепартискиот политички живот во Македонија. Како што напишавме погоре, во Македонија уште од јануари 1990 година започнале да се регистрираат политички партии, но и регистрацијата во Централниот регистар не течела демократски и слободно, биле вршени опструкции и насилни сценарија со цел дел од партиите да се откажат уште на самиот почеток.

[166] Види прилози, документ бр.7
[167] Службен весник на Социјалистичка Република Македонија, петок 21 септември 1990, Скопје, бр.28, год. XLVI
[168] Исто...
[169] Исто...

Прва политичка партија регистрирана во Македонија била „Народно демократска партија“ НДП од Тетово со претседател Илјаз Халими, партијата била регистрирана на 1 јануари 1990 година.[170]

Ќе издвоиме дел од политичките партии кои имале вистинско влијание во македонското општество.

На 25 мај 1990 година била регистрирана политичката партија „Партија за демократски просперитет“ ПДП од Тетово со претседател Абдулрахман Алити.[171] Подоцна оваа партија ќе биде вистински репрезент на Албанците во Република Македонија се до расцепот во самата партија од која на 18 април 1995 година ќе произлезе ДПА „Демократска партија на Албанците“ со претседател Арбен Џафери еден од најискусните албански политичари во Македонија кој во својата кариера ќе се залага за соработка помеѓу Македонците и Албанците, интегрирање на Албанците во македонското општество и ненасилен пристап кон решавањето на меѓуетничките спорови.

На 8 јуни 1990 година била регистрирана политичката партија „Лига за демократија“ со претседател Ѓорѓи Маријановиќ.[172]

На 12 јуни 1990 година било регистрирано „Движење за семакедонска акција“ МААК со претседател Анте Поповски.[173] Во МААК биле собрани македонските интелектуални сили кои се залагале за осамостојување на Република Македонија. Во редовите на МААК и во нејзиниот Извршен Комитет се нашол и Љубчо Георгиевски. Членови во МААК биле и Борис Змејковски и Перо Мицевски кој во интервјуто ни истакна дека уште од самиот почеток на МААК тие воочиле дека нештата во таа партија се движат многу споро и дека се` се сведува на долги дебати и расправи, по што Борис Змејковски на еден состанок на МААК го известил Мицевски дека тој заедно со Љубчо Георгиевски се спремни да основаат нова политичка Партија бидејќи со постоечката

[170] Ахил Тунтев, *Република Македонија прва декада (1990-1999)*, Скопје 2005, стр.65
[171] Исто...
[172] Исто...
[173] Исто...

ништо не се случува по прашањето за самостојност и му дал леток во кој станувало збор за создавање на нова политичка партија.[174]

На 6 јули 1990 година била регистрирана политичката партија „Сојуз на комунисти на Македонија – Партија за демократска преобразба (СКМ-ПДП) со претседател Петар Гошев.[175] Подоцна, Сојузот на комунисти на Македонија на својот XI Конгрес ќе го промени своето име од СКМ-ПДП во СДСМ „Социјалдемократски сојуз на Македонија" со претседател Бранко Црвенковски. Социјалдемократскиот сојуз на Македонија како политичка партија е основана на 21 април 1991 година на XI Конгрес на СКМ-ПДП кога врз основа на иницијативата на Претседателството на ЦК СКМ–ПДП од 14 февруари 1991 година и предлогот на Централниот Комитет на 23 февруари 1991 година е донесена и одлуката за промена на името од СКМ–ПДП во СДСМ.[176]

На 3 август 1990 година била регистрирана политичката партија „Внатрешна македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство" ВМРО ДПМНЕ, со претседател Љубчо Георгиевски.[177] Според дел од членовите на ВМРО ДПМНЕ тогашните власти вршеле притисок и опструкции со цел да не дојде до регистрирање на оваа партија бидејќи ја сметале за националистичка и екстремно десничарска партија. Во дел од извештаите на службите за државна безбедност може да се пронајде дури и како терористичка организација и радикално македонска. Покрај многуте сценарија тие го посочуваат и инцидентот кој се случил на 2 август 1990 година (ден пред регистрирањето на ВМРО ДПМНЕ) кај манастирот Св. Прохор Пчински, каде се прославувал Илинден. На прославата дошло до судир помеѓу присутните Македонци и радикални Срби кои таму биле пристигнати по претходни инструкции со цел да вршат провокации и да ја прекинат прославата.[178] Како што кажуваат сведоците и како што објавиле македонските и српските медиуми, дошло до судир помеѓу македонските Комити и српските Делии. Членовите на ВМРО

---

[174] *Интервју со Перо Мицевски*, снимено на 17.06.2015 година, еден од првите членови на ВМРО ДПМНЕ и основач на неколку Општински комитети на ВМРО ДПМНЕ. Во 1993 година Мицевски заминува за Австралија од каде продолжува активно да работи помеѓу македонската дијаспора и Задграничниот комитет на ВМРО ДПМНЕ.

[175] Ахил Тунтев, *Република Македонија прва декада (1990-1999)*, Скопје 2005, стр.65

[176] *Веб страна на СДСМ*, историја на партијата. http://www.sdsm.org.mk/Default.aspx?mId=45&lId=1

[177] Ахил Тунтев, *Република Македонија прва декада (1990-1999)*, Скопје 2005, стр.66

[178] *Интервју со Драган Димишков* (прв претседател на подмладокот на ВМРО ДПМНЕ, Унија на млади сили), *интервју со Раде Станковски* (брат на Драган Богдановски), *интервју со Александар Флоровски*... сведоци на настаните.

ДПМНЕ се сомневаат дека инцидентот бил сценарио со цел да се задоцни со регистрацијата на партијата која требала да учествува на парламентарните избори.[179] Целиот инцидент бил предизвикан со цел да настане сериозен судир помеѓу членовите на ВМРО ДПМНЕ и српските шовинисти по што би требало да следи кривична одговорност од партијата ВМРО ДПМНЕ и така да се оцрни пред народот.[180]

## ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ВО МАКЕДОНИЈА

Македонија спаѓа во земјите кои имаат најмногу политички партии мерено во проценти по глава на жител. Земјата изобилува со голем број на политички партии, политички здруженија, невладини организации, разни институти и сл. кои се активни во политичкиот живот и образуваат богата политичка сцена. Но и покрај толку голем број на политички субјекти, во Македонија најголемо влијание имаат две политички партии, две идеологии, две опции кои владеат со државата од нејзиното осамостојување. Во Република Македонија најмоќните политички организации припаѓаат, едната на политичката лева опција – социјалдемократи, и другите на политичката десна опција – демохристијани. Политичка партија која се позиционирала во центарот на идеолошкиот спектар во Македонија никогаш не успеала да прерасне во вистински фактор на политичката сцена. Од друга страна, левицата и десницата во Република Македонија отскокнуваат од нивните позиции па често сме биле сведоци на преземање левичарски мерки од страна на демохристијанска партија и обратно, десничарски мерки од страна на социјалдемократска партија. Ова е еден од низата причини зошто во Македонија центарот на политичкиот спектар никогаш не заживеал и зошто никогаш не заживеала трета опција во политичкиот живот во Македонија. За волја на вистината, трета опција не можеме да пронајдеме ни во другите држави од регионот па и пошироко, на тлото на целиот европски континент и САД владеат само две политички опции, и тие го преставуваат изборот кој им се нуди на гласачите.

Двете најмоќни политички партии во Република Македонија се: ВМРО ДПМНЕ (Внатрешна македонска револуционерна организација демократска партија за

---

[179] *Интервју со Драган Димишков* (прв претседател на подмладокот на ВМРО ДПМНЕ, Унија на млади сили), *интервју со Раде Станковски* (брат на Драган Богдановски), *интервју со Александар Флоровски*... сведоци на настаните.

[180] *Интервју со Иван Соколов*, снимено на 10.09.2015 Скопје

македонско национално единство) која е десно позиционирана и настапува со демохристијански мерки и програма, и СДСМ (Социјалдемократски сојуз на Македонија) која е лево позиционирана и настапува со социјалдемократски мерки и програма. Околу овие две партии орбитираат голем број мали партии кои влегуваат во коалиција со двете најголеми и допринесуваат за креирањето на политиките. Помеѓу малите партии можеме да пронајдеме радикали левичари или десничари, и либерали, но тие немаат некое поголемо влијание во политичкиот живот. Покрај овие две политички партии чиво членство во најголем процент го сочинуваат Македонци, во Република Македонија егзистираат и две политички партии кои се репрезент на Албанците во државата. Истите преку коалицирање со една од т.н. македонски партии, или партии чиво мнозинство го сочинуваат Македонци, партиципираат во власта. Но во периодот кој го обработуваме во овој труд, во Република Македонија постоела само една политичка партија која ги преставувала Албанците – ПДП (Партија за демократски просперитет).

## ВМРО ДПМНЕ

Внатрешната македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство е партија околу која гравитирал оној дел од населението кој имал конзервативни сфаќања и ставови, кој се придржувал до демохристијанските принципи на живеење и традицијата. Во периодот за кој пишуваме околу ВМРО ДПМНЕ гравитирале Македонците кои се залагале за излегување на СР Македонија од Федерацијата и за влез на Македонија во Европската заедница[181]. Тие сметале дека преку влезот на Македонија во ЕЗ и со падот на границата кон Република Грција (која веќе била членка на ЕЗ), вардарскиот дел од Македонија, врз кој била формирана македонската држава, ќе се обедини со беломорскиот дел од Македонија кој се наоѓал во состав на грчката држава. Обединувањето на Македонија била главната цел на членството на ВМРО ДПМНЕ. Токму заради ова членството на ВМРО ДПМНЕ било класифицирало како патриотско, националистичко, сепаратистичко, антијугословенско и проевропско. Од социоекономски аспект, членството на ВМРО ДПМНЕ го сочинувале граѓани од

[181] Денес Европската заедница (ЕЗ) е преименувана во Европска унија (ЕУ)

средната и ниската класа од општеството, додека високата „елита“ од македонското општество гравитирала околу други политички партии. ВМРО ДПМНЕ се прокламирала како народна партија која произлегува од народот и работи за народот и националните интереси.

ВМРО ДПМНЕ своето постоење го темели врз Македонската револуционерна организација создадена 1893 година во Солун. Во својата генеза ВМРО ДПМНЕ ги вклучува сите организации со предзнак ВМРО и организации кои се бореле за идејата која произлегувала од МРО. Меѓу нив се: МРО, ТМОРО, ВМОРО, ВМРО, ВМРО Обединета, ВМРО Автономистичка, ВМРО Правда, ВМРО СДРМА, БУНТ, се до ВМРО ДПМНЕ. Тие се сметаат за наследници на Организацијата од 1893 година.

Идејата за создавање на ВМРО ДПМНЕ произлегла од Драган Богдановски, кој работејќи против југословенскиот режим, по пропаста на 14-от Конгрес на СКЈ и се поизвесната плурализација на општеството, не сакал да ја пропушти шансата за создавање политичка партија на македонско тло. Организацијата ДООМ, за која пишувавме погоре, чив лидер бил Драган Богдановски, на некој начин преставувала неформална емигрантска политичка партија на Македонците, во 1990 година Богдановски сакал да се официјализира ДООМ како политичка партија во Македонија но под ново име.

По ослободувањето на Драган Богдановски од затвор, на 17 ноември 1987 година, тој бил иследуван и обработуван од органите на државната безбедност 24/7, и станот во кој бил сместен бил озвучен од страна на УДБ.[182] Неговиот брат истакна дека во секое време пред влезот од зградата во која живеел Богдановски имало агенти на УДБ кои уредно запишувале, фотографирале, евидентирале, секој кој влегува во зградата.[183] Раде Станковски вели дека неговата фамилија трпела репресии и затварања заради неговиот брат.[184] Не можејќи да го издржи притисокот кој бил вршен врз него од страна на безбедносните служби, Богдановски одлучил повторно да замине од Македонија и од надвор да продолжи со работата по македонското прашање. Тој заминал за Стокхолм, Шведска, каде веднаш се зафатил со создавање на

[182] Интервју со Раде Станковски (брат на Драган Богдановски), снимено на 31 август 2015 година
[183] Исто...
[184] Исто...

политичка партија која ќе делува на територија на СР Македонија. Во тој период се одвивале крупни политички поместувања во Европа, паднал берлинскиот ѕид, се ставил крај на Студената војна од која СССР излегол како поразен, или била поразена неговата идеја за политичко уредување на општеството. Тоа биле денови на пад на еден систем кој држел во заложништво пола од европскиот континент спуштајќи ја железната завеса, „заложништво" гледајќи од перспектива на западноевропските демократии и САД. Се броеле деновите кога и СФР Југославија ќе биде засегната од глобалните поместувања, тоа било се поизвесно.

Богдановски гледајќи го целиот процес бил сигурен дека моменталниот систем во СФР Југославија ќе отиде во историјата, а со него и творбата создадена од тој систем – самата држава. Во Стокхолм Богдановски напрвин создал Координативен совет на Демократската партија за македонското национално единство (ДПМНЕ).[185] За претседател на советот бил избран Драган Богдановски, за потпретседател Панко Стамковски од Автсралија, а за членови: Миле Илиевски и Страхил Пеев од Шведска, Јонче Трајчевски од Автсралија, Борис Петков и Данчо Бојковски од САД и Стојан Ковачев од Франција.[186] Партијата која ја создал Богдановски всушност била партија на македонската дијаспора и таа била гласот и на Македонците кои живееле во СР Македонија а не можеле слободно политички да се организираат.

На 23 јануари 1990 година Богдановски испратил барање до Сојузното собрание и Сојузниот извршен совет на СФР Југославија во Белград и до Собранието и Извршниот совет на СР Македонија во Скопје за враќање на македонската емиграција и за регистрирање на партијата Демократска партија за македонското национално единство.[187] Во писмото, меѓу другото, Богдановски напишал:

„Нашево барање се состои главно од:

Идната вистинска демократија во Југославија не може да биде своина само на поедини „избрани" народи, право на вистински демократски живот има и македонскиот народ, затоа Координативниот совет на ДПМНЕ, од Собранието на СФР

[185] Државен архив на Република Македонија, *Драган Богдановски „Мојата борба за Македонија"*, Скопје, 2014, стр.12
[186] Исто...
[187] Исто...стр.13

Југославија, од Сојузниот извршен совет, од Собранието на Македонија и Републичкиот извршен совет, бара право ДПМНЕ да се конституира и на територијата на СР Македонија како македонска демократска партија рамноправно во сите права и задолженија со другите партии кои постојат во СР Македонија и пошироко во Југославија. Како легална партија, ДПМНЕ ги бара за себе истите права како што ги имаат другите партии во Федерацијата: слобода да создава свои организации, да издава свои весници и друг печатен материјал, да одржува јавни зборови и митинзи и со свои кандидати да учествува на парламентарни и дрги избори од општествен карактер.[188] Во писмото било нагласено правото на функционерите од ДПМНЕ да се вратат во својата родна земја и да не бидат затварани. „Меѓународна обрска од страна на Собранието на СФРЈ, од Извршниот совет на Југославија, од Собранието на СР Македонија и од Републичкиот извршен совет на СР Македонија дека за таа цел дојдените во СР Македонија од емиграцијата функционери на нашата партија нема да бидат затворени и дека никој нема да им пречи во исполнувањето на задачата за која ќе дојдат".[189]

На 6 февруари 1990 година Богдановски испратил писмо до Народното собрание и до Министерскиот совет на НР Бугарија, во кое, меѓу другото барал „да се конституира и легализира во Пиринска Македонија и во центрите на Бугарија во кои живее бројна македонска емиграција како независна демократска партија на македонскиот народ со сите права и задолженија кои постојат и за другите партии во Бугарија" и да ги има истите права што ги имаат другите партии во Бугарија.[190]

Во истиот период додека Богдановски ја припремал политичката партија во дијаспората, внатре во СР Македонија луѓето кои ги делеле своите ставови со Богдановски биле во редовите на МААК. Но, како што истакнавме и погоре во текстот, тие биле разочарани од начинот на кој функционирала МААК, не превземањето брзи и одлучни чекори и водењето на долги дебати за карактерот на партијата. Според Георгиевски кој бил член на Извршниот комитет на МААК, на состаноците на Извршниот комитет кои се одржуваа еднаш неделно со недели се дискутирало дали

[188] Исто...
[189] Исто...
[190] Исто...

МААК ќе биде политичка партија или движење.[191] По разочарувањето Љубчо Георгиевски и Борис Змејковски одлучиле да ја напуштат МААК и да создадат нова партија. Уште претходно, Љубчо Герогиевски и Борис Змејковски биле во контакт со Костадин Диневски-Динката кој бил поранешен политички затвореник и подржувач на МААК.

Покрај Драган Богдановски, УДБ во 80-те години ги обработувала и Гојко Јаковлевски и Костадин Диневски-Динката. Покрај мерките за нивно следење, била издадена наредба и за нивно прислушување. Од 1982 до 1986 година секретар за внатрешни работи на СР Македонија бил Љубомир Варошлија кој издавал наредби за прислушување на лица интересни за службата за државна безбедност, со цел да се заштити државниот и партискиот поредок во СР Македонија и СФР Југославија.

Костадин Диневски-Динката бил директор на ТРО „Македонка" во Скопје, долгогодишен затвореник заради промакедонски идеи кои ги носел во себе. Тој заедно со Панде Ефтимов и Ѓорѓи Ордев ќе бидат осудени на 3 ноември 1972 година од Окружниот суд во град Скопје со пресуда К бр.273/02 на казна строг затвор – Казната на Костадин била во траење од 5 години, на Панде и Ѓорѓи во траење од 1 година и 6 месеци, за кривично дело здружување против народот и државата, по членот 117, став 1 в.в. член 100 и 101 од КЗ. Казната затвор ја издржувале во скопскиот затвор Идризово. Адвокати на Костадин биле Станојко Марковиќ и Трајан Стоев.

Во генералиите на пресудата за осудениот Костадин Диневски било запишано дека бил викан Дине, роден на 4.7.1927 година, по народност Македонец, државјанин на СФРЈ, по занимање трговски работник, по чин поручник, осудуван на кривично дело по членот 314-а и 322 од КЗ на казна строг затвор од 2 години и 8 месеци во 1957 година.

Обвинетите биле осудени на строг затвор бидејќи направиле обид да воспостават врска со Драган Богдановски. Обвинетиот Костадин Диневски дел од написите од списанието „Македонска нација" број 2 и 3 од 1971 година со писмо ги испраќал до: Централен комитет на Сојузот на младината на Македонија; до телевизијата Скопје; до весникот „Нова Македонија"; до Републичкиот одбор на синдикатите на Македонија, до Друштвото на писателите на Македонија, потпишано

[191] Интервју со Љубчо Георгиевски/Љубчо Георгиевски, Тоа сум јас, Скопје 2012, стр.25

со ВМРО (ОБ) Скопје и до извршниот совет на Македонија - претседател Ксенте Богоев-Скопје, потпишано со Окружниот комитет на ВМРО – Обединета - Скопје.[192]

Динката од УДБ бил евидентиран како екстремен непријателски елемент во државата затоа што се залагал за обединета Македонија. Во полициските документи тој бил заведен со псевдонимот „Скитник". Од службата постојано бил следен и бил предмет на обработка од тајните служби на УДБ. Контактите со него што ги имале Гојко Јаковлевски и Драган Богдановски биле постојано следени од тајната полиција преку телефонски јавувања и писмена кореспонденција. Таквите контакти биле евидентирани во досиејата на Гоце Македонски и Драган Богдановски. Во досието на Гоце Македонски постои документ со кој се потврдува мерката прислушување, заведен со евидентен број 77 од 16 април 1982 година под псевдонимот „Полог", каде што е снимен телефонскиот разговор помеѓу Гоце Македонски, кој се наоѓа во Западен Берлин, и Диневски во Скопје. Во извештајниот документ за разговорот помеѓу Гоце и Динката стои:

„На 16 о.м. околу 22 часот Гоце Македонски (Гојко Јаковлевски) му се јави на Диневски.

Гоце: Гоце се јавува.

Диневски: Го добивте ли писмото?

Гоце: Да.

Диневски: Што има ново?

Гоце: Нема многу ново. Што има кај вас ново?

Диневски: Сакам да те запрашам нешто. Дали се гледаш со овие другите? Ти ми рече дека Радински и другите се нешто повлечени.

Гоце: Тие се повлекоа одамна, се скараа со Драган најпрвин, и оттогаш ретко слушам за нив.

Диневски: Мене ме држеа во 1980 година шест месеци, ама ме пуштија, не докажаа ништо... во 1977 година излегов. Меѓутоа, навистина сме во една тешка ситуација, бидејќи има тука и наши луѓе. Шишков беше, оној уметникот, глумецот.

Гоце: Што стана со него?

Диневски: Тој е добар сега, повторно го вратија да работи во театарот.

---

[192] В. *Нова Македонија*, број 22697, петок 05.10.2012

Гоце: Не го осудија ништо?

Диневски: Условно. Па имаше тука доста заштита од Друштвото на писателите, новинарите, уметниците, и го заштитија.

Диневски: Тој сакаше да замине. Сакаме да заминеме. Меѓутоа, јас ја немам таа исправа и малку е ризик.

Гоце: Тука ни фалат интелектуалци, луѓе. Многу е слаба ситуацијата кај нас. Очајна!

Диневски: Затоа јас сакав да дојдам.

Гоце: Треба луѓе. Треба да се...

Диневски: Јас преку врска со Драган се договорив и добивме виза...

Гоце: Ако можеш, поздрави го од мене.

Диневски: Тој те познава?

Гоце: Како не.

Диневски: Сега во сабота или недела, ќе оди човек и ќе му остави нешто, ќе му носат нешто. Јас одржувам врска со браќата негови, со татко му, а плус имам и наши луѓе таму и за сѐ што се случува знаеме. Ако добијам исправа, ќе ја поминам. Прва пригода ќе се јавам кај тебе, а потоа имам мои луѓе.

Гоце: Имаме тука секаде луѓе.

Диневски: Сега треба од надвор малку да се работи повеќе.

Гоце: Точно така. Овој е сега во Австралија? Солунски. Шариновски?

Диневски: Знам, таму е Ристевски. Имам еден од Кичево.

Гоце: Ама ништо не прават. Многу неписмен. Весникот е очајно слаб.

Диневски: Каде е Димо Нечев?

Гоце: Нечевски е во Белгија. Не, во Данска.

Диневски: Тој се повлече?

Гоце: Се повлече, тогаш се испокараа со Драган, почна да ги напаѓа по ред... и Радински.

Диневски: А Кузмана?

Гоце: Кузман беше до скоро кај Исаковски во Бремен и потоа ништо не чув за него.

Диневски: Тој е во Париз. Тој беше кај мене. Јас сум од Валандовско. Тој беше кај нас во дом, и добро заврши. Тој добро дете беше. Успеаа овие оттука да ги растурат!

Гоце: Тоа им е работа!

Диневски: Како дојде Драган да го шчапат?

Гоце: Многу лесно. Има организирана работа!

Диневски: Ти, Гоце, доаѓаш ли наваму?

Гоце: Доаѓам јас, ретко.

Диневски: Само води сметка. Голема пропаганда вршат против мене. Ми праќаат шпиончиња, ме следат... да речам нешто.

Гоце: И тука ако имаш некој човек, имаш ли некој познат?

Диневски: Каде?

Гоце: Во Берлин?

Диневски: Во Берлин немам, но имам во Минхен. Во Минхен е наш човек, Станишев, лекарот, хирургот.

Гоце: Го знам. Што го убија Бугарите... Шамбе покојни со него контактираше.

Диневски: Тој ми е добар пријател.

Гоце: Немој да заборавиш да се потпишуваш на писмата! Да се потпишеш треба!

Диневски: Ќе се потпишам! Сега ќе се потпишам! Пријатно!

Овие средби Љубчо Георгиевски и Борис Змејковски денеска ги нарекуваат седенки на кои се дискутирало за иднината на СР Македонија и за македонското минато. На некој начин, на овие седенки се засилувал патриотскиот и борбениот дух кај присутните. Средбите се одвивале во кабинетот на Динката и во неговиот дом. Откако се донела конечната одлука помеѓу Георгиевски и Змејковски за напуштање на МААК и создавање нова политичка партија, идеја со која се согласувал и Динката, во тој момент под мистериозни околности починал Костадин Диневски Динката. Официјално било соопштено дека починал од срцев удар, но неговото семејство било силно уверено дека позади смртта на Динката стојат безбедносните служби.

По смртта на Динката Змејковски и Георгиевски продолжиле сами. Во тој период Драган Богдановски идејата за формирање партија ја напишал во македонскиот весник „Млад борец"[193]. Откако го виделе написот во весникот, Георгиевски и Змејковски започнале да размислуваат за приклучување кон идејата на Драган Богдановски. Борис Змејковски уште претходно преку Динката имал контакт со

[193] *Млад борец* во тоа време важел за прогресивен весник на македонската младина во кој се пишувало за осамостојување на Македонија и за нејзината историја без притоа да бидат писанијата поминувани низ филтерот за подобност.

Драган Богдановски и му кажал на Љубчо Георгиевски дека може да воспостави контакт со Богдановски и таа идеја да заживее на терен во Македонија, со што Георгиевски без размислување се сложил.[194] Тие двајца започнале да прават некаков концепт за политичка партија, незнаејќи дека Драган ги имал веќе подготвено сите конститутивни документи за партијата.

Борис Змејковски ја започнал комуникацијата со Драган Богдановски и започнале разговорите попмеѓу тројцата за создавање на новата политичка партија.[195] Љубчо Георгиевски истакнува дека во тој период тој и Змејковски посакувале Драган Богдановски за да се врати во Македонија и тој да биде претседател на партијата. Богдановски кажал дека тоа е опасно и за него и за нив самите, и предложил да се направи средба во Минхен на која ќе се разговара за основање на политичката партија.[196]

Во овој момент се појавува една личност која е цврсто и верно врзана со Драган Богдановски, тоа е Владо Транталовски. Ресенчанецот Транталовски бил во перманентна коресподенција со Богдановски за цело време на неговото делување, бил информиран за целата активност на Богдановски во дијаспората и помагал кога требало да се спроведе нешто на територија на Македонија. На тој начин Богдановски, покрај воспоставената мрежа во дијаспората, имал силна мрежа од доверливи луѓе и внатре во Македонија. Богдановски го информирал Транталовски за договорот кој бил направен со Змејковски и Георгиевски, за средбата во Минхен и притоа го замолил токму тој да ги доведе нив двајцата на таа средба.[197]

На 31 мај и 1 и 2 јуни била одржана средбата во Минхен на која биле удерни темелите на ВМРО ДПМНЕ. Во Минхен допатувале Љубчо Георгиевски, Борис Змејковски и Владо Транталовски, каде биле пречекани од Драган Богдановски и Голко Јаковслевски.[198] Средбата се одвивала во ресторанот „Ново Скопје“ на главниот булевар „Курфирштендам“ во Западен Берлин, чиј сопственик бил Гојко Јаковлевски. Овој ресторан биле најчестото збиралиште на Македонците од дијаспората, а во

[194] Интервју со Борис Змејковски
[195] Исто...
[196] Интервју со Љубчо георгиевски, Борис Змејковски
[197] Интервју со Дијана Транталовска (ќерка на Владо Транталовски)
[198] Интервју со Борис Змејковски, Дијана Транталовска (ќерка на Владо Транталовски), Гојко Јаковлевски

неговиот подрум своевремено Драган Богдановски го печател весникот „Македонска нација". На средбата било разгледувано прашањето за создавање политичка партија во Македонија.[199] Всушност, во Минхен се состанал внатрешниот и емигрантскиот дел на Македонците. На средбата Драган Богдановски им ги предал документите[200] кои ги имал подготвено за основање на политичката партија.[201] Станало збор и за тоа кој ќе биде претседател на партијата, Љубчо Георгиевски и Борис Змејковски повторно го искажале својот став дека сакаат Драган Богдановски да се врати во Македонија и да биде претседател на партијата. По ова добиле одговор од Богдановски дека тој не може да ја преземе претседателската функција, тој веќе немал сили во него да продолжи да работи на терен, неговата идеја за која се залагал целиот свој живот е пред остварување, а во гостите во тој момент видел достојни луѓе кои ќе го понесат товарот за ширење на партија во Македонија. Тогаш Богдановски му се обратил на Љубчо Георгиевски велејќи му дека е интелегентен и енергичен малд човек[202] и дека се согласува тој да ја преземе претседателската функција на партијата. Било одлучено Борис Змејковски да биде генерален секретар на партијата.[203] Драган Богдановски веќе ја имал основано ДПМНЕ, на ова било додадено ВМРО и партијата го добила името ВМРО ДПМНЕ, на тој начин се извршила фузија во името на партијата, „ВМРО" го симболизирал внатрешниот дел од Македонците, додека „ДПМНЕ" ја носело симболиката на дијаспората. ВМРО ДПМНЕ имала за цел да стане партија на сите Македонци внатре во Македонија, на Македонците во соседните земји и Македонците низ целата дијаспора. На тој начин бил продолжен континуитетот на Македонската револуционерна организација чиј современ наследник бил ВМРО ДПМНЕ. На средбата биле изработени материјалите: програмски цели, изборна програма, проглас и три брошури напишани од Драган Богдановски.[204]

По средбата Љубчо Георгиевски и Борис Змејковски се вратиле во Македонија и се зафатиле со воспоставувањето на партијата на терен. Тие го разделувале прогласот

---

[199] Интервју со Мане Јаковлевски (брат на Гојко Јаковлевски)
[200] Види прилози, документ бр.41
[201] Интервју со Мане Јаковлевски во кое потврдува дека од страна на Драган Богдановски биле дадени статутарни документи за новата партија, неколку летоци и брошури со обраќање до македонскиот народ.
[202] Љубчо Георгиевски тогаш имал 24 години
[203] Интервју со Борис Змејковски
[204] Државен архив на Република Македонија, *Драган Богдановски „Мојата борба за Македонија"*, Скопје, 2014, стр.13

за формирањето на новата партија и растурале летоци во кои пишувало за што ќе се залага ВМРО ДПМНЕ. Бил составен иницијативен одбор за одржување на основачко собрание на ВМРО ДПМНЕ, во кој, покрај Љубчо Георгиевски, влегле и: Борис Змејковски, Дијана Транталовска – ќерка на Владо Транталовски, Вано Механџиски – новинар од весникот „Нова Македонија" и Ванчо В`чков – професор по англиски јазик по потекло од Пиринска Македонија.[205]

На 17 јуни 1990 година во домот на младите „25 мај" во Скопје било одржано основачкото собрание на ВМРО ДПМНЕ. На основачкото собрание биле договорени и изгласани сите тела на партијата како и самото раководство. Бил составен Извршниот комитет на ВМРО ДПМНЕ и Централниот комитет на ВМРО ДПМНЕ.

Веднаш по основачкото собрание започнала да се гради мрежата на партијата, се основале Општински комитети низ целата држава.[206] Интересно е тоа што поголемиот дел од луѓето кои влегле во Извршниот комитет после само неколку месеци се откажувале од тоа место, не можеле да ги издржат притисоците од властите.[207] На основачкото собрание и на сите јавни собири кои следеле по него раководството на партијата јавно истакнувало дека се залага за конфедерален статус на Македонија и на Југославија, тоа го правеле од причина бидејќи доколку настапеле со радикални изјави ќе им биде забрането да ја регистрираат партијата. Меѓутоа на овие собири се говорело за македонска војска, македонска валута и македонска дипломатија кои едноставно се одлики на самостојност а не на конфедералност.

На 2 август 1990 година на Прохор Пчински дошло до судир помеѓу српските националисти и присутните Македонци кои го прославувале Илинден. За сценариото напишавме погоре, безбедносните служби преку тоа сценарио сакале да ја оцрнат ВМРО ДПМНЕ која не би се регистрирала и не би настапувала на парламентарните избори бидејќи имала навистина висок рејтинг помеѓу Македонците.[208] Службите сакаа избори без ВМРО ДПМНЕ на нив бидејќи сакаа се да остане исто во власта.[209] Се надевале дека по разбивањето на ВМРО ДПМНЕ членството од оваа партија ќе се

[205] Исто...
[206] Интервју со Борис Змејковски
[207] Интервју со *Иван Соколов,* снимено на 10.09.2015 Скопје
[208] Исто...
[209] Исто...

престрои во редовите на МААК која пак била длабоко поделена и на таков начин овие националистички струи кои се залагале за независност ќе бидат тргнати на страна.[210]

И покрај сите опструкции, заплашувања и закани кои пристигнувале од македонските власти, и покрај исценираниот инцидент на Прохор Пчински со кој се сакало да се покаже дека станува збор за иредентистичка партија, на 3 август била регистрирана политичката партија ВМРО ДПМНЕ со депонирани потписи во Централниот регистар на СР Македонија. Регистрациите тогаш се издавале во полициската станица во Центар, откако ја добиле потврдата за регистрација на партијата и истата ја соопштиле ви штабот на ВМРО ДПМНЕ кој во ова време се наоѓал во н. Горно Лисиче на ул. Горновранoвска бр. 122 во домот на Борис Змејковски, настанало големо воодушевување кај присутните.[211]

Два дена по регистрацијата на ВМРО ДПМНЕ, на 5 август во Македонија од Шведска пристигнал Драган Богдановски.[212] Тој на скопскиот аеродром бил пречекан од околу 150 симпатизери на ВМРО ДПМНЕ и луѓе коие се залагале за македонската независност.[213] Кога ќе направиме пресек на случувањата и на нивниот след, можеме да заклучиме дека: Дргана Богдановски не го прифатил претседателското место во партијата со цел да не пропадне целата идеја за основање на ВМРО ДПМНЕ, тој сметал дека доколку застане на чело на партијата властите во СР Македонија со сите сили ќе се обидат да го спречат нејзиното основање, а со неговото присуство и ќе успееле во таа намера бидејќи бил одбележан како политички емигрант кој лежел долгогодишен затвор. Индиции за овој наш став ни дава пристигнувањето на Богдановски во Македонија два дена по регистрирањето на партијата. Тој сочекал ВМРО ДПМНЕ да ја помине законската регистрација и тогаш да се појави во Македонија, со што не би можел правно да и наштети на партијата бидејќи веќе била регистрирана во централниот регистар.

---

[210] Исто...
[211] Исто...
[212] Интервју со Мане Јаковлевски
[213] Исто...

Сето ова ни дава една јасна слика во каков амбиент започнал плурализмот во Македонија и под какви се` притисоци биле формирани и регистрирани македонските политички партии.

Со присуството на Драган Богдановски во Македонија, ВМРО ДПМНЕ започнала забрзано да ја гради мрежата низ државата. За воспоставувањето на партиската мрежа на терен бил одговорен Борис Змејковски. Првиот Општински Комитет на партијата бил основан во Сопиште на 10.08.1990 година, а на основачкото собрание бил присутен и Драган Богдановски.[214] Работата на терен се одразила и на изборните резултати за кои ќе пишуваме подоле во текстот.

На 6 и 7 април 1991 година во Прилеп бил одржан првиот Конгрес на политичката партија ВМРО ДПМНЕ. На конгресот присуствувале 238 делегати од цела Република Македонија, од Егејска и од Пиринска Македонија, како и од македонската дијаспора од сите континенти. На Конгресот бил реизбран Љубчо Георгиевски за претседател на ВМРО ДПМНЕ, додека Драган Богдановски бил избран за почесен претседател на партијата. Работата на Конгресот се одвивала со силен национален набој, присутните постојано извикувале патриотски пароли, дел од нив денес сведочат дека за прв пат се осетиле слободни јавно да извикаат за Македонија надвор од Југославија,[215] самостојна и обединета. Но не било се така блескаво, по одредено време како течела работата на Конгресот, некои од присутните започнале да извикуваат „удбаши надвор“, тоа се должело на препознавањето на одредени личности кои биле помеѓу гостите присутни на Конгресот внатре во салата. Во салата избувнала ерупција по излегувањето на Драган Богдановски на бината, тој им се обратил на присутните и им ја образложил идејата и целта на политичката партија ВМРО ДПМНЕ. Богдановски на присутните им порачал: „Сигурен сум во понатамошниот успех на партијата ВМРО ДПМНЕ што победи во повеќепартискиот систем. Ве поздравувам за обединување во ВМРО ДПМНЕ и овој Конгрес да остане Конгрес на македонско единство. Во вас гледам македонски комити војводи.

[214] Интервју со Перо Мицевски снимено на 17 јуни 2015 година.
[215] Интервју со Александар Флоровски

Апелирам да се сплотиме опколу ВМРО ДПМНЕ и Конгресот да биде Конгрес на единство на Македонија. Ве поздравувам и Ви пожелувам успешна работа“.[216]

Конгресот бил затворен со изјавата на Љубчо Георгиевски која подоцна ќе стане предмет и на меѓународно спорење и обвинување од страна на јужниот сосед за македонски национализам, изјавата гласела: „следниот Конгрес во Солун!“

## СДСМ

Социјалдемократскиот сојуз на Македонија како политичка партија е основана на 21 април 1991 година на 11 Конгрес на СКМ-ПДП кога врз основа на иницијативата на Претседателството на ЦК СКМ–ПДП од 14 февруари 1991 година и предлогот на Централниот Комитет на 23 февруари 1991 година е донесена и одлуката за промена на името од СКМ–ПДП во СДСМ.

Оттогаш па до денес СДСМ е модерна, демократска, социјалдемократска партија која своите корени ги влече од традиционалните левичарски идеи кои опстојуваат на оваа територија уште со одржувањето на Првата конференција на македонските социјалисти во Македонија на 3 (17) јуни 1900 година во селото Житоше - крушевско, постоењето на политичката група на Васил Главинов која ги дефинираше основните социјалистички гледања за ослободителната борба на Македонија како “дело на самите Македонци“ и создавање на независна македонска република со еднакви права на сите нејзини граѓани без оглед на етнички, верски, културни и други разлики.

Левите, социјалистички идеи имаа свои корени и во Македонската революционерна организација како носител на модерната, прогресивна идеја за слобода и создавање на држава, независна и ослободена од влијанието на сите соседни пропаганди од надвор. Меѓу претставиците на левото крило во македонското револуционерно движење најзначајно место заземаат Гоце Делчев и Никола Карев.

Суштински напредок во формирањето на социјалистички и социјалдемократски организации беа постигнати по победата на Младотурската револуција (1908) кога во

[216] Видео снимки од Конгресот на ВМРО ДПМНЕ во Прилеп

сите поголеми градски центри биле создадени вакви ограноци. И помеѓу двете светски војни овие идеи имаат значајно место и поддршка меѓу македонското население како автентичен претставник на македонското национално движење наспроти врховистичките пробугарски струи на чело со Ванчо Михајлов и Тодор Александров како пропагатори на идеите на бугарскиот двор и негатори на македонската нација.

Левичарската, социјалдемократска идеја беше најдоминантна и во Втората светска војна преку Комунистиката партија на Македонија која резултираше со првото заседание на АСНОМ на 2-ри август 1944 година и конституирањето на македонската држава и остварувањето на вековните стремежи за независност и слобода на македонскиот народ.

Токму од овие вековни идеи и традиции, денес СДСМ ги влече своите основи како модерна и државотворна партија која тежнее кон создавање на општество кое се базира на еднаквост, слобода, демократија, членство во евроатлантските интеграции, економски развој и солидарност.[217]

## ПРВИТЕ ПОВЕЌЕПАРТИСКИ ИЗБОРИ ВО МАКЕДОНИЈА

На истата седница во Собранието на СР Македонија на која биле донесени измените на уставот на 20 септември 1990 година, бил донесен и избирачкиот закон и биле распишани првите повеќепартиски избори во Македонија. Изборите биле закажани за 11 ноември 1990 година и Парламентот бил распуштен. Во изборниот процес Македонија влетала без никакво претходно искуство, политичките партии исто така немале никакво искуство со водење предизборни кампањи. Главни фаворити за победа на изборите биле СКМ-ПДП и ВМРО ДПМНЕ, првите во процесот влегле со големо политичко искуство во своите редови, додека вторите, ВМРО ДПМНЕ, во процесот влегле без никакво претходно политичко искуство но со голем елан и желба за победа на изборите. Дел од тогашните членови на СКМ-ПДП велат дека челните луѓе во партијата, и општо поширокото раководство, биле збунети и затекнати од

[217] Интернет страна на СДСМ, историја на партијата, http://www.sdsm.org.mk/Default.aspx?mId=45&lId=1

целиот тој процес кој се одвивал мошне брзо. Таа гарнитура на СКМ-ПДП претходно владеела со СР Македонија но тој мандат не го добиле на демократски парламентарни избори, затоа и тие како поискусни политичари сепак се соочувале со нешто ново.

Од ВМРО ДПМНЕ велат дека во таа кампања настапиле речиси без никакви парични средства, секој еден член на партијата се финансирал себеси, било тешко дури и да се отпечати пропаганден материјал и програма. Најголемите финансии пристигнале од македонската емиграција во Австралија каде се организирале големи донаторски средби за собирање парични средства.[218] Здружението „Обединети Македонци" од Австралија кое ги организирало овие средби било предводено од Иван Соколов, но според него, југословенските служби кои од претходно биле длабоко инфилтрирани помеѓу македонските здруженија успеале преку нивни соработници, членови на тие здруженија, веднаш да направат раздор помеѓу Македонците уште на првата донаторска средба.[219] И покрај тоа што биле ветени големи суми парични средства на крајот биле собрани десет проценти од ветеното, средства кои Соколов непосредно пред изборите ги донел во Македонија за предизборната кампања на ВМРО ДПМНЕ.[220]

За самиот тек на кампањата Перо Мицевски вели дека низ скопскиот регион користеле едно старо возило со кое биле расфрлани летоци со програмата на ВМРО ДПМНЕ.[221] Изборите поминале во мирна атмосфера а резултатите биле изненадување и за двете најголеми политички партии. Најмногу гласови освоила ВМРО ДПМНЕ, по СКМ-ПДП и Сојуз на рефромски сили.

---

[218] *Интервју со Иван Соколов*, снимено на 10.09.2015 Скопје
[219] Исто...
[220] Исто...
[221] *Интервју со Перо Мицевски*, снимено на 17.06.2015 година

Резултати од првите повеќепартиски избори во Македонија:[222]

| Партија | Прв круг | | | Втор круг | | | Вкупно мандати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Гласови | % | Мандати | Гласови | % | Мандати | |
| СКМ-ПДП | 234.369 | 21,8 | 4 | 220.748 | 27,7 | 27 | 31 |
| Партија за демократски просперитет | 165.388 | 15,4 | 13 | 58.046 | 7,3 | 4 | 17 |
| ВМРО ДПМНЕ | 154.101 | 14,3 | 1 | 238.367 | 29,9 | 37 | 38 |
| Сојуз на реформски сили | 142.564 | 13,3 | 1 | 128.449 | 16,1 | 10 | 11 |
| Социјалистичка партија на Македонија | 77.123 | 7,2 | 1 | 38.893 | 4,9 | 3 | 4 |
| Партија за демократски просперитет / Народна демократска партија | 62.628 | 5,8 | 4 | 13.326 | 1,7 | 1 | 5 |
| МААК | 42.926 | 4,0 | 0 | 8.803 | 1,1 | 0 | 0 |
| Сојуз на реформски сили / Млада | 32.799 | 3,0 | 0 | 31.236 | 3,9 | 6 | 6 |

222 СР Македонија Републичка изборна комисија, билтен бр.20, избори `90, конечни резултати од изборите за пратеници во Собранието на СР Македонија, Скопје 27.12.1990.

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| демократско-прогресивна странка | | | | | | | |
| Странка на Југословените | 16.898 | 1,6 | 0 | 13.331 | 1,7 | 2 | 2 |
| Социјалистичка партија на Македонија / Сојуз на реформски сили / Млада демократско-прогресивна странка | 5.960 | 0,6 | 0 | 7.061 | 0,9 | 1 | 1 |
| Народна демократска партија | 4.597 | 0,4 | 0 | 4.105 | 0,5 | 1 | 1 |
| Партија за целосна еманципација на Ромите / СПМ | 3.757 | 0,3 | 0 | 3.961 | 0,4 | 1 | 1 |
| Независни пратеници | 18.157 | 1,7 | 0 | 12.769 | 1,6 | 3 | 3 |
| Неважечки гласови | 60.144 | 5,3 | – | 34.476 | 4,1 | – | – |
| Вкупно | 1.135.728 | 100 | 24 | 831.218 | 100 | 96 | 120 |
| Регистрирани гласачи/одзив | 1.452.072 | 77,2 | | | | | – |

За разлика од првиот круг во кој СКМ-ПДП имала предност пред ВМРО ДПМНЕ, во вториот круг кој се одржал на 25 ноември 1990 година ВМРО ДПМНЕ направиле пресврт на резултатот и ја однеле победата на изборите со 7 пратеници повеќе од главниот опонент. Интересен е фактот дека ВМРО ДПМНЕ не можеле да најдат луѓе кои ќе се кандидираат на нивните листи, тоа се должело од стравот од идејата на ВМРО. Победата била освоена со кандидати во само една третина од изборните единици, додека во останатите изборни единици ВМРО ДПМНЕ воопшто немала поденесно кандидати. Од ВМРО ДПМНЕ денес велат дека доколку партијата кандидирала свои кандидати во сите изборни единици низ Македонија ќе ја однеселе најголемата победа видена досега, бидејќи сите 38 кандидати кои ги предложила ВМРО ДПМНЕ влегле во Парламентот.[223]

За поразот од ВМРО ДПМНЕ претседателот на СКМ ПДП, Петар Гошев изјавува: Во тој момент бев на врвот на мојата политичка популарност и очекував убедлива победа. Но, мислам дека направивме грешки што не обрнавме внимание на решенијата во изборниот закон од кои потоа многу зависеше крајниот резултат. Ако вградевме во изборниот закон дека во вториот изборен круг се пласираат само првите двајца кандидати со најмногу гласови, сигурно ќе освоевме 50-60 пратенички места. Но, во законот стоеше дека во вториот круг се пласираат кандидати што освоиле најмалку 7 отсто гласови. Така се случи пресврт за само 15 дена кој го сврте исходот од изборите во полза на ВМРО-ДПМНЕ, произведен од домашните поттикнувачи на националистичка еуфорија и дополнет и донекаде пресликан од тоа што се правеше и говореше на другите делови од бившата СФРЈ. Пресвртот беше драматичен затоа што: во првиот круг СКМ-ПДП имаше 7 кандидати пласирани во парламентот, 35 беа на прво место со убедлива предност од 1.000 до 3.000 гласа, 45 беа на второ место. ВМРО-ДПМНЕ немаше ниту еден пласиран и 90% од кандидатите му беа на последните позиции, најчесто останати во трката со едвај освоени 7% од гласовите. Но, во вториот круг тие освоија 38 пратенички места, а ние 31.[224] Додека за наглата промена на јавното мислење помеѓу двата круга Гошев подвлекува: „Меѓу двата изборни круга Албанците станаа топ-тема. Се разбира, немав речник и

[223] *Интервју со Иван Соколов*, снимено на 10.09.2015 Скопје
[224] В. *Утрински весник*, 16 октомври 2006, број 1929

никогаш не сум имал речник каков што во тоа време имаше ВМРО-ДПМНЕ. Тие успеаа да ја наметнат таа тема, а целата атмосфера беше дополнително подгреана и од некои други структури кои користеа и државни институции за да ја оневозможат победата на тогашната демократска опција. За тоа, најверојатно, еден ден ќе напишам подетално".[225]

ВМРО ДПМНЕ била единствената политичка партија која јавно истакнувала дека се залага за излегување на Македонија од југословенската федерација и за создавање самостојна македонска држава. Тие постојано се повикувале на историјата на македонскиот народ, се декларирале како легитимни наследници на Македонската револуционерна организација, за прв пат во македонската јавност започнало да се говори јавно за античката историја на Македонците и јавно да се повикува на Александар III македонски и Филип II. Со победата на ВМРО ДПМНЕ на изборите станало јасно какво е расположението кај Македонците и во кој правец тие сакаат да се движи Македонија. Петар Гошев победата на ВМРО ДПМНЕ ја детектира во друг сегмент, не во самостојноста туку во односите со албанското малцинство во Македонија: „Присуството на ВМРО-ДПМНЕ се чувствуваше на теренот, но тоа до почетокот на гласањето не не` загрижуваше, затоа што дотогаш мнозинското расположение беше на наша страна. Затоа во тој момент воопшто и не бевме загрижени за можниот исход на изборите. Но, потоа се случи т.н. „митинг на вистината" во Гостивар што беше организиран од Македонците - инструиран и темпиран од одредени кругови, а сврзан за што друго освен за прашањето на Албанците во Македонија. Веднаш потоа како одговор на тоа собирање следуваше и митинг на Албанците во Тетово, кога тие дефилираа со познатиот бел коњ. Тие два митинга го направија политичкиот пресврт. Во исто време на македонската телевизија пред секое гласање во продолженија се емитуваше емисија за демографската „инвазија" на Албанците врз Македонија. Тогаш пристигнаа предлози до мене да одржиме голем митинг во Скопје како одговор на таквите митинзи, и да употребиме иста таква жестока реторика. Јас го одбив таквиот митинг затоа што сметав и се уште сметам дека на тој начин не се решаваат проблемите во Македонија. И ден-денес го

[225] Исто...

имам истиот став дека не треба да се води политичка битка на таков начин и со таква реторика, методи и средства“.[226] На ваквите тврдења на Петар Гошев од ВМРО ДПМНЕ одговараат дека навистина ситуацијата водела кон националистички набој во општеството но не се согласуваат со тврдењата дека тоа е причината за победата на изборите, тие велат дека за разлика од СКМ ПДП, ВМРО ДПМНЕ биле постојано на терен помеѓу граѓаните.[227] Додатно на ова, од ВМРО ДПМНЕ велат дека митинзите низ Западна Македонија на кои имало експлицитна антиалбанска реторика биле организирани своеволно од Владо Голубовски, тогашен член на Извршниот комитет на партијата, но без одобрение на Извршниот комитет.[228] По ваквите случувања во Централниот Комитет на ВМРО ДПМНЕ започнале да се шират информации дека Голубовски бил инструиран од безбедносните служби со цел да дојде до меѓуетнички судир во Македонија, и Македонија да биде втурната во „југословенската приказна“.[229] Истото сомневање проникнува и во интервјуто на Петар Гошев кое го напишавме погоре, каде вели дека митингот бил „инструиран и темпиран од одредени кругови“. За ваквото сомневање и од двете страни велат дека е точно бидејќи митингот бил под име „Митинг на вистината“, исто како што Милошевиќ ги нарекол своите митинзи каде ја ширел големосрпската идеја и целта на службите била да се создаде таква клима и во Македонија. Од ВМРО ДПМНЕ велат дека во тој момент, со такво антијугословенско и антисрпско расположение во партијата, Централниот комитет не би ни помислил да направи таков митинг. Од друга страна на СКМ ПДП не и одговарало поттикнување на вакви митинзи бидејќи директно влијаеле врз нивниот рејтинг, како што истакна и Петар Гошев. Набрзо по ваквите случувања, Владо Голубовски бил исклучен од партијата ВМРО ДПМНЕ бидејќи Централниот комитет, бесмалку, бил уверен дека тој соработувал со безбедносните служби на Југославија, по ова Голубовски создал своја партија како опонент на ВМРО ДПМНЕ.[230]

Од друга страна СКМ-ПДП се залагала за зачувување на Федерацијата или за конфедерален статус, но за независност јавно не говореле. На некој начин ова бил прв референдум на кој Македонците според приложените програми гласале за излез од

[226] В. *Утрински весник*, 16 октомври 2006, број 1929
[227] Интервјуа со современиците на настаните, види во Извори.
[228] Интервјуа со современиците на настаните, види во Извори.
[229] Интервју со Иван Соколов...
[230] Интервјуа со современиците на настаните, види во Извори.

Федерацијата. За мирната и демократска атмосфера на првите повеќепартиски избори во Македонија, Петар Гошев во интервју изјавува: Тоа беа први парламентарни избори. Од тој аспект беше мошне возбудливо. Тоа беше првпат инаугурација на повеќепартискиот систем. Според моја оцена, и не само според моја, таа инаугурација беше изведена на мирен и елегантен начин, без турбуленции карактеристични за други екссоцијалистички држави. Тоа беше така од едноставна причина што владејачката партија, на чие чело тогаш бев јас, немаше намера со никакви нерегуларни средства да ја задржува власта. Оставивме да се одвива фер и демократски натпревар. Сега можеби првпат ќе кажам дека тогаш, како претседател на таа партија, имав понуда од некои органи да влијаат на резултатот. Но, категорично го одбив тоа. Од највисоко ниво се` беше сторено Македонија да оствари први демократски избори на фер и регуларен начин. И денес мислам дека тоа беа избори со најмалку проблеми и дека тоа беа најдемократските избори во Македонија.[231] Ваквиот исказ на Петар Гошев го потврдува и извештајот од изборната комисија и сите останати релевантни фактори, првите повеќепартиски избори во Македонија поминале без ниту една неправилност или нарушување на процесот, тие биле едни од ретките парламентарни избори во кои немало никаква манипулација или неправилности од сите страни, изборите поминале во фер и мирна атмосфера. Тоа можеби се должи и на фактот што токму Петар Гошев бил на чело на СКМ, тој важел за најлиберален политичар од левиот табор кој имал навистина прогресивни идеи и ставови за тој период. Петар Гошев бил човекот кој најгласно говорел за плурализација на економијата и политичкиот систем во Југославија.

На 8 јануари 1991 година било конституирано првото повеќепартиско собрание на Република Македонија. И покрај тоа што победата ја однела ВМРО ДПМНЕ за претседател на Собранието бил избран Стојан Андов од редовите на Реформските слили. Подоцна создавањето на Влада ќе се покаже како невозможна мисија за ВМРО ДПМНЕ која ќе трпи опструкции од сите политички партии.

---

[231] В. *Утрински весник*, 16 октомври 2006, број 1929

# ПРВАТА КОНСТИТУТИВНА СЕДНИЦА

Поделбата по круцијални прашања помеѓу Македонците продолжила и во моментите кога станало кристално јасно дека СФР Југославија оди во историјата и дека Македонија е на патот на осамостојување.

Во изминатите години, откако Македонија е самостојна држава, постојано се провлекува приказната за случувањата на конститутивната седница на првото повеќепартиско Собрание на СР Македонија одржана на 8 јануари 1991 година, со која претседавал Никола Стојановски од СКМ-ПДП, како најстар пратеник по години, на која се случил добро познатиот настан за интонирањето на химната и жестоката расправија за која химна да се изведе, македонската или југословенската. Приказната за овој настан прерасна во урбана легенда која Македонците до ден денешен ја прераскажуваат сакајќи да ја претстават поделбата помеѓу нив самите. Во самиот поздрав на почетокот на седницата проникнува поделбата помеѓу народните претставници, Стојановски седницата ја започнал со поздравот „почитувани гости, другари и другарки пратеници, дами и господа пратеници“.[232] Според убедувањето и партиската идеологија, едните биле другари, а другите биле господа. По поздравот Стојановски продолжил, „Во согласност со одредбите на Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, имам чест да ја отворам Првата седница на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, избрано на првите повеќепартиски демократски избори одржани во ноември и декември 1990 година“.[233]

По формалното поздравување на присутните и констатирањето дека присуствуваат мнозинство пратеници, со што Собранието можело полноправно да одлучува, се преминало на дневниот ред. Било предвидено да се изгласа привремен деловник на Собранието, избор на претседател и членови на Верификациона комисија на Собранието, верификација на мандатите на пратениците, избор на претседател на Собранието и избор на потпретседател, вкупно биле предложени 6 точки. Покрај останатите предлози од локален карактер, интересен е да се нотира предлогот на

[232] Стенограми од Собрание на Република Македонија; прва седница, 08.01.1991; л.4, стр. 1
[233] Исто...

независниот пратеник од Гевгелија, Тодор Петров кој предложил да се отвори расправа за делувањето на македонските претставници на проширената седница на Претседателството на Југославија која требала да се одржи на 10 јануари и притоа нагласил дека „ниту еден орган од Републиката нема легитимитет да расправа за ставот на Македонија, на македонскиот народ и граѓаните на Македонија, без претходна консултација во овој Парламент, со тоа што со една предавничка политика Македонија секогаш била изигрувана".[234]

По предлогот на Петров, збор земал Митко Атанасовски пратеник од редовите на ВМРО ДПМНЕ со што започнала расправата околу химната. Атанасовски земајќи збор истакнал „Дами и господа, господин претседавач, од името на парламентарната група на ВМРО, предлагам пред овој собир, затоа што прв пат во македонската историја, македонскиот народ изгласа, можеби ќе кажам, вистински парламент, од името на нашата партија и од името на парламентарната група, предлагам пред овој собир, за прв пат во историјата, да се испее химната на Македонија"[235] по што следел бурен аплауз од страна на пратениците на ВМРО ДПМНЕ. Претседавачот Стојановски се навратил на предлогот на Петров, игнорирајќи го предлогот за химната, по што во салата настапиле бурни реакции со извици „За химната. Не може почеток без химна. Кога ќе завршиме, дали тогаш ќе пееме химна"?![236] Збор земал Петар Гошев пратеник од СКМ-ПДП, при што информирал за дотогашните случувања на седниците на Претседателството на Југославија и подвлекол дека не бил моментот тогаш да се одлучувало кој ќе оди „горе"[237] (се мисли на Белград).

По расправијата за тоа кој да ја претставува Македонија во Белград, Никола Стојановски истакнал „Молам, прво ние да ги верифицираме мандатите, па потоа легално да работиме", по што од место се чуле гласови „За химната да се договориме" Стојановски на ова одговорил дека за химната појаснување можел да даде Милован Шишовски. Шишовски во своето излагање истакнал „Во врска со прашањето за химната, оваа седница е подготвувана со непосредна соработка и со активно учество на пратеници – претставници на политичките партии. На тоа ниво имаше предлог за

[234] Исто... л.5, стр. 2
[235] Исто... л.6, стр. 3
[236] Интервју со Александар Флоровски
[237] Стенограми од Собрание на Република Македонија; прва седница, 08.01.1991

изведување на двете химни, химната на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и химната на Социјалистичка Република Македонија. Меѓутоа, откако констатиравме дека ова е сепак работна седница и од досегашната практика на овие седници не се изведувани химните, се договоривме да не се изведуваат. Проверено е и во другите републики, не се изведувани химни."[238] На ова последново веднаш добил одговор од пратеник кој реагирал од место кажувајќи „проверено е дека во Хрватска е изведена химната. Вие кажавте дека никаде не била изведена", друг пратеник од место додал „вие рековте дека никаде не била изведувана меѓутоа и во Босна и Херцеговина била изведувана химна".[239] Во општиот хаос околу прашањето за химната, претседавачот предложил да се гласа по ова прашање, токму тогаш произлегол судирот помеѓу двете најголеми партии СКМ-ПДП и ВМРО ДПМНЕ. Ристо Станковски, пратеник од СКМ-ПДП, истакнал „...јас сум од СКМ-ПДП, фактот дека се уште живееме во оваа Југославија и дека сме членови на неа, предлагам да се изведат двете химни, и на Југославија и на Македонија. Мислам дека тоа е нашата реалност сега".[240]

Во целата конфузија и збрка која настанала на првата седница, претседавачот Стојановски предложил да се гласа за изведбата на химната, како прв предлог ја ставил опцијата да се пее само македонската химна и како втор предлог било да се пеат македонската и југословенската химна. На ова следеле бурни реакции од страна на пратениците на ВМРО ДПМНЕ кои сакале да се гласа кој е да се изведе само македонската химна, а кој е да се изведе само југословенската химна односно да не се изведе македонската химна. Со тоа сакале да ги притиснат пратениците од СКМ-ПДП, кои биле законски наследници на СКМ, да се изјаснат против македонската химна односно за југословенската. Пратеник од СКМ-ПДП на говорницата истакнал „Кога се знае дека државни белези се химната, грбот и знамето, треба да одлучиме плебисцитарно. Ако овде можат да стојат двата грба, југословенскиот и македонскиот, трите слики и двете знамиња, југословенското и македонското, макар и од чиста куртоазија да стои сликата на Тито, можеби за последен пат, јас сметам дека би било пожелно...да се испее југословенската химна". За иконографијата во Парламентот, во

[238] Стенограми од Собрание на Република Македонија; прва седница, 08.01.1991; л.9, стр.6
[239] Исто...
[240] Исто...

интервју направено за потребите на овој труд, ни говореше и Александар Флоровски пратеник од редовите на ВМРО ДПМНЕ, тој истакна дека на пратениците од ВМРО ДПМНЕ им сметала сликата од Тито, „Во средината најголема беше сликата од Тито, од левата страна стоеше Никола Карев, а од десната Гоце Делчев, но тоа беа многу мали сликички во споредба со онаа од Тито“.[241]

На говорницата излегол Љубчо Георгиевски кој истакнал „...Мислам дека прашањето е многу јасно и овде да не се убедуваме со некоја филозофија со која ќе ги наметнуваме и едните и другите програмски цели. Проблемот е во тоа кој е за да се свири македонската химна и кој е против да се свири македонската химна. Дали некој се плаши ако крене рака дека е само за македонската химна, или ако е против македонската химна дека нешто греши? ...Кој е за југословенската химна, кој е за македонската химна“.[242] По него, Тито Петковски од СКМ-ПДП земал збор и реагирал за формулацијата на прашањето. Ратка Димитрова од редовите на ВМРО ДПМНЕ истакнала дека, ВМРО ДПМНЕ не се согласувало ниту со работната група која ја подготвувала седницата, а која одлучила да нема свирење химна. Таа истакнала дека оваа седница е многу важен момент за Македонија и дека мора да прозвучи македонската химна. Атмосферата била зовриена по што еден пратеник (нема наведено име) од ВМРО ДПМНЕ истакнал дека на парламентот му недостасува професионалност и додал „Мислам дека предлогот на ВМРО беше сосема јасен и дека требаше да се гласа за, против и воздржан. Ги молам господата комунисти да не ни кажуваат, во однос на работите, како ќе се води состанокот“.[243] Никола Крстевски од ВМРО ДПМНЕ истакнал дека партијата и претходно го кажала својот став дека сакаат да се пее само македонската химна, а во никој случај и југословенската, со што јасно го искажал ставот на ВМРО ДПМНЕ. Потоа додал да не се прават сплетки со законот и деловникот со цел да се избегне свирењето на македонската химна бидејќи тие закони и деловници повеќе не важат. Пратеник (нема наведено име) истакнал „Сметам дека ќе направиме неправда ако не ја слушнеме и химната на Југославија. Како ова ќе се одрази на нашите деца кога ќе ги слушнат ваквите наши расправи. Сметам дека е тоа голема неправда, ние имаме се уште Собрание на СФРЈ, имаме се

[241] Интервју со Александар Флоровски
[242] Стенограми од Собрание на Република Македонија; прва седница, 08.01.1991; л.12, стр.9
[243] Исто... л.15, стр.12

уште нешто заедничко, тоа заедничко ќе го негуваме. Ние тие закони, додека се, ќе ги почитуваме. Јас мислам и молам сите да се согласиме ако имаме веќе химна и македонската и југословенската рамноправно. Како ќе ја претставуваме Федерацијата што ја претставуваме денеска и на утрешните разговори, односно на 10-ти, како ќе ги направиме тие разговори кога ние денес се двоиме од тоа".[244] Од излагањето на овој пратеник, чие име не е наведено во стенограмот, имаме јасна слика за повеќе нешта, првото е за позицијата на пратениците од СКМ-ПДП околу свирењето на југословенската химна, второто е надежта на оваа партија за спас на СФР Југославија повторувајќи ги заедничките нешта, и на крајот, од последната реченица од цитатот можеме да го воочиме стравот кај пратениците од СКМ-ПДП во однос на разговорите кои се воделе во Претседателството на СФРЈ на кои Србија на чело со Милошевиќ агресивно се залагала за зачувување на Федерацијата.

По ова седницата се вратила на точките од дневниот ред, биле верификувани мандатите и бил изгласан деловникот. И за ова имало препирки помеѓу двете партии за гласањето, дали да биде јавно или тајно, било истакнато дека јавното гласање повторно асоцира на едноумие и дека ќе има контрола врз пратениците. По официјалната верификација на мандатите повторно станало збор за химната. Претседавачот ставил на гласање да се изјаснат кој е за македонската химна и кој е за југословенската химна, на пратеничката група од ВМРО ДПМНЕ не им успеал планот да се гласа само за македонската химна односно против југословенската. Никола Стојановски: „Кој е за, да се изведе македонската химна нека крене рака? (пратениците креваат рака) Дали има некој против? (нема) Дали има воздржани (нема). Кој е за, тоа да се изведе југословенската химна нека крене рака? (пратениците креваат рака) Дали има некој против? (еден глас) Дали има воздржани (12 гласа). Со мнозинство на гласови се прифаќа и предлогот да се изведе југословенската химна (се изведува македонската химна, а потоа и југословенската).[245]

Евидентно е дека ВМРО ДПМНЕ сакале да ги наведат пратениците од СКМ ПДП да се изјаснат против изведувањето на македонската химна на конститутивната седница на Собранието на СР Македонија со што сакале да докажат пред јавноста дека

[244] Исто...
[245] Исто... л.37-38, стр.34-35

СКМ ПДП е партија која се залага за зачувување на Федерацијата и дека се против се` што претставува Македонија, но исто така видливо е и искуството на пратениците од редовите на СКМ ПДП кои, така да се изразиме, елегантно, политички успеале да го одбијат овој притисок и да не се изјаснат јавно дали се против или за македонската односно југословенската химна. Ова искуство во редовите на СКМ ПДП ќе биде видливо и во понатамошниот период кога партијата го менува името во СДСМ и ги презема кадрите од Сојузот на комунисти на Македонија. Од друга страна неискуството било во редовите на ВМРО ДПМНЕ кои и денес истакнуваат дека немале никакво искуство но имале силна желба за остварување на нивната кауза, колку биле успешни во тоа ќе стане збор подолу во текстот. Поделеноста помеѓу двете партии била до толкава мера што на седницата настанала расправија дури и за банални работи од типот: каква вода да се служи во Собранието. Во интервјуто Александар Флоровски кажа „едно време станавме и се побунивме да не се служи флаширана вода „Књаз Милош" бидејќи беше српска и баравме да се служи само „Пелистерка" бидејќи беше македонска вода".[246] Потоа вели дека навистина немале искуство но сакале на секаков начин да истакнат дека тие се залагаат само за Македонија.[247]

Можеби целиот случај за кој напишавме е банален и нема допирна точка околу Федерацијата или Македонија, но сметаме дека е многу добар пример преку кој суштински се гледа поделеноста кај Македонците во еден од најкруцијалните моменти за македонската државност. „Другарите" и „господата" подоцна влегле во уште пожестоки судири.

## СОЗДАВАЊЕ НА ВЛАДА

Два дена по конституирањето на македонското Собрание, на 10 јануери 1991 година, пратениците од редовите на ВМРО ДПМНЕ предложиле да се донесе Декларација за суверенитетот на Македонија. На седницата предлогот на ВМРО ДПМНЕ не добил мнозинство гласови и бил одбиен, мнозинството гласови требале да се добијат со гласање на СКМ-ПДП за Декларацијата но тие гласале против ваква Декларација. Една недела подоцна ВМРО ДПМНЕ повторно излегле со истиот предлог

[246] Интервју со Александар Флоровски,
[247] Исто...

но повторно предлогот не поминал во Собрание. Во истиот период започнале да се вршат лобирања во политичките кругови за избор на претседател на републиката. Според дел од пратениците на ВМРО ДПМНЕ кои учествувале во овие настани во тие лобирања провеал предлогот од СКМ-ПДП кој гласел: ВРМО ДПМНЕ да го поддржи кандидатот на СКМ-ПДП за претседател на републиката (Киро Глигоров), а за возврат СКМ-ПДП ќе гласала позитивно за Декларацијата за суверенитетот на Македонија. Декларацијата за суверенитетот на Македонија е најважниот документ пред прогласувањето на независност кој требало да го изгласа Собранието. Декларацијата претставувала консензус и насока по која ќе се води државата во иднина, конкретно била патоказ кон независноста. Поткусурувањето со Декларацијата за суверенитетот на Македонија значи и поткусурување со македонската независност и иднината на државата.

Во тој момент од страна на ВМРО ДПМНЕ бил предложен Владиката на МПЦ, Михаил, да биде првиот претседател на државата. Започнале долги преговори помеѓу двете политички партии кои вродиле со договор. На 25 јануари 1991 година во Собранието на Република Македонија била изгласана Декларацијата за сувереност на Македонија[248], со која правно бил отворен процесот за осамостојување на Република Македонија како независна и самостојна држава. Декларацијата покрај суверенитетот го гарантирала и правото на самоопределување и отцепување. Декларацијата била во согласност со уставните одредби за наезависност и територијален интегритет на македонската држава, како и правото на македонскиот народ на самоопределување, вклучувајќи го и правото на отцепување.[249]

Македонските парламентарци декларираа дека целиот политички, стопански и правен систем во Републиката ќе се темели врз Републичкиот устав и законите, додека сојузните прописи и општите акти на територијата на СРМ ќе се применуваат доколку не се спротивни со Уставот на СРМ, на републичките закони и наодлуките на Собранието со кои се остварува сувереноста на СР Македонија.[250] Носењето на Декларацијата било запишано во програмата на ВМРО ДПМНЕ и партијата со сите

[248] Види прилози, Документ бр. 8
[249] Киро Глигоров, *Македонија е се` што имаме*, Скопје 2002, стр.179
[250] Исто...

средства се борела да биде изгласан овој документ. Декларацијата е дело на ВМРО ДПМНЕ и била донесена по нивна заслуга, за тоа сведочи и Киро Глигоров кој напишал: „Во врска со овој навистина значаен документ, дека тој е исклучиво дело на ВМРО ДПМНЕ, дека во неа се содржани определбите на оваа партија, нејзиниот нагласен патриотски карактер. ВМРО ДПМНЕ не испушташе ниедна можност да потсети дека токму таа партија прва ја изнесе идејата за независност и сувереност на Македонија. Тоа е факт."[251]

„Македонските парламентарци декларираа дека целиот политички, стопански и правен систем во Републиката ќе се темели врз Републичкиот устав и законите, додека сојузните прописи и општите акти на територијата на СРМ ќе се применуваат доколку не се спротивни со Уставот на СРМ, на републичките закони и наодлуките на Собранието со кои се остварува сувереноста на СР Македонија".[252] Носењето на Декларацијата било запишано во програмата на ВМРО ДПМНЕ и партијата со сите средства се борела да биде изгласан овој документ. Декларацијата е дело на ВМРО ДПМНЕ и била донесена по нивна заслуга, за тоа сведочи и Киро Глигоров кој напишал: „Во врска со овој навистина значаен документ, дека тој е исклучиво дело на ВМРО ДПМНЕ, дека во неа се содржани определбите на оваа партија, нејзиниот нагласен патриотски карактер. ВМРО ДПМНЕ не испушташе ниедна можност да потсети дека токму таа партија прва ја изнесе идејата за независност и сувереност на Македонија. Тоа е факт."[253]

Уставниот суд на Југославија веднаш се обидел да ја оспори, забрани и укине Декларацијата за суверенитетот на СР Македонија, истата се нашла на гласање пред судиите.[254]

Првиот обид за укинување на македонската Декларација бил неуспешен, предлагачот за нејзиното укинување свикал нова седница за ова прашање. На втората седница одржана на 28 јануари 1992 година, Уставниот суд на Југославија изгласал

[251] Исто...
[252] Исто...
[253] Исто...
[254] Види прилози, документ бр.9 (записник од седницата на Уставниот суд на Југославија)

укинување на македонската Декларација. „Со мнозинство гласови од 8 спрема 2, Судот донесе одлука да се укинат членовите 2 и 5 од наведената Декларација.“[255][256]

Митрополитот Михаил се откажал од кандидатурата по средбата со Петар Гошев на која Гошев му предочил дека ќе мора да ја соблече мантијата доколку сака да ја извршува функцијата претседател на државата, по што дедо Михаил не се согласил да ја соблече манијата. Како кандидат за претседател останал само Киро Глигоров предложен од Петар Гошев. Како што пишува Глигоров во својата книга „Македонија е се` што имаме“, тој подоцна дознал дека во игра за претседател бил и Блаже Ристевски кој би требало да биде кандидат предложен и поддржан од ВМРО ДПМНЕ.[257] Блаже Ристевски не се појавил како кандидат и во печатените медиуми му дал поддршка на Глигоров за неговата кандидатура. На 24 јануари 1991 година во весникот „Нова Македонија“ Блаже Ристевски напишал: „Уште пред повеќе месеци, работејќи заедно во македонскиот форум за подготовка на Македонската национална програма, кај мене созреа свеста за Киро Глигоров како најпогодна личност за претседателското место, зошто тој сублимира некои особена релевантни компоненти во нашите околности: високостручен економист, искусен државник и вешт политичар и навистина докажан патриот, што на најпримерен начин го воспоставува континуитетот помеѓу АСНОМ и првата наполно суверена македонска држава, во момент на нова судбоносна раскрсница и при опасни развојни состојби на внатрешен, на југословенски и меѓународен план“.[258]

Во Извршниот комитет на ВМРО ДПМНЕ имало силен отпор против изборот на Киро Глигоров, дел од нив сметале дека доколку Глигоров биде избран за претседател ништо нема да се смени во државата, дека повторно ќе останат на власт старите комунистички кадри конструирани и контролирани од Белград. Киро Глигоров 45 години од својот живот ги поминал во Белград, оттука имало голема недоверба кон него, членовите на ВМРО ДПМНЕ го гледале како српски поданик кој повторно би се раководел по директивите од Белград. По првото неуспешно гласање за кандидатот Киро Глигоров во Собранието на 7 јануари 1991 година кога пратениците од ВМРО

---

[255] Службен весник...
[256] Види прилози, документ бр.10
[257] Киро Глигоров, *Македонија е се` што имаме*, Скопје 2002, стр.167
[258] В. *Нова Македонија*.

ДПМНЕ гласале против со што од потребните 80 гласови Глигоров добил само 60, за ваквите размислувања Киро Глигоров напишал: „Морам да кажам дека јас не бев сосема сигурен оти мојот прв избор ќе биде успеше, бидејќи знаев дека во ВМРО ДПМНЕ имаше некои колебања. Имено, внатре во Извршниот комитет на партијата имало некои значајни личности кои биле против мојот избор. Со оглед на тоа што доаѓав од Белград каде што бев долго време, си мислеле: сигурно ќе носам со себе некои југословенски оптоварувања и желби, некаков сентиментален однос спрема тоа, дека божем и натаму ќе се залагам да останеме здружени со Србија, макар и без Словенија, без Хрватска, единствено поради тоа што долги години сме живееле заедно со Србите и Црногорците“.[259] Во јавноста ВМРО ДПМНЕ искочиле со пароли дека Глигоров се залага за „Четворна Федерација“ и дека тој и тимот околу него се „србокомунисти“. На 22 јануари ВМРО ДПМНЕ искочиле со соопштение дека ќе ја поддржат кандитатурата на Киро Глигоров за претседател на Македонија. Бил постигнат договор да се изгласа Декларацијата за суверенитетот на Македонија и ВМРО ДПМНЕ да ги добие потпретседателското и премиерско место во државата. На 27 јануари 1991 година во Собранието на СР Македонија со 114 гласови од присутни 119 пратеници бил избран Киро Глигоров за претседател на Македонија.

За потпретседател бил избран Љубчо Георгиевски, требало да биде составена новата влада. Киро Глигоров, како што е редот, мандатот го дал на ВМРО ДПМНЕ како победничка партија.[260] После неколку дена од ВМРО ДПМНЕ пристигнале предлозите, на списокот биле 4 имиња предложени за премиерската позиција: Александар Лепавцев, Тодор Богданов, Милан Ставрев и Пандил Костурски. Глогоров ги добил предлозите и најпрво му сметало што сите предложени се членови на ВМРО ДПМНЕ[261], притоа занемарувајќи го фактот дека ВМРО ДПМНЕ победил на парламентарните избори. Од ВМРО ДПМНЕ најмногу инсистирале за Александар Лепавцев бидејќи најмногу одговарал за оваа позиција и според искуството и според образованието.[262] Киро Глигоров ги одбил сите предлози кои пристигнале од ВМРО ДПМНЕ без никакво објаснување. Во својата книга Глигоров подвлекол „Тоа беше мое

---

[259] Киро Глигоров, *Македонија е се` што имаме*, Скопје 2002, стр.168
[260] Исто... стр.182
[261] Исто...
[262] Интервју со Љубчо Георгиевски

право – да ги прифатам или да не ги прифатам предлозите, и за тоа не бев обврзан да давам никакво објаснување“.[263] Петар Гошев за доаѓањето на Киро Глигоров во Македонија и за неговото вклучување во политиката изјавил: Глигоров го вклучив во изборната кампања, значи не дојде сам од Белград како што мами во неговите „мемоарски" дела, затоа што претходно го вклучив во комисијата за реформи што сите ја нарекуваа Гошева, комисија во која собрав многу интелектуалци. Во оваа комисија членуваа и Денко Малески, Фрчкоски, Миљовски, Димитар Димитров, Коле Чашуле, Китановски, Кљусев, Узунов итн. Тој период беше означен како македонска демократска пролет, покрај другото, и затоа што некои екскомуницирани интелектуалци и политичари повторно го доживеаја своето излегување на јавна сцена - по петнаесет-дваесет години куќен интелектуален и политички притвор. На пример: Крсте Црвенковски, Славко Милосавлевски, Денко Малески, Димитар Димитров, некои Албанци.[264]

ВМРО ДПМНЕ немале доволно пратеници за составување на влада и требало да направат коалиција со некоја партија доколку би сакале да имаат мнозинство а со тоа и мандат. Претсавници на ВМРО ДПМНЕ биле испратени на консултации во Хрватска со сестринската партија ХДЗ, на средбата со раководството на ХДЗ на претставниците од ВМРО ДПМНЕ им било посочено дека треба да направат коалиција со албанската партија.[265] На ВМРО ДПМНЕ не им бил прифатлив предлогот за коалиција со албанската партија ПДП. Современиците на настаните велат дека предлогот бил прифатлив за раководството, но не било возможно на членството да му се објасни зошто се прави коалиција со албанска партија бидејќи во тој период започнал силен антагонизам кон Албанците во Македонија.[266] За ваквата атмосфера во општеството придонеле безбедносните служби во Македонија кои заради случувањата во Косово сакале да создадат сојузник на Србија во Македонија откако било јасно дека Хрватска и Словенија го осудуваат српското поведение во Косово и акциите кои биле преземени од безбедносните служби, ним им била потребна поддршка од Македонците. Во тој период Албанците во Македонија не преземале никакви радикални чекори, нивните

---

[263] Киро Глигоров, *Македонија е се` што имаме*, Скопје 2002, стр.182
[264] В. Утрински весник, 16 октомври 2006, број 1929
[265] Интервју со Иван Соколов, снимено на 24. Септември 2015 година
[266] Исто...

барања биле минимални, за нивното коалицирање Албанците барале само неколку места во третиот ешалон во власта, речиси не поставувале никакви услови.[267] За загревање на антиалбанската атмосфера допринеле и дел од членовите на ВМРО ДПМНЕ кои потопаднале на ваквата пропаганда. Владимир Голубовски кој бил потпретседател на ВМРО ДПМНЕ организирал неколку протести против Албанците во Македонија на кои се манифестирала жестока омраза кон ова малцинство.[268] Според кажувањата на современиците и со фактите со кои располагаме денес, евидентно е дека во тој период Албанците не преставувале апсолутно никаква закана за Македонија, антагонизмот бил создаден под влијание на случувањата во Косово и растечкиот тренд на симпатии кон делувањето на Слободан Милошевиќ. Највисокото раководство на партијата било против делувањето на Слободан Милошевиќ, згора на тоа тука била и соработката со хрватските партии кои барале од својот сојузник – ВМРО ДПМНЕ да ја неутрализира поддршката кон Милошевиќ бидејќи тие биле пред прагот на војна со Белград. Но расположението кое било наметнато од безбедносните служби веќе било длабоко навлезено во македонското општество и раководството на ВМРО ДПМНЕ било немоќно во тој сегмент. Современиците кои ги интервјуиравме за овој труд категорично истакнуваат дека одбивањето да се коалицира со ПДП е најголемата грешка на ВМРО ДПМНЕ направена во историјата на партијата.

Во тој момент Киро Глигоров започнал иницијатива тој сам да составува влада барајќи луѓе кои ќе се нафатат за премиерската позиција. Глигоров свикал состанок во неговиот кабинет на кој покрај него присуствувале и Стојан Андов (претседател на Собранието), Љубчо Георгиевски и претседателите на останатите политички партии. На работниот состанок станало збор како да се дојде до составување на влада, повторно занемарувајќи ја победата на ВМРО ДПМНЕ се барало модел влада да составуваат сите политички субјекти во државата. Според Киро Глигоров, на тој состанок бил даден предлог од претседателот на Собранието – Стојан Андов за составување на експертска влада.[269]

---

[267] Исто...
[268] Исто...
[269] Киро Глигоров, *Македонија е се` што имаме*, Скопје 2002, стр.182

Претседателот на државата го контактирал Никола Узунов – професор на Економскиот факултет во Скопје, и му предложил тој да биде мандатар на новата влада, на што добил негативен одговор со образложение дека професорот повеќе се гледал во науката отколку во политиката.[270] Во понатамошната потрага на Киро Глигоров вниманието му го заземал Никола Кљусев кој во тој период излегувал со свои ставови во дневниот печат, особено околу економската политика. Киро Глигоров го повикал Кљусев во својот кабинет и му предложил тој да биде мандатар на владата, од Кљусев добил позитивен одговор.

Но подоцна Кљусев увидел дека тој немал целосни ингеренции кои би требало да ги има еден премиер на држава, ова го сфатил откако составувањето на владата морало да биде одобрено од претседателот Киро Глигоров. Никола Кљусев добивал насоки кои личности можеле да влезат во составот на владата, а кои како неподобни не можеле да влезат. Во експертската влада речиси и да немало министри кои произлегувале од редовите на ВМРО ДПМНЕ, тоа било и целта, владата да биде надпартиска, но ова барање било само декларативно за Киро Глигоров и СКМ ПДП бидејќи во експертската влада влегле луѓе кои биле членови, симпатизери или декларирани поддржувачи на СКМ ПДП. На овој начин провторно била изиграна ВМРО ДПМНЕ која победила на изборите а не добила ништо, како што спмнавме и погоре, тоа се должело на неискуството на раководството на таа партија, несикуство кое денес и тие самите го потврдуваат, наспроти големото искуство во редовите на СКМ ПДП.

На 20 март 1991 година во Собранието на Република Македонија била изгласана првата експертска влада на Република Македонија на чело со Никола Кљусев.

Првата експертска влада била во состав:[271]

- Премиер: Никола Кљусев
- Вицепремиери: Блаже Ристовски, Јован Андонов, Бекир Жута
- Надворешни работи: Денко Малески
- Одбрана: Ристо Дамјановски

[270] Исто...
[271] Никола Кљусев, *Предизвици*, Книга трета, Видувања, Скопје 2000, стр.8

- Внатрешни работи: Јордан Мијалков
- Правда: Ѓорѓи Наумов
- Финансии: Методија Тошевски
- Економија: Стојан Трајановски
- Развој: Гоце Петрески
- Урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија: Александар Лепавцов
- Земјоделство, шумарство и водостопанство: Иван Ангелов
- Труд и социјална политика: Илијаз Сабриу
- Образование: Димитар Димитров
- Наука: Ѓорѓи Ефремов
- Култура: Цветан Грозданов
- Здравство: Перко Колевски
- Информација: Мартин Треневски
- Без ресор: Јане Миљовски, Илија Андонов - Ченто, Алаетин Тоска, Љубомир Фрчкоски

Стојан Андов во својата книга „На мој начин“ за изборот на експертската Влада подвлекува: „На седницата на Собранието на 20 март 1991 година беше избрана Владата по предлог на професорот Никола Кљусев, кој, пак, беше личен избор на претседателот на Република Македонија - Киро Глигоров....Во неа влегоа најмалку шест личности кои беа особено блиски со претседателот на Републиката, најмалку шест личности блиски до премиерот, а неколкумина беа задржани од претходната Влада на Глигорие Гоговски. Беа избрани и тројца членови на Владата од албанско етничко потекло...беа предложени од раководството на ПДП. Со тоа заврши фазата на конституирање на новата власт, која се наоѓаше пред голем историски предизвик“.[272]

Вака изгледал поднесениот предлог на Претседателот Киро Глигоров до Претседателот на Собранието на СР Македонија, Стојан Андов, за избор на Потпретседател на државата:

"До Претседателот на Собранието

на СР Македонија,

[272] Стојан Андов, На мој начин, Скопје 2003, стр.279-280

г-дин Стојан Андов

Г-дин претседателе, информиран сум од Вас дека е постигнат меѓупартиски договор, а со цел да се отстрани опасноста од парламентарна криза и осигура конституирање на врвните органи на Републиката во овој пресуден момент за решавањето на кризата во земјата, местото потпретседател на претседателот на СР Македонија да му припадне на партијата ВМРО-ДПМНЕ.

Почитувајќи го тој договор, а особено мотивите поради кои е заклучен, како и фактот дека од страна на ВМРО-ДПМНЕ како единствен кандидат е предложен г-динот Љупчо Георгиевски, претседател на партијата ВМРО-ДПМНЕ, предлагам Собранието на СР Македонија да го избере за потпретседател на претседателот на СР Македонија г-дин Љупчо Георгиевски."[273]

Поминале две неуспешни гласања за потпретседател на државата да биде Љубчо Георгиевски, тој бил избран по третото гласање на кое од 118 пратеници кои гласале, „за" гласале 88 пратеници, по што тој бил избран за потпретседател. За време на расправата за изборот на Георгиевски во Собранието започнала жестока расправа околу ставовите на Георгиевски во однос на Југославија. Во нападите најжесток бил Бранко Црвенковски на кого му пречеле изјавите на Георгиевски во тој кажувал дека Југославија ќе се распадне и дека треба да се градат пријателски односи со Грција и Бугарија бидејќи таму живеат Македонци. По прашањето за распадот на Југославија Црвенковски бил најжесток. Стојан Андов вака го опишува овој момент: најмногу му замераа за неговите изјави дека Југославија наскоро ќе се распадне, дека ако е потребно по распадот на Југославија ќе даде иницијатива за создавање на нова конфедерација меѓу Македонија, Бугарија и Грција, земји во кои исто така живеат Македонци итн. Во нападите предничеше Бранко Црвенковски, кој од Георгиевски бараше јасно да се одрече од тие свои искажувања.[274]

Георгиевски овојпат мирно ги изложи своите погледи велејќи дека е убеден дека Југославија ќе се распадне, дека Македонија ќе биде независна држава, дека ќе стане можно здружувањето државите на Балканот и дека здружувањето на Македонија со Бугарија и Грција во Балканска федерација е погодна варијанта бидејќи и во

[273] Исто... стр.258
[274] Исто... стр.259

тие две земји живеат Македонци. Впрочем, истакна тој, ВМРО постојано се залагало за Балканска федерација.[275]

Љубчо Георгиевски, кој на 1 февруари 1991 година бил избран за потпретседател на Република Македонија, денес во бројни интервјуа и во книгата „Тоа сум јас" истакнува дека експертската влада немала ништо вмровско во нејзе, и покрај тоа што ВМРО ДПМНЕ победила на изборите владата била создадена по мерка на Киро Глигоров.[276] Дека Експертската Влада немала ништо со ВМРО ДПМНЕ потврдуваат речиси сите интервјуирани современици на настаните од редовите на ВМРО ДПМНЕ.[277] Кљусев во својата книга истакнува „Инаку самата расправа за предлогот за Владата го одрази составот на Парламентот, односно политичката припадност на пратениците. Многу се говореше за програмите на партиите, се ставаа забелешки за одделни кандидати за министри (Илијаз Сабриу и Димитар Димитров) во поглед на нивната партиска наклоност. Упорно се инсистираше на тоа дека партиите требало да имаат повеќе влијание во составувањето на Владата, при што како да се заборавaше дека станува збор за натпартиска Влада.[278] Никола Кљусев во бројни интервјуа и во своите спомени има запишано дека тој давал отчет на претседателот Киро Глигоров, дека не бил обврзан да дава отчет на ВМРО ДПМНЕ и дека многу нешта биле криени од него од страна на Глигоров.[279]

Експертската Влада ги удрила темелите на македонските независни институции, за првпат била воведена македонската банкнота „Денар", одземањето на воената евиденција од ЈНА и враќањето на македонските војници од југословенските фронтови било резултат на експертската Влада, поточно, најзаслужни биле министерот за внатрешни работи – Јордан Мијалков, и премиерот – Никола Кљусев. Но сепак, експертската Влада не била стабилна и можела да падне во секој момент, таквата опасност и нестабилност доаѓала од фактот што Владата не призлегувала од парламентарното мнозинство со што политичките партии можеле во секој момент да

---

[275] Исто... стр.259
[276] Љубчо Георгиевски, *Тоа сум јас*, Скопје 2012, стр.40
[277] Снимени интервјуа со современици, види во извори
[278] Никола Кљусев, *Предизвици*, Книга трета, Видувања, Скопје 2000, стр.9
[279] Исто... стр.20

ја срушат Владата по претходно направен договор кој бил лесен за правење бидејќи ниту СКМ ПДП ниту ВМРО ДПМНЕ не ја чувствувале Владата како своја.

На 19 декември 1991 година во сообраќајна несреќа кај Врање, Србија животот го загубил Министерот за внатрешни работи Јордан Мијалков. Околу смртта на Мијалков кружеле многу контроверзи и мистерии, јавноста и дел од политичките партии започнале јавно да зборуваат дека сообраќајната несреќа била наместена, дел од тогашните стручни лица во Македонија тврделе дека сообраќајката била по примерот како сообраќајните несреќи кои ги монтирала Управата за државна безбедност. Сомнеж кон сообраќајната несреќа додавала активноста на Јордан Мијалков како Министер за внатрешни работи. Мијалков бил жестоко критикуван од српските власти за неговата активност околу повлекувањето на македонските војници од ЈНА, околу жестоките реакции на Мијалков против југословенската федерација и неговите цврсти промакеднски ставови. Покрај сето ова јавноста била убедена дека сообраќајката била наместена од југословенските служби за безбедност кои во тој момент се наоѓале целосно во српски раце, поточно во рацете на Милошевиќ. Истрагата за смртта на Мијалков од македонските институции била затворена како класична сообраќајна несреќа, барањата од јавноста за отварање нова и подетална истрага не биле испочитувани од страна на власта и случајот бил затворен. Во 2009 година случајот за смртта на Јордан Мијалков бил повторно отворен, тогаш на чело на Управата за безбедност и контраразознавање стоел синот на Јордан, Сашо Мијалков, додека премиер на Република Македонија бил Никола Груевски внук на Јордан Мијалков. И со повторената истрага не се дошло до целосно расчистување на случајот. Во 2009 година МВР побарало од претседателот на државата Бранко Црвенковски да ги предаде сите документи поврзани со овој случај кои се наоѓале во претседателскиот кабинет, но Црвенковски дал одговор дека во неговиот кабинет нема никаков документ во врска со тој случај и тука застанала истрагата.[280]

На 10 јануари 1992 година на местото на починатиот Јордан Мијалков за министер за внатрешни работи бил поставен Љубомир Фрчковски кој дотогаш бил министер без ресор, а подоцна од 1996 до 1997 година ја извршувал функцијата

[280] В. *Вест*, година 9, број: 2604, петок 02.20.2009, Скопје

министер за надворешни работи. Рушењето на експертската Влада финиширало на 17 август 1992 година кога во македонскиот Парламент била изгласана недоверба на Владата.

## МАКЕДОНЕЦ КАКО КОЛАТЕРАЛНА ШТЕТА

На 6 мај 1991 година во Сплит при судир помеѓу демонстрантите и војниците на ЈНА паднала првата жртва како најава за најголемата војна на тлото на европскиот континент по крајот на Втората светска војна. Првата жртва на војната бил Сашо Гешковски, Македонец по националност, од Кавадарци. Според официјалната истрага на ЈНА било утврдено дека некој од демонстрантите пукал во воздух и во еден момент испукал накај војниците, во тој момент бил застрелан Сашко Гешковски. Но присутните на демонстрациите го велат спротивното и ја демантираат истрагата на ЈНА, а подоцна и истрагата на хрватските органи ќе го докажат спротивното. Во истрагата било заклучено дека во моментот на убиството Гешковски се наоѓал внатре во објектот позади затворена врата свртен со лицето кон вратата, тој бил застрелан во грб, а вратата не била пробиена од куршум. По ова се отворило прашањето, дали Гешковски бил застрелан од некој припадник на ЈНА? Започнале шпекулации дека Гешковски бил застрелан од припадник на ЈНА со цел војската да има оправдување при вооружено интервенирање над демонстрантите, оправдувањето би било преку убиството кое наводно го сториле демонстрантите. Овој случај не е целосно расветлен до ден денешен, а „кој го убил Гешковски“ е во сферата на шпекулациите, затоа и нема да навлегуваме во тоа прашање. Но, кој и да го убил македонскиот војник Сашо Гешковски, неговата смрт во Македонија отворила многу прашања и избил голем револт во македонското општество. Главното прашање било, за чив интерес гинат нашите војници? Тоа не била наша војна и јавноста барала да бидат повлечени сите Македонци од фронтот. Започнало масовно повлекување на македонските војници во организација на политичката партија ВМРО ДПМНЕ. Најголема улога во повлекувањето на македонските војници имале Борис Змејковски (секретар на ВМРО ДПМНЕ) и Јордан Мијалков (министер за внатрешни работи на Р. Македонија).[281] Додека ВМРО

[281] Интервју со Александар Флоровски, пратеник во првото повеќепартиско собрание на Р. Македонија од редовите на ВМРО ДПМНЕ, снимено на 08.07.2015

ДПМНЕ била ангажирана за помош на Македонците да избегаат од ЈНА, акција во која била вклучена и целата пратеничка група на ВМРО ДПМНЕ[282], македонските генерали во составот на ЈНА порачале дека секој оној кој ќе дезертира или нема да се јави на повик од ЈНА ќе биде суден на воен суд и казнет со издржување затвор, а потоа и пратен на фронтот. Во акцијата преземена од ВМРО ДПМНЕ, министерот за внатрешни Јордан Мијалков и премиерот Никола Кљусев, била запленета и запалена целата евиденција на ЈНА со што биле спасени илјадници млади Македонци од сигурната смрт на туѓите боишта.

Македонските војници биле носени во Словенија без нивно знаење, тие биле качувани во возови и транспортирани без да им биде објаснето каде ги носат и што ќе прават таму.[283] Оружје добиле по пристигнувањето во Словенија. Припадниците на падобранските единици кои биле транспортирани со авиони и хеликоптери, тие дознале дека се во Словенија дури кога слетале на тамошниот аеродром.[284] Тогаш во јавноста се говорело дека во Словенија нема некои сериозни судири и дека немало жртви од страна на ЈНА. Но војниците кои биле тогаш присутни во Словенија велат дека имало директни судири со територијалната одбрана и дека била голема бројката на загинати војници од ЈНА.[285]

Бројката на жртви по потекло од Македонија започнала забрзано да расте. По десет дневната војна во Словенија започнале жестоки судири во Хрватска кај Книнска Краина и во Вуковар, жртвите биле се поголеми. Револтот во Македонија го достигнал максимумот, на 4 јули 1991 година започнал голем протест пред Собранието на Република Македонија организиран од мајките на македонските војници. Мајките влегле во Собранието и барале одговори на прашањето, за што и за кој гинат нивните деца? По протестот на мајките македнските војници кои се наоѓале во Словенија биле вратени во Македонија.

[282] Исто...
[283] Интервју со Филип Петровски припадник на падобранската единица на ЈНА кој бил испратен во Словенија за време на десет дневната војна
[284] Исто...
[285] Исто...

# ПРЕГОВОРИ ЗА СПАС НА ЈУГОСЛАВИЈА

За изнаоѓање на решение од кризата во која западнала Југославија започнал карванот на средби на раководствата на републиките кои се одвивале по една во секоја република. На овие средби повторно во прв план избила поделеноста, Хрватска и Словенија биле едногласни за самостојност и напуштање на Федерацијата, Србија и Црна Гора биле децизни дека на ваков чекор од страна на Хрватите и Словенците тие ќе одговорат со оружје активирајќи ја ЈНА и нагласиле дека нема да дозволат ни педа земја да се оддели од Федерацијата. Во ваквата поставеност само Македонија и Босна и Херцеговина немале свој став, тие биле некаде помеѓу и се залагале да се зачува Федерацијата во моменталниот формат. Биле одржани 6 средби но ние ќе посветиме внимание само на една, тоа е Средбата во Охрид на која била потпишана „Охридската изјава". Стипе Месиќ кој присуствувал на средбите мошне сликовито ја опишува охридската средба.

Охрид, 22 јули 1991 година[286]

"Драматичниот дел од седницата настана кога Туѓман и јас примивме известување од Загреб... Влезе и Туѓман: "војна е во Хрватака, господа. Терористите го напаѓаат Мирковци... На наша страна се 14 погинати... Ако до 20 ч. не се донесе одлука за повлекување на војската во касарните, ја напуштам седницата..."

ТУПУРКОВСКИ: Без разрешување на тој комплекс – војна, авиони и друго – не можеме во мирни договори... Мораме на проблемот да му пријдеме со интегрален пристап. Потоа, договор за функционирање на земјата. Наместо војната, која ја спречуваме, ќе не заплисне социјална војна.

ДРНОВШЕК, ги анализира ставовите од предлог изјавата: да се оди на минимум, но во секој случај веднаш да се заземе став во поглед на состојбата во Хрватска.

ГЛИГОРОВ, ги брани начелата на предлог изјавата. Како и Дрновшек, почнува од тоа: оружјето мора да замолчи. Предлага самото Претседателство, поаѓајќи од одлуките донесени на 12 јули, да најде излез од се покатастрофалната состојба во Хрватска: "Страстите се зовриени. Брионската декларација мора да се почитува. Се плашам дека решението не е само во повлекување на војската во касарните"...

[286] Stipe Mesić, *Kako je srušena Jugoslavija*, Mislav pres, Zagreb 1994, str.129-130

Влегува Туѓман:...во Винковци загинале...Тоа е војна на армијата, Србија и екстремистите против Хрватска"

Милошевиќ има "сигурни податоци": Утрово се нападнати Мирковци, еден Србин е убиен, а еден заклан. Така, вели, започнал судирот.

ТУЃМАН: Знаете ли дека пред тоа минофрлачи го биеле Винковци од Мирковци?

ТУПУРКОВСКИ: Дајте да ја смириме спиралата на смртта.

Предлагам прифаќање на Туѓмановиот предлог (војската во касарните, разоружување) и да ја прифатиме изјавата.

МИЛОШЕВИЌ: Невозможно! Како да се повлече војската во касарните, кога нема мирнодопски услови. Без војската, ете крв до колена!

ТУЃМАН: Армијата во различни делови на Југославија различно се однесува. На Косово и помогна на Србија да го воспостави уставниот потредок на државата Србија, а во Хрватска војува против уставниот поредок на државата Хрватска.

КАДИЈЕВИЌ: протестирам,! Армијата не работи ни за кого посебно, само за Уставот на Југославија, дејствува по одлуки на Претседателството на СФРЈ..

МАРКОВИЌ: Се бавиме со последиците. Се работи за општа ерозија на системот. ...Во услови на ваква анархија само е чекор до војна...нема гаранции за мир, должност ни е во наредните тримесеци да воспоставиме правен систем.

Дрновшек е за стабилизирање на системот на основа нашиот политички договор. Не е против комисии, но повеќе би направиле посматрачи од ЕЗ, во Словенија и во Хрватска.

„Србија мора да се изјасни, мора да изјави дека нема територијални претензии спрема Хрватска", , барам веднаш да се побара меѓународна посматрачка мисија во Хрватска.

ЈОВИЌ: Повторуваме исто. Колку пати веќе донесовме одлуки за разоружување...

ТУПУРКОВСКИ: Сега имаме изјава на претседателите...

ТУЃМАН: зарем да ја разоружиме Хрватска, која е нападната?

КУЧАН: Не треба ли на Хрватска да и се овозможи да се воспостави правниот поредок, ред и мир? Во тоа сојузните институции мора да и помагаат, а не да и одмагаат. Едно е демобилизација на легалните состави, а друго се нелегалните состави и терористит

Туѓман станува: "Морам да брзам, морам да го спречам најтрагичното!"

Сите молчат.... За Јовиќ тое е "Опструкција", а Милошевиќ одмавнува со рака.

После една пауза, кога ни беше предадена поралка од ..кардиналот Кухариќ " Најитен апел во име Божје и во име на европската цивилација...",... за неполни три часа, до полноќта, е прифатена, со мое несогласување - охридската изјава ....

Две опции се судриле: или федерација или конфедерален сојуз на суверени држави. Заговорниците на "модерната федерација" одвај дочекаа Словенија да ја исфрлат, како би им бил олеснет патот до присвојување на Хрватска, или делови на Хрватска... Не се борат тие за правата на Србите во Хрватска, туку за хрватските простори...Сакаат ли господата српска држава во Хрватска, српска држава во Босна, сакаат ли неколку српски држави, а на Хрватите не им даваат право ни на една. Секој народ има право на една држава, но неговите колективитети настанети во други држави, мораат да бидат потполно заштитени..."[287]

## НЕЗАВИСНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Дали сте за суверена и самостојна држава Македонија, со право да стапи во иден сојуз на суверените држави на Југославија?**

Во јуни 1991 година во Собранието на СР Македонија било изгласано од името на државата да се изостави префиксот „Социјалистичка" бидејќи не кореспондирал со моменталното уредување кое се изменило со промената на Уставот. Од тој момент Македонија симболично раскрстила со социјализмот и старото уредување кое се покажало неодржливо и заради кое подоцна избиле војни. Во името останало само Република Македонија. Додека ние сме ја отфрлале додавката „Социјалистичка" од

[287] Stipe Mesić, *Kako je srušena Jugoslavija*, Mislav pres, Zagreb 1994, str.129-130

нашето име, Словенците и Хрватите биле поконкретни, на 24 јуни Словенија ја прогласила својата независност, истиот ден тоа го сторила и Хрватска. Претходно во Претседателството на СФР Југославија било одлучено граѓаните на републиките самите да го дадат своето мислење за самостојност. Словенците не го испочитувале па без никаков референдум прогласиле независност, во Босна и Херцеговина после референдумот за излегување од Федерацијата започнале силни превирања во одделни делови од републиката. Република Македонија својот референдум го спроведе последна, постојат повеќе верзии за задоцнувањето со референдумот. Една од тие верзии вели дека не постоел политички консензус околу ова прашање, поточно СКМ-ПДП се противела на македонската независност наспроти притисокот кој го вршеле од ВМРО ДПМНЕ за прогласување независност. Друга верзија говори дека кај политичките партии и општо кај народот постоел страв од последиците кои би можеле да настанат по референдумот, гледајќи ги случувањата во Словенија и Хрватска се плашеле истото да не се случи и во Македонија. Згора на тоа, ЈНА со целосните воени капацитети сеуште била присутна во Македонија, а знаејќи дека Македонија ја претставувала третата армиска област која била најдобро вооружена после Босна и Херцеговина највооружената област на ЈНА. Гледајќи ја ваквата поставеност можеби и навистина постоел страв, но фактите за оваа верзија говорат нешто сосема друго, ВМРО ДПМНЕ во овој период јавно пропагираат за излегување на Македонија од Федерацијата и тоа по примерот на Словенија, без спроведување на референдум, и тоа да се стори што побрзо за да не биде вовлечена Македонија во југословенските конфликти. Ние нема да даваме оцена која од овие верзии е поверодостојна.

Во Собранието на Република Македонија била донесена одлуката да се распише референдум[288] на кој ќе се гласа за македонската независност. Бил одбран 8 септември за одржување на референдумот.

Политичката партија ВМРО ДПМНЕ ги вклучила сите свои капацитети за кампањата за референдумот за независност, кампањата одела во насока да се гласа позитивно за македонската независност. Биле раздавани голем број на летоци и поставувани плакати за референдумот. Голем удел во кампањата имала и

---

[288] *Службен весник на Република Македонија*, број 37/91

македонската дијаспора која испраќала финансиски средства на сметка на ВМРО ДПМНЕ кои биле наменети за кампањата за референдумот.

Пред одржувањето на референдумот во Македонијаво дијаспората биле собирани потписи за поддршка на референдумот. „Согласно оваа Одлука на Собранието, претходно изјаснување на граѓаните е спроведено на 8 септември 1991 година на целата територија на Република Македонија. По исклучок, согласно член 9 од Законот за изменување и дополнување на Законот на републичкиот референдум[289], пред 8 септември се изјаснуваа граѓаните на привремена работа или престој во странство, граѓаните на отслужување воен рок или на воена вежба и граѓаните кои од оправдани причини на денот на одржување на референдумот не биле на територијата на Републиката."[290]

„Референдумот е спроведен врз основа на Одлуката на Собранието на Република Македонија за распишување на референдум во Република Македонија, заради претходно изјаснување на граѓаните на Република Македонија за прашањето „Дали сте за суверена и самостојна држава Македонија, со право да стапи во иден сојуз на суверени држави на Југославија"[291]

На 8 септември 1991 година бил спроведен реферндумот во Република Македонија на кој се гласало за иднината на државата. На референдумското ливче за гласање стоело прашањето „Дали сте за самостојна Македонија со право да стапи во иден сојуз на суверени држави на Југославија?". За текот на гласањето не биле забележани никакви неправилности, насилство, нереди или притисоци, целиот процес поминал во мирна и демократска атмосфера.[292] „Републичката комисија за спроведување на референдумот констатира дека во постапката за организирање и спроведување на референдумот доследно и целосно се почитувани одредбите од Законот за републички референдум, дека на денот на одржувањето на референдумот немало нереди на гласачките места или други дејствија сопротивни на Законот и дека

[289] *Службен весник на Република Македонија*, број 40/91
[290] *Републичка изборна комисија*, број 20-29, 20 септември 1991 Скопје
[291] Исто...
[292] Исто...

не се поднесени приговори или жалби заради неправилности во спроведувањето на референдумот или повреди на одредбите на Законот за републички референдум."[293]

Резултатите за некои биле очекувани, но за многумина во Македонија и во Југославија биле зачудувачки. Македонците безмалку со 100% гласале за независност од излезените гласачи.

Резултати од референдумот од 8 септември 1991 година:




- Гласачи со право на глас 1.495.807
- Гласале 1.132.981
- Со „за" гласале 1.079.308
- Со „против" гласале 39.639
- Неважечки ливчиња 13.648
- Гласале 72,16% од вкупниот број граѓани со право на глас
- Позитивно се изјасниле 95,26% од вкупниот број излезени гласачи
- Негативно се изјасниле 3,50% од вкупниот број излезени гласачи
- Неважечки ливчиња 1,20% [294]

Во овие резултати се пресметани и гласовите на нашите граѓани на привремена работа и престој во странство, а од нив вкупно гласале 58.126 од кои со „за" гласале 57.327, со „против" гласале 653, неважечки гласачки ливчиња 146.[295]

На крајот од извештајот Републичката изборна комисија констатира „ Врз основа на утврдените податоци од изјаснувањето на граѓаните на референдумот одржан на 8 септември 1991 година, и констатацијата дека тој е спроведен во согласност со Законот за републички референдум, Републичката комисија за спроведување на референдум утврди дека резултатот од референдумот е позитивен."[296]

Исто како и за времето на одржување на реферндумот односно неговото доцнење во однос на останатите републики, постојат повеќе верзии и за содржината

[293] Исто...
[294] Исто...
[295] Исто...
[296] Исто...

на референдумското прашање. Првата верзија говори дека во Македонија населението било наклонето кон југословенската федерација па затоа во прашањето морало да се вметне и делот „со право да стапи во иден сојуз на суверени држави на Југославија" со цел да излезат Македонците на гласање и да гласаат позитивно. Оваа верзија говори дека доколку се поставело стриктно прашање „Дали сте за независна Македонија?" референдумот ќе бил неуспешен со недоволна излезност на гласачите бидејќи народот сакал да остане во Федерацијата. Втората верзија говори дека постоел страв кај македонските власти заради присуството на ЈНА на територија на Република Македонија и дека со вака формулирано прашање се неутрализирала реакцијата на ЈНА.

Референдумот за независност бил бојкотиран од Албанците во Македонија кои не излегле на гласање истакнувајќи дека Албанците биле обезправени. Во оваа одлука кај Албанците постои голема контрадикторност бидејќи токму Албанците заедно со ВМРО ДПМНЕ биле најголемите противници на СФР Југославија, српското влијание и Слободан Милошевиќ, кога дошол моментот да се расчисти со Југославија, српското влијание и Милошевиќ, Албанците го бојкотирале тој момент. Подоцна ќе излезе на виделина зошто донеле ваква одлука кога ќе го спроведат нелегалниот попис во местата каде живеат Албанци и кога ќе спроведат нелегален референдум за федерализација на Македонија, но за ова ќе стане збор подоле во текстот.

На 17 септември Собранието на Република Македонија донело Декларација за независноста на Република Македонија.[297] Во Членот 1 од Декларацијата пишува: „Собранието на Република Македонија констатира дека граѓаните на Република Македонија на референдумот одржан на 8 септември оваа година, самопотврдувајќи ја плебисцитарно државноста и сувереноста на Република Македонија, ја изразија својата волја и го дадоа својот глас Република Македонија да се конституира како суверена и самостојна држава Македонија со право да стапи во иден сојуз на суверени држави на Југославија.

[297] Види прилози, документ бр.11

Граѓаните на Република Македонија со тоа на демократски начин испишаа нова страница во македонската многувековна историја за заокружување на самостојноста и сувереноста на Република Македонија како држава".[298]

На 17 ноември 1991 година во Собранието на Република Македонија бил донесен првиот Устав на независна Република Македонија. Политичката партија ВМРО ДПМНЕ постојано притискала за што побрзо носење на Уставот на Република Македонија како зацврстување на државноста.[299]

„Тргнувајќи од историското културно, духовно и државно наследство на македонскиот народ за национална и социјална слобода и за создавање своја држава, а посебно од државно-правните традиции на Крушевската република и историските одлуки на АСНОМ и уставно-правниот континуитет на македнската држава како суверена држава во федеративна Југославија, од слободно изразената волја на граѓаните на Република Македонија на референдумот од 8 септември 1991 година, како и од историскиот факт дека Македонија е конституирана како национална држава на македонскиот народ во која се обезбедува целосна граѓанска рамноправност и трајно сожителство на македонскиот народ со Албанците, Турците, Власите Ромите и другите националности кои живеат во Република Македонија, а со цел:

- Република Македонија да се конституира како суверена и самостојна и како граѓанска и демократска држава;

- да се воспостави и изгради владеењето на правото како темелен систем на власта; да се гарантираат човековите права, граѓанските слободи и националната рамноправност;

- да се обезбеди мир и сожителство на македонскиот народ со националностите кои живеат во Република Македонија; и

- да се обезбеди социјална правда, економска благосостојба и напредок на личниот и заедничкиот живот,

Собранието на Република Македонија, донесува

---

[298] *Службен весник на РМ*, бр.42/1991, 18 септември 1991, стр. 685

[299] Види прилози, документ бр. 35

## УСТАВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА[300]

Ова е воведниот дел во Уставот на Република Македонија во кој се прецизираат принципите на новото уредување на држават, по него следат членовите од Уставот кои се многу поразлични од претходниот Устав.[301]

Веднаш по донесувањето на Уставот на Република Македонија, на 22 јануари 1992 година во Собранието бил донесен закон со кој Македонија им ги укинува мандатите на сите Македонци кои биле македонски претставници во југословенските државни институции. Во законот стои: „фактот дека Социјалистичка Федеративна Република Југославија се распаднала и како држава не постои. Со овој закон се определува дека: Република Македонија во иднина нема да учествува во работата на Собранието на СФРЈ и на Претседателството на СФРЈ".

## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАКО ПРИЗНАТА ДРЖАВА

После сите официјални документи и декларации кои ги донело македонското Собрание кои биле правниот темел за осамостојување на Република Македонија како независна и суверена држава, започнала борбата за нејзино меѓународно признавање и влезот на Македонија во Обединетите нации, членство кое го потврдувало постоењето на една држава. Македонија го започнала својот најтрновит пат во најновата историја. ВМРО ДПМНЕ излегла со став дека: „самото изгласување на Уставот кадешто Република Македонија е конституирана како суверена и самостојна држава не е доволно за нејзино меѓународно признавање. Неопходна е материјализација на Уставот, како и донесување на Декларација за независност и интензивирање на државните активности пред меѓународните форуми и дипломатските претставништва за признавање на Република Македонија.[302]

По иницијативата покрената од партијата ВМРО ДПМНЕ, Собранието на Република Македонија на 19 декември 1991 година изгласало Декларација со која се бара Република Македонија да биде меѓународно признаена.

---

[300] *Устав на Република Македонија*, Скопје 1991
[301] Целиот текст на Уставот на Република Македонија можете да го видите во прилозите
[302] *Служба за информирање на ВМРО ДПМНЕ*, 28.11.1991 Скопје

ДЕКЛАРАЦИЈА

- Република Македонија како суверена и независна држава бара да биде меѓународно призната.

- Република Македонија ги прифаќа критериумите и ги исполнува условите донесени од страна на Советот на министрите на Европската заедница на 17 декември 1991 гопдина во Брисел.

- Република Македонија го прифаќа Нацртот на документите на Конференција-та за Југославија во Хаг.

- Таа го поддржува продолжувањето на Конференцијата за Југославија во Хаг и ќе учествува, како и досега, на конструктивен начин во нејзината работа, со цел да се постигне дефинитивно решение за југословенската криза на мирен и демократски начин.

Истовремено Република Македонија ги поддржува досегашните напори на Европската заедница на тој план и ја изразува својата готовност и натаму активно да учествува во нив.

Република Македонија ги поздравува и во целост ги поддржува напорите на ООН преку генералниот секретар на Советот за безбедност за мирен расплет на југословенската криза, вклучувајќи го и упатувањето мировни сили на ОН."[303]

Европската Заедница составила т.н. Арбитражна комисија која имала за задача институционално да го испита поранешните југословенски републики, дали ги исполнуваат условите за независност и нивно признавање. На чело на Арбитражната комисија се наоѓал Роберт Бадентер кој подоцна ќе игра клучна улога во македонската држава и во војната во 2001 година, и во Рамковниот договор со кој заврши војната. Од сите југословенски републики, само Македонија ги исполнувала сите услови за нејзино признавање како независна држава. Тоа е заклучено во извештајот од Арбитражната комисија.[304] По одговорените прашања од македонска страна, Арбитражната комисија го донела следниот заклучок:

[303] *Признавањето на Македонија*, избор од светскиот печат, редакција Георги Ајановски, Скопје 1993, стр.9-10
[304] Види прилози, документ бр.12

„ Според тоа, Арбитражната комисија е на мислење:

- дека Република Македонија ги исполнува барањата во Насоките за признавање на новите држави од Источна Европа и од Советскиот Сојуз и Декларацијата за Југославија усвоена од Советот на Европската заедница на 16 декември 1991;

- дека Република Македонија, понатаму, ги отфрла сите територијални претензии, од кој било вид, недвосмислени соопштенија засновани на меѓународното право; дека користењето на името Македонија не може во себе да подразбере каква било територијална претензија спрема друга држава;

- дека Република Македонија формално се обврзува, во согласност со меѓународното право, да се воздржи како генерално, така и врз основа на член 49 на својот Устав посебно, од кава било непријателска пропаганда против која било друга држава: нешто што произлегува од изјавата на министерот за надворешни работи на Републиката ја даде на Арбитражната комисија на 11 јануари 1992, одговарајќи на барањето на Комисијата за појаснувањето на Уставниот амандман 2 од 6 јануари 1992.[305]

Македонскиот претседател се обратил до американскиот претседател Џорџ Буш за американската поддршка во процесот на признавање која би се покажала со признавањето на САД на Република Македонија што би испратило сигнал до другите држави. Американскиот претседател на Глигоров му одговорил дека САД ја поддржува Арбитражната комисија и нејзината проценка. Но признавањето на Република Македонија од страна на САД уследило дури после 5 години, тоа се должело на повеќе фактори, САД не верувала дека Македонија воопшто ќе опстане како независна држава, спорот кој Република Грција го отворила кон Република Македонија бил пресуден во целиот процес на признавање. САД давала безрезервна поддршка на Република Грција во сите нејзини политики, па така и во спорот со Република Македонија. Во писмото,[306] покрај другото, Буш го посочил и спорот за името на Република Македонија кој го отворила Република Грција: „Соединетите Американски Држави ќе продолжат интензивно да дејствуваат со Европската заеденица и со нејзините земји-членки за итно разрешување на преостанатите прашања меѓу Грција и Република Македонија, со што ќе се овозможи Соединетите Американски Држави,

[305] Ахил Тунтев, *Република Македонија – прва декада (1990-1999),* Скопје 2005, стр.80-83

[306] Види прилози, документ бр.13

исто така, и на Вашата Република да и доделат признание. Наш став е дека принципите за слобода и потребата за одбегнување на понатамошната нестабилност на вознемирениот Балкан бараат ова прашање да се реши колку што е можно побргу. Ние цврсто ги поткрепуваме усилбите на Претседателството на ЕЗ во оваа насока и ургираме кај Вас да останете активно ангажирани во овие напори.

Во меѓувреме, имам задоволство да Ве информирам дека САД инициraa процес за обновување на економските повластици за Република Македонија, кои беа суспендирани за Југославија во почетокот на декември 1991 година, во поглед на генерализираниот систем на третман со преференцијални тарифи и техничка помоќш од САД".[307]

Прва држава која ја призна независноста на Република Македонија, под уставното име, била Република Бугарија.[308] Признавањето пристигнало на 15 јануари 1992 година. Тогаш на чело на бугарската држава бил Жељу Желев, умерен и мудар политичар, прв претседател во демократска Бугарија и докажан поддржувач на Република Македонија. Во годините кои следеле, се до неговата смрт, Желев жестоко се спротиставувал и на негаторската политика на Република Бугарија која ја води спрема Република Македонија. Желев бил свесен дека, доколку не се започне процесот на признавање на Република Македонија како независна држава имало опасност војната која беснеела низ југословенските простори да се префрли и во Македонија при што би се разбудиле големосрпските и големобугарските апетити кон Република Македонија, за да го спречи тоа Желев на сопствена иницијатива започнал кампања за признавање на Република Македонија. Втората земја која ја призна независноста на Република Македонија беше Турција[309] благодарение на Жељу Желев кој лобирал во Анкара, подоцна Желев лобирал и кај Борис Елцин по што следеше и признавањето на Македонија од страна на Руската федерација,[310] неговата кампања продолжила кај Медлин Олбрајт, државниот секретар на САД, за признавањето на Република Македонија. Во декември 2012 година Желев го искажа своето незадоволство од политиката на Бугарија кон Македонија, истакнувајќи дека Бугарија

[307] *Признавањето на Македонија*, избор од светскиот печат, редакција Георги Ајановски, Скопје 1993, стр.44-45
[308] Види прилози, документ бр.14
[309] Види прилози, документ бр.16
[310] Види прилози, документ бр.15

со ваквата политика се доближува кон политиката на Грција во однос на Република Македонија. За неговите непроценливи заслуги за Република Македонија, Жељу Желев беше одликуван со орденот „8 септември" од страна на македонскиот претседател Ѓорге Иванов. При примањето на орденот Желев истакна: „Република Македонија е признаена со нејзиното Уставно име од 127 земји меѓу кои Руската Федерација, Турција, САД, Кина, Велика Британија и др. Срамота е денес да се прават опструкции Република Македонија да фигурира со нејзиното Уставно име. Изборот на името на една држава е свето право на нејзиниот сопствен народ".[311]

Од поранешните југословенски републики, Словенија била првата држава која ја признала Република Македонија. Признавањето пристигнало на 13 февруари 1992 година. "Собранието на Република Словенија ја призна независноста на Република Македонија. Трите собора на собранието на оваа република, на денешните одвоени седници донесоа одлука за признавањето на независноста и суверенитетот на Република Македонија.

Во образложението на оваа одлука, меѓу другото, се вели дека населението во Македонија на минатогодишниот референдум со мнозинство се изјасни за независноста и самостојноста на Македонија, дека оваа република побарала признавање на нејзиниот меѓународен субјективитет и дека е донесен Устав во кој се задоволени сите меѓународни стандарди.

На владата на Словенија и е наложено во најкус можен рок да ја операционализира оваа одлука и со Република Македонија да се разменат амбасадори.[312]

На 11 декември 1992 година, македонскиот претседател Киро Глигоров испратил писмо до сите шефови на државите и владите на Европската заедница, поентирајќи „Последен час е ЕЗ да ја признае Република Македонија. Исполнети се сите услови за меѓународно признавање на Република Македонија". Писмото било унифицирано и испратено до сите земји, следи неговата содржина:

„Почитуван господине,

---

[311] Кабинет на претседателот на Република Македонија, служба за информирање

[312] *Признавањето на Македонија*, избор од светскиот печат, редакција Георги Ајановски, Скопје 1993, стр.38

Мојата намера да Ви се обратам во овој судбински момент за мојата земја и народ, непосредно пред одржувањето на состанокот на Советот на Европската заедница во Единбург е мотивирана од една единствена цел: последен час е Европската заедница да ја признае Република Македонија!

Исполети се сите услови за меѓународно признавање на Република Македонија која ја стека својата независност по мирен и легитимен пат и го сочува мирот, за што стана брана за ескалацијата на војната на југот на Балканот.

Вам ви е позната голготата што ја мина мојата земја на патот на своето конституирање и меѓународна афирмација во ова време на катаклизми на просторот на поранешна Југославија. Среќни сме што успеавме да ја зачуваме Македонија од војната. Преодот кон демократијата го извршивме со мирни политички средства и меѓуетничка и меѓуконфесионална толеранција. Притоа моравме исклучиво со сопствени сили да решаваме вонредно сложени економски и социјални проблеми, кои и натаму сериозно не притискаат.

Определувајќи ја својата и иднина и развој како независна, суверена и рамноправна членка на Меѓународната заедница, во темелите на нашата држава ги вградивме највисоките принципи на Повелбата од Обединетите нации и КЕБС. Ги избравме како приоритетни европската опција и во политиката на добрососедски односи и соработка. Врз таа основа се вклучивме во напорите на Меѓународната заедница за надминување на југословенската криза. Во потполност ги поддржавме и позитивно одговоривме на критериумите на Европскатазаедница за создавање нови држави, што е потврдено во извештајот на Арбитражаната комисија на г-дин Бадинтер.

Слободен сум, да Ве потсетам на она, за што и покрај се, кај нас, во Република Македонија еднодушно е чувството дека денес Европската заедница не смогна сили и не најде начин правилно да ги вреднува елементите според кои нашата земја, Република Македонија досега требаше да се здобие со најшироко меѓународно признание. Сега се наоѓате уште пред една можност, на принципиелен начин, да ја исправите оваа неправда и да делувате превентивно, можеби во последен момент, за спречување нов фокус на Балканот.

Пламенот на војната сериозно застрашува да се прошири од Босна и Херцеговина кон подрачјата на кои се наоѓа Република Македонија. Историјата опоменува од стравичните реперкусии од ваквата евентуална војна ескалација за целото балканско подрачје. Заради тоа, итното меѓународно признавање на нашата земја е од решавачко значење за стабилноста и мирот на овој регион.

...Во изминативе 11 месеци, презедовме низа политички чекори за да ја увериме за да ја увериме ЕЗ дека водиме политика на добрososедство и пријателство, мир, соживот на Балканот. Но, за жал, со Лисабонската декларација од нас се побара да го избришеме зборот Македонија од името на нашата земја. Тоа е преседан во историјата на народите надвор од меѓународните норми. Ова барање од страна на Република Грција беше проследено со економски притисоци и блокади врз Република Македонија....

Ви се обраќам, уште еднаш во името на граѓаните на Република Македонија, на нејзините легитимни органи и од свое лично име, со апел да покажете целосно разбирање за изнесените аргументи. Во името на идните добри односи меѓу нашите земји и народи, во името на мирот и начелата врз кои почива Европската заедница, Ве молам веднаш да пристапите кон меѓународно признавање на Република Македонија од страна на Европската заедница, и посебно од страна на вашата уважена земја.

Тоа би бил вистински израз ба почитувањето на правото на едне мал народ на самоопределување, поддршка на мирот и стабилноста во регионот и вистински чекор кон превентивно дејствување пред заканите од нова балканска војна.

Ве молам, почитуван господине, да ги примите изразите на моето високо почитување".[313]

Гледиштето на македонскиот претседател Киро Глигоров на моменталните политички случувања во и околу Република Македонија, кои влијаеле и на целокупниот македонски врв, во однос на надворешната политика, ќе го претставиме преку неговото интервју дадено за Руската телевизија, водено со Антолиј Јарашевски

[313] Државен архив на Република Македонија, фонд: Претседател на Република Македонија/ *Признавањето на Македонија*, избор од светскиот печат, редакција Георги Ајановски, Скопје 1993, стр.231-233

на 3 февруари 1993 година. Во интервјуто Глигоров потенцира дека Македонците во тој момент имале најмногу симпатии кон Руската федерација, изјава која не соодејствува со анкетите и расположението во македонското општество кое во овој период било целосно насочено кон Западот наспроти Истокот. Преку таквите искази на македонските политичари гледаме дека Република Македонија се до 1998 година немала сериозна иницијатива за интегрирање во Евроатлантските организации на кои тогашната власт, предводена од СДСМ, на нив гледала преку диоптријата на Студената војна.

Интервјуто се наоѓа во фондот „Претседател на Република Македонија" со потфонд „Интервјуа на Киро Глигоров со странски новинари" во Државниот архив на Република Македонија.

„Прво да Ви се заблагодариме. Колку може повеќе да прикажеме и да кажеме за Вашата Република, да се сретнеме со обични луѓе, со обични Македонци, би сакале да ни одговорите на неколку прашања за денешниот живот овде во Македонија...

ОДГОВОР: Пред се, ние се трудевме , и уште настојуваме, да останеме надвор од војната. Затоа што сметаме дека народи кои живееле толку долго заедно не можат своите проблеми и своите спорови да ги решаваат по пат на војна. За тоа постојат начини да се разбереме и секој да одговара за својата судбина, да има своја држава. Но тоа не значи дека треба да ги прекинеме нашите врски. Напротив, со српскиот народ и со сите други народи што беа во поранешна Југославија ние сакаме да ги сочуваме пријателските односи, фамилијарните, економските и културните врски. Ние мораме да живееме заедно на Балканот и да се стремиме кон идна тесна соработка.

Втора работа е дека донесовме Устав по демократски пат, градиме едно цивилно, граѓанско општество, а исто така сакаме да ги решиме сите отворени прашања помеѓу различните националности кои живеат во Македонија по пат на толеранција и меѓусебно разбирање. Сите луѓе да имаат исти граѓански права и да бидат заштитени сите права на малцинствата. Значи создадовме основи за едно демократско општество и правна држава. Проблемот се усложни со досегашното меѓународно признавање на Македонија. Ние, иако ги исполнивме сите услови, за што се свесни и во Европската заедница и во светската заедница, дека Македонија ги исполнува сите услови, а тоа го

констатитра и Арбитражната комисија на г-нот Бадинтер, сепак заради противењето на Грција и барањето да го смениме името на нашата држава, уште досега не сме меѓународно пошироко признати. Морам веднаш да кажам дека во Македонија се цени извонредно многу гестот на Руската Федерација, која меѓу првите ја призна Македонија под нејзиното име и со тоа направи голем чекор да се отвори пат за меѓународно признавање од страна на целата меѓународна заедница. Нашиот народ високо го цени тој чин. Исто така и овој пат морам да ги искажам пријателските чувства на нашиот народ, братските чувства на нашиоот народ кон рускиот народ. Многу нешто нас не поврзува и од минатото. Историски гледано присуството на Русија никогаш не престанало на овие простори. Од друга страна знаеме дека писменоста на словенските народи потекнува од овие простори, а и христијанството исто така. Така што денес, кога би се извршила една проценка за тоа во кој народ и во која држава нашиот народ има најмногу доверба, тоа несомнено би покажало дека е тоа Руската Федерација на прв план. Ние би сакале што поскоро да дојде до воспоставување на полни дипломатски односи меѓу Руската Федерација и Република Македонија...Сакаме да се воспостават економски односи на широк план со Руската Федерација, кои и инаку беа и порано многу развиени. Исто така, би ги поздравиле сите можности да дојде до по-тесни културни врски...

ОДГОВОР: Јас сакам да потсетам дека ние дадовме своевремено еден предлог да се создаде на просторите на бивша Југославија сојуз на суверени држави. Нешто слично како што се обидувате ие да сторите во бившиот Советски Сојуз. За жал, тој предлог завојуваните страни не го прифатија. Се разгоре војната, се создаде омраза меѓу народите и денес за определено време тој проект нема некои големи шанси. Наместо тоа, мислам дека е нужно што поскоро да се воспостави мирот, ...Да се отворат границите, да се воспостават комуникациите...Со еден збор, да се почне на еден реален начин, од почеток, со создавање на нови економски, културни врски, соработка на сите планови. А заедничките интереси се големи. Сега не е време, ниту е реално да се говори за некои видови на политичка или државна организација. Најважно би било сега по воспоставувањето на мирот, да ги отвориме границите и да ги почитуваме интересите на луѓето, интересите на државата да проговорат, и да почне соработката меѓу бившите југословенски републики, односно сега новите пет држави што се соз-

дадоа на просторот на бивша Југославија. А со тоа сите заедно да се стремиме кон една поширока балканска соработка...и со Бугарија, и со Грција и со Албанија, и на тој начин да се обидеме Балканот да отвори една нова страница на заеднички живот, на меѓусебна толеранција, на отворање на границите и сите заедно да се приготвиме кон заедничка европска иднина. Таму, во идниот европски дом да се најдеме заедено и со Руската Федерација.

ОДГОВОР: Национализмот, којшто за жал на овие простори доби големо влијание, предизвика омраза меѓу луѓето, секој народ да гледа во другиот народ виновник за сопствената состојба. Тоа доведе, на крај на краиштата, и до војна. Ние, гледајќи го сето тоа, заклучивме дека по тој пат ништо не се решава, дека мораат сите националности што живеат во Македонија да се чувствуваат како во своја држава и во свој дом. Услов за тоа е да се создаде демократска атмосфера, сите националности да можат да организираат свои партии, да учествуваат на слободни избори, што кај нас и се случи. Тие имаат свои претставници во Парламентот, а сега имаме и заедничка коалициона Влада. Сметаме дека проблемите треба да се решаваат со толеранција, со взаемно разбирање и на маса, секој проблем да се стави пред луѓето со сета аргументација и да се бараат заеднички решенија. Друг пат ние не гледаме. Другиот пат води кон судири, кон омраза, а можам да Ви кажам дека во историјата на Македонија ние никогаш не сме имале војна или посериозни конфликти меѓу Македонци, Албанци и други националности. Тоа е нашата традиција. И следејќи ја таа традиција, ние успеавме да го сочуваме мирот. Примерот на Косово покажува по кој пат не смее да се оди. И затоа сметаме дека меѓунационалното разбирање и сожителство на овие простори е битно за мирот и за иднината на сите држави на Балканот.

ОДГОВОР: Идна Македонија јас ја сфаќам како земја која ќе има отворени економски граници, која ќе се бори за пријателство со сите соседни земји. Ниеден од соседите нема да има привилегирана позиција во Македонија. А со секого ќе сакаме да имаме добри односи. Потоа, Македонија ја замислуваме како земја која ќе биде асоцирана во идната Европска заедница. Кога ќе се приготвиме, преку почитување на сите европски норми, ќе се оспособиме да влеземе во семејството на обединетите народи на Европа. Потоа, ние ја разбираме Македонија како стопанство со пазарно стопани-

сување...Исто така сметаме дека Македонија треба да биде, бидејќи има такво централно место на Балканот, носител на кооперацијата помеѓу сите бивши југословенски републики и сите балкански држави. Идна Европа ќе мора да има и свои регионални организации. Не може да биде единствена и од едно место да се управува. Тоа значи дека и една балканска асоцијација има своја иднина, како и нејзиното поврзување со останатите региони во Европа и во светот."[314]

## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## АПЛИЦИРА ЗАЧЛЕНСТВО ВО ООН

На 20 јули 1992 година Собранието на Република Македонија донело Одлука за членство на државата во Обединетите Нации. „Одлука на Собранието на Република Македонија од 20 јули 1992 година за стапување на Република Македонија како суверена и независна држава во членскво на Организацијата на обединетите нации".[315] По донесувањето на оваа одлука претседателот на Република Македонија, Киро Глигоров, поднесе формално барање за прием на Република Македонија во членство во ООН под уставното име на државата "Република Македонија"[316]

Веќе на 30 јули Македонија ги аплицирала актите за прием во Обединетите Нации „Согласно Одлуката[317] на Собранието за стапување на Република Македонија како независна држава во членство на Организацијата на Обединетите Нации (29 јули 1992), претседателот на Републиката, Киро Глигоров, ги аплицира актите за прием на Република Македонија во ООН, под уставното име (30 јули 1992 година)[318] Во прилог на поднесените акти за прием во ООН, претседателот Киро Глигоров испратил писмо до Генералниот секретар Бутрос Бутрос Гали за прием на Македонија во ООН, во кое

[314] Државен архив на Република Македонија, фонд: Кабинет на претседателот на Р. Македонија, интервјуа на Киро Глигоров со странски новинари, февруари 1993 година
[315] Собрание на Република Македонија, Служба за документација
[316] Исто...
[317] Види прилози, документ бр.17
[318] Собрание на Република Македонија, Служба за документација

ставил акцент на обврските кои произлегуваат од Повелбата на ООН, а Македонија се обврзала дека ќе ги исполнува.

"Во согласност со одредбата 4 на Повелбата на ОН и сообразно на законските определби и правила на процедурата СБ 50-60 и сообразно на одредбите на процедурата на Генералното собрание 134-138 што се однесуваат на приемот на нови членови во Обединетите нации, ја имам честа во името на Република Македонија и во својство на претседател да побарам прием на Република Македонија како држава-членка на Обединетите нации.

Дејствувајќи во рамките на демократските процеси во регионот на Централна и Источна Европа и во согласност со конституцијата на новите држави, Република Македонија стекна независност и сувереност низ мирољубиви и демократски промени. Во согласност со принципите на самоопределување и еднакви права на Повелбата на Обединетите нации Собранието на Република Македонија усвои Декларација за меѓународно признавање на Република Македонија како суверена и независна држава. На оваа Декларација и претходеше референдум организиран во Република Македонија на 8 септември 1991, на кој определбата на жителите за независна и суверена држава Македонија, беше потврдена. Во согласност со Уставот на Република Македонија, усвоен на 17 ноември 1991 година, Република Македонија е суверена, независна, демократска и социјална држава.

Република Македонија ги прифаќа обврските содржани во Повелбата на Обединетите нации и целосно ги поддржува Обединетите нации и зголемувањето на нивната улога во унапредувањето на меѓународниот мир. Ја потврдуваме нашата приврзаност кон принципите и целите на Обединетите нации, кои се поставени во Повелбата и ги осудуваме сите нарушувања на тие принципи. Ја почитуваме растечката улога на Обединетите нации во светските настани и нивната растечка делотворност.

Република Македонија ги прифаќа Хелсиншкиот финален документ, Париската повелба за нова Европа, Хелсиншката самитска декларација и Хелсиншките одлуки, како и сите документи на Конференцијата за европска безбедност, сите обврски и одговорности содржани во тие документи и е решена да дејствува во согласност со нивните законски одредби.

Почитувајќи ги Вашите лични напори, и во рамките на општите одговорности на Обединетите нации, го изразувам моето искрено уверување дека приемот на Република Македонија во Обединетите нации како држава-членка ќе биде значаен чекор кон постигнување мирољубиво решение на кризата на територијата на поранешна Југославија.”

(Кон барањето е приложена и потпишана изјава на претседателот Киро Глигоров, со следната содржина, н.б.:)

“Во врска со молбата на Република Македонија за прием во Обединетите нации ја имам честа од името на Република Македонија, во својство на претседател да изјавам дека Република Македонија ги прифаќа обврските содржани во Повелбата на Обединетит нации и свечено се обврзува дека ќе ги исполнува.[319]

Киро Глигоров, претседател на Република Македонија”

## ВНАТРЕШНИОТ АСПЕКТ НА МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ

Нерешавањето на македонското прашање кое е отворено до ден денешен лежи и во неединството на македонскиот народ во однос на националните интереси. Прашањето кое се отворило во втората половина на XIX век во ниту еден момент не било блиску до решавање. Поделбите на македонскиот народ биле најголемиот виновник за неуспехот Македонците да создадат најпрво своја Црква во втората половина на XIX век сакајќи да ја возобноват Охридската Архиепископија, како резултат на неединството македонската борба за црква ја искористиле Бугарите кои со султански берат добиле право на своја црква „Бугарска егзархија“. Благодарени на поделеноста кај Македонците соседните земји наишле на плодна почва во Македонија за своите пропаганди, поделеноста на македонскиот народ ја ослабнала одбраната од соседните пропаганди. Поделеноста на Македонците дошла до израз и за време на востанијата кои избувнале во Македонија, предавствата и поделеноста биле дел од причините за неуспехот на Илинденското востание. Поделеноста била видлива и за време на Младотурската револуција, и за време на Балканските војни, и за време на Првата светска војна.

[319] В. *Нова Македонија*, 27 јануари 1993

Експлицитен доказ дека поделеноста на Македонците е најголем виновник за неуспехот на македонскиот народ, е фактот што за време на Втората светска војна поделеноста била сведена на минимум, благодарение на единството кое било постигнато за ослободување од фашистичките окупатори, Македонците го создадоа АСНОМ, а со тоа ја конституираа и македонската држава. Но веднаш по конституирањето продолжиле поделбите кај Македонците, тоа резултирало со ослабување на македонските позиции внатре во Федерацијата.

Поделбита кај Македонците продолжиле и за време на распадот на Југославија и создавањето на независна и суверена Република Македонија. Поточно, поделбата постоела кај македонските политичари, македонскиот народ едногласно се изјасни на референдумот на 8 септември 1991 година. Тој референдум исто како антифашистичката борба се доказ дека при сплотеност се стигнувало до успех.

Несигурноста на македонските политичари била видлива уште на 14-от Конгрес на СКЈ кога македонската делегација на неколку наврати ја менувала својата одлука. Македонската делегација немала јасн став дали да се напушти Конгресот или тој да продолжи во скратена варијанта. Се чекало да се види како ќе изреагираат другите републики па потоа да се повлече чекор, што дава сигнал на несигурност и неодлучност како понатаму. Откако словенечката и хрватската делегација ја напуштиле салата било јасно дека тука е крајот на Конгресот, но сепак македонската делегација заедно со делегацијата на Босна и Херцеговина чекала да види што ќе се случи понатаму со што му давала поткрепа на Слободан Милошевиќ за продолжување на Конгресот во скратена форма, без две републики. По Конгресот, кога делегацијата се вратила во Скопје, нејзиниот предводник Петар Гошев за медиумите изјавил дека се збунил при гласањето. Вакво оправдување било дадено при избор на два одговора напишани на две гласачки картончиња, на кои едноставно пишувало „да“ и „не“. Збунетоста на предводникот на македонската делегација на 14-от Конгрес на СКЈ и дали станува збор за недоразбирање, нема да го коментираме во овој труд, но таквиот чекор подцна ќе имплицира во македонската политика вистинска неодлучност во однос на распадот на Југославија, во период кога се noселе судбоносни одлуки за државата, одлуки кои пак имаат влијание и денес во независна Република Македонија.

Ваквата неодлучност и држење на позициите во средина помеѓу двете спротиставени страни во Југославија ќе резултира со „Платформата“ Глигоров и Изетбеговиќ. Во оваа платформа беше вклучена можноста за скратена Југославија без Словенија и Хрватска, опција која беше неприфатлива за сите политички чинители во државата. Исто така, при обидот за спасување на Федерацијата беше вметната и формулацијата „сојуз на суверени држави“, формулација која беше вметната и во референдумското прашање во Македонија. Додека сите се подготвуваа за иднината, едни за независност и влез во Европа, други за вооружен удар и ширење на своите граници, Македонија предводена од тогашните лидери грчевито се бореше за зачувување на југословенската федерација.

„Секој вид заедница претпоставува договор за некои заеднички акции, за заеднички функции коишто треба да се остваруваат преку заеднички органи. Без тоа нема заедница. Стравот дека заедничките функции и заедничките органи можат да бидат во спротивност со суверeноста на републиките, не би требало да постои, ако сфатиме дека делот на сувереноста кој е содржан во заедничките функции, заемно ќе го оствaруваме и тој си останува како неодвоив дел од изворната сувереност на републиките. И тоа не го негира изворниот суверенитет на републиките. Воопшто земено ние сме пречувствителни во врска со поимот суверенитет, што е разбирливо, поради неговото негирање досега и неможноста да се остварува на вистински начин поради уредувањето на досегашна Југославија. Меѓутоа, ако на него гледаме низ европски очила и ако ја следиме нивната практика, тогаш нема никаква опасност ние да го прифатиме современиот поим на сувереноста, бидејќи без тоа нема здружување и не може да се извлече сета полза од ширењето на заедничките простори, на економски туку и на културен и на секој друг план.“[320]

Јавноста во Македонија воопшто не била запознаена со активностите на претседателот Глигоров, прв пат во јавноста се дознало за Платформата на 5 јуни 1991 година кога претседателот на Владата на Словенија за австриски медиум ја поздравил Платформата. Откако јавноста веќе била запознаена со активноста на Глигоров за спас на Југославија, Стојан Андов му предложил на претседателот документот да влезел во

[320] Собрание на Република Македонија, Стенографски белешки од 17-тата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 јуни 1991

собраниска процедура со цел да добијат на легитимитет настапите на Глигоров, сето тоа се правело личен аспект во заштита на претседателот во јавноста. По ова, Глигоров му ја испратил Платформата на претседателот на Собранието на Република Македонија, Стојан Андов со цел да започне собраниска процедура. Заедно со Платформата било испратено и писмо.[321]

Во платформата на Глигоров и Изетбеговиќ биле содржани следниве одредби, (прераскажани од Стојан Андов):

Имено со Платформата се предлагаше трансформација на СФРЈ во конфедерација, но не во обична конфедерација. Всушност републиките во неа беа предвидени со статус на суверени држави, кои дел од својот суверенитет го остваруваат преку заедницата и нејзините органи и институции. Таков статус на членките на заедницата се предвидуваше во сите области од заеднички интерес, освен во областа на меѓународните односи. Во таа област, во Платформата, за републиките беше предвиден двоен статус. Беше предвидено следното: "Републиките имаат меѓународно-правен субјективитет согласно меѓународно-правното признание, односно признавањето од меѓународната заедница". Тоа значеше дека некои републики ќе бидат меѓународно признати, а некои, најверојатно - не. Поради тоа и предвидениот однос кон ООН. Секоја република, согласно со своето меѓународно признание, може исто така да биде членка на ООН и на другите меѓународни организации."[322]

„Таа понуда за можен двоен меѓународен статус на републиките некои од нив да бидат меѓународно признати, а некои да немаат такво признание на целиот тој концепт му даваше својство на "асиметрична конфедерација". Со тоа Изетбеговиќ и Глигоров сметаа дека ќе се зачува Југославија, макар и како лабава заедница, бидејќи на Словенија и на Хрватска им ветува можно меѓународно признание кое не би било пречка во функционирањето на заедницата. За Србија...таа најлесно ќе го добиеше тоа признание доколку ги запреше воените дејства. Со фактот што предлагачи на Платформата беа Босна и Херцеговина и Македонија, се подразбира дека овие републики ќе прифатат да бидат и без меѓународно признание. Во своите јавни настапи во собранието, но и во медиумите, Глигоров никогаш не го објасни овој аспект

[321] Види прилози, документ бр.18
[322] Стојан Андов, *На мој начин*, Скопје 2003, стр.310-314

содржан во Платформата. Тој за неа постојано говореше како само за концепт кој овозможува мирен излез од југословенската криза...Покрај споменатата изјава на Петерле, наскоро за Платформата дојдоа пофалби и од ЕЗ, а потоа и од министерот за надворешни работи на САД, Бејкер“.[323]

Платформата на Глигоров и Изетбеговиќ за спас на Југославија подоцна ќе се рефлектира на (не)поддршката од Европската Заедница на македонската независност. ЕЗ дала безрезервна поддршка на сите републики кои цврсто одлучиле да излезат од Федерацијата, додека Македонија со својата неодлучност ја намалила и поддршката од страна на западноевропските држави. Како што стои и погоре, во платформата било предвидено Словенија и Хрватска да бидат признаени како суверени држави од Обединетите Нации, додека Македонија, Црна Гора и Босна и Херцеговина да останат во сојуз со Србија и истите да не бараат признавање. Таквата одредба де факто значела озаконување на големосрпските аспирации во сите соседни земји и создавање на скратена Југославија со српска доминација. По повод водењето на ваква политика и опасноста од истата, ВМРО ДПМНЕ побарала интервенција од Советот за безбедност. Партијата издала соопштение во кое станува збор за српските закани и за опасноста од признавање само на Словенија и Хрватска како независни држави. „Соочени со заканите коишто секојдневно и` се упатуваат на Република Македонија од страна на „гласноговорникот“ на српската политика В. Шешељ, српскиот Парламент и српската Влада, неопходно е итно обраќање до Советот за безбедност на ОН за упатување на „сини шлемови“ и нивно разместување на границата меѓу Република Србија и Република Македонија. ВМРО ДПМНЕ истовремено укажува дека доаѓањето на „сините шлемови“ и нивно разместување само меѓу границата во кризните жаришта спрема Хрватска, предизвикува оправдано стравување од опасноста што може да уследи за поделбата на бившата југословенска држава на два дела. Во еден дел би се нашле Словенија и Хрватска, што ќе го забрза процесот на нивно меѓународно признавање, а во другиот дел наспроти волјата на македонскиот народ, Република Македонија би останала во Србославија. Ангажирањето на „сините шлемови“ и нивно распоредување на границата со Република Србија ќе создаде гаранција за целосно конституирање на македонската држава и за мирот и спокојството на сите граѓани на

[323] Стојан Андов, *На мој начин*, Скопје 2003, стр.310-314

Република Македонија".[324] На текстот од платформата најжестоко реагирале од ВМРО ДПМНЕ, претседателот на партијата Љубчо Георгиевски го обвинувал Глигоров дека се обидува да ја зачува Југославија и ги урива македонските позиции пред меѓународната заедница за независноста. „Љубчо Георгиевски во расправата во Собранието тврдеше дека Југославија ќе се распадне и веќе се распаѓа, дека другите републики тоа добро го согледале и работат на изборување на својата независност, а само Македонија се бори за спасување на Југославија."[325]

За Платформата подоцна ќе реагираат и македонските научни кругови, реакциите против оваа Платформа ги преддводел академик Никола Кљусев, кој ја лоцира суштината на самата Платформа, која, спред него, претставувала придонес кон големосрпската идеја и српскиот хегемонизам врз Македонија и останатите југословенски републики. Во 2001 година, Куљусев отворено проговорил за намерите на Киро Глигоров во времето на распадот на Југославија и за самата Платформа. „Војните во Словенија, Хрватска, а посебно во Босна и Херцеговина, произлегоа од аспирациите да се зачува Југославија под српскиот хегемонизам и патернализам, исполнет со националистичкиот романтизам на Милошевиќ, под лозинката "сите Срби во една држава". Во нешто изменета, скратена форма за зачувување на Југославија, се изградуваше т.н. платформа на Изетбеговиќ и Глигоров, која се распрсна брзо како меур од сапуница. Изетбеговиќ согоруваше во војна, распарчувајќи ја Босна во неколку мали државички, а Глигоров го потпиша договорот со генералот Аџиќ, за иселување на Југословенската армија од Македонија, ограбувајќи ја целата воена опрема и за нејзино пренесување во Србија. Македонија остана невооружена, потпирајќи се единствено на своите полициски сили и на милост и немилост на окружувањето."[326]

На средбите на претседателите на републиките кои се одржувале во сите републики низ Југославија, Киро Глогоров како да го немал в предвид расположението на јавноста во Македонија и постојано потенцирал дека Македонците се најмногу заинтересирани за зачувување на Југославија. Па така, на

[324] *Служба за информирање на ВМРО ДПМНЕ,* 28.11.1991 Скопје
[325] Стојан Андов, *На мој начин*, Скопје 2003, стр.310-314
[326] В. *Вест*, сабота 09.08.2001, број 352

состанокот на претседателите во Белград одржан на 16 август 1991 година, Глигоров изјавил:

ГЛИГОРОВ: „Тој предлог е прифатлив. Отцепувањето да се изведе мирно, договорно. Претходно да се воспостави стриктен прекин на војната. Македонија долго се надеваше дека ќе најдеме заедничка солуција за идната Југославија. Во одолговлекувањето, Собранието се определи за референдум. Уште во Македонија постои интерес да се зачува југословенската заедница, но мораме да поаѓаме од минимумот на заедничкото, па нека натаму животот го чини своето во претстојниот процес на цивилизациски чекори. Со Изетбеговиќ предлагавме сојуз на суверени држави. Македонија нема спрема било кој териториjални претензии. Да појдеме од минимално можното.

КУЧАН: Мораме даги признаеме фактите какви што се. Проблемите да се конкретизираат воочувајќи ги разликите, како би биле по мерка на Европа. Прагматичниот приод вклучува рамноправност на сите опции. Кој спогодбата ќе ја санкционира ќе утврдиме подоцна, ако постигнеме политички договор. Словенија сака самостојност и сувереност, а тие функции ќе ги преземаме постапно, да не го повредиме мирот. Тие кои упорно се залагаат за легалитет, мора да знаат дека дека и тука треба политички договор. Легалитетот досега е прекршен неколку пати. Видете Сојузниот извршен совет функционира и без Словенците.

ИЗЕТБЕГОВИЌ: Одлучивме да распишеме рефендум за положбата на БиХ во идната заедница. Веројатно граѓаните ќе се определат на прашањето: дали сме за суверена и неделива Босна и Херцеговина која може да се здружи во Југославија."[327]

За договорот кој Глигоров го постигнал со Аџиќ, а за кој Кљусев во интервју реагирал дека е штетен по македонската безбедност, Киро Глигоров во интервју изјавува:

„Јас видов дека тешко ќе се разбереме. Од се што можеше да се насети од тој разговор, инстинктивно ми се стори дека сета работа е околу оружјето. Во еден монмент го погледнав Аџиќ и му реков: "Господине Аџиќ, ние не мислиме да учествуваме во каква и да е војна. Нам оружје не ни треба. Еве, јас ви предлагам

[327] Stipe Mesič, *Kako je srušena Jugoslavija*, стр.172-179

носете се од Македонија што е во рацете на ЈНА и само дајте да се повлечете мирно и доброволно, без каква било пакост".

Тој ме погледна и, по кратко размислување, предложи да направиме една мешовита група. Определивме по тројца експерти од двете страни... Во списокот го нема оружјето, тоа се сметаше за договорено. Тоа не е спорно. Кога почнав да го читам тој список ми паднаа во очи две работи. Првата, дека треба да се однесат сите радари од скопскиот аеродром.

Му велам: "Генерале овие радари не може да ги носите затоа што тоа значи изолација на оваа земја што утре нема да може да ги обавува најосновните државни и цивилни функции. Втора работа, во списоков пишува дека сакате да ја однесете сета опрема од Воената болница... Ако ја однесете Болницата не сте свесни што тоа ќе значи како негативно наследство за Југославија во Македонија, тоа никогаш не ќе можете да го избришете".

Тој ме гледа и ми вели: „да ви кажам право, најголемиот радар ноќеска го однесовме. Слушајте генерале, овие радари што преостанаа... уште два помали... не можете да ги ностите. Ако не може поинаку, тогаш жени и деца и наши војници ќе извадиме таму, се што имаме" – а имавме некои 200-300 пушки во полицијата и ништо друго, бидејќи за оружјето на Територијалната одбрана, купувано со пари од македонскиот буџет, ги зеле клучевите од магацините преку тукашните офицери и Штабот на Третата армија, така што ние немавме пристап ни до тоа оружје. После се погодивме тоа оружје да не го чепкаат, бидејќи тоа е со наши пари платено, иако и ова оружје што го однесоа, барем со 6-7% беше платено со наши пари."[328]

За подоцна во својата книга да изнесе став каква армија би требала да има Република Македонија и дека требало да се почне да се гради од почеток со свои финансии. Притоа Глигоров го испушта фактот дека однесеното оружје од страна на ЈНА било финансирано од Македонците и ја изоставува традицијата на македонската војска која се формирала за време на народноослободителната борба, поточно со формирањето на баталјонот „Мирче Ацев", подвлекувајќи дека Македонија треба да почне да гради нова војска од нула. Во својата книга Глигоров пишува: „Како самостојна

[328] В. *Форум*, 24 април 1998, број 24, стр.35

земја (бидејќи ЈНА го однесе сето оружје од Македонија, ние треба од почеток да создаваме своја армија, да обезбедиме цивилна управа со армијата, да изградиме мала доброопремена армија со професионалци... Како мала земја, со мала армија, во ваков свет, особено на Балканот, ние не ќе можеме да се одбраниме сами. Затоа ќе мораме да се приклучиме кон онаа, сега единствена сила во светот, која се вика НАТО. Нам ни е неопходна безбедност на земјата, а таа може да ни ја обезбеди само НАТО, само доколку се ориентираме нашата армија да функционира по стандардите на НАТО алијансата, со цел што побрзо да станеме нејзина членка."[329]

По неуспехот на платформата која Глигоров ја градеше со Изетбеговиќ и по неуспехот да се задржи во Македонија оружјето кое Македонците го плаќале, а при преговорите Глигоров – Аџиќ истото било однесено од Македонија во Србија од страна на ЈНА бидејќи Глигоров барал се` да земат а Македонија ќе градела своја војска. По сите вакви неуспеси и заплети во овој најтурбулентен период за Македонија во новата историја, соочени со опасност од соседните земји а вооружени само со јуришни пешадиски автоматски и полуавтоматски пушки кои ги поседувала македонската полиција, Киро Глигоров ја исфрлил паролата „Македонија оаза на мирот". Навистина, во Македонија при распадот на СФР Југославија немало војна но ваквите позиции кои ги држела Македонија ја направиле лесна мета од соседните земји Грција и Бугарија кои во овој период ќе ги отворат споровите со Република Македонија. За ваквата политика на Киро Глигоров, првиот премиер на независна Македонија, Никола Кљусев, подоцна го изнел својот став и по прашањето „оаза на мирот": „Претседателот на државата, во романтичен занес, зборуваше за тоа дека РМ е оаза на мирот, дека се бори за мир, дури за мир по секоја цена. И со право треба да се прашаме што значи тоа мир по секоја цена? Дали тоа не значи и мир без промени, нешто како контемплирана мирнотија или, уште подобро, како што би рекол Мигел де Унамуно, „овековечување на моментноста", на сегашноста, како некоја фузија на минатото и иднината, на споменот и на надежта, во една секогаш вечна сегашност, за да се слави на живот месијанската улога на владетелот. А внатре во тој "недефиниран мир по секоја цена" се одродува родот, се истопува нацијата, језуитски агонизираме за независната држава, во која се фрла семето на злото, семето на мултинационалноста, за да биде утре

[329] Киро Глигоров, *Македонија е се што имаме*, Скопје 2000, стр.542

нашето тело полесно изглодано. Таквата политика на лажен мир, денес доведе да стануваме сведоци на жални појави, исполнети со трагични последици: убиства, самоубиства, пазарење околу национални вредности, територијално отимање, палежи, силувања и криминални појави, ерозија и агресивна пресија врз духовниот, материјален, образовен и културен живот. На крајот, дојде Косово, вклучување на меѓународниот фактор, со сите разорни последици. Косово стана глогов трн во устата на Милошевиќ и негово сохранување. А тие кај нас, кои немаа критички однос во оценката што се случува на Косово и воодушевено воспоставуваа контакти, денес го проголтуваат тој глогов трн во сопствената уста. Косово стана центар на меѓународниот криминал и извор на агресијата против Република Македонија."[330]

Македонија навидум била „оаза на мирот", но скапо го плати тој мир, со прифаќање на сите услови наметнати од соседите и на крај да финишира со војна во државата во 2001 година. Без оружјето кое било изнесено од ЈНА и без соодветна одбрана на територијата, Република Македонија била под перманентна закана од соседните држави. Најпрво заканата доаѓала од Србија, потоа Грција испраќала закани преку масовни собири во Солун дека ќе започне војна доколку Македонија не го промени своето уставно име, од друга страна Бугарија јавно истакнувала дека доколку биде нападната Македонија таа ќе се вмешала во одбрана на Република Македонија, целата ситуација изгледала како во предвечерието на Балканските војни 1912/13 година. На крај, на Македонците им било кажано дека ќе останат без држава доколку не ги прифатат условите кои ги поставуваат соседите, како потврда за ова бил и фактот што САД до 1995 година не отварале дипломатско претставништво во Република Македонија, едноставно не мислеле дека оваа држава ќе опстои. Сето тоа се должело на водената политика од страна на македонските политичари во тој период. Тогаш од страна на македонските власти започнало да се шири една изрека која е присутна до ден денешен во Македонија и државите од бивша Југославија, а таа гласи „Македонија е единствената република која без испукан куршум и без ниту една жртва искочи од Југославија". Ако ги земеме в предвид статистичките бројки ќе сфатиме дека оваа кованица пласирана од властите, со цел да спечалат некој политички поен, е чиста манипулација. На боиштата при распадот на Југославија како припадници на ЈНА

[330] В. *Вест*, сабота 09.08.2001, број 352

загинале 64 Македонци, додека за време на неколкудневната војна во Словенија загинале 5 Словенци. Па така, се поставуваат две прашања: прво, за чиви интереси и граници загинале тие 64 Македонци? И второ, дали тие загинати Македонци се помалку вредни во однос на петмината загинати Словенци кои загинале во Словенија, за чија слобода се вели дека била извојувана со војна? Тезата дека Македонија без ниту една жртва излегла од Југославија, не само што е манипулативна, туку и ги негира жртвите кои Македонија ги даде при распадот на СФР Југославија и ги деградира нивните семејства.

## МАЛЦИНСТВАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Македонската политика во однос на малцинствата во државата била тврда, непопустлива, без визија и се водела по старите југословенски принципи, но најголемо влијание врз македонските политичари, пред се врз левицата во Македонија, имала политиката која Слободан Милошевиќ ја водел кон Албанците во Косово и Прешевската Долина. Како што веќе и напоменавме во потнасловот „По стапките на Милошевиќ", Републичкото Собрание на Македонија без никаква реална причина и потреба, под влијание на случувањата север, извршило промена на Уставот во делот на народностите кои живеат во СР Македонија и едноставно ги избришало Албанците, Турците и другите малцинства. Овој чекор се рефлектирал подоцна кога се носел Уставот на Република Македоинија, Албанците во македонскиот парламент не гласале за истиот бидејќи во делот за малцинствата новиот Устав се темелел врз оној од 1989 година со кој пак им биле одземени дел од правата на малцинствата кои ги уживале со југословенскиот Устав од 1974 година.

На 29 јули 1991 година, албанските партии во Република Македонија поднеле предлог резолуција[331] до Собранието на Република Македонија со која се барало Албанците да бидат прогласени за државотворен народ на исто ниво со Македонците, албанскиот јазик да бил, како што истакнале, „национален" јазик заедно со македонскиот, албанскиот да прерасне во службен јазик онаму каде мнозинство се Албанци и да имаат слобода во истакнувањето на своите симболи и култура.

[331] Види прилози, документ бр.19

Дел од точките во Декларацијата поднесена од пратеничките групи на ПДП и НДП, алудирале на федерализација на Република Македонија.

- Национални јазици во Република Македонија се: македонскиот, албанскиот и турскиот јазик
- Во Република Македонија службени јазици се: македонскиот и албанскиот (во подрачјата каде што живеат Албанци).
- Република Македонија гарантира рамноправност во административниот, информативниот, образовниот, културниот и општествено-политичкиот систем. (се однесува на етничка основа)
- Албанците во Република Македонија имаат право да одлучуваат за својата судбина и во тој контекст да го понесат својот дел на одговорноста за судбината на Републиката.[332]

Повеќето од овие одредби, кои од страна на Албанците било барано да се спроведат, во пракса биле неизводливи. Во предлог декларацијата се говори за одредени права врз основ на процентуалната застапеност на Албанците во средините. Но Албанците во ниту една македонска општина не биле над 20% од населението, а уште помалку над Македонците. Подоцна Албанците ќе добијат службен јазик во средините каде што живеат, ќе добијат образование на албански јазик, ќе започне вработувањето на Албанци во државната администрација со текот на образованите кадри кои излегувале од ова малцинство и други права. Но албанските радикали посакувале нешто повеќе, правата кои ги барале биле само параван зад кои се криеле територијалните претензии кон Македонија.

Делувањето на Албанците на Косово и создавањето на паравојски од страна на Албанците во оваа покраина, како најпозната е ОВК (Ослободителна војска на Косово), силно влијаело врз размислувањата на Албанците во Македонија. Политиката на Милошевиќ во Косово резултираше со давање поддршка од страна на меѓународнста заедница, пред се САД и ЕУ, на Албанците во сите нивни барања, дури и во нерационалните. Ваквата поддршка им дала силен ветер во грбот на Албанците кои од човекови права преминале на територијално отцепување. Започнало јавно да се говори за припојување на Косово кон Албанија, за отцепување на Јужна Србија и

[332] Собрание на Република Македонија, документација, 41-3280/1 од 29.VII.1991 год.

нејзино припојување кон Албанија, отцепување на јужниот дел од Црна Гора и припојување кон Албанија, отцепување на северфозападниот дел од Грција, познат и под називот „Чемерија", и негово припојување кон Албанија. Во ваква атмосфера Албанците во Република Македонија започнале отворено да говорат за отцепување на Западна Македонија и нејзино припојување кон Албанија. Всушност, повторно заживеал сонот за т.н. „Голема Албанија". Големодржавните апетити на Албанците ги искористиле САД и западноевропските држави за водење на својата политика на Балканот, давајќи им поддршка на радикалните Албанци големите сили лесно ги уценувале малите балкански држави.

Неможноста да се спроведат дел од одредбите од предлог декларацијата заради малубројноста на Албанците во македонските општини, ги натерало да бараат начин за зголемување на нивниот број. Во тие начини се вклопува и издавањето на 150 000 македонски државјанства на Албанци од Косово, кои според гласините биле искористени за парламентарните избори на кои победиле СДСМ, за на крај до финишира со воениот конфлик во 2001 година, и вештачката измена на општинските граници во Македонија во 2004 година кога со законот за територијална поделба на општините вештачки се прекроиле границите со цел вештачко зголемување на бројот на Албанците во сите општини во Западна Македонија. Во општини со мнозинско македонско население биле додавани села и цели региони во кои живееле Албанци се со цел да се зголеми проицентот на Албанците во општините и во нивни раце да прејде општинската власт. Ова на крајот резултирало со внатрешна миграција на Македонците кои под притисок на Албанците ја напуштале Западна Македонија.

Албанците во Република Македонија го бојкотирале и референдумот за независност на државата одржан на 8 септември 1991 година. Но веднаш потоа бил спроведен нелегален референдум, во населените маеста каде поголем процент биле Албанци, на кој се гласало за т.н. автономија на Западна Македонија, поточно, се гласало за кантонизација и федерализација на Република Македонија. Македонската полиција реагирала во дел од гласачките места каде бил запленет многу поброен материјал од бројката на Албанци кои живееле во тие места. Класичен пример за ова бил градот Охрид каде што биле запленети десет пати повеќе гласачки ливчиња од бројот на Албанци кои живеат во Охрид. Политичката партија ВМРО ДПМНЕ во

интерно соопштение до своите Задгранични Комитети[333] испратила информации за седницата на Извршниот Комитет на ВМРО ДПМНЕ одржана на 16.01.1992 година на која, меѓу другото, се разговарало и за нелегалниот референдум кој го спровеле Албанците во Р. Македонија. „Референдумот што го организираа Албанците со полна поддршка на ПДП и НДП претставува атак врз македонската држава и обид за федерализација на Република Македонија. Вината и одговорноста за оваа ситуација ја има власта во Р. Македонија, којашто беше кусогледа и компромисерска, па сметаше дека со последователни мали остапки ќе ги омекнат аспирациите на Албанците во Р. Македонија. Не можеше да предвиди дека тоа е добро обработена стратегија на што укажуваа и бојкотот на пописот, бојкотот на референдумот од 08.09.1991 г. и негласањето за Уставот на Р.Македонија. ИК смета дека, со оглед на процесот на признавањето на Р.Македонија, не треба да се преземаат никакви активности што би можеле да испровоцираат некои судири помеѓу албанското население и припадницита на ВМРО ДПМНЕ. Разрешувањето на овој проблем треба да се препушти на државата и ВМРО ДПМНЕ да дејствува во Собранието. (...) ИК смета дека резултатите од референдумот ќе бидат ползувани според потреба. Треба да се има и во предвид дека Албанците располагаат во светот, а особено во САД, Белгија и Австрија, со моќно лоби, па не е исклучено да сета оваа игра со референдумот е дел од некое поголемо сценарио со конечна цел за создавање на обединета Албанија, што имплицира заграбување на Западна Македонија. Поради сето ова ВМРО ДПМНЕ преку пратеничката група ќе инсистира на што поскоро донесување на релевантни закони со цел работите да земат нормален тек“.[334]

Албанците спровеле и нелегален попис на населението во средините каде поголем процент се Албанци. Со бројките од овој нелегален попис албанските политичари го манипулирале албанското малцинство во Македонија, врз основа на нив барале одредени права и со тоа се обидувале да извршат дестабилизација на земјата.

Започнале нереди и вооружени провокации низ селата во Западна Македонија. Избил бунт на „Бит пазар“ во Скопје кога при рутинска контрола од страна на

---

[333] Види прилози, документ бр.34
[334] *ВМРО ДПМНЕ Централен управен одбор*, бр.146, 23.01.1992 Скопје

македонската полиција се собрале голем број на Албанци од скопската населба Чаир, кои повеќето биле вооружени со огнено оружје, и се спротиставиле на полицијата. Во престрелките загинале две лица и била нанесена огромна материјална штета. Ваквите судири влијаеле психолошки врз Македонците кои живееле во населбите Чаир и Топанско поле, по што започнало масовно иселување на Македонците од тој дел на главниот град. Денес овие населби во Скопје се безмалку со чисто албанско население.

## ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ ВО 1994 ГОДИНА

Во ваква неизвесност на политичката сцена во Македонија и во македонското општество биле распишани првите парламентарни избори во независна Македонија во 1994 година. Во исто време биле распишани и избори за избор на Претседател на Република Македонија. Изборите биле одржани на 16 и 30 октомври 1994 година.

Изборот на претседател на Република Македонија е спроведен согласно Решението за распишување избор на претседател на Република Македонија број 08-2620/1 од 9 септември 1994 година, што согласно член 67 став 4 од Уставот на Република Македонија го донесе претседателот на Собранието на Република Македонија, а објавено во Службен весник на Република Македонија број 47/94 од 10 септември 1994 година.

Во законски утврден рок, 25 септември 1994 година, 24,00 часот, Републичката (Државна) изборна комисија ги прими листите на кандидатите за избор на претседател на Република Македонија и тоа од господинот Љубиша Георгиевски, господинот Киро Глигоров, господинот Халид Шабан и господинот Ѓорѓија Атанасовски.

Врз основа на утврдената листа на кандидати за избор на претседател на Република Македонија, на 16 октомври 1994 година се одржаа општи и непосредни избори, со тајно гласање за избор на претседател на Република Македонија.

Врз основа на резултатите утврдени од Републичката (Државна) изборна комисија и изборните комисии на изборните единици е констатирано:

Во Република Македонија има вкупно 1.360.729 избирачи запишани во општиот избирачки список

На 16 октомври 1994 година гласале 1.058.130 избирачи или во проценти 77,76% гласачи.

На 16 октомври 1994 година гласањето е завршено во 113 изборни единици, гласале 1.058.130 гласачи, од кои за кандидатот господинот Љубиша Георгиевски гласале 196.936 избирачи или во проценти 14,47% гласачи, а за кандидатот господинот Киро Глигоров гласале 713.529 избирачи или во проценти 52,44% гласачи.

Согласно гласањето спроведено на 16 и 30 октомври 1994 година, (...) за господинот Љубиша Георгиевски гласале 197.210 избирачи или во проценти 14,49% гласачи, а за кандидатот господинот Киро Глигоров гласале 715.774 избирачи или во проценти 52,60% гласачи.

Согласно член 11 од Законот за избор на претседател на Република Македонија, за претседател на Република Македонија е избран кандидатот господинот КИРО ГЛИГОРОВ.[335]

Изборите за пратеници во Собранието на Република Македонија се спроведени согласно Решението за распишување избор за пратеници во Собранието на Република Македонија број 08-2621/1 од 9 септември 1994 година, на претседателот на Собранието на Република Македонија, објавено во Службен весник на РМ број 47/94 од 10 септември 1994 година, а врз основа на Уставот на Република Македонија и Законот за избор на пратеници.[336]

Во вториот круг од изборите во 1994 година, победата на истите ја однел Социјал демокртаскиот сојуз на Македонија со 308.809 гласови или 22,69% од гласачите.[337]

На изборите за пратеници во 1994 година ВМРО ДПМНЕ по воочените неправилности во првиот круг од изборите, повикала на бојкот[338] на вториот круг од изборите. После првиот круг се одржал протестен митинг, заради масовен фалсификат

---

[335] *Службен весник на Република Македонија*, бр.60, 17 ноември 1994, стр.1730-1731
[336] *Републичка (Државна) изборна комисија*, Извештај за спроведените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 1994 година, 8 ноември 1994, Скопје, стр.2
[337] Исто... стр.23
[338] Види прилози, документ бр.39

на изборите, на плоштадот во Скопје. На митингот биле присутни десетици илјади луѓе, а властите под изговор дека го обезбедувале протестниот собир издале наредба на сите околни згради околу плоштадот во Скопје да се поставаат снајперисти од специјалните единици на МВР, кои имале за задача да отворат оган доколку настанат немири на собирот.[339] И покрај тоа што вистинитоста за идавањето на ваква наредба од страна на министерот за внатрешни работи документарно не можеме да ја поткрепиме, интервјуираните учесници во настаните ни посочија дека навистина биле под закана на снајперски оган, немањето на валиден доказ за ова не остава само да го презентираме исказот на учесниците во настаните без притоа да напишеме дали е вистинито или не.

[339] Интервјуа со учесници и современици на настаните....

# ГЛАВА III „МАКЕДОНИЈА СРЕД БАЛКАНСКОТО БУРЕ БАРУТ"

## МАКЕДОНЦИТЕ ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА

Во овој поднаслов ќе ја опфатиме состојбата на Македонците во Егејска Македонија за време на граѓанската војна во Грција. Но во тој поглед нема да навлегуваме детално во војната, бидејќи не е тема на овој труд, туку преку неколку приложени документи ќе се обидеме на кратко да го претставиме односот помеѓу Македонците и Грците за време на војната, и односот на Југославија спрема војната во Грција и (не)давањето помош на Македонците кои учествувале во оваа војна. Истата ќе ни послужи како вовед во централниот дел од темата во третата, последна, глава од трудот која се однесува на македонско-грчките односи при распадот на СФР Југославија, при осамостојувањето на Република Македонија и меѓусебните односи до 1995 година до потпишувањето на спогодбата за нормализација на односите помеѓу Р. Македонија и Р. Грција со што и завршува овој труд.

Делот кој се однесува на граѓанската војна во Грција ќе го започнеме со писмо на грчки војник во кое пишува за убиството на Мирка Гинова која со нејзината мааченичка смрт прераснала во симбол на македонската храброст и непокор.

Писмо на грчки војник за убиството и храброста на Мирка Гинова, Еницевардар 26 јули 1946 година:

„Господине Коста, родител сте и ова што ќе ви го соопштам многу ќе ве ужали. Од денес наутро во 6 часот Ирина, за жал, престана да живее. Ви честитем што сте одгледале и воспитале таква ќерка. Смртта ја пречека храбро, со насмевка на усните и пејќи, поради тоа што сите што бевме присутни и се восхитувавме. Во 5,30 часот се доближив до неа и ја прашав, дали би сакала да им напише нешто на своите. Таа ми одговори, ако имам благородно чувство на добрина да му го напишам на татко и следново: "Умирам чесно, а не нечесно за нешто во што поверував - за подобар живот на другите, а не за мојот.. ( тој дел е оштетен, н.б.).

Вие таму ќе прашате и ќе ви го покажат нејзиниот гроб. (Јунакот Мирка). Ова имав да ви го напишам и барам извинување од вас за жалоста што ќе ја предизвикам

кај вас.. Јас ве поздравувам како војник што имав среќа да се најдам како набљудувач на овој многу жалосен настан на денот и имам пријатно задоволство што ќе ви ги пренесам последните зборови на незаборавната Ирина, која стана насекаде позната со името Мирка. За жал, грешката во која падна таа беше многу тешка, поради што и нејзината татковина и изрече таква казна. Сепак, таа отиде многу задоволна од овој мачен свет, велејќи дека еден ден мора да умре, умре сега. Мајка на Ирина, знам дека ќе плачеш, но не наоѓам утешни зборови да ви напишам, бидејќи утешни зборови не постојат за една мајка што го изгуби своето чедо.[340]

Здраво"

Советскиот делегат Мануилски на Парисkата мировна конференција одржана во август 1946 година, зборувал за теророт кој бил вршен над Македонците во егејскиот дел на Македонија под грчка окупација. Во своето излагање, покрај останатото, тој истакнал „Сметаме, меѓу другото, дека жртви на прогоните во Грција се албанското, бугарското и македонското малцинство. Сега илјадници лица стравуваат од истребување...бараат засолниште во Албанија и Југославија."[341]

Димитар Влахов во интервју дадено 29 септември 1946 година говори за ситуацијата во Егејска Македонија и за причините кои довеле до моменталната ситуација: „Пред половина век, 1896 година, Егејска Македонија имала - според пребројувањето извршено на основа податоците дадени од нашите црквено-просветни општини - 977 489 жители, од кои 365 506 Македонци, или 35,5% од целокупното население; 242 474 Турци, или 24, 6%...; 225 000 Грци, или 23%...и 144 509 жители од други народности: Евреи, Албанци, Куцовласи, Цигани и други.

После Балканската војна етничкиот состав на Македонија се измени како резултат на делумното бегство на турското население во Цариград и Мала Азија, како и бегството на еден дел од македонското словенско население од крвавиот терор кој во Македонија го спроведуваше посебната грчка војска. Познато е, на пример, дека градот Кукуш со 12 000 жители беше уништен (сите куќи беа запалени заедно со

[340] Државен архив на Република Македонија, фонд: Егејска Македонија во НОВ, кутија 19/174.
[341] Direction de la documentation Francaise. Recuell des documents de la Conference de Paris, 29.07 – 15.10.1946. Livre V Come vendu Stenographique des vingt-troisieme et vingt-quatrieme Séance plenaires tenues le jeudi, 22 aout 1946. Expose de M.Manuilski-Ukraine.

населението, освен старците кои ги претепа грчката солдатеска или ги принуди да бараат спас во бегство), и дека 161 село со 16 000 жители беше уништено од грчката солдатеска.

При крајот на 1920 година во Егејска Македонија имаше 324 442 Македонци, 162 000 Турци, 287 000 Грци и 135 000 жители од други националности; вкупниот број на жители изнесуваше 908 443. Меѓутоа, уште поголема промена на етничкиот состав во тој дел на Македонија е извршена од 1922. до 1925. година, кога Македонците се насилно протерани како резултат на престапничката конвенција (се однесува на Нејската конвенција од 27.XI.1919 г., н.б.) склучена меѓу Бугарите и Грците за размена на Македонците од Македонија за Грци и Бугари и меѓу Турција и Грција за размена на Турци од Македонија и грчки бегалци од Мала Азија и Цариград после поразот на Грција во 1922 година во војната со Турција. (се однесува на Лозанската конвенција од 30.I.1923 г., н.б.)

Околу 1928 година, според грчките службени податоци, во Егејска Македонија имало 638 253 бегалци и нивните деца.

После сите насилни промени извршени во Егејска Македонија, после насилничките прогони на македонското население (околу 15 000 лица), особено во источниот дел на Егејска Македонија, во тој дел на Македонија има 269 000 Македонци - во некои окрузи ние Македонците претставуваме мнозинство, а во три од нив претставуваме апсолутно мнозинство. Така на пример: во Леринскиот округ Македонците претставуваат 76,9% од целокупното население, во Костурскиот (округ) 75,2 %, во Воденскиот 54,85, во Зрлешкиот 46, 7%, во Ѓуменџискиот 42, 7%, во Кајларскиот 32, 9%, во Демирхисарскиот 32,9%, Во Ениџе-Вардарскиот 31,35, во Солунскиот, без градот Солун, 27,6%, во Серскиот округ 13%.

Изнесените податоци очигледно покажуваат дека Грција нема апсолутно никакво право на Егејска Македонија, која е словенска земја.

Треба да се истакне дека во 1912 година, од 20 околии во Егејска Македонија, во 14 околии Македонците се во мнозинство спрема Грците (во осум околии воопшто нема Грци) и дека од 54 општини во Македонија во 48 има повеќе Македонци отколку Грци.

Зарем не е јасно дека сегашниот етнички состав на Егејска Македонија е резултат на империјалистичката политика на грчката влада, како и на другите империјалистички влади кои располагаа со живото тело на Македонија како со своја стока? Ете зошто, и од етничка точка на гледање, а да не зборуваме за политичката, културната, економската и историската, Грција нема никакви права на Егејска Македонија. Егејска Македонија му припаѓа на македонскиот народ и тој треба да биде господар на својата земја."[342]

Јосип Броз Тито за недавањето помош на Македонците во Егејска Македонија за време на граѓанската војна во Грција од страна на Југославија истакнал: „Тоа не е точно (за префрлувањето оружје и храна преку југословенско-грчката граница, н.б.). Јас можам тоа да го тврдам, бидејќи тоа добро го знам. Исто така морам да нагласам дека Југопславија во поглед на Егејска Македонија нема да превзема никакви други мерки освен оние што се во духот на принципите на Обединетите нации. Сите други говорења не се ништодруго туку говорења што имаат за цел да и наштетат на нашата земја."[343]

Јосип Броз Тито за прогонот на Македонците истакнувал дека Југославија нема да го отвара тоа прашање но немала да стои на страна и да затвара очи пред проблемот, што би значело, нема да превзема ништо и ќе биде нем набљудувач. „Нашата влада (Владата на ФНРЈ, н.б.) не го покренува проблемот на Егејска Македонија. Но, ние не можеме да бидеме индиферентни спрема репресијата што ја вршат органите на грчката влада над македонското население."[344] Но сепак, Југославија не преземала никаква акција за спас на Македонците од Егејска Македонија, таквите позиции ги правдала со наводната закана од Сталин доколку Југославија влезе во судир со Англо-американските војски. Ова оправдување Југославија го користела до самиот крај на нејзиноито постоење.

На оваа изјава од Тито следел одговор од грчкиот премиер Цалдарис:

„На крај сакам да наведам цитат од изјавата што маршал Тито ја дал за еден американски дописник: Проблемот на Егејска Македонија не беше поставен од страна

[342] Dokumenti o spoljnoj politici SFRJ, 1946, II, dok.64. str 184-187
Димитар Влахов, Говори и статии 1945-1947, Скопје 1947, стр. 147-152
[343] Jisip Broz Tito, Govori i clanci, knj.II, Naprijed, Zagreb 1959, str. 349-352
[344] Државен архив на Република Македонија, фонд: Д.В., k-20, CS/ON,s/P.V. 83/12.XII.1946, 21

на нашата влада како еден од оние што требаше да бидат решени во последната фаза на Мировната конференција. Но, ние секако ќе превземеме мерки со намера да се запре тероризирањето на малцинствата во Грција, а посебно тие во Егејска Македонија."[345] Додека весникот "New York Times" за изјавата на Цалдарис напишал: „Цалдарис изјавил: "Како доказ Македонија да се оддели од Грција, господинот Цалдарис ја навел изјавата на маршалот на Југославија Тито што ја дал, како што рекол Цалдарис, на еден американски дописник (Сулцезбергер, н.б.) на 16 октомври."[346]

Во Њујорк на 16 декември 1946 година во Советот за безбедност на Обединетите Нации, Сава Косановиќ имал излагање во врска со овие изјави. „Господинот Цалдарис очигледно се повикал на една статија на C.L.Sulzberger, кој се појавил во „New York Times" на 15. октомври. Таа веројатно била следниот ден телеграфски пренесена во Атина и во преносот можело да дојде до искривување на текстот. Во интервјуто во "New York Times" со југословенскиот лидер е нагласено, меѓутоа, дека маршал Тито рекол оти мерките коишто тој ќе ги преземе ќе бидат преземени во Обединетите нации."[347]

На 12 март 1947 година во Конгресот на САД, американскиот претседател Труман залагајќи се за опстанокот на Грција директно се заложил и за егзодусот кој бил вршен врз Македонците во Егејска Македонија, тој тоа го поттикнал со следнава изјава: „Самото постоење на грчката држава денес е загрозено поради терористичките акции што ги спроведуваат неколку илјади вооружени луѓе, предводени од комунистите, кои им се спротивставуваат на органите на власта. Грција мора да добие помош ако сакаме да стане самостојна и почитувана демократска држава. Сметам дека Соединетите Американски држави мораат да водат политика на помагање на слободните народи кои даваат отпор на обидите за потчинување од страна на вооруженото малцинство или на притисоците однадвор."[348] По прашањето за обединета Македонија, американскиот претседател Труман пред Конгресот на САД на 17 март 1949 година изјавил: „Една таква автономија на Македонија ќе ја лиши Грција

[345] Според стенограмите од седницата на Советот за безбедност на Обединетите Нации, D SP SFRJ, II, 1946, стр. 321

[346] D SP SFRJ, II, 1946, стр. 321-322

[347] UN Security Council, Official Records, First Year: Second Series, No 26, pp. 588-590

[348] Изјава на Труман во Конгресот на САД, на 12 март 1947 год. објавена во: Documents on International Affairs, 1947 – 1948, London: Oxford University Press, 19512, str.2-7

од една од најбогатите нејзини области и за секој Грк, независно од партиската припадност, ќе биде навреда атакувањето спрема Македонија од страна на КПГ". После војната, Грција ќе прерасне во стратешка позиција на САД и земјите од Западна Европа, заради нејзината географска местоположба, близината на нејзините острови кон Блискиот Исток и Северна Африка, САД и НАТО Алијансата и давале целосна поддршка на Грција во сите нејзини политики. Поддршката на ројалистите во Грција од страна на САД и Велика Британија е првиот и единствен преседан во однос на Втората светска војна и по нејзе, во тој момент САД и Британија застанале на страната на нацистите, идеологија против која се бореле до пред две години. Двојните аршини се провлекувале низ целиот тој период, Западните земји застанале цврсто против Хитлер, но кога станувало збор за нивните интереси надвор од нивните територии ти директно и отворено ги поддржувале, вооружувале и финансирале пулените на Хитлер во Грција кои вршеле геноцид врз македонското население.

За време на граѓанската војна во Грција, Македонците биле целосно вклучени во редовите кои се борале против ројалистите кои всушност биле наследници на нацистите во Европа. Во Програмата на НОФ[349] на Македонците од егејскиот дел на Македонија донесена на првиот Конгрес на НОФ одржан во јануари 1948 година се вели: „Народноослободителниот фронт на Словеномакедонците (НОФ) се појави како сенародно антифашистичко движење на отпорот на македонскиот наро. Движењето на НОФ претставува продолжение на НО борба што ја водеше во последните години македонскиот народ заедно со прогресивните антифашистички сили на грчкиот народ против политиката на национално угнетување и уништување што ја спроведува владејачката капитаистичка олигархија спрема македонскиот народ".[350] Во последниот пасус од Точка 2 од Програмата пишува дека Македонците во Егејска Македонија се борат за својата самостојност исто како што нивните браќа од вардарскиот дел кои успеале да создадат своја држава. „ Нашиот братски народ на НР Македонија внатре во рамките на ФНРЈ, во единство и заедничка борба со другите југословенски народи, успеја да ја извојува својата слобода и своите права. Така и нашиот народ во единство

[349] Види прилози, документ бр.20

[350] Државен архив на Република Македонија, Збирка Егејска Македонија во НОБ 1945-1949, АЕ: 12/48 год.

и неразрушлив фронт на заедничката борба со грчкиот народ за независност и демократија на нашата земја. ќе ги извојува своите права и слобода.[351]

За придонесот на македонскиот народ во ослободителната борба во Грција, се говорело и на IV Пленум на КПГ кој се одржал на 28-29 јули 1948 година. На пленумот по истото прашање била донесена и Резолуција во чија содржина била заклучена и пожртвеноста на Македонците. „Пленумот го потенцира вонредниот придонес што го дава словеномакедонскиот народ за општото дело на слободата. Учеството на словеномакедонскиот народ во ослободителната борба е сенародно и тотално. Со оваа своја борба словеномакедонскиот народ цврсто го гради својот слободен и рамноправен живот; со крвта на своите синови и ќерки ја закрепнува својата народно-демократска иднина."[352]

За индифирентниот став на КПЈ кон македонското прашање и моменталната војна која се водела во Грција, а во која Македонците се бореле за решавање на ова прашање преку создавање на автономна област на територијата на Егејска Македонија, која во иднина би се припоила кон СР Македонија, со што решавањето на македонското прашање би преминало во понапредна фаза, пристигнувале остри критики и од ЦК на КПСС. Захаријадис на 15 јуни 1948 година, од Москава испраќа протест до ЦК на КПЈ во кој директно ја изнел целата политика на КПЈ кон војната во Грција и кон македонското прашање.

Во продолжение ги приложуваме, писмото од Захаријадис до ЦК на КПЈ и одговорот на ЦК на КПЈ по повод ова писмо, одговор во кој е евидентна грижата на ЦК на КПЈ, Македонија да не се обедини, да не се зборува за „Балкански сојуз" и да не се претвори Македонија во силен играч на Балканот. На крајот е прикажан и ставот на Захаријдис кон Тито, кој вели дека Тито во ништо не се разликува од монархофашистите, и осудата од македонските друштва од Источна Европа која се однесувала кон грчките власти но и кон југословенските власти на чело со Тито.

Протестно писмо од Захаријадис до ЦК на КПЈ, 15 јуни 1948 година

„Во почетокот на март 1948 год. јас и др. Иоанидис пристигнавме во Белград каде што се сретнавме со др. Тито, Кардељ, Ранковиќ и Ѓилас. Кардељ и Ѓилас изнесоа дека др. Сталин изразил соменавање во победата на ДАГ. Кардељ рече уште дека др.

[351] Исто...
[352] Исто... кутија 20/302

Сталин ги предупредил Југословените дека ако, помагајќи ја демократска Грција, влезат во војна со Англо-Американците, Советскиот Сојуз нема да и даде на Југославија никаква помош. При овој разговор Југословените многу не критикуваа за нашата работа. Др. Тито истакна дека тие веруваат во победата на демократска Грција и дека без оглед на погоре искажаната позиција, тие ќе продолжат да ни даваат помош. Тој ми предложи да појдам во Москва за разјаснување на ова прашање. Јас не се согласив и изјавив дека ќе се погрижиме со нашата борба да докажеме дека ние можеме да победиме... Така стојат нашите односи со КПЈ. Зафатени со борбата и некако изолирани од животот на Информбирото, а исто така имајќи предвид дека ние во нашата борба, главно се потпиравме на Југославија, со сите сили настојувавме да избегнеме заострување на нашите односи и другарски да ги решаваме сите настанати несогласувања. Јас лично можам да признам дека допуштив сериозна политичка грешка што не ве известив за сето ова. Сметам дека е сосема правилна критиката на ЦК на КПСС спрема КПЈ и нејзините лидери. Со содржината на ова писмо ќе биде запознаено раководството на КПГ и ќе биде издадено соодветно соопштение за состојбата во КПЈ."[353]

Наспроти сите декларативни заложби за некаква помош од страна на Југославија дадена на Македонците од Егејска Македонија стои вистината. Централниот комитет на КПЈ жестоко реагирал на спроведуваната политика и стремежот на КПГ за обединета Македонија во Балканска федерација. ЦК на КПЈ на 3 март 1949 година испратил протест:

ЦК на КПЈ до ЦК на КПГ

Во врска со денешната политика на КПГ по македонското национално прашање, ЦК на КПЈ смета за потребно да укаже на следните факти:

1. ЦК на КПЈ смета дека ставот што го заседе Вториот пленум по прашањето за Егејска Македонија во основата е правилен и полезен за денешната ослободителна борба на грчкиот народ.

2. Сепак, ЦК на КПЈ се чуди дотолку повеќе поради тоа што вашиот Пленум, на II-от пленум на НОФ во Вичо за тоа е донесена резолуција во коа се вели дека во март

[353] Државен архив на Република Македонија, Збирка Егејска Македонија во НОВ 1945-1949, кут.20/33/55

Конгресот на НОФ ќе го прокламира обединувањето на Македонија во една единствена, независна и рамноправна македонска држава во народно-демократска федерација на балканските народи.

ЦК на КПЈ смета дека дека таквиот став не е во согласност со одлуката на Пленумот и е штетен и опасен за натамошниот развој на борбата на грчкиот народ и може да го поткопа единството на борците на ДАГ, кое денес е основна потреба за вашата борба.

ЦК на КПЈ овој став го засновува врз следното:

Истакнувањето да се создаде независна држава во рамките на балканска федерација денес не е актуелно, туку само го одвлекува вниманието на грчикот народ и на Македонците од Егеј од основната задача на заедничката борба против монархофашистите. Воопшто не е сфатливо како некој може од името на еден дел на македонскиот народ, независно дали е тој од Македонците од Егеј или во Пирин, да сака да го реши македонското прашање, немајќи односи, ниту договор со Народнна Република Македонија во која веќе е собрано мнозинството на македонската нација. Сметаме дека таквата политика е насочена против ФНРЈ.

б) ЦК на КПЈ, исто така, смета дека дека засебната прокламација за сенародно востание на Македонците од Егеј надвор од рамките на сенародното востание на цела Грција, може само да ја изолира борбата на Македонците од Егеј од заедничката борба на целиот грчки народ.

Поради тоа ЦК на КПЈ смета дека ЦК на КПГ треба да го спречи водењето на таква политика на Конгресот на НОФ на Македонија, чекаме од вас непосреден одговор“.[354]

Захаријадис за односот на Тито кон македонското прашање:

„На VII пленум на КПГ Мичос Парцалидис, член на Политбирото на ЦК на КПГ, поставил прашање за тоа каква ќе биде судбината на НР Македонија по создавањето на македонската држава во рамките на проектираната балканска федерација, на што лидерот на КПГ, Захаријадес, одговорил:

---

[354] *КПГ и македонското национално прашањ...*, стр.438-439

„Точно, другар, против тоа се насочуваме, и против Тито, кој како и монархофашизмот го угнетува македонскиот народ. Перспективата што ја дававме беше ослободувањето не само од монархофашизмот, туку и од Тито, кој Македонија ја фрла, ја фрли под империјалистичкиот јарем, империјалистичката експлоатација...“[355]

На Конгресот на македонската емиграција во источноевропските земји била осудена грчката држава и власти, но и југословенските власти. Покрај другото било истакнато дека југословенската власт е иста како и грчката, фашистичка. „Македонскиот народ е словенски народ, тој е самостоен народ... има богата историја и славна револувионерна традиција... Македонскиот народ како народ има целосно право на слободно определување на својата судбина. Има право да се организира според својата волја а да не ги засегне интересите на другите народи. Дамнешнатата желба на нашиот народ, од периодот на неговото национално осветување, е тој да се конституира во единствена, народна, независна и демократска македонска држава.“[356]

Од друга страна, дипломатските изведштаи испраќаат анализи до своите држави за проблематичноста помеѓу југословенско-грчките односи, кои наводно биле заладени заради македонското прашање. Француските амбасадор во Атина во септември 1950 година испратил писмо во кое вели: „грчката страна го игнорира македонското малцинство и неговите национални права, што претставува еден од основните предуслови за нормализација на југословенско-грчките односи“.[357]

За одмазничките акции на грчката држава против учесниците во отпорот, пред се против етничките Македонци, постојат повеќе податоци, во еден од изворите стои: „Во периодот меѓу јуни 1946 и октомври 1949 година биле донесени 3.150 смртни казни, од кои 1.223 биле извршени. Повеќе илјади лица биле казнети со затвор“[358]

И покрај протестот на ЦК на КПЈ против започнување на посебна борба на Македонците во Грција, на 27 март 1949 година се формирала Комунистичка организација на Македонците од егејскиот дел на Македонија (КОЕМ): „На 27 март 1949 година се одржа Основачки состанок на кој учествуваа 163 комунисти, делегати

[355] VII пленум на КПГ (1950), стенографски белешки, стр.175

[356] *Чехословачки дипломатски документи за Македонија 1976-1989*, кн. 4, ред. Новица Велјановски, Јан Ритлих, ДАРМ, Скопје 2010, стр. 347

[357] Archives diplomatique...Paris..Serie, Z, Europe, Sous-serie, Greece 1949-1955, vol.53.

[358] John Campbeel and Philip Sherrard, *Modern Greece*, London: Benn 1968, str.249

на II конгрес на НОФ, кои едногласно решија да се формира Комунистичка организација на Македонците од егејскиот дел на Македонија, како дел на КПГ.[359] Сите присутни настанот за формирањето на КОЕМ го поздравија со ентузијазам како една голема и решавачка придобивка на македонските комунисти и на целиот македонски народ."[360]

За ставот на грчката држава кон Македонците во Егејска Македонија и за борбата, пожртвуваноста и храброста на Македонците во војната, ќе ги прикажеме зборовите на Коста Морна кој на 17 април 1949 година дава информација за битката на Грамос.

„Комунистите им ја продаваат Македонија на Словените. Во Грција не живее ни еден словен. Словеномакедонците се Бугари, примитивци, долна раса што треба да ја снема...", така дрдорат џелатите од Атина и нивните господари.

Но, кој може да му го порекне правото за слободен и независен државен живот на еден толку горд, чесен, слободољубив и херојски народ како што е словеномакедонскиот? Во гигантската борба за слобода, независност, демократија, која се води во оваа славна земја, во Грција, први, масовно и сесрдно зедоа учество двојно поробените Словеномакедонци.

Денес со реорганизацијата на нашата влада (се однесува на Привремената демократска влада, н.б.), секој словеномакедонец се чувствува за еден степен повисоко, бидејќи и тие земаат учество во неа. Мажи, жени и деца стана на нозе и сите се во борба. Го нарамија оружјето и со неопишлив хероизам, прегрнати со грчките борци, се борат за да го урнат монархофашизмот, со што ќе им се отвори патот за нивната слободна, независна, демократска македонска земја.

Жена ми е пушката,

деца ми се патроните,

пеат и се борат...(стихотворбата е на македонски јазик, н.б.)

Невидени досега херојства, недостижно јунаштво, офанзивни јуриши и мајсторства покажаа сите словеномакедонски борци, мажи и жени и раководните кадри на 108 бригада во новата епопеја на Грамос...

---

[359] А М, *Егејска Македонија во НОБ* 1949, т.VI, стр 172

[360] Државен архив на Република Македонија, фонд: Егејска Македонија во НОБ 1945-1949, а/е 38

Дожд од гранати истураше со лесниот минифрлач врз непријателскиот баталјон, водникот Танас Ташо. Тој иако ранет ја продолжи борбата.

Збратимување, партизани-војници! Извика бившиот војник, Словеномакедонецот Сумтаков Вангел од село Екши-Су и падна мртов врз својот пушкомитралез.

Да живее единството меѓу грчкиот и македонскиот народ - беа последните зборови на незаборавниот 58-годишен стрико Трајан Трајанов од Воштарени. Како мајка на четата го сметаа ...стариот јунак, чиј син минатата година падна на Грамос како политкомесар на чета.

Политкомесарот Папазов Христо, водникот Захарија, смелата Поликсена Мишова и Ѓорѓи Зигованов, влеваа паника кај непријателот, а офанзивност кај своите борци.

Симбол на решителност, јунаштво и самопожртвување за Словеномакедонците и за целата бригада е нашиот скап херој, незаборавниот ветеран, капетанот Том Попдимитров од Нестрам првиот партизан на Грамос...Неговата чета секогаш беше...прва во борбата за ослободување на неговиот сакан Грамос, во кој израсна и каде што сега почива неговото тело, накитено со ордени и изрешетано со рани. Умирајќи тој извика: "Да живее КПГ! Да живее слободна Македонија![361] Борци Словеномакедонци, продолжете ја светата борба".[362]

Привремената демократска влада испратила Апел за примирје и прекин на граѓанската војна во Грција кој бил испратен на 20 април 1949 година.[363]

За традициите на Илинден кои биле продолжени и во втората светска војна, а и за време на граѓанската војна во Грција говори и прогласот кој НОФ на 2 август 1949 година го издал до сите Македонци во Егејска Македонија:

„На 2 август 1903 г, денот на Илинден, македонскиот народ го опаша оружјето и под знамето на Делчевата ВМРО се бореше да го урне турскиот јарем.

„Со невиден хероизам востаниците го ослободија гр. Крушево и основаа, по 500 години ропство,... прва Република на Македонија.

---

[361] А М, *Егејска Македонија во НОБ 1949*, т.VI, док.102. стр 214-216

[362] Државен архив на Република Македонија, фонд: Егејска Македонија во НОБ 1945-1949, а/е 48/А/49

[363] Види прилози, документ бр.22

Прогресивниот карактер на Илинденското востание ги збрка расипаните умови на балканските големоидејати, империјалистите и шовинистите, кои со помошта на предавниците -Врховистите го задушија востанието во крв.

Но, духот на Илинден остана да живее во свеста на поробениот Македонец...

Светеше како светла парола политичкиот тестамент што ни го оставија Гоце Делчев, Јане Сандански, Никола Карев, Ѓорче Петров, Питу Гули и др. е вкорени во свеста на поробениот македонски народ повеќе од секој пат љубовта кон слободата, зајакна неговата верба кон победата...

Македонскиот народ од Егејска Македонија во својата многугодишна борба плати и плаќа голем данок во крв за извојувањето на својата слобода...."[364]

Во 1949 година бил издаден извештај од Специјалната комисија на ООН за прогонот кој го вршела грчката влада: „Дури ни грчката Влада во својот извештај од 30 ноември 1949 година не негира дека од Грција имало 486.925 бегалци, а според Специјалната комисија на ОН имало вкупно 552.000 бегалци од кои 232.000 од Македонија."[365]

Лемоан, за угнетувањето и за непокорот на Македонците во Егејска Македонија на 17 септември 1952 година било подвлечен: ова значајно малцинство (се однесува на македонското, н.б), е многу жилаво и работливо, со кое Англичаните ги зачуваа тесните врски, живее нескршливо приврзано кон своите обичаи и посебно кон својот јазик. Генералната инспекција за странски училишта со седишете во Солун посебно се зафати со утврдување на задачата, да ја уништи употребата на словеномакедонскиот дијалект што се употребува во семејствата кои го исклучуваат грчкиот јазик."[366]

Француски дипломатски извештај за конфискацијата на имотот на Македонците од Егејска Македонија од страна на грчката држава кое било уредено со посебен закон: „овој закон е една дискриминаторска мерка во поглед на ова малцинство - лишените Македонци и нивните семејства беа принудени да ги напуштат нивните

---

[364] Државен архив на Република Македонија, фонд: Егејска Македонија во НОБ 1945-1949, а/е 56

[365] Archives diplomatiques Nantes, Skopje, vol.201

[366] Archives diplomatique...Paris..Serie, z, Europe, Sous-serie, Greece 1949-1955, vol.53

огништа за да најдат прибежиште во Југославија...тој е донесен со цел да ја измени етничката структура на населението од Северна Грција."[367]

Граѓанската војна во Грција и егзодусот на Македонците од Егејска Македонија биле целосно финансирани од САД и Велика Британија, помеѓу бројките се спомнуваат следниве донирани средства на Грција во периодот од 1947 до 1966 година: "Меѓу 1947 и 1966 години на државата, (Грција, н.б.), која броела околу осум милиони жители, и биле дадени 1 милијарда и 895 милиони долари економска помош и 1 милијарда и 854 милиони долари воена помош, или вкупно 3 милијарди и 749 милиони долари (од страна на САД, н.б.). Во 1966 и 1967 година на Грција и биле дадени 65 милиони долари како воена помош, а приближно толкав износ следел и подоцна."[368]

За американската инволвираност во Грција се говори на повеќе места. "Грците од сите класи веруваат дека малку работи што се од големо значење за Грција можат да се случат, а да не се резултатат на американската акција, притисок или барем согласност. Се сметало за неспорно дека ниту еден воен пуч не може да се случи без американско учество, особено поради тесните врски меѓу грчкиот и американскиот воен естаблишмент."[369]

## МАКЕДОНСКО ГРЧКИТЕ ОДНОСИ ПРИ РАСПАДОТ НА ЈУГОСЛАВИЈА

Кога станал се поизвесен распадот на СФР Југославија, Грција веднаш преземала мерки со кои сакала да го минира создавањето на македонска држава на северната граница, и да ја анулира поддршката од било која земја за создавањето на државата Македонија. Целата грчка дипломатија била во офанзива низ светот со цел да излобира да не се даде никаква поддршка на Република Македонија, тоа го

[367] Archives diplomatique...Nantes.Fond, Etata General des fonds, Serie, Skopje, vol.2
[368] Hane Perry Clark Carey & Andrew Galbraith Carey, *The Web of Modern Greek Politics* (New York: Columbia University Press, 1968, стр. 213
[369] Keith R. Legg, *Politics in Modern Greece,* (Stanford: Stanford University Press, 1969), str. 239.

преземала уште кога во Југославија, а пред се во Македонија се`уште срамежливо се спомнувало за распадот. Во тој период грчката држава го преименила името на северните области во „Македонија“ и областа ја поделила на 3 административни дела „Западна Македонија“, „Централна Македонија“ и „Источна Македонија“.

Додека во Скопје се молчело за распадот на СФР Југославија и за Македонците во Егејска Македонија, кои сеуште биле под силна тортура и асимилација од страна на грчката држава, македонската емиграција веќе била раздвижена и по двете прашања. На 1 и 2 јули 1988 година се одржала средба на децата бегалци од егејскиот дел на Македонија од која излегле со соопштение и Декларација за јавноста.

СООПШТЕНИЕ

"Ние некогашните деца, родени во Егејскиот дел на Македонија, принудени пред ужасите на Граѓанската војна во Грција 1948 година, да ја напуштиме родната земја се собравме по 40 години на средбата во Скопје, главен град на СР Македонија, во СФР Југославија, по толку години разделени од своите најблиски, од своите другари, од своите огништа, за да се видиме да ја запознаеме нашата татковина. Истовремено ја користиме можноста да ја изразиме нашата длабока благодарност кон земјите и народите што ни дадоа прифатилиште и заштита во најтешките животни мигови за нас и кои ни овозможија да живееме живот достоен за човекот. Со оваа наша средба ја искажуваме нашата приврзаност кон идеалите на мирот, слободата, демократијата, нашиот стремеж кон создавање на свет ослободен од секакви стеги, омрази, дискриминации, и од се што го урива достоинството на човекот.

Од името на својата генерација, од името на своите таковци и мајки, од името на сите нас собрани на оваа средба и се обраќаме на меѓународната јавност со следнава

**ДЕКЛАРАЦИЈА**

Ние, кои минавме низ пеколот на војната, низ сите трауми на принудниот азил, добро знаеме што значи личната и колективната драма на човекот. Илјадници наши врсници останаа засекогаш во пепелиштата на војната, или пак своите страдалнички животи ги расфрлаат по свеетото како откорнати. Ние кои останавме

израснати во разни земји на светото, научивме да истраеме во добро и зло никогаш не губејќи надеж, и покрај суровоста на животот, дека еден ден пак ќе си ги видиме нашите мајки, татковци и родниот крај...

Од името на основните човечки слободи и права, ние некогашните деца од Егејскиот дел на Македонија, сега како граѓани на повеќе земји во светот (Албанија, Бугарија, ДР Германија, Унгарија, Полска, Романија, Чехословачка, Советскиот Сојуз, Југославија, Австралија, Канада и САД) го креваме својот глас против сите обесправувања на човекот, против сите облици на дискриминација: политичка, национална, расна, верска и културна. Апелираме да се признаат и да се применуваат и спрема нас Македонците и спрема нашите блиски што живеат во Грција: Општата декларација на ООН за правата на човекот, Европската конвенција за човечки права, завршните документи од Хелсинки и сите други документи на меѓународната заедница со кои се заштитува човештвото, неговата сегашност и неговата иднина. Од името на тоа бараме да се симне забраната со која нам, на Македонците од Егејскиот дел на Македонија, ни е одземено правото да ги посетуваме нашите родители и блиски, своите огништа, и се што ни е најмило. Ние ме лишени од правото да ги посетува,е нашите светилишта, гробовите на своите предци, на своите татковци и мајки, да ги посетиме пријателите и другарите во Грција. Живееме во век во кој земјите и народите се определија односите меѓу себе да ги засноваат и да ги градат врз силата на правото, а не врз правото на силата! Затоа апелираме да се признааат и почитуваат сите права на македонското национално малцинство, правото на еднаквост пред законот, правото на заштита на македонскиот национален и духовен интегритет, правото на Македонците да го изучуваат својот мајчин јазик и сите други основни човечки права.

Ние не сакаме да се повтори нашата судбина ниту за едно дете на земјината топка. Ние не сме виновни што сме деца на загинати херои, кои братски, еден до друг, се бореа со најпрогресивните синови на грчкиот народ против фашизмот и против носителите на злото и ужасот!

Националните малцинства што живеат на Балканот претставуваат богатство и историска шанса - низ културен натпревар на народите да се изградат цврсти темели на братска соработка и похумана човекова иднина. Свесни сме и уверени дека иднината на Балканот треба да се решава со соработка и разбирање, отвореност, комуникација и демократски слободен развој на народите и малцинствата во сите

земји. Денес целиот свет се менува и минува низ процес на ослободување и сестран подем. Ние се залагаме во тој свет, на македонското малцинство да му се признаат најелементарни човечки права и достоинства..."[370]

## МАКЕДОНСКО – ГРЧКИТЕ ОДНОСИ ПО МАКЕДОНСКАТА НЕЗАВИСНОСТ

Доколку Република Грција започнала дипломатска офанзива уште пред распадот на СФР Југославија, веќе по осамостојувањето на Република Македонија, таквата активност била неколкукратно засилена. Грција влегла во преговори и со Бугарија и Србија за поделба на Република Македонија. Во игра биле истите три балкански држави во чиј состав потпадна Македонија по Букурешкиот мировен договор од 1913 година. Република Бугарија веднаш ја одбила ваквата понуда од страна на Грција, додека Србија, на чело со Милошевиќ кај кој биле живи големосрпските идеи, влегла во разговори со Грција по ова прашање.

Република Грција неможејќи физички да го спречи создавањето на македонската држава, го отворила т.н. спор со името на Република Македонија во кое, според нив, биле содржани територијални претензии на Република Македонија кон Република Грција кон истоимената грчка провинција со име „Македонија", се однесува на територијата на Егејска Македонија. Стравот на грчката држава од Република Македонија и нејзините идни потези по однос на македонското прашање и македонското малцинство во Република Грција, се гледа и од изјавата на Константин Мицотакис кој ја дал на 17 јануари 1995 година, по склучувањето на сите договори за кои ќе стане збор подоле во текстот. „По април 1992 година, кога целокупното јавно мислење беше толку емотивно оптоварено со прашањето на името, за мене беше невозможно, макар и од позиција на премиер, да наметнам друга политика. Најголема грешка на нашата политика во однос на Скопје, која беше наметната од Самарас, беше тоа што го потенциравме името, а во втор план го ставивме клучното национално

[370] Стојан Киселиновски, *Средбата на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија*, Гласник на ИНИ, јануари-април 1988, стр.142-143;

прашање: одбивање на тврдењата на Скопје за непостојното словенско малцинство во Грција".[371]

Практично Грција ставила блокада на признавањето на Република Македонија од страна на било која држава. Секоја држава која ќе ја признаела независноста на Република Македонија добивала протестна нота од Република Грција, бил повлекуван грчкиот амбасадор и следеле закани за прекин на секаква соработка, политичка и економска. Силното грчко лоби во САД кое произлегува од моќната грчка дијаспора, влијаело врз одлуките на САД за непризнавањето на Македонија се до 1995 година. Американскиот претседател Џорџ Буш во писмото испратено до Киро Глигоров само декларативно се произнесува за признавањето на државата и упатува охрабрување да се засилат разговорите со Република Грција. На тој начин, постоењето на државата Македонија зависело од милоста на Република Грција и нејзините интереси, кои пак оделе во правец да не постои воопшто никаква држава на нејзината северна граница која ќе се нарекува Македонија и да не постои држава, под било кое друго име, во која мнозинство ќе бидат Македонците и истата ќе биде раководена од Македонци.

„Соединетите Американски Држави ќе продолжат интензивно да дејствуваат со Европската заедница и со нејзините земји-членки за итно разрешување на преостанатите прашања меѓу Грција и Република Македонија, со што ќе се овозможи Соединетите Американски Држави, исто така, и на Вашата Република да и доделат признание. Наш став е дека принципите за слобода и потребата за одбегнување на понатамошната нестабилност на вознемирениот Балкан бараат ова прашање да се реши колку што е можно побргу. Ние цврсто ги поткрепуваме усилбите на Претседателството на ЕЗ во оваа насока и ургираме кај Вас да останете активно ангажирани во овие напори".[372]

## ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛОВЕНСКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Македонската дипломатија го доживеала својот неуспех на 27 јуни 1992 година кога на Самитот на ЕЗ во Лисабон била донесена Декларација, позната како

[371] пренесено во в. *Нова Македонија*, од Атина, 18 јануари 1995 год.
[372] *Признавањето на Македонија* (Избор од светскиот печат)..., стр. 44-45

„Лисабонска Декларација", во која од Македонија недвосмислено било побарано да го смени своето име доколку сака да биде признаена од ЕЗ и нејзините членки. Македонските власти предводени од Киро Глигоров со својата пасивност и политичка борба внатре во државата, го пропуштиле периодот од мај до јуни 1992 година кој по сите параметри бил најповолен за Република Македонија која уживала поддршка, наклонетост и симпатии од речиси сите држави. Тоа е периодот кога излегол извештајот од Бадентеровата комисија, кој бил исклучително поволен за Македонија, САД имале симпатии кон македонската незвисност, и сеуште не бил склучен договорот во Мастрих кој предвидувал заедничка координирана надворешна политика на ЕЗ. Што значело, не бил потребен консензус по одредени прашања, било потребно просто мнозинство и немало можност една членка да ја диктира политиката на целата Заедница со ставањето на вето. После тој договор, па се до ден денешен, Европската Унија може да биде блокирана по било кое прашање доколку само една членка стави вето. Грција по склучувањето на тој договор перманентно го користи правото на вето врз Македонија и со тоа на сите останати држави им се врзани рацете во односите со Република Македонија. Веќе по Лисабонската Декларација, Македонија започнала да чекори кон својот пораз во односите со Република Грција. Откако тежиштето на подршката се префрлило на страната на Грција, повеќе немало никакви опции Македонија да се надева на признавање под уставното име. Повеќе не било прашање дали Македонија ќе го смени своето име, туку дали во новото име воопшто ќе се состои терминот Македонија. И покрај ваквиот пораз во надворешната политика, македонските власти на чело со претседателот Киро Глигоров, повеќе се грижеле за сопствениот рејтинг внатре во државата, и како на јавноста ќе и соопштат дека следи промена на уставното име. Страшливата политика која ја воделе македонските власти, а која би се однесувала на некаков реципроцитет кон грчката држава, макар и на економски и транспортен план, ја направиле лесен плен за јужниот сосед кој пак се водел по строго зацртаните идеи уште од „Мегали идејата". Македонската политика наместо да ги форсираат безбедносните служби да прибираат сознанија во оваа насока со потесна специјалност околу евентуалниот проблем со името, македонскиот establishment во рамките на службата за државна безбедност ја форсирал

проблематиката на т.н. македонски екстремизам и врховизам, односно прогон на т.н. внатрешен непријател.[373]

Ваквиот исход на македонската дипломатија се должи на внатрешните случувања на политичката сцена. Во тој момент на власт во Македонија се`уште била Експертската влада, за која пишувавме и погоре, која била многу ранлива, македонските партии повеќе биле заинтересирани за преземање на власта во свои раце отколку за националните егзистенционални прашања. Експертската Влада била соборена на 17 август 1992 година, по што на власт во Македонија доаѓа Социјал демократскиот сојуз на чело со Бранко Црвенковски како нов премиер на Република Македонија. За тоа кој повеќе бил заинтересиран за зграбување на власта во државата ни говори фактот дека на парламентарните избори победата ја однела ВМРО ДПМНЕ, но СДСМ преку создавање на коалиции ја составила новата Влада на Република Македонија. Во овој период, како и пред изборот на Експертската Влада, претседателот Киро Глигоров се однесувал како клучна фигура во Република Македонија, за сите прашања требал тој да даде „амин", како Македонија да е негова лична своина. Киро Глигоров подцна изјавил дека во никој случај и под никакви околности не би ја дал власта во рацете на Љубчо Георгиевски бидејќи не му бил симпатичен. Тоа било директно кршење на волјата на македонскиот народ кој на демократски избори гласал за ВМРО ДПМНЕ и за Љубчо Георгиевски како премиер на Македонија. Токму затоа велиме дека Глигоров се однесувал кон државата како кон лична своина.

Исто така можеме слободно да заклучиме дека, падот на Експертската Влада бил само дел од планот за елиминирање на одговорноста, во однос на неуспехот на надворешната политика, од лицето на Киро Глигоров, кој впрочем лично раководел со надворешната политика додека Владата немала никаква активност по тоа прашање (безмалку и биле одземени ингеренциите), и целата одговорност да се префрли врз Експертската Влада на Република Македонија. Изгласувајќи и недоверба на Владата во Парламентот требало на македонската јавност да и се претстави дека тоа е казна за неуспешната надворешна политика, во која Владата немала никаков удел, освен министерот за надворешни работи – Денко Малевски кој бил близок соработник на

[373] Види прилози, документ бр.42

Киро Глигоров и кој ќе остане министер во МНР и во новата Влада предводена од СДСМ. Покрај него, во новата Влада својот мандат ќе го задржи и Љубомир Фрчковски.

Македонското неединство кое се провлекува низ сите страници на овој труд, кој впрочем ја третира оваа појава кај Македонците, повторно било пресудно за македонскиот неуспех. Неуспехот во надворешната политика можеме да го лоцираме на многу места, во власта, во политичка партија, во одредена личност, но на врвот како главен виновник проникнува неединетвото на македонскиот народ кој не успеал да се сплоти по прашања од национален интерес.

На 1 јули започнала седницта во Собранието на Република Македонија на која се разгледувала Лисабонската Декларација и по која требало да се изјасни македонската Влада. На оваа седница повеќе се водело грижа за префрлање на вината и оградување од истата, како и за оцрнување на противникот, наместо да се излезе со цврст став пред меѓународната заедница по однос на македонското прашање. Прв земал збор министерот за надворешни работи, Денко Малевски кој истакнал дека длабоко верувал во принципите на нова Европа, но се покажало дека Европа своите принципи ги применува недоследно и селективно. „Еропската Заедница наполно се оглуши на нашите аргументи поради свои интереси во односите со една нејзина членка“.[374] По ваквото наводно „разочарување“ Малевски изјавил и дека не е така лошо што не блокирале, подвлекувајќи дека сме биле побогати за уште едно искуство „кое укажува дека се важни принципите, но важен е и односот на силите и дека тоа од нас ќе бара упорност и готовност да издржиме во својата политика“.[375] „Зборуваше за своето чувство како во последните месеци да се згуснала целата наша историја и дека македонскиот народ и Македонците со одлуката на Европската Заедница во Лисабон повторно се исправени пред потребата да се борат за својот опстанок“.[376] На крајот, релативизирањето на неуспехот преминало во чиста политичка перверзија, Малевски завршил со мислата дека е „многу важно што Европската Заедница ги признава постојните граници на Мкедонија и дека тоа ќе ни овозможи да опстанеме како самостојна држава, што сепак ќе ни даде можност да издржиме во нашата борба за

[374] Собрание на РМ, Стенограми
[375] Стојан Андов, На мој начин, Скопје 2003, стр. 379-380
[376] Исто...

зачувување на уставното име на нашата држава".[377] Со завршната мисла сакал да се огради од одговорноста за неуспехот на својата работа, Малевски требал да се избори за признавање на уставното име, во што не успеал, а не за признавање на постојните граници, прашање кое никој од ЕЗ не го отварал или истите ги негирал. Со тоа Денко Малевски суптилно непроменливоста на постојните граници си ги препишал како свој личен успех позади кој се задскривал неуспехот околу признавањето.

На крајот на седницата била усвоена Декларација[378] на Собранието, во која Собранието на Република Македонија го оценила за неприфатлив делот на Декларацијата за поранешна Југославија на Европскиот совет на ЕЗ (усвоена во Лисабон на 27 јуни 1992 год.), што се однесувал на признавањето на Република Македонија со име кое нема да го вклучи терминот „Македонија".[379] Исто така, Собранието на Република Македонија побарало од ЕЗ, КЕБС и ООН како и од нивните земји - членки, да ја признаат Македонија под нејзиното уставно име и во нејзините постојни граници. Во Точка 3 од Декларацијата станува збор за пренос на суверенитетот „Со пренесувањето на дел од својот суверенитет во Демократска Федеративна Југославија, Федеративна Народна Република Југославија и Социјалистичка Федеративна Република Југославија, врз основа на правото на самоопределување, Република Македонија е меѓународен субјект со јасно изразено и признаено име, суверенитет и територијален интегритет и како таков субјект е рамноправен правен наследник на СФРЈ, прифатен на Конференцијата за Југославија на Европската заедница и во нејзините документи."[380] Додека во Точка 6 станува збор за името Македонија и како неговата промена би се одразила врз државата, „Името Македонија е основа за името на еден народ - македонскиот народ, кој претставува мнозинство во Република Македонија и со неговото негирање се врши и дискриминација врз тој народ и националностите што живеат со него. Тоа не е во функција на обезбедување мирен и стабилен сесран развој на Република Македонија и заживување на нејзиниот суверенитет и независност, обезбедени на мирен и демократски начина".[381]

[377] Собрание на РМ, Стенограми...
[378] Види прилози, документ бр.23
[379] Ахил Тунтев, *Република Македонија, Прва декада (1990-1999)* Скопје 2005, стр.84-85
[380] Исто...
[381] Исто...

На собирот во Давос се случила средба-состанок, помеѓу Хенри Кисинџер, Константин Мицотакиа и Стојан Андов, на средбата бил присутен и претседателот на Литванија, Браузаускас. Во своите спомени Стојан Андов пишува за оваа средба, а од ставовите на Мицотакис кој му ги изложил на Андов, можеме да видиме дека Грција многу порано имала стратегија за водењето на политиката во однос на Република Македонија бидејќи се што изнел тогаш на маса подоцна ќе биде побарано од Грција а исполнето од Македонија.

На самиот почеток од состанокот Мицотакис го замолил Андов се што ќе се збори на состанокот да остане во тајност и да не се изнесува во јавноста. Андов се согласил на ваквото барање од страна на грчкиот премиер.

Кисинџер веднаш започнал од Мицотакис: „Коста, со распадот на Југославија вие добивате премија. Наместо најсилната држава на Балканот, сега за сосед добивте мала земја која со ништо не може да ве загрози. Зграбете ја таа шанса, веднаш признајте ја и градете добри пријателски односи со Република Македонија".[382]

Мицотакис внимателно му одговорил: „работите не се така едноставни. Има многу емоционални но и реални проблеми". Кисинџер веданаш му упадна: Проблеми, проблеми.

Кисинџер: „Знам дека има проблеми. Затоа велам дека треба да разговарате и да ги решите проблемите. Општата ситуација многу ви одговара и немојте да ја пропуштите шансата. Велиш емоционални проблеми. Главен проблем на балканските земји е што не се во состојба да управуваат со емоциите, а тоа тогаш често ги води во катастрофа. Сите го имате тоа искуство, но никој не извлекува корисни заклучоци".[383]

Мицотакис се обиде да даде пошироко објаснување: „Разликите се многубројни и големи. Тие се однесуваат на погледите кон целата историја, како кон антиката, така и кон неодамнешното минато. Да ве потсетам дека ние сметаме дека старите Македонци биле Хелените, дека, уште повеќе, од сите други Хелени тие биле најзаслужни за настанувањето и ширењето на хеленизмот како светска појава.... А сега кај нашиот северен сосед многумина тврдат дека биле наследници на старите Македонци и дека античките Македонци воопшто не биле Хелени".

[382] Стојан Андов, *На мој начин*, Скопје 2003, стр.356-367
[383] Исто...

Кисинџер пак се уфрли: "Историјата, како скапоцено искуство, треба да не поучи како да гледаме на неа и што корисно од неа можеме да извлечеме. Ако во Република Македонија таквите погледи се само искажувања на некои егзалтирани научници, нека ги, тие ќе имаат време со тоа да се занимаваат. Впрочем во науката истражувањата секогаш одат по многу патишта. Ако некој од таквите искажувања во Република Македонија сака да прави политика за во иднина - тоа не е добро...Затоа политичарите треба да ја остават историјата, со неа нека се занимаваат историчарите, а политичарите нека ги вложат своите напори да обезбедат мир и демократија во своите земји и пошироко, бидејќи тие одговараат за сегашнината и за иднината. Инаку, ако вие Грците во политиката ги вовлечете споровите за наследството од хеленизмот - вие самите и сите ние ќе имаме многу проблеми. Впрочем, со хеленистичката ера не се управувало од Атина и Спарта, туку од Александрија, Антиохија, Палмира, Филаделфија и од други центри. Ќе спорите ли за хеленизмот сега со Египет, Турција, Сирија, Јордан? А и христијанството, во некоја рака и во добар дел е наследство на хеленизмот. А тоа му припаѓа на целиот свет."[384]

Мицотакис почувствува дека треба да даде пошироко и поконкретно објаснување за суштината на спорот: „Видете Хенри, ние, нашите две земји, имаме дијаметрално спротивни оценки и ставови и за неодамнешното минато. На пример, драматичните и трагични настани во Грција во периодот од 1946 до 1949 година сите релевантни фактори кај нашиот сосед ги толкуваат како судир на слободољубивите сили со монархофашистите, како продолжување на антифашистичката борба на тие слободољубиви сили, како оправдана социјална револуција и како национално-ослободителна војна. Ние на тие настани гледаме како на груб империјалистички обид на светскиот комунизам, со особено посредство на титовиот комунистички режим, со сила да му наметне на грчкиот народ сурово комунистичко владеење. Исто така, тие настани ние ги доживеавме и ги доживуваме како груб обид да се заграби значаен дел од нашата национална територија. Тука веќе не станува збор за емоции, туку за објективни проблеми чии последици на некој начин се уште можат да бидат присутни. Но претпазливоста од наша страна, барем за нашите пријатели, треба да биде разбирлива и во градењето на нашите односи со нашиот нов сосед".

[384] Исто...

„Познати ми се вашите стравувања, поради лошото искуство од периодот веднаш по Втората светска војна. Вие добро го знаете нашиот став и нашето однесување во тоа време (време во кое САД целосно застана на страната на монархофашистите во граѓанската војна). Но, сега сме далеку од тоа време. Впрочем, имајќи го предвид тоа искуство, ви велам да ја искористите оваа шанса и веднаш да ја признаете Република Македонија, а она што останало од старите рани да го решавате во градењето на блиски пријателски односи со вашиот нов сосед. Доколку пак се колебате и одолговлекувате со неговото меѓународно признавање и со тоа ја спречувате внатрешната стабилност на оваа млада нова држава, вие ќе ја нагласувате нејзината привременост и ќе им дадете шанса и сигнал за јакнење на национализмите и империјалистичките амбиции на другите нејзини соседи, што може да предизвика трајна нестабилност во регионот и на вашите граници“.[385]

По дијалогот помеѓу Мицотакис и Кисинџер, грчкиот премиер на Стојан Андов му ги приложил сите грчки барања кон Македонија: „Господине Андов, претпоставувам дека овие работи што ги слушнавте сега ви се познати. Сакам да ве уверам дека не се работи само за емоции, туку и ние и вие се среќаваме со реални проблеми што заедно ќе треба да ги решаваме. За тоа ќе треба добра волја кај двете страни, а ќе биде потребна и храброст - подготвеност да се понесе и личен ризик. Еве јас ќе ви предложам еден, засега можам да кажам, личен приод. Пренесете му го тоа, ве молам, на г-динот Глигоров, а потоа и тој и вие и другите од вашето раководство размислете, па да видиме што може да направиме. Како што знаете за нас е спорно името на вашата држава, Република Македонија. Имено, повеќе од половината на географската област Македонија, 52 % од неа и припаѓа на Грција и е во нејзин состав. Ако вашата земја се вика Македонија, со самото тоа нејзиното име содржи аспирација за целата област Македонија. Затоа, во моите размислувања, јас претпоставувам дека Грција може најмногу да си дозволи во поволни општи околности, да прифати име на вашата држава кое би гласело "Република Македонија - Скопје". тоа би значело дека Република Македонија не ја зафаќа и нема претензии на територијата на Македонија,

[385] Исто...

туку се простира и ќе се простира само на онаа територија што сега ја означуваат границите на државата чиј главен град е Скопје“.[386]

По прашањето за името на Република Македонија, Мицотакис побарал Македонија да се откаже од своето малцинство во Република Грција кое е населено на територијата од Егејска Македонија, и да се стави забрана на Македонците со потекло од Егејска Македонија да си ги бараат имотите и правата од Република Грција. Мицотакис на Андов му го изнел следново: Доколку го прифатите таквото име за државата, истовремено вашиот Парламент треба да донесе две декларациии. Во едната треба да стои дека во Грција не постои македонско национално малцинство. Во втората треба да стои дека сите оние граѓани во вашата држава кои биле државјани во и од Грција, а ја напуштиле поради трагичните собитија во периодот 1946-1949 г., како и нивните наследници, немаат никакви права и побарувања во и од Грција, туку сите нивни права и побарувања ќе ги задоволува вашата држава. Ова, се разбира, не е некаков изграден и прифатен заеднички став на политичките сили во Грција, туку тоа е уште, како што реков, само мое размислување, но во некои подобри околниости од овие што денес ги имаме во Грција, мислам дека може да биде прифатено“.[387]

Андов одговорил дека не ја сфаќа поентата за откажување од малцинството, но додал, дека прашањето по тоа малцинство ќе си ги решава самата Грција, Македонија немала да се меша во проблемите на своето малцинство во Грција.

„Што се однесува до имплицираните територијални аспирации во името на нашата држава, ние, врз основа на консултациите што ги имавме со Бадентеровата комисија, штотуку усвоивме два амандмани што се однесуваат на границите и на македонските национални малцинства во соседните држави. Со нив потврдивме дека нашите сегашни граници ги сметаме за постојани и дека нема да се мешаме во внатрешните работи на соседните држави во врска со македонското национално малцинство во нив. Затоа јас лично не гледам причина за било каква промена на името на нашата држава. А лично не гледам смисла ниту во донесувањето на декларација од страна на нашиот Парламент кој со неа би потврдил дека во Грција нема македонско малцинство. А доколку пак тоа малцинство навистина постои, како

[386] Исто...
[387] Исто...

што нам тоа нам и на двајцата ни е познато, тогаш тој проблем не може да се решава во било каква декларација донесена од нашиот Парламент, бидејќи проблемите поврзани со македонското национално малцинство во Грција може да ги решава само грчкиот Парламент. Но, секако овие размислувања што ми ги изложи г-динот Мицотакис, јас ќе му ги пренесам на г-дин Глигоров. Она, пак, што сметам дека е неопходно е тоа дека треба побргу да дојде до директни разговори меѓу Република Македонија и Република Грција и тоа непосредно меѓу Глигоров и него, Мицотакис“.[388]

По враќањето од Давос следувало признавање на Република Македонија од повеќе земји, но и покрај ова, македонскиот претседател бил индиферентен, колеблив и плашлив во односите со Република Грција. Подоцна Грција и официјално ќе ги поднесе барањата до Република Македонија за откажување од македонското малцинство во Грција и за забраната на Македонците кои потекнуваат од Егејска Македонија. Македонското Собрание ќе ги прифати овие барања без никаков приговор, Република Македонија ќе се откаже од своето малцинство, од Македонците, во Република Грција, и ќе донесе декларација со која, покрај тоа што се откажува од своето малцинство, укажува дека Македонците со потекло од Егејска Македонија кои биле протерани од грчката војска за време на граѓанската војна во Грција и чии имоти биле дадени на Грци со цел да се измени демографската слика на Северна Грција, немаат право од грчката држава да си ги бараат назад своите имоти и права кои им следуваат според сите меѓународни договори и декларации, вклучувајќи ја и онаа на Обединетите Нации. Ова било преседан во светската понова историја, за прв пат една земја се откажала од својот народ, и за прв пат една земја во однос на својот народ постапила спротивно од Декларацијата за човекови права на ООН.

На 29 јули 1992 година Собранието на Република Македонија донело Одлука[389] за стапување на Република Македонија во Обединетите Нации. Член 1 „Собранието на Република Македонија одлучи Република Македонија како суверена и самостојна држава, да стапи во членство во Организацијата на Обединетите нации“.[390]

[388] Исто...
[389] Види прилози, документ бр.24
[390] Службен весник...

Била планирана Конференцијата за Југославија која ќе се одржи во Лондон од 26 до 28 август 1992 година, на иницијатива на Англија која во периодот јуни-декември 1992 година ќе претседавала со ЕЗ. Во функција на Лондонската конференција, во Скопје на 18 јули пристигнал англискиот министер Даглас Херд. Овој министер пред самото доаѓање во РМ испратил одредени сигнали, дека РМ во согласност со штотуку донесената Лисабонска Декларација ќе мора да изнајде сили да си определи друго име. Но, нашиот претседател го дочекал великодушно англискиот министер без никаква забелешка, и покрај тоа што англискиот министер упатил дипломатски сигнали дека во Скопје доаѓа да ја прекрстува државата, а не да ја слушне вистината. Министерот Херд ладнокрвно на македонскиот претседател му рекол: "Викајте се како сакате, а ние ќе ве признаеме само ако го смените името. Слабоста на македонската дипломатија предводена од Денко Малевски, а диригирана од претседателот Киро Глигоров, се покажала и за време на Лондонската конференција за Југославија која започнала со работа на 26 август 1992 година. Уште на самиот старт од конференцијата било одбиено да се стави на дневен ред прашањето за признавањето на Македонија. Македонските власти на ова не изреагирале на никаков начин, тие продложиле со заложбите за „патот на мирот и дијалогот“ и слични флоскули. Од друга страна, Словенија се заканила дека ќе ја напушти конференцијата доколку на истата доколку словенечкиот претседател не биде третиран како претседател на суверена држава, по што, со цел Словенија да не ја напушти конференцијата, и било исполнето нејзиното барање. Додатно на ова, Словенците биле тие кои на конференцијата побарале словенечкиот и македонскиот јазик да се вбројат како официјални јазици на конференцијата, во спротивно словенечката делегација ќе го напушти собирот. Благодарение на словенечката храброст, тактика и сенс за водење политика, бил истретиран македонскиот јазик, но македонските политичари не преземале никаква активност ниту тактика за остварување на македонските интереси.

Истиот ден кога се одржувала Пленарната седница во Лондон, во Македонија новиот мандатар кој ја составувал новата влада, Бранко Црвенковски, објавил коалиција со ПДП со цел да ја заземе власта, но спорното е во тоа што Невзат Халили и Митхат Емини кои биле челници на политичката партија ПДП, во Лондон учествувале како членови на делегацијата од Косово. Контрадикторно е во момент кога

Македонија бара свое признавање, да дозволува на членови од македонски партии, регистрирани во Македонија, да настапуваат како претставници на други држави, во случајов покраини. ВМРО ДПМНЕ до јавноста испратила соопштение[391] во кое за новиот мандатор пишува: „Тоа што сета оваа вистина, дел од раководството на СДС ја заобиколуваат и повторно истакнуваат свој мандатор, а претседателот го прифаќа, не е само обид за одржување на власта на болшевичкото комунистичко крило во Македонија, туку и пример без преседан во парламентарните држави во светот. Тоа партиско раководство, поддржувано од претседателот на Републиката, пред очите на македонската јавност изврши уште еден јавен пуч врз демократијата.[392]

Во македонското општество, притиснато до македонските политички елити, јавно не било манифестирано незадоволството од Лисабонската декларација, од друга страна, во Солун бил организиран протестен митинг на кој присуствувале еден милион луѓе на кој се истакнало дека новата држава на северната граница крои планови за отцепување на половина грчка територија и обединување на Македонија. Европската јавност се солидаризирала со наводната грчка „загриженост“ за својот суверенитет, а ЕЗ по дифолт застанала во одбрана на грчките позиции во спорот со Македонија.

Неуспехот на македонската дипломатија резултирал со отпочнување на преговори околу проблемот кој Грција го има со името „Република Македонија“ кое го носи нејзиниот северен сосед.

Македонскиот пат кон меѓународното признавање и приемот во ООН, се одвивал сукцесивно во две етапи. Најпрвин се превземани активности преку ЕЗ, кои резултирале со негативни импликации, по што истите биле префрлени во рамките на ООН каде што пак се доживеало целосно разочарување, бидејќи од ООН бил наметнат медијатор за преговори помеѓу Македонија и Грција.

За време на британското претседателување со ЕЗ, во периодот јули-декември 1992 година, тогашниот министер за надворешни работи Даглас Херд како претседавач на Советот на министрите на Европската заедница, го именува

[391] Види прилози, документ бр.26
[392] *Служба за информирање на ВМРО ДПМНЕ*, бр.531/92, 17.08.1992 Скопје

британскиот дипломат Робин Онил за специјален претставник во македонско-грчкиот спор околу името. Истиот имал задолжение да „пронајде и создаде основа за признавање на Македонија од страна на Европската заедница и сите земји нејзини членки". Но, вистинската мисија на овој дипломатски претставник во суштина била да и се соопшти на македонската Влада дека мора да го промени името на државата пред да ја признаат формално земјите членки на ЕЗ.

Во своите спомени Киро Глигоров ќе забележи: „На почетокот на февруари,...Даглас Херд, од името на Велика Британија, Франција и Шпанија ми навести дека овие земји упатиле предлог Македонија да се прими во ОН со привремена употреба на името "Бивша Југословенска Република Македонија " (БЈРМ). Шпекулациите во грчкиот печат се покажаа како точни“.[393]

Понатаму Глигоров го релативизира користењето на „Бивша југословенска република“ подвлекувајќи дека не било прв пат тоа да се употреби, и претходно имало такво ословување на државата. „Прво, назнаката „Бивша (или поранешна) Југословенска Република Македонија" (БЈРМ) не беше прв пат употребена...таа е употребена и во Резолуцијата донесена на самитот на ЕЗ во Единбург. Овој термин со кој се означува Република Македонија, прв пат е употребенен во кусата Декларација усвоена на Советот на министрите на ЕЗ во Гимареш (Португалија), уште на седницата од 1 и 2 мај 1992 година, во која, меѓу другото, се вели дека Европската заедница "е подготвена да ја признае оваа држава за суверена и независна, во рамките на нејзините постојни граници и под име кое ќе биде прифатено за сите заинтересирани страни."[394] Со ваквото тврдење, Глигоров се надоврзува со излагањето на Денко Малевски кој истакнал дека е голем успех што сепак ЕЗ ќе ја признаеле државата во постојните граници, за што напоменавме и погоре, границите не биле спорни во ниту еден момент.

Во истиот период претседателот на ВМРО ДПМНЕ, Љубчо Георгиевски бил во официјална посета на САД и Канада. На оваа турнеја претседателот на македонската опозиција остварил средби со конгресмени од Стејт Департментот на кои се лобирало за македонска подршка во спорот со Грција. Помеѓу останатото, од документацијата

[393] Киро Глигоров, *Македонија е се` што имаме*, Скопје 2002
[394] Исто...

од партијата ВМРО ДПМНЕ можеме да видиме дека американската јавност воопшто не била запознаена со спорот кој го започнала Грција, и воопшто не знаела за постоењето на Република Македонија како држава. Па така, во разговорите со демократскиот конгресмен Алберт Вин, член на Комитетот за надворешни работи на Конгресот и сенаторот Џон Вернер, претседател на Комитетот за одбрана на Сенатот, опширно било разговарано за конкретизацијата на можностите за формирање американско лоби за ширење на идејата за признавање на Република Македонија под постоечкото име.[395] На истата средба двајцата конгресмени го известиле Љубчо Георгиевски дека до сега, за жал, многу малку се знае за Македонија и дека Македонија мора да ја интензивира својата информативно – пропагандна дејност во САД. Во овој период македонските власти воопшто и не барале некаква поддршка од САД, наклонувајќи се посебно кон источноевропските земји.

Претседателот на македонската опозиција остварил средба и со Ралф Џонсон, задолжен од Стејст Департментот за Европа, на која Џонсон подвлекол дека САД не дала било каква подршка на Англиско-француско-шпанската предлог резолуција за промена на името на Р. Македонија, нагласувајќи дека решавањето на овој проблем Белата куќе го има препуштено на Европската Заедница.[396] Љубчо Георгиевски ја отворил темата и за почитувањето на човековите права, по што Џонсон ја повикал Ненси Расел, одговорна во Сенатот по прашањето за човековите права, која притоа изразила зачуденост како извештајот за Македонија не бил истретиран од македонските власти, ниту бил прикажан во јавност.[397]

Во документацијата[398] од ВМРО ДПМНЕ посветена за оваа турнеја на партискиот врв на Северна Америка за внатрешната поставеност на македонската сцена во однос на спорот со Грција, се вели: „Продолжувајќи ги своите разговори со Комитетот на надворешни работи на американскиот Сенат, претседателот на ВМРО ДПМНЕ, Љубчо Георгиевски, побара Комитетот да го постави прашањето за меѓународно признавање на Македонија под постоечкото име, и во таа смисла да му предложи на Сенатот усвојување на соодветна резолуција која би му била упатена на

[395] *Служба за информирање на ВМРО ДПМНЕ*, 26.02.1993 Скопје
[396] *Служба за информирање на ВМРО ДПМНЕ*, 25.02.1993 Скопје
[397] Исто...
[398] Види прилози, документ бр.27

Стејт Департментот. Меѓутоа претседателот Љубчо Георгиевски од повеќе претставници на Комитетот беше запознат дека имаат информација дека македонската Влада и претседателот Глигоров се спремни на компромис за името „Бивша Југословенска Република Македонија", но дека на тој пат основна пречка е негативниот став на ВМРО ДПМНЕ која не сака да прифати промена на уставното име Македонија".[399]

Во контекст на горенаведеното, дека Киро Глигоров водел своја лична политика притоа игнорирајќи го ставот на македонскиот народ и на опозицијата, е изјавата на грчкиот премиер кој истакнал дека британскиот дипломат во Скопје разговара единствено со македонската Влада, а не разговара и со опозицијата која во тоа време ја претставувала ВМРО ДПМНЕ. Тогашната опозиција предводена од ВМРО ДПМНЕ се залагала за безусловен прием на Република Македонија во Обединетите Нации единствено под уставното име Република Македонија. Познавајќи го тврдиот став кај ВМРО ДПМНЕ, грчките политичари преферирале да комуницираат само со владејачката СДСМ и претседателот Киро Глигоров, кои давале знаци на согласност околу компромисот за промена на името на државата. Од тоа можеме да извлечеме и заклучок зошто Глигоров долго време тактизирал со давањето на мандатот на новата Влада која по сите светски норми би требала да ја предводи ВМРО ДПМНЕ, а и брзото давање на мандатот на СДСМ по рушењето на Експертската Влада.

Веќе било се поизвесно дека Република Македонија за влезот во Обединетите Нации ќе ја плати највисоката цена која до тогаш не ја платила ниту една држава – промена на името на земјата. Во моменти кога претседателот на државата и претседателот на Владата дејствуваат координирано пред меѓународните фактори и странските претставници, на македонската опозиција предводена од ВМРО ДПМНЕ и преостанало единствено да го актуелизира прашањето во рамките на Република Македонија и да го информира македонскиот народ што всушност го чека со прифаќањето на референцата БЈРМ.

---

[399] *Служба за информирање на ВМРО ДПМНЕ*, 27.02.1993 Скопје

Во однос на тоа, на 18 март 1993 година, ВМРО ДПМНЕ испратило соопштение[400] до јавноста во кое се вели:

„ВМРО ДПМНЕ ја предупредува уште еднаш македонската јавност дека политиката на постојана дефанзива и концесии за македонските државни и национални интереси на македонскиот државен врв продолжува.

Таквата антинационална политика, која ја доведе Македонија во безизлезна ситуација и на внатрешен и на надворешен план, сега се обидува државниот тежок пораз на меѓународен план да го претвори во триумф.

За да ја подели одговорноста со сите, во стариот добар комунистички манир, македонскиот државен врв преку режимските мас медии почнува да подготвува терен дека единствениот излез е да се прифати предложеното име „Бивша Југословенска Република Македонија".

ВМРО ДПМНЕ најенергично го отфрла таквото сценарио и подвлекува дека гнилиот компромис со прифаќањето „Бивша Југословенска Република Македонија" ќе претставува антинароден и криминален акт за кој сторителите кога-тогаш ќе мораат да одговараат пред својот народ.

ВМРО ДПМНЕ не може повеќе да дозволува власта и понатаму да го злоупотребува народот, убедувајќи го дека треба да се прифати името „Бивша Југословенска Република Македонија".

ВМРО ДПМНЕ ќе стори се Република Македонија да биде признаена под своето уставно име.[401]

Тогашната македонска Влада, покрај официјалното барање за прием во ООН и нејзината пасивност по истото, немала поднесено барање за влез на Република Македонија во ниту една друга светска организација преку кое членство би можело да се лобира во ООН. При посетата на раководството на ВМРО ДПМНЕ на САД[402] имало средби со мисиите на повеќе државо во ООН. На овие средби, на раководството на ВМРО ДПМНЕ му било нагласено дека „Советот за безбедност на ООН не може да

[400] Види прилози, документ бр.30
[401] *Служба за информирање на ВМРО ДПМНЕ*, 18.03.1993 Скопје
[402] Види прилози, документ бр.31

пристапи кон усвојување на било каква резолуција за промена на името на Република Македонија ако претходно нема добиено согласност од македонската Влада.[403] На истите тие состаноци, раководството на ВМРО ДПМНЕ било информирано за останатите организации, претставниците на странските мисии изразиле изненадување зошто Македонија се`уште немала поднесено барање за прием во УНИЦЕФ, УНЕСКО и други меѓународни организации за чие зачленување не е потребно Македонија да биде членка на ООН.[404]

На 7 април 1993 година Советот за безбедност на Обединетите Нации ја усвоил Резолуцијата 817[405] која се однесувала на Македонија и нејзиниот прием во ООН. Во Резолуцијата се наоѓаат три точки во кои се поттикнуваат двете страни да изнајдат заедничко решение за надминување на спорот, се препорачува Македонија да биде примена во ООН и на Македонија да и се обраќаат со „БЈРМ" додека не се реши спорот со Грција.

1.Ги поттикнува страните да продолжат да соработуваат со копретседателот на Постојаниот комитет на Меѓународната конференција за поранешна Југославија за да дојде до брзо надминување на нивната разлика;

2. Му препорачува на генералното собрание, државата, чие барање е содржано во документот S/25147, да биде примена во членство на Обединетите нации и на таа држава, за сите потреби, во рамките на Обединетите нации привремено да и се обраќаме со "поранешна југословенска Република Македонија", се додека не се надмине разликата што се појави во врска со името на државата.

3. Бара генералниот секретар да го известува Советот за резултатите од иницијативата преземена од копретседателот на Постојаниот комитет на Меѓународната конференција за поранешна Југославија.[406]

На истата седница на Советот за безбедност на ООН, претседателот на Советот Џамшид Маркер дал изјава во која покрај формалните честитки за државата (секаде

[403] *Служба за информирање на ВМРО ДПМНЕ*, 24.02.1993 Скопје
[404] Исто...
[405] Види прилози, документ бр.28
[406] Од официјалните записници на Советот за безбедност на ОН, 48-та година, Прилог за април, мај и јуни 1993 год.;

Македонија била ословувана со „државата“), истакнал дека името „Поранешна Југословенска Република Македонија“ е всушност историски факт бидејќи државата во дел од својата историја била член во СФРЈ. Оваа изјава која македонските власти ја пречекале како триумф, во најмала рака е деградирачка за една држава и народ бидејќи Македонија претходно била дел и од Османлиската империја, Источното Римско царство (Византија), од Римската империја, итн., но тие не се спомнати во името, а и тоа е историски факт. Од друга страна, и Република Грција била дел од сите овие империи, па во своето име не е вклучена ни една од нив.

Во продолжение ви ја приложуваме лицемерната изјава на претседателот на Советот за безбедност на ООН Џамшид Маркер (Пакистан):

“Одлука

Советот за безбедност тукуштo препорача, државата чиешто барање е содржано во документот S/25147 да биде примена во членството на Обединетите нации. Големо е задоволството, од името на членовите на Советот, да и честитам на односната држава за овој историски настан. Членовите на Советот го поздравуваат непосредниот прием во Обединетите нации.

Советот ја поздравува иницијативата преземена од копретседателот на Постојаниот комитет на Меѓународната конференција за поранешна Југославиија, а по барање на генералниот секретар, со цел да се воспостацви механизам за надминување на разликата што се појави околу името на државата и да ги поттикне мерките за градење доверба меѓу двете страни. Советот им придава особено значење на што поскоро остварување на мерките за градење доверба, за кои говори и Резолуцијата која штотуку е усвоена. Советот искажува надеж дека иницијативата на копретседателот ќе биде брзо спроведена, дека двете страни ќе соработуваат во целост со копретседателот, дека двете страни и сите други заинтересирани ќе избегнуваат да преземаат чекори што решението ќе го направат уште потешко и дека и двете страни ќе го прифатат и ќе го остварат решението. Заеднички прифатеното решение за овие прашања ќе биде најголемиот придонес за мирољубиви и добрососедски односи во регионот.

На Советот му е јасно декаословувањето, во Резолуцијата која штотуку беше усвоена, со "поранешна југословенска Република Македонија" не предизвикува никакви импликации што на било кој начин би ја поврзале односната држава со Сојузна Република Југославија (Србија и Црна Гора). Тоа е само одраз на историскиот факт дека државата што се предлага за прием во Обединетите нации, со оваа Резолуција во минатото беше една република на поранешната Социјалистичка Федеративна Република Југославија".[407]

Дел од официјалниот прием[408] во Обединетите Нации:

Советот за безбедност на 7 април му препорача на Генералното собрание да ја прими во членство на Обединетите нации државата, која за сите потреби во Организацијата привремено ќе бидеословувана со "бивша југословенска Република Македонија", до решавањето на разликите што се јавија околу името на државата.

Приемот на бившата југословенска Република Македонија ќе доведе до вкупен број на 181 земја членка на Обединетите нации. Советот го започна разгледувањето на молбата за прием на оваа земја на 6 април, кога го упати предметот до својата Комисија за прием на нови членови. Денешната активност е преземена како одговор на извештајот на Комисијата (документ С/25544). Советот се одлучи да се откаже од временскиот рок изложен во правилото 60 од привремените правила за процедура, за да ја поднесе својата препорака до продолжението на 47 заседание на Генералното собрание. Седницата што започна во 11.35 часот, заврши во 11.41 часот.

На 8 април 1993 година претседателот на Република Македонија одржал говор во Обединетите Нации по повод приемот на Македонија. Во салата присуствувале десетина Македонци од дијаспората кои го поздравиле говорот со аплауз, додека кај целата македонска дијаспора вклучително и македонската јавност, владеело згрозеност од промената на уставното име на државата но истовремено преовладала и опуштеност по однос на безбедноста на Македонија бидејќи во претходниот процес Владата и претседателот ги убедуваа македонските граѓани дека Македонија може да биде нападната и да ја снема доколку не се влезе час поскоро во ООН за што немало никакви сериозни индиции. Бугарија ја имала признаено независноста на Македонија

[407] Исто...
[408] Види прилози, документ бр.29

под уставното име, Грција немала во тоа време толкава воена моќ за таква авантура а тука била и Турција која се заканила со напад на Грција доколку Атина даде наредба за напад на Македонија, додека Србија (преку која Грција се обидувала безбедносно да делува во Македонија) веќе војувала на северните фронтови и била свесна дека доколку се отвори некаков фронт во Македонија ќе се отвори и прашањето со Албанците на Косово, со што Србија би доживеала целосен дебакл и пораз на воен план. Со оглед на моменталната поставеност на Балканот, Македонија немала опасност од војна, па затоа изјавите на тогашните власти наликуваат на небулози за застрашување на народот, а самиот Киро Глигоров во своите спомени подоцна ќе напише дека преку министерот за надворешни работи (кој претходно бил за внатрешни) му биле нудени парични средства во висина од милион долари за промена на уставното име. Властите биле свесни дека нема опасност од војна, исто така биле свесни дека приемот во ООН не бил сведен на живот или смрт, во целата политика биле вклучени и други елементи кои во западните демократии се санкционирале кривично.

Говорот на Киро Глигоров во Обединетите Нации:

Среќен сум и возбуден што во овој свечен миг можам да ја изразам благодарноста, во името на народот и на Владата на Република Македонија, за поддршката изразена со приемот на Република Македонија за рамноправен член на Организацијата на Обединетите нации. Со овој чин се круниса повеќевековниот стремеж на македонскиот народ и неговата 130-годишна борба за слобода и независна држава.

Приемот на Република Македонија во меѓународното семејство на народите е чин со кој триумфира правдата и светол пример како еден мал и мирољубив народ по мирен и легитимен пат го оствари своето право на самоопределување и државност и својата одговорност во Меѓународната заедница.

Во оваа пригода, сосема накратко, би сакал да укажам само на дел од долгата и честопати трагична историја на мојот народ. Тоа е народ со долго паметење и со богата културна историја и традиција. Народ што на Словените им ги подари првата писменост, литература и христијанство, народ чие фрескосликарство е единствената светла точка на европскиот средновековен мрак. Народ чија современа литература и

уметност се дел од светската културна ризница. Народ чие основно културно и политичко гесло низ историјата секогаш било изразно во духот на сожителството, етничката и верската толеранција.

Тоа е народ што во Втората светска војна се приклучи кон антифашистичката коалиција и во таа борба, на Првото заседание на АСНОМ, ја создаде македонската држава, која потоа се вклучи во СФРЈ. Стратегот на Националноослободителното движење на македонскиот народ од почетокот на овој век, хуманистот и космополит, Гоце Делчев јасно го изрази тој дух во разбирањето на светот како “поле за културен натпревар меѓу народите”. Во тој дух Република Македонија и денес ја продолжи и ја стекна својата позиција на независна и суверена држава. Единствена е од составот на поранешната СФРЈ што до независност дојде по мирен и легитимен пат: по пат на референдум и со нов устав. Единствена Република Македонија што не учествуваше во војната, во меѓуетничките и верски крвопролевања што безумно го зафатија регионот.

Република Македонија на патот кон својата независност, за жал, претрпе многу штети и одложувања. Беше изложена на неправеден процес на одолжување на нејзиното меѓународно признавање. Таа објективно се најде во позиција да трпи енормни штети од санкциите спрема Србија и Црна Гора и беше изложена на блокади од дел од соседите. Но, и покрај сето тоа, граѓаните на Република Македонија и нејзините државни органи останаа верни на начелата на мирот и дијалогот, на меѓуетничкото разбирање и толеранција и сожителство на Балканот. Бевме уверени во можноста Обединетите нации да ја донесат оваа праведна одлука.

Република Македонија денес, како мирољубива држава во Европа, својата надворешна политика ја гради врз темелите на Повелбата на Обединетите нации: јакнењето на меѓународниот мир и безбедност, развивањето на економската соработка и заштита на човековите права, како предуслови за побезбеден и праведен свет за сите. Сега, како рамноправна членка на Обединетите нации, активно ќе се вклучи во остварувањето на целите и начелат на Повелбата на Обединетите нации.

Тргнувајќи од сопствената традиција и современост, за нас највисока цел претставува остварувањето на човековите права и особенио на правата на националностите и етничките групи што живеат во Република Македонија. Таа денес е татковина на македонскиот народ, на Албанците, Турците, Србите, Ромите, Власите и на претставници-

те на други националности. Во тој дух ќе го јакнеме Балканот на добрососедство и на пријателство.

Република Македонија сака и е подготвена да го даде својот придонес во решавањето на меѓународните конфликти во согласност со резолуциите на Советот за безбедност, во интерес на мирот и на безбедноста.

Република Македонија ја изразува својата вола да се вклучи во активностите на специјализираните агенции во системот на Обединетите нации.

Република Македонија како европска држава се стреми да стане член на Заедницата на европските народи.

Свечено изјавувам, во името на Република Македеонија, дека Република Македонија во своите меѓународни односи ќе ги респектира нормите на меѓународното право, целите и начелата на Повелбата на Обединетите нации.

Како и досега, Република Македонија е подготвена да ги развибва своите односи со сите држави во светот врз принципите на суверена рамноправност, неупотреба на сила, немешање во внатрешните работи, респектирање на интегритетот и независноста.

Врз тие принципи ние сме особено заинтересирани за развој на односите со соседите и за што побрзо надминување на денешната состојба во односите со Грција и за отворање.

На крај, не можам, а во овој историски миг за мојата држава и мојот народ, да не повторам дека со овој чин станува вистина словото од преамбулата на Повелбата на ООН повторно да ја потврдиме вербата во основните права на човекот, во достоинството и вредноста на човековата личност, во рамоправноста на луѓето и на жените и нациите, големи и мали“.[409]

Ви благодарам”.[410]

По враќањето од Њујорк во Македонија, Киро Глигоров на јавноста и соопштил дека името всушност не е сменето и дека привремената референца „БЈРМ“ ќе биде во

---

[409] *Признавањето на Македонија* (избор од светскиот печат)..., стр. 250-252

[410] Државен архив на Република Македонија, фонд: Претседател на Република Македонија

употреба само неколку месеци. Ова секако била груба манипулација врз македонската јавност, до ден денешен во 2015 година, Македонија се`уште ја носи референцата БЈРМ (FYROM) а Грција се`уште ја блокира Македонија на нејзиниот пат кон евроатлантските интеграции, Македонија е под грчко вето во Европската Унија и НАТО.

Во меѓувреме со бојкотот на парламентарните избори во 1994 година од страна на ВМРО ДПМНЕ, СДСМ без опозиција во Собранието на Република Македонија ја спровела трансформацијата на капиталот, период кој во јавноста е познат под терминот „транзиција".

По промената на името на државата, јужниот сосед повторно тргнал во офанзива, овој пат таргет било државното знаме на Република Македонија во кое Грците, исто како и во името, гледале претензии на Република Македонија кон грчки територии. Во тој период Република Македонија се нашла под грчко ембарго со кое Македонија била условена да седне на маса и да склучи спогодба со Република Грција. Македонските власти со своите слаби позиции и непромислени чекори, како и во претходниот период, седнале со властите од Атина и ја склучиле „Привремената спогодба за нормализација на односите.

ПРИВРЕМЕНА СПОГОДБА
ЗА НОРМАЛИЗАЦИЈА И РЕГУЛИРАЊЕ НА ОДНОСИТЕ
И СОРАБОТКА МЕЃУ РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА И РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА:
( Њујорк, 13 септември 1995 год.)

"(Име, Каролос Папуљас), која ја претставува Првата страна (Прва страна), и (Име, Стево Црвенковски) која ја претставува Втората страна (Втора страна), го ИЗЈАВУВААТ и се согласуваат со следното:

Повикувајќи се на принципите на неповредливост на границите и на територијалниот интегритет на државите инкорпорирани во Финалниот документ на Конференцијата за безбедност и соработка во Европа, потпишан во Хелсинки,

Имајќи ги предвид одредбите на Повелбата на Обединетите нации и особено оние што се однесуваат на обврските на државата во меѓународните односи да се воздржуваат од закани и употреба на сила против територијалниот интегритет или политичката независност на која било држава,

Водени од духот и од принципите на демократијата и основните слободи и почитувањето на правата на човекот и достоинството, во согласност со Повелбата на Обединетите нации, како и Финалниот хелсиншки документ, со Париската повелба за Нова Европа и со соодветните акти за Организацијата за безбедност и соработка во Европа,

Со оглед на заемниот интерес за одржување на меѓународниот мир и безбедност, особено во нивниот регион,

Во желбата да ги потврдат постојните меѓународни граници, како трајни меѓуна-родни граници, повикувајќи се на обврската за немешање, под каков било изговор и во каква било форма, во внатрешните работи на другиот,

Со разбирање дека економската соработка е важен елемент во развојот на заемните односи врз стабилна и цврста основа, како и желбата да развиваат и да промовираат идна соработка, и

Со желба да постигнат одредена привремена согласност што ќе претставува основа за договарање трајна согласност,

Се согласија со следново:

А. Пријателски односи и мерки за изградба на доверба

Член 1

1. Со стапувањето во сила на оваа Привремена согласност, Првата страна ќе ја признае Втората страна како независна и суверена држава под привременото обраќање назначено со писмото на Првата страна од датумот на оваа Привремена согласнот, и по кратко време Страните ќе воспостават дипломарски односи на договореното ниво, со конечна цел: воспоставување односи на амбасадорско ниво.

2. Првата страна веднаш штом е можно ќе основа Канцеларија за врски во Скопје, главниот град на Втората страна, и Втората страна ќе основа Канцеларија за врски во Атина, главниот град на Првата страна.

Член 2

1. Страните со ова ја потврдуваат нивната заедничка граница како трајна и непроменлива меѓународна граница.

Член 3

1. Секоја Страна презема врз себе да ги почитува суверенитетот, територијалниот интегритет и политичката независност на другата Страна. Ниту една од Страните нема да поддржува активности на друга страна насочени против суверенитетот, територијалниот интегритет и политичката независност на другата страна.

Член 4

Во согласност со целите и принципите на Повелбата на Обединетите нации, Страните ќе се воздржуваат од закана и употреба на сила, вклучувајќи и закана и употреба на сила кон повреда на нивната постојна граница и се согласуваат дека ниедна од нив нема да истакнува ниту поддржува барања за кој било дел од територијата на другата Страна, ниту барања за промена на постојната граница.

Член 5

1. Страните се согласуваат да ги продолжат преговорите под покровителство на генералниот секретар на Обединетите нации, според Резолуцијата 845 (1993) на Советот за безбедност, со намера да се постигне договор за разликите наведени во таа Резолуција и во Резолуцијата 817 (1993) на Советот за безбедност.

2. Признавајќи ја разликата што постои меѓу нив во однос на името на Втората страна, секоја страна ги задржува сите свои права што се во согласност со обврските преземени во оваа Согласност. Страните ќе соработуваат со намера да ги овозможат нивните заемни односи и покрај нивните соодветни позиции во врска со името на Втората страна. Во тој контекст страните ќе преземат практични мерки, вклучително и во врска со прашањето за документите, заради нормално извршување на размената и трговијата на начин конзистентен на нивните соодветни позиции во врска со името на Втората страна. Страните ќе преземат практични мерки разликите околу името на Втората страна да не го спречуваат, ниту да се мешаат во нормалната размена и трговија меѓу Втората страна и трети страни.

Член 6

1. Втората страна со ова свечено изјавува дека ништо од нејзиниот Устав, и посебно преамбулата и Членот 3 од Уставот, не може и не треба да се толкува дека претставува, или дека некогаш ќе преставува основа за какво било барање од Втората страна кон која било територија што не е во состав на нејзините постојни граници.

2. Втората страна со ова свечено изјавува дека ништо од нејзиниот Устав, и особено дополнителниот член 49, не може и не треба да да се толкува дека претставува или дека некогаш ќе преставува основа за мешање на Втората страна во внатрешните работи на друга држава со цел да ги заштити статусот и правата на кои било лица од други држави кои не се државјани на Втората држава.

3. Понатаму, Втората страна свечено изјавува дека толкувањата дадени во ставовите 1 и 2 на овој Член, нема да се заменат со поинакви толкувања во нејзиниот Устав.

Член 7

1. Секоја Страна веднаш ќе преземе ефикасни мерки за забрана на непријателските активности или пропаганди од страна на агенциите под државна контрола, и за обесхрабрување на активностите од приватни субјекти за кои е веројатно да се смета дека ќе поттикнуваат насилство, омраза и непријателство меѓу нив.

2. По стапувањето во сила на оваа Привремена согласност, Втората страна ќе престане на каков било начин да го користи симболот, во сите негови форми, што ги истакнуваше на нејзиното знаме, пред тоа да стапи во сила.

3. Ако која било од Страните смета дека еден или повеќе симболи што сочинуваат дел од нејзиното историско и културно наследство несоодветно се користи од другата Страна, ваквото евентуално користење ќе и го предочи на другатта Страна и другата Страна ќе преземе соодветни мерки тоа да се исправи, или ќе укаже зошто смета за потребно тоа да се стори.

Член 8

1.Страните ќе се воздржуваат од наметнување на какви било пречки во движењето на луѓе и на стоки меѓу нивните територии или низ териториите на која било од Страните до територијата на другата Страна. Страните ќе соработуваат заради овозможување на ваквите движења во согласност со меѓународното право и обичаи.

2. Страните се согласуваат дека во врска со развивањето практични мерки наведени во став 2 на Членоит 5 можат да се побараат добрите услуги од Европската унија и од Соединетите Американски Држави со што би им се помогнало на Страните во спроведувањето на Член 8.

B. Човекови и културни права

Член 9

1.Во извршувањето на нивните работи, Страните ќе се водат од духот и принципите на демократијата, основните слободи, почитувањето на правата на човекот и достоинството, и владеењето на правото во согласност со Повелбата на ОН, Универзалната декларација за правата на човекот, Европската конвенција за заштита на правата на човекот и основните слободи... Финалниот документ од Хелсинки, документот од Копенхагенската средба на Конференцијата за човековата димензија на Конференцијата за безбедност и соработка во Европа и Париската повелба за нова Европа...

Член 10

Уверени дека развојот на меѓучовечките односи е подобен заради унапредување на разбирањето и добрососедството помеѓу нивните два народа, Страните ќе ги поттинуваат контактите на сите соодветни нивоа и нема да ги обесхрабруваат средбите помеѓу нивнитер државјани во согласност со меѓународното право и обичаи.

Ц. Меѓународни, мултилатераллни и регионални институции

1. По стапувањето во сила на оваа Привремена согласност, Првата страна се согласува да не приговара на пријавата за членство и на членствотро на Втората страна во оние Меѓународни, мултиратерални и регионални институции и органи-зации во

кои Првата страна е членка. Но, Првата страна го задржува правото да приговара на секое горенаведено членство, ако и доколку привременото обраќање со кое на Втората страна треба да и се обраќаат во таквите организации и институции се разликува од она наведеното во резолуцијата 817 (1993) на Советот за безбедност на ООН

2. Страните се согласуваат дека постојаниот економски развој на Втората страна треба да се поддржува преку меѓународна соработка и, колку што е тоа можно, преку поблиски односи на Втората страна со Европската економска зона и Европската унија.

Д. Договорни односи

Член 12

1. По стапувањето во сила на оваа Привремена согласност Страните во нивните меѓусебни односи ќе се раководат од одредбите на следните билатерални договори склучени меѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Првата страна на 18 јуни 1959 година:

2. Страните можат да склучуваат дополнителни билатерални договори во области од заемен интерес.

Член 13

Земајќи го предвид фактот дека Втората страна е земја без излез на море, Страните во нивните односи ќе се раководат од соодветните одредби на Конвенцијата на Обединетите нации за Законот на морињата...

Член 14

1.Страните ќе го поттикнуваат развојот на заемните пријателски и добрососедски односи и ќе ја зајакнуваат економската соработка во сите сектори вклучително и употребата на водите. Тие особено ќе ги промовираат, врз реципрочна основа, патните, железничките, морските и воздушните транспортни и комуникациски врски... Страните ќе ги почитуваат меѓународните правила и прописи во однос на транзитот, телекомуникациите, ознаките и кодовите.

2. За оваа цел Страните се согласуваат веднаш да стапат во преговори насочени кон спроведување на договорите за соработка во горенаведените области, водејќи сметка за обврските на Првата страна што произлегуваат од нејзиното членство во Европската унија и во другите меѓународни механизми. Ваквите договори ќе се однесуваат на визите, работните дозволи, осигурувањето со " зелени картони", воздушниот транзит и економската соработка.

Е. Економски, комерцијални, еколошки и правни односи

Член 15

1.Страните ќе ги зајакнуваат економските односи на сите полиња.

2. Страните посебно ќе ги поддржуваат развојот и соработката на полето на вложување капитал, како и индустрикстата соработка меѓу претпријатијата...

Член 16

1. Страните ќе ја развиваат и ќе ја подобвруваат научната и техничката соработтка, како и соработката на полето на образованието.

2. Страните ќе ја интензивираат размената на информации и на научна и техничка документација, и ќе се стремат заемно да го подобрат пристапот кон научно-истражувачките институции, архиви, библиотеки и слични институции.

3. Страните ќе ги поддржуваат иницијативите на научните институции и на поединци насоочени кон подобрување на научната соработка.

Член 17

1. Страните ќе посветат голема грижа за одбегнување на опасностите за животната средина и да ги заштитуваат животните услови во езерата и реките што ги делат двете страни.

2. Страните ќе соработуваат во елиминирањето на сите видови загадување во пограничните области.

3. страните ќе се стремат да развиваат и да усоогласуваат стратегии и програми за регионална и меѓународна соработка заради заштита на животната средина.

Член 18

Страните ќе соработуваат во отстранувањето на последиците од непогоди.

Член 19

1. Страните ќе соработуваат во подобрувањето и промовирањето на деловните и на туристичките патувања.

2. Во согласност со обврските на Првата страна што произлегуваат од нејзиниото членство во Европската унија и во другите релевантни механизми на Унијата, Страните ќе вложат заеднички напори за подобрување и забрзување на царинските и граничните формалности, вклучително и поедноставувањето на издавањето на визи за државјаните од двете држави, земајќи ги предвид Член 5, Став 2 од оваа Привремена согласност.

3. Страните ќе се стремат да ги подобрат и да ги модернизираат постојните гранични премини...и според потребите ќе градат нови гранични премини.

Член 20

Страните ќе соработуваат во борбата против организираниот криминал, тероризмот, економскиот криминал, криминалот со наркотици, нелегалната трговија со културно богатство, повредите на цивилниот авиотранспорт и фалсификувањето.

Ф. Завршни клаузули

Член 21

1. Страните ќе ги решаваат сите спорови единствено со мирољубиви средства во согласност со Повелбата на Обединетите нации.

2. Сите разлики или спорови што ќе се појават меѓу Страните во врска со толкувањето или спроведувањето на оваа Привремена согласност можат да се поднесат од

која било страна до Меѓународниот суд на правдата, со исклучок на разликата во Член 5, став1.

Член 22

Оваа Привремена согласност не е насочена против ниедна друга држава или субјект и не ги повредува правата и обврските што произлегуваат од билатералните и од мултилатералните договори што се веќе на сила, а што Страните ги склучикле со други држави или со меѓународни организации.

Член 23

1.Оваа Привремена согласност стапува во сила и станува полноважна на триесетиот ден од датумот на потпишувањето од претставниците на Страните, според долунаведеното.

2. Оваа Согласност останува во сила се додека не се измени со дефинитивен договор, со тоа што по седум години, секоја од Страните може да се повлече од оваа Привремена согласност со писмен указ, што ќе стапи во сила дванаесет месеци по неговото доставување до другата страна.

Со ова се посведочува дека Страните, преку нивните овластени претставници, потпишаа три копии од оваа Привремена согласност на англиски јазик што ќе се регистрира во Секретаријатот на ОН. Во рок од два месеца од датумот на потпишувањето, Обединетите нации треба да подготват, во консултација со Страните, преводи на јазикот на Првата страна и на јазикот на Втората страна, што ќе претставуваат составен дел на оваа Согласност.

## ПРОМЕНА НА ДРЖАВНОТО ЗНАМЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

На 3 октомври 1995 година македонската јавност ја потресе веста за извршениот атентат врз претседателот на Република Македонија – Киро Глигоров. Претседателот го преживеал атентатот но со многу тешки повреди во пределот на главата, на самото место загинал возачот на претседателот Александар Спировски,

додека претседателскиот телохранител Илчо Теовски се здобил со повреди, жртва на атентатот бил и еден случаен минувач Ристо Хаџиманов кој во Клиничкиот центар во Скопје им подлегнал на повредите. Атентатот бил извршен спроти хотелот „Бристол" во Скопје на улица „Македонија", истиот бил извршен со далечинско активирање на експлозив кој бил сместен во автомобил „Цитроен, марка: Ами 8" кој бил паркиран покрај сообраќајницата низ која минувал претседателскиот автомобил „Мерцедес 500 SCL" со регистарски таблички „SK 001 AA".

Два дена по атентатот, на 5 октомври 1995 година во Собранието на Република Македонија бил сменет Уставот на Република Македонија. Во тој момент во Собранието постоела само една партија, СДСМ, со нејзините коалициони партнери, ВМРО ДПМНЕ не била присутна бидејќи ги бојкотирала изборите од 1994 година. На 5 октомври 1995 година било сменето знамето на Република Македонија. За промена на знамето гласале 110 пратеници „ЗА", додека против бил само еден пратеник. На тој начин старото знаме на Република Македонија 16-ет кракото златно сонце на црвена основа, со опис во Уставот на Република Македонија:

„Знамето на Република Македонија е црвено со златножолто сонце. Сонцето е со осум основни и осум споредни сончеви зраци, благо здебелени во првата половина, наизменично и симетрично наредени околу сончевиот диск. Основните сончеви зраци непосредно се одделуваат од сончевиот диск, а крајната надворешна должина на сите шеснаесет сончеви зраци се поклопува со надворешната периферија на сонцето. Дијаметарот на сончевиот диск е една седмина од широчината на знамето. Односот на дијаметарот на сончевиот диск и должината на основниот сончев зрак е еден спрема два, а односот на должината на споредниот и основниот сончев зрак е седум спрема осум. Центарот на сонцето се поклопува со точката во која се сечат дијагоналите на знамето. Односот на широчината и должината на знамето е еден спрема два."

Било сменето со ново знаме дизајнирано од Мирослав Грчев во чив опис стоело:

„Знамето на Република Македонија е црвено со златно- жолто сонце. Сонцето е со осум сончеви знаци кои се простираат од сончевиот диск со проширување до рабовите на знамето. Сончевите зраци се вкрстуваат по дијагонала, хоризонтала и вертикала. Дијаметарот на сончевиот диск е една седмина од должината на знамето.

Центарот на сонцето се поклопува со точката во која се сечат дијагоналите на знамето. Односот на ширината и должината на знамето е еден спрема два.“

Република Македонија по промената на своето уставно име и промената на своето државно знаме кои произлегуваат од нејзината историја, самата ги ослабнала своите меѓународни позиции, самата се обезличила и го довела во прашање дури и идентитетот на својот народ – Македонците, пред меѓународната јавност.

Република Македонија до ден денес ја бие истата битка од периодот за кој стана збор во овој магистерски труд.

**ЗАБЕЛЕШКА:**

За потребите за изработката на овој труд беа поканети да дадат свое интервју, ставови и мислења, политичари и политички активисти кои биле активни учесници и сведоци на настаните од левиот политички блок на македонската политичка сцена. Еден мал дел од нив се согласија на разговор околу настаните, но побараа да останат анонимни, додека најголемиот дел ја одбија соработката. Ние не сакаме да навлегуваме во причините заради кои одбија да дадат свое мислење и гледиште на настаните во кои самите учествувале. Со цел да останеме објективни до крај, во трудот во целост цитиравме делови од спомените и мемоарите напишани од политичари од левиот политички блок кои се однесуваат на соодветни настани.

# ЗАКЛУЧОК

Осамостојувањето на Република Македонија е најзначајниот чин во поновата историја и еден од најзаначајните во целокупната македонска историја, запишан во истиот ред со создавањето на Самуиловото царство, со самостојните македонски владетели од средновековието, со Илинденското востание и Првото заседание на АСНОМ кога е конституирана современата македонска држава. Излегувањето на Македонија од југословенската федерација и нејзината независност е последниот чин и врвната интенција на македонската борба во целата нејзина генеза. Република Македонија не се отцепи од СФРЈ бидејќи не била дел од некоја република туку била рамноправна членка во федерација која во дадениот момент била на крајот од нејзиното функционирање и неодржливост, по што членките започнале да излегуваат од истата, Република Македонија по своја волја влезе во Федерацијата и по своја волја излезе од истата, членувањето во Федерацијата е само еден мал дел од македонската историја. Кога Македонците ќе сфатат дека членувањето во СФРЈ е исто како и членувањето во некои други сојузи како: Варшавскиот пакт, Европската Унија, НАТО Алијансата, БРИКС, итн. ќе се отргнат од помислата, која се наметнува кај Македонците, дека Југославија игра важна улога во неговиот идентитет и битисување.

Низ целиот период, за кој станувше збор во трудот, се протегнуваат две главни компоненти, првата е енормното не единство кај македонскиот народ и неговата поделеност по сите основи, и втората компонента е односот на соседните држави спрема Република Македонија. Подреденоста на силите на Балканот и нивните поддржувачи од Европа останале исти од периодот на Балканските војни. Па така, можеме да ги воочиме тесните врски помеѓу Франција со Србија и Грција, Германија со Хрватска и Словенија, Албанија со САД и Европската Унија, додека Република Македонија која претходно немала самостојна дипломатија, немала изградени врски со западноевропските држави. Македонија својата дипломатија започнала да ја гради при самиот излез од Федерацијата и веднаш влетала во вкрстен оган, пред се од грчката дипломатија која постои во континуитет веќе 170 години.

Постоењето на македонската држава зависело од Република Грција која до ден денешен се води по зацртаниот проект од деветнаесетиот век „мегали идејата". Како

што во неколку наврати и посочиле самите грчки политичари, на Грција никогаш не и бил проблем името на Република Македонија, вистинскиот проблем на Грција е постоењето на Македонците и македонскиот идентитет. Токму поради тоа Грција се`уште ја води битката во ООН за бришење на терминот Македонци од описот на државата и бришење на терминот македонски јазик кој е главната одлика на еден народ и доказ за неговата посебност од останати други народи.

На грчкото негирање се надоврзуваат останатите македонски соседи, Република Бугарија не го признава постоењето на македонскиот народ како посебен од останатите балкански народи. Бугарската политика и пропаганда се обидуваат на светот да му докажат дека Македонците се всушност Бугари и дека македонскиот јазик е всушност бугарски јазик. Со цел да изврши притисок врз Република Македонија, Бугарија се заканува со блокирање на македонските евроинтеграции доколку Македонците не си го променат својот идентитет, поточно Бугарите и самите не знаат што бараат, целта им е јасна, бришење на Македонците од мапата на народи. Бугарската политика е речиси координирана со грчката политика по однос на македонското прашање.

На Грција и Бугарија се надоврзува Република Србија, која и покрај тоа што ја признава Република Македонија под нејзиното уставно име и ги признава Македонците како одделен народ од останатите балкански народи, Србија ја спори афтокефалноста на Македонската православна црква – Охридска архиепископија. Во компонентите кои го сочинуваат еден идентитет, спаѓа и верската самостојност независна од други цркви. Со самото негирање на Македонската православна црква, која според канините на православните цркви, ја создава народот верен во Бога, Србија индиректно го негира постоењето на македонскиот идентитет и Македонците ги вбројува во сопствените редови како Срби.

Западниот сосед на Република Македонија, Република Албанија, во периодот за кој зборувавме покрај тоа што немала доволно моќ да дејствува против Македонија, немала ни доволна бројка на Албанци во Македонија. Но територијалните претензии спрема Западна Македонија се присутни и во тој период, заради кои подоцна ќе избие и војна во Република Македонија.

Со ваквата поставеност на нештата лесно можеме да заклучиме дека македонското прашање, и покрај создавањето на независна македонска држава, било актуелно и за време на осамостојувањето, а истото е актуелно и денес, тоа се`уште не е затворено. Македонскиот народ до ден денешен се надева не идно обединување на териториите од етногеографска Македонија, додека неговите соседи се надеваат на исчезнување на македонскиот народ и македонската држава. Првиот чекор кон исчезнување на македонскиот народ било неговото непризнавање, додека вториот чекор се наоѓа во Охридскиот рамковен договор кој се потпишал по завршувањето на војната во 2001 година, со кој Македонците во својата држава станале само еден од многуте етникуми. Македонија денес не е национална држава на македонскиот народ, таа е мултиетничка држава, со овој адут Грција го спори името на државата уште посилно, име кое според нив не ги отсликувало сите националности во државата туку само една, а таа една националност е дел од останатите со што другите националности биле „обесправени".

Доколку овој труд го започнавме со „Создавање и распад на федерација", го завршуваме со „создавање и обезличување на држава" со надеж дека нема да дојде до распад на Република Македонија. И со надеж дека новите генерации кои доаѓаат ќе бидат многу посмели и поодлучни од нивните претходници кои сите отворени прашања ги оставиле на грбот идните поколенија.

# ПРИЛОЗИ

**Документ бр. 1**

**МАНИФЕСТ**

**МАКЕДОНСКИ НАРОДЕ! МАКЕДОНЦИ И МАКЕДОНКИ!**

**БРАЌА И СЕСТРИ НА НАШАТА ПОРОБЕНА АМА НИКОГАШ НЕПОКОРЕНА ТАТКОВИНА![411]**

Настаа деновите на големите победи на нашето оружје. Секој ден ни носи нова голема победа. Непобедливата Црвена армија, надеж на сите поробени народи, напредува на Запад, без да можат да ја задржат. Сојузниќките англо-американски армии напредуваат во Италија. Нашата славна Народноослободителна војска на Југославија, под умната команда на најголемиот војник на нашата земја – другарот Тито, ги ослободуе градовите и селата по цела Југославија. Еве денес и нашата млада Народноослободителна војска на Македонија, што е составен дел на Народноослободителната војска на Југославија, израснала од малите партизански одреди за време от двегодишни нерамни борби против фашистичките окупатори и нијните слуги, се здоби со големи победи.

Ослободен е голем дел од нашата татковина. Нашата млада војска, под славното знаме на Крушевската република, победнички чекори и смело гази накај исполнувањето на својата голема идеја – ослободувањето на Македонија.

Деновите што настануваат са во исто време и денови на големи борби што ќе ја решат судбината на нашата напатена и окрвавена татковина.

...............

Големоболгарските фашисти, на чело со принц Кирил, Филов, Михов и други, што служат верно на хитлеровите поробителни планови, се наоѓаат пред капитулација... Со тије нечисти слуги на хитлеровиот фашизам, со големоболгарските фашистички окупатори ни стојат уште многу тешки и остри борби.

---

[411] Државен архив на Република Македонија; Фонд: НОБ; Кутија 35; архивска единица 279

Големосрпските хегемонисти, на чело со предателскиот генерал Дража Михајловиќ што служеа верно на германо-италијанските окупатори со цел да ги разбијат нашите народноослободителни борби, се наоѓаат денеска во раскапување.

**БРАЌА И СЕСТРИ, МАКЕДОНЦИ И МАКЕДОНКИ![412]**

За прв пат во нашата славна историја имаме денес млада народна војска. За прв пат нашата млада војска жние победа до победа. Ние идеме спрема лице на новите големи борби. Се работи за судбината на нашата земја. Бие последниот час. Ве викаме, вас, синови и ќерки на македонскиот народ да се сплотите во борбените редови на нашата Народноослободителна војска на Македонија. Ве викаме со небројни сили да удриме по сите непријатели на нашата слобода и независност........

.........................................................................

ГЛАВНИОТ ШТАБ НА НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈСКА И

ПАРТИЗАНСКИТЕ ОДРЕДИ НА МАКЕДОНИЈА

Пол. Комесар
Цветко Узуновски

Командант
Михајло Апостолски

ЧЛЕНОВИ НА ШТАБОТ

Методија Андонов – Ченто, Хамди Дема, Страхил Гигов, Венко Марковски, Петре Пирузе Мајски, Иван Танев, Никола Минчев, Јелисије Поповски, Кузман (Борко) Јосифовски.[413]

**Документ бр. 2**

**ОДЛУКА[414]**

**НА ВТОРОТО ЗАСЕДАНИЕ НА АНТИФАШИСТИЧКОТО СОБРАНИЕ**

**НА НАРОДНОТО ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА**

---

[412] Државен архив на Република Македонија; Фонд: НОБ; Кутија 35; архивска единица 279
[413] Државен архив на Република Македонија; Фонд: НОБ; Кутија 35; архивска единица 279
[414] Arhiv Jugoslavije; Ustavni razvoj Jugoslavije... стр.54

За врховно законодавно и извршно народно претставничко тело на Југославија и Националниот комитет на ослободувањето на Југославија како привремени органи на врховната власт во Југославија за време на Народноослободителната војна.

Во точка 3. е запишано: АВНОЈ бира свое Претседателство кое се состои од претседател, пет потпретседатели, два секретари и најмалку 40 членови.

Во четвртата точка е запишано: Претседателството на АВНОЈ е претставник, во името на АВНОЈ, на народниот и државниот суверенитет на Југославија и ги врфши сите негови функции........[415]

**ОДЛУКА[416]**

...........

2. За да се оствари принципот на суверенoста на народите на Југославија, за да претставува Југославија вистинска татковина на сите свои народи и дека никогаш повеќе не би станала домен на било која хегемонистичка клика, Југославија се изградува и ќе се изградува врз федералниот принцип, кој ќе обезбеди полна рамноправност на Србите, Хрватите, Словенците, Македонците, Црногорците, односно на народите на Србија, Хрватска, Словенија, Македонија, Црна Гора и Босна и Херцеговина.

4. На националните малцинства во Југославија ќи им се обезбедат сите национални права.

5. Оваа одлука стапува веднаш на сила.

На ден 29 ноември 1943 — За Антивашистичкото собрание

Во Јајце — на народното ослободување на Југославија

Секретар
Р. Чолаковиќ

Претседател
Др. И. Рибар[417]

[415] Skupština SFRJ - dokumentacija; Arhiv Jugoslavije, Ustavni razvoj Jugoslavije; стр.54
[416] Arhiv Jugoslavije; Ustavni razvoj Jugoslavije... стр.54
[417] Службен лист на ДФЈ; 1.II.1945

**Документ бр. 3**

**ПРИГОВОР**[418]

До Главниот штаб на Македонската народно освободителна војска и ПО. Некаде во Македонија

Драги другари

Манифестот, изпратен од Вас до Македонскиот народ, изполни со радост и гордост срцата на сите чесни Македонци, поради следните два факта: 1. Образувањето на македонска народно освободителна војска и 2. Формирањето на раководството на таја војска – нејниот Главен штаб... Илинеднското востание се повторуе денеска со борбите на народноослободителната војска и партизанските одреди и нови страници, исписани со крвта на борците за свободата на нашиот народ, обохгатујат нашата историја. Но, таја славна борба е едновремено и дел од борбата на сите слободољубиви народи за окнчателнио уништуење на фашиското зло и за утрешниот нов свет, во кој сите народи ќе се радуваат полна национална слобода, политичка рамноправност и социјална справедливост.

Манифестот, гледан во таја светлина, е акт од историческо значење, наред со манифестот на Крушовската република и Уставот на ВМРО на Гоце, Даме, Ѓорче Петров и Пере Тошев, којто којто треба да начертае принципите и задачите на Македонската Народноосвободителна борба, имајќи бид миналото на нашиот народ, неговите идеали – национално обединение, на базата на братството на балканските народи, гледано во конкретна воено политическа обстановка.

Бидејќи от такво големо значење, Манифестот предизвика коментари во сите краишта на Македонија. Секој што политички мисли си даде мнението по него. По Акциониот комитет на народноосвободителната борба во Македонија и 8-те души от повиканите во Македонското Народно Собрание, синтетизирајќи ги различните забелешки по манифестот, сметава за своја должност да изнесат пред Штабот најоснованите забелешки...

... Сведени на поважните, забелешки се следните:

[418] Државен архив на Република Македонија; фонд: „НОБ“; кутија бр. 35, архивска единица 279.

## ФОРМАЛНИ ЗАБЕЛЕШКИ:

На еден манифест винага треба да му претходи накој основен акт ...устав, платформа..., во кој акт би требало да е Веруjу на секи Македонец. Манифестот, па иде да обнародува и објасни принципите на основниот акт за да ги направи извесни за сиот народ.

Во нашиот случај, Штабот се е обрнал до народа со еден манифест на кој не претходи никаков основен акт, којто да е претпоставка за излизането со манифесто пред народот. Заради това, и целиот манифест е еден обиковен позив на македонскиот народ иако во него се засегнати основните принципи на македонската ослободителна борба.

2. Компетенција на штабот

Штабот е не само и предимно воено тело на Народноосвободителната војска, но Штабот, составен од 11 души, не е смеел да определува во окончаната форма основните лении на борбата, а и дума да не става за определуење на конкретни политически ангажменти.

Но, кога е навлегол во компетенцијата на Народното Собрание, то Штабот е требало оште во началото на Манифестот да каже, оти манифестот има времен карактер, до свикаването на Народното Собрание, које е единствено компетентно во дефинитивна форма да определуја, основните принципи на борбата ни, како и да приеме конкретни ангажменти во дадената конкретна политическа обстановка..

Во врзка со тоа за напред би требало јасно и прецизно да се разграничат должностите и правата на двете тела – Штабот и Народното собрание.

## ЗАБЕЛЕШКИ ПО ВОПРОС КОИ ДОКОСНУЈАТ ОСНОВНИТЕ ПРИНЦИПИ НА МАКЕДОНСКАТА НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНА БОРБА

Од така преведените думи на Тито излева следното: 1. Народно-ослободителната борба треба да доведе до ослободувањето на Југославија 2. Таја борба треба да донесе национална рамноправност на сите народи на Југославија и 3. Таја слобода може да е спечали секој народ само со пушка во рака.

Прокламираните горни три принципа, приложени на македонската дејствителност, значат: слобода и равноправност на една трета част от Македонија, која беше преди 1941 во границите на Југославија, или приложен до крај принципа оти

таја борба требе неминовно да значи и национална слобода и на отделните народи. За нашиот народ она нема да донесе слобода и рамноправност, оти частично слободен народ не е слободен. Но, понеже Тито исправно е поставил теоретски неопходимите условија за ослободуењето на еден народ неприложимоста на така поставените принципи на македонската дејствителност, значи да во тесните рамки на Југославија не може целостно во ослободителното движење, така и от туѓите борци и движенија винаги се е сметало оти решението на македонскиот вопрос е возможен само во една федерација на балканските народи, заради това, оти нашиот вопрос е општбалкански.

Повтараме: Проблемот на Македонија и неговото разрешение нахврлуе рамките на бивша Југославија.

Кога констатираме от една страна, оти Тито е правилно поставил принципите на НОБ на народите во бивша Југославија, а од друга страна, оти заради така поставените принципи, македонскиот вопрос надхфрлуе рамките на Југославија и не може целосно да се разреши во таја „југословенска комбинација“, питаме се: Што е накарало југословенското народно ослободително движење, а по отделно самиот Тито, да вмкне македонскиот вопрос за разрешаване во комплексот на национални вопроси на другите народи на Југославија? За това може да се најдат три причини и објаснения:

1. Неосведоменост на југословенското народно освободително движение по специјално на Тито, за националните тежненија на македонскиот народ, за неговата минала революционерна борба, за денешните му идеали во таја народно ослободителна борба и вечнија му копнеж, да се еден пат за секога со сите сили заработи соединението на Македонија – единствено возможно решение на македонскиот вопрос, гледан от македонска гледна точка и от општобалканска призма. Не решение на македонскиот впрос на парче, во една чужда за него, искуствена комбинација – Југославија, со која не го сврзуе никакво политическо наследство а е симбол на неговото најцрно робство, а целосно решење во една широка комбинација.

2. Втората причина за таквото гледање на македонскиот вопрос може да биде: желанието на најпрогресивното за денеска народноослободително движење – југословенското да собере околу себе што повејке от поробените народи на Балканот, барем тија што живејеа во бивша Југославија, за да може поефикасно да се концентрира и засили, под едно обшто раководство, главната борба денеска на сите

поробени народи уништожуењето на фашизмот – главна пречка за слобода на народите.

Ние не забораваме и не превидуеме, повељата на денешното време – безпоштедната борба до покопуењето на фашизма, а само излезуеjќи од неjа, сакаме да наjдеме правилно разрешение на нашиот, можеби наjтежок национален вопрос, за да можат да се остварат предпоставките за полното мобилизиране на сите материjални, човечки и духовни сили за таjа превасходна борба. Сакаме согласуване на врховната повеља на денот со нашата народна повеља, оти без правилното поставање на македонскиот вопрос во неговата вистинска светлина, пред самиот народ, во согласие со тежениата на тоj народ, нема единение на народа, нема истинска народно освободителна борба, нема истинска антифашистичка борба.

Ако нашата пушка денеска не грми за соединението на Македониjа, никоj това соединение нема да ни го подари. Ако ние се задовољаваме со разрешението на македонскиjа проблем на парче, еден пат за секогаш поделбата на Македониjа е санкционирана.

И наjсетне, зашто не одговрихте на народа оти судбината на Македониjа не може предварително да се начертае во рамките на бившата Југославиjа, без да се прашат останатите две трети на нашиот народ дали се за това или не? Не ли е оправдано, да ве попитат, кога ги подканихте, разбира се, совсем правилно, Арнаутите, Власите, Турците и други на борба со наиот народ, зашто не ги подкханите нашите братjа од другите краишта от Македониjа на заедничка борба и е ли това молчание во согласие со принципа за соединение на Македониjа?

Ние напишахме горните редове, раководени от единственото желание македонската борба да наjде своj истински пат. Сакаме нашата НОВ и ПО – заштитникот и надежта на македонскиот народ – да раснат, крепнати печалат се нови и нови победи.

9. XII. 1943 година — Срдечни другарски поздрави[419]

[419] Државен архив на Република Македонија; фонд: „НОБ"; кутија бр. 35, архивска единица 279.

**Документ бр. 4**

**УСТАВНИ АМАНДМАНИ**

**ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА**

**(Декември 1968 год.)**

**"УСТАВЕН АМАНДМАН VII**

"Социјалистичка Федеративна Република Југославија ја сочинуваат: Социјалистичка Република Босна и Херцеговина, Социјалистичка Република Македонија; Социјалистичка Република Словенија, Социјалистичка Република Србија со Социјалистичка Автономна Покраина Војводина и Социјалистичка Автономна Покраина Косово кои се во нејзин состав, Социјалистичка Република Хрватска и Социјалистичка Република Црна Гора.

Со овој амандман се заменува одредбата од членот 2. став 1. на Уставот".[420]

УСТАВЕН АМАНДМАН XIX

1. Во Социјалистичка Федеративна Република Југославија народите и народностите се рамноправни...

2. Заради остварување на рамноправноста на народите и народностите, со закон и статут на општествено - политичката заедница и општите акти на работните и други организации се обезбедува примена на рамноправноста на јазиците и писмата на народите и народностите на подрачјата на кои живеат поедини народности, и се утврдуваат начинот и условите на нивната примена.

3. Припадниците на народностите имааат, во склад со уставот на републиката и со закон, право на употреба на својот јазик во оставурвање на своите права и должности, како и во постапката пред државните органи и организациите кои вршат јавни овластувања.[421]

**Документ бр.5**

(Јуни 1971 год.)

АМАНДМАН XXXVI

1. Се востановува Претседателство на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

[420] *Службен лист на СФРЈ*, бр.55/1968
[421] *Службен лист на СФРЈ*, бр.55/1968

Претседателството ја претставува Социјалистичка Федеративна Република Југославија во земјата и во странство и врши други со Уставот на СФРЈ утврдени права и должности.

Претседателството се образува на основа рамноправното претставување на републиките и соодветното претставување на автономните покраини, заради нивното понепосредно учество во остварувањето на со Уставот на СФРЈ утврдените права и должности на федерацијата.[422]

**Документ бр.6**

**УСТАВ**
**ПРВ ДЕЛ**
**СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА**

Член 1

Социјалистичка Федеративна Република Југославија е сојузна држава како државна заедница на доброволно обединети народи и нивните социјалистички републики, како и социјалистичките автономни покраини Војводина и Косово кои се во составот на Социјалистичка Република Србија, заснована на власта и самоуправувањето на работничката класа и сите работни луѓе, и социјалистичка самоуправна демократска заедница на работните луѓе и граѓаните и рамноправните народи и народности.

Член 2

Социјалистичка Федеративна Република Југославија ја сочинуваат: Социјалистичка Република Босна и Херцеговина, Социјалистичка Република Македонија, Социјалистичка Република Словенија, Социјалистичка Република Србија, како и Социјалистичка Автономна Покраина Војводина и Социјалистичка Автономна Покраина Косово кои се во составот на СР Србија, Социјалистичка Република Хрватска и Социјалистичка Република Црна Гора.

Член 3

Социјалистичката република е држава заснована на сувереноста на народот и на власта и самоуправувањето на работничката класа и сите работни луѓе, и социјалистичка самоуправна демократска заедница на работните луѓе и граѓани и рамноправни народи и народности.

Член 5

[422] Службен лист на СФРЈ, бр. 29/1971

Територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија е единствена и ја сочинуваат териториите на социјалистичките републики.

Територијата на републиката не може да се менува без согласност на републиката, а територијата на автономната покраина - ниту без согласнот на автономната покраина.

Границата на СФРЈ не може да се менува без согласност на сите републики и автономни покраини.

Границата меѓу републиките може да се менува само на основа нивно договарање, а ако се работи за границата на автономната покраина и на основа нејзина согласност.

Член 10

Социјалистичкото општествено-економско уредување на Социјалистичка Федеративна Република Југославија се засновува на слободниот здружен труд средствата за производство и општествената сопственост и на самоуправувањето на работниците во производството и распределбата на општествениот производ во основните и другите организации на здружениот труд и во општествената репродукција во целост.

Член 11

Општината е самоуправна и основна општествено-политичка заедница, заснована на власта и самоуправувањето на работничката класа и сите работни луѓе.

Во општината работните луѓе и граѓаните создаваат и обезбедуваат услови за својот живот и работа, го насочуваат општествениот развој, ги остваруваат и усогласуваат своите интереси, ги задоволуваат заедничките потреби и остваруваат власт и управуваат со други општествени работи.[423]

Покрај федералниот Устав биле изменети и уставите на републиките во Федерацијата, со тоа и СР Македонија добила измени во Уставот. Во член 1. Во уставот на СР Македонија од 1974 година стои:

Член 1

Социјалистичка Република Македонија е национална држава на македонскиот народ и држава на албанската и турската народност во неа, заснована врз суверенноста на народот и врз власта и самоуправувањето на работничката класа и на сите работни луѓе, и социјалистичката самоуправна демократска заедница на работните луѓе и граѓаните, на македонскиот народ и рамноправните со него албанска и турска народност.

[423] Устав на СФРЈ, Устави на социјалистичките републики и покраини, Белград, 1974, стр. 3-13

Социјалистичка Република Македонија е во состав на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.[424]

**Документ бр.7**

АМАНДМАН LIV

1. Се гарантираат сите форми на сопственост.

Сите форми на сопственост се рамноправни...


СЛУ... К
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 24 — Год. XLVI — Скопје

514.

ОДЛУКА
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА АМАНДМАНИТЕ ОД LVII ДО LXXXI НА УСТАВОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Претседател на Собранието на СРМ,

АМАНДМАНИ
НА УСТАВОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АМАНДМАН LX

АМАНДМАН LVIII

1. Социјалистичка Република Македонија се грижи за положбата и правата на деловите на македонскиот народ во соседните земји, се грижи за Македонците во другите земји, за иселениецигте од Македонија и за граѓаните на привремена работа во странство и го поттикнува и помага одржувањето и развојот на врските со нив...

АМАНДМАН LXVI

1. Граѓаните се носители на власта штио ја остваруваат преку претставници во Собранието на Републиката, на општината, односно на градската заедница, со референдум, на собири и со други форми на лично изјаснување, утврдени со закон...

АМАНДМАН LXVII

2. Граѓаните со непосредно и тајно гласање избираат пратеници на Собранието на СРМ, односно одборници во Собранието на општината и во Собранието на градската заедница.

Кандидати за пратеници и одборници предлагаат и утврдуваат граѓаните, политичките организации и другите форми на организирање и здружување.

АМАНДМАН LXX

1. Граѓаните се еднакви во правата и должностите, без оглед на националноста, расата, полот, јазикот, вероисповеста, политичкото или другиио уверување, социјалното потекло, раѓањето, образованието, општествената положба или друго лично својство.

[424] Устав на СФРЈ, Устави на социјалистичките републики и покраини, Белград, 1974, стр. 373-475

7. Загарантирана е слобода на политичко организирање и дејствување.

АМАНДМАН LXXIV

1. Собранието на Социјалистичка Република Македонија го сочинуваат 120 пратеници.

Од секоја општина се избира најмалку по еден пратеник во Собранието.

2. Работите од својата надлежност Собранието ги врши на седници.

Собранието со двотретинско мнозинство гласови на сите пратеници одлучува за правото на македонскиот народ на самоопределување, вклучувајќи го и правото на отцепување од заедницата на југословенските народи, како и за менување на границите на Републиката и за републичките празници.

Одлуката за остварување на правото на македонскиот народ на самоопределување, вклучувајќи го и правото на отцепување од заедницата на југословенските народи, измените на одредбите на Уставот на СРМ, за грбот, знамето и химната на СРМ, како и одлуките за менување на границите на Републиката и за републичките празници, се применуваат откако за нив на референдум се изјасни мнозинството од граѓаните на Републиката.

АМАНДМАН LXXV

1.Се установува функцијата претседател на Социјалистичка Република Македонија (претседател на Републиката).

2. Претседателот на Републиката ја претставува Социјалистичка Република Македонија и врши други права и должности утврдени со овој Устав.

7.Претседателот на Републиката го избира и го разрешува Собранието на СРМ.

На претседателот на Републиката му помага потпретседател на Републиката. Претседателот на Републиката, во случај на отсутност или спреченост да ја врши функци-јата, го заменува потпретседателот на Републиката.

Претседателот на Републиката се избира и се разрешува по предлог на најмалку 20 пратеници со двотретинско мнозинство на сите пратеници асо тајно гласање, според постапка утврдена со закон.

Потпретседателот, по предлог на претседателот на Републиката, го избира и го разрешува Собранието со двотретинско мнозинство на сите пратеници со тајно гласање, според постапка утврдена со закон.

Претседателот на Републиката и потпредседателот не можат да вршат политичка, јавна или друга општествена функција, ниту приофњесионална дејност.

АМАНДМАН LXXVI

1. Во Социјалистичка Република Македонија се образува Влада на Социјалистичка Република Македонија.

Владата на Социјалистичка Република Македонија ја сочинуваат претседател, еден или повеќе потпретседатели и членоиви (министри) што раководат со одделни републички оргабни на управата или вршпат други должности што ќе им ги довери Владата.

Владата ги врши работите од свиојата надлежност врз основа на овој Устав и на законите.

5. Претседателот на Социјалистичка Република Македонија предлага кандидат за претседател на Владата на СРМ врз основа на претходни консултации со политичките организации што се застапени во Собранието.

Собранието по предлог на кандидатот за претседател на Владата, избира Влада на Социјалистичка Република Македонија.

АМАНДМАН LXXIX

1. Предлог за пристапување кон измена на Уставот на СРМ можат да поднесат претседателот на Социјалистичка Република Македонија, Владата на Социјалистичка Република Македонија или најмалку 30 пратеници...".[425]

**Документ бр.8**

**ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА СУВЕРЕНОСТ НА**

[425] Службен весник на Социјалистичка Република Македонија, петок 21 септември 1990, Скопје, бр.28, год. XLVI

**СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

(25 јануари 1991 год.)

"Собранието на Социјалистичка Република Македонија врз основа на член 318 од Уставот на СРМ, а во согласност со уставните определби за независност и за политички права, на седницата одржана на 25 јануари 18991 година донесе

**ДЕКЛАРАЦИЈА**

**за сувереност на Социјалистичка Република Македонија**

Член 1

Со оваа Декларација се изразува сувереноста на Социјалистичка Република Македонија во согласност со уставните определби за независност и територијален интегритет на македонската држава, како и правото на македонскиот народ за самоопределување, вклучувајќи го и правото на отцепување.

Член 2

Политичкиот, стопанскиот и правниот систем на Социјалистичка Република Македонија се темелат на Уставот и на републичките закони, а во согласност и со определбите изразени во оваа Деклкарација.

Уставот на СФРЈ, сојузните закони и другите сојузни прописи и општи акти ќе се применуваат на територијата на Социјалистичка Република Македонија доколку не се во спротивност со Уставот на СРМ, републичките закони и со одлуките на Собранието, со кои се остварува сувереноста на СРМ.

Член 3

Изразувајќи ја сувереноста на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на СРМ ќе донесе нов устав со кој, покрај другото, ќе се определат општественото уредување и идните симболи на државноста на Македонија

Член 4

Социјалистичка Република Македонија како суверена држава самостојно одлучува за идните односи со државите и со другитре народи на Југославија, во согласност со своите интереси, по мирен и деморатски пат.

Член 5

Оваа Декларација, Уставот на СРМ, републичките закони и другите прописи и општи акти се основа за одлучување и дејствување како на републичките органи и организации, така и на сојузните органи и организации на територијата на Социјалистичка Република Македонија.

Член 6

Собранието на СРМ и надлежните органи на Републиката, до донесувањето на новиот устав, можат и самостојно да преземааат мерки за заштита и унапредувањето на положбата и правата на деловите на македонскиот народ што како национално малцинство живеат во соседните земји, за Македонците во другите земји, за иселениците од Македонија и за граѓаните на привремена работа во странство.

Член 7

Доколку спогодбено и демократски не се решат меѓусебните односи на суверените републики во СФРЈ, или тоа се врши на начин на кој се загрозува суверенитетот на Републиката, Собранието на СРМ ќе донесе уставен закон со кој ќе ги утврди другите прашања од уставноправен карактер со кои СРМ како самостојна и независна држава ќе го преземе извршувањето на суверените права што ги остварува преку органите на СФРЈ и ќе го утврди начинот на спогодување со другите републики за правното наследство на СФРЈ и за меѓусебните односи, според начелата на меѓународното право.

Член 8.

Оваа Декларација влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Собрание на Социјалистичка Република Македонија

Бр.08-220/1 Претседател

25 јануари 1991 година на Собранието на СРМ

Скопје Стојан Андов, с.р.“[426]

**Документ бр. 9**

**Записник од седницата на Уставниот суд на Југославија,**

**одржана на 24 декември 1991 година**

По предлогот за оценување на Декларацијата за сувереност на Социјалистичка Република Македонија ("Службен весник на СР Македонија" бр.5/91) Судот не донесе одлука, бидејќи ниту еден од дадените предлози не доби потребно мнозинство на гласови. Резултатите од гласањето се:

- За предлогот да се укине Декларацијата во целина гласале 4, а против гласале 6 судии;
- За предлогот да се укинат членовите 2,5,7 и 8 гласале 5 судии, а против гласале 6 судии;
- За предлогот да се укинат чл. 2 и 5 гласале 6 судии, а против гласале 4 судии

Советник,

Радивоје Брајовиќ, с.р.[427]

**Документ бр.10**

Уставниот суд на Југославија, врз основа на одредбите на седницата одржана на 28 јануари 1992 година донесе

**ОДЛУКА**

Се укинуваат одредбите од чл. 2 и чл.5 од Декларацијата за сувереноста на Социјалистичка Република Македонија....

---

[426] *Декларација за сувереност на Социјалистичка Република Македонија*, НУ Музеј на македонската борба за државност и самостојност, Скопје.
[427] Службен весник....

Одлуката да се објави во " Службениот лист на Југославија во состав"....

Уставен суд на Југославија
II-У-број 35/91
28 јануари 1992 год.
Белград

Го заменува претседателот
на Уставниот на Југославија
Судија, Др. Слободан Благојевиќ, с.р.[428]

**ИЗВАДОК**

од Записникот од седницата на Уставниот суд на Југославија,

одржана на 28 јануари 1992 година

По предлог за оценување на Декларацијата за сувереноста на СР Македонија..., со мнозинство гласови од 8 спрема 2, Судот донесе одлука да се укинат членовите 2 и 5 од наведената Декларација.

Против укинувањето на наведените членови од Декларацијата гласале Пјетер Коља и Димче Козаров.

Советник,

Радивоје Брајовиќ, с.р."[429]

**Документ бр.11**

**ДЕКЛАРАЦИЈА**[430]

Член 1

Собранието на Република Македонија констатира дека граѓаните на Република Македонија на референдумот одржан на 8 септември оваа година, самопотврдувајќи ја плебисцитарно државноста и сувереноста на Република Македонија, ја изразија сво-

[428] Службен весник....
[429] Службен весник....
[430] Види прилози, документ бр.9

јата волја и го дадоа својот глас Република Македонија да се конституира како суверена и самостојна држава Македонија со право да стапи во иден сојуз на суверени држави на Југославија.[431]

Граѓаните на Република Македонија со тоа на демократски начин испишаа нова страница во македонската многувековна историја за заокружување на самостојноста и сувереноста на Република Македонија како држава.

Член 2

Република Македонија, како суверена и самостојна држава ќе се залага за доследно почитување на општо усвоените принципи на меѓународните односи, содржани во документите ма ООН, завршниот документ на КЕБС во Хелсинки и Парискaта повелба. Својот меѓународно-правен субјективитет Република Македонија ќе го заснова врз почитувањето на меѓународните норми за односите меѓу државите и врз полно почитување на принципите на територијалниот интегритет и суверенитет, немешањето во внатрешните работи, јакнењето на меѓусебното почитување и доверба и развојот на сестрана соработка со сите земји и народи од заемен интерес.

Член 3

Врз основа на овие принципиелни поаѓалишта Република Македонија е определена за сестран развој на добрососедските односи и соработка со сите свои соседи, како и за развој и соработка со сите европски и други земји, меѓународни организации и групации. Во оваа смисла Република Македонија е витално заинтересирана за вклучување во интеграционите процеси во Европа како и за зголемено учество во билатералните и мултилатералните видови на соработка во регионите...

Член 4

Република Македонија, строго почитувајќи го принципот на неповредливост на границите, како гаранција за мирот и безбедноста во регионот и пошироко, и овој пат ја потврдува својата политика на немање и неизразување територијални претензии спрема која било земја од своето соседство. Истовремено, Република Македонија

[431] *Службен весник на РМ*, бр.42/1991, 18 септември 1991, стр. 685

решително ќе се спротивставува на какво било непочитување и загрозување на нејзиниот територијален интегритет и суверенитет. Република Македонија строго се придржува кон принципот -проблемите во меѓусебните односи од кој било вид да се решаваат на мирен начин, по пат на преговори и врз заемно почитување.

Член 5

Тргнувајќи од уставната определба за грижата за положбата и правата на деловите од македонскиот народ, кој како национално малцинство живее во соседните земји, Република Македонија ќе продолжи да води политика која ќе се потпира врз меѓународните норми и чија основна цел и суштина е признавањето и почитувањето на основните човекови права и слободи, а во тие рамки и на слободите и правата на Македонците кои како национални малцинства живеат во соседните земји. Република Македонија ова го сфаќа како прашање што може да се разрешува исклучиво со мирни и демократски средства и во духот на европските и цивилизациските стандарди.

Член 6

Република Македонија, свесна за своето место и одговорност како фактор за мирот и безбедноста на овој простор и пошироко, ќе ги вложи сите свои сили и активности, изградувајќи се како модерна и демократска држава за доследно остварување на горенаведените принципи...

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3786

17 септември 1991 година

Скопје

Претседател

на Собранието на Република Македонија,

Стојан Андов,"с.р.[432]

[432] *Службен весник на РМ*, бр.42/1991, 18 септември 1991, стр. 685

**Документ бр.12**

ЕВРОПСКАТА АРБИТРАЖНА КОМИСИЈА:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГИ ИСПОЛНУВА УСЛОВИТЕ

ЗА НЕЗАВИСНОСТ И ПРИЗНАВАЊЕ

МИСЛЕЊЕ

НА АРБИТРАЖНАТА ("БАДЕНТЕРОВА") КОМИСИЈА НА ЕВРОПСКАТА ЗАЕДНИЦА: РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГИ ИСПОЛНУВА УСЛОВИТЕ ЗА НЕЗАВИСНОСТ.

КОРИСТЕЊЕТО НА ИМЕТО МАКЕДОНИЈА НЕ ПОДРАЗБИРА

ТЕРИТОРИЈАЛНА ПРЕТЕНЗИЈА СПРЕМА ДРУГА ДРЖАВА

( Париз, 11 јануари 1992 год.)

" Конференција за Југославија

Арбитражна комисија. Мислење бр. 6

За признавање на Социјалистичка Република Македонија од Европската Заедница и нејзините земји-членки

Во писмото датирано на 20 декември 1991 упатено до претседателот на Советот на Европската Заедница, министерот за надворешни работи на Република Македонија побара од земјите-членки на Заедницата да ја признаат Републиката.

Арбитражната комисија пристапи кон оцена на ова барање во согласност со Декларацијата за Југославија и Насоките за признавање на новите држави од Источна Европа и Советскиот сојуз, утврдени од Советот на 16 декември 1991 и правилата на процедура, прифатени од Арбитражната комисија на 22 декември.

Со цел да се дојде до одлука, Комисијата ги зема предвид следните документи поднесени од Социјалистичка Република Македонија:

1. Декларација од 19 декември 1991 на Собранието на Република Македонија, приложена кон гореспоменатото писмо на министерот за надворешни работи;

2. Писмо од 20 декември 1991 на министерот за надворешни работи на Република Македонија;

3. Одговори на Прашалникот на Комисијата изпратен до соодветните републики на 24 декември 1991;

4. Извештај за резултатите на референдумот одржан на 8 септември 1991;

5. Декларација од 17 септември 1991 на Собранието на Република Македонија;

6. Устав на Република Македонија од 17 ноември 1991 и амандманите усвоени на 6 јануари 1992;

7. Писмо од 11 јануари 1992 испратено во фотокопија од министерот за надворешни работи до претседателот на Арбитражната конмисјија во одговор на барањето на Комисијата од 10 јануари 1992 за натамошни информации;

Извршувајќи увид во информациите што и беа доставени и ислушувајќи го известувачот, Арбитражната комисија го издава следното мислење:

1.Во својот одговор на прашалникот на Комисијата, министерот за надворешни работи од името на Република Македонија го изјави следното:

(а) одговарајќи на прашањето кои мерки Македонија веќе ги презела за да ги оствари принципите на Повелбата на Обединетите нации, на завршниот документ од Хелсинки и Повелбата од Париз: "Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија наведува дека Република Македонија својата меѓународна позиција и нејзините односи со другите држави и меѓународните органи ќе ги заснова врз општоприфатените принципи на меѓународното право (чл.3). Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија утврдува дека Република Македонија како рамноправен правен наследник на СФРЈ заедно со другите републики, ги презема сите оправа и обвски произлезени од постоењето на СФРЈ (чл.4)."

б) Во одговор на прашањето кои мерки Македонија веќе ги презела, или има намера да ги преземе, за да ги гарантира правата на етничките и националните групи и на малцинставата на својата територија: "Уставот на Република Македонија предвидува создавање совет за меѓунационални односи, кој ќе ги разгледува прашањата

од меѓунационалните односи во Републиката. Советот составен на паритетна основа од сите националности, покрај претседателот на Собранието, е составен од по два члена од редовите на Македонците, Албанците, Турците, Власите и на Ромите, како и од два члена од редовите на другите националности во Македонија. Собранието е задолжено да ги земе предвид оцените и предлозите на Советот и да донесе одлуки во врска со нив (чл.78).”

(ц) Во одговор на прашањето што би презела Македонија за да не ги измени своите граници со насилни средства: “Да, Република Македонија ја почитува неповредливоста на територијалните граници, кои можат да бидат изменети само со миролјубиви средства и со заедничка согласност. Собранието на Република Македонија во Декларацијата од 17 септември наведува дека Република Македонија доследно ќе го почитува принципот на неповредливост на границите како гаранција за мирот и за безбедноста во регионот пошироко, потврдувајќи ја својата политика за неистакнување и немање територијални претензии спрема која било соседна земја (чл.4).”

(д) Во одговор на прашањето дали Македонија е подготвена да ги пригати сите обврски во врска со разоружувањеso и нараспространувањето на нуклеарното оружје: “Да, Република Македонија ги прифаќа сите релевантни обврски што се однесуваат на разоружувањето и на нараспространувањето на нуклеарното оружје, како оние што се однесуваат на безбедноста и на територијалната стабилност”.

(е) Во одговор на прашањето дали Македонија е подготвена да склучи договор за сите прашања поврзани со државната сукцесија на Југославија и регионалните спорови или ако е потребно со приоќање кон арбитража: “Да, Република Македонија ги прифаќа обврските и ќе настојува да ги решава сите прашањеа поврзани соо сукцесијата на државите и на регионалните спорови, а во случај такви да не бидат најдени, и преку арбитража”.

(ф) Во одговор на прашањето кои мерки веќе ги презела Македонија или има намера да ги преземе за таа цел: “Уставниот акт за спроведување на Уставот на Република Македонија ги утврдува прашањата за сукцесијата на државите што Република Македонија како рамноправен наследник со другите републики на СФРЈ ќе ги регулира како права и обврски на СФРЈ врз основа на договор со другите републики за правното наследство на СФРЈ и за нивните меѓусебни односи (чл.4)”.

(г) Во одговор на прашањето во која форма Македонија ја прифатила Предлог-конвенцијата од 4 ноември 1991 подготвена од Конференцијата за Југославија: “Собранието на Република Македонија по предлог на Владата на Република Македонија на 19 декември 1991 усвои Декларација пеифаќајќи ја Предлог-конвенцијата на Конференцијата за Југославија (чл.31)”.

(х) Во одговор на прашањето дали прифаќањето особено се однесува на делот 2 од Предлог -конвенцијата: “Да, Република Македонија ги прифаќа одредбите од делот 2 на Предлог-конвенцијата посветени на правата на човекот и правата на националните или на етничките групи”.

2. Врз основа на барањето на Арбитражната комисија од 10 јануари 1992 година, министерот за надворешни работи на Република Македонија во своето писмо од 11 јануари, изјави дека Републиката ќе се воздржи од каква било непријателска пропаганда спрема соседната земја што е земја-членка на Европската заедница.

3. Арбитражната комисија, исто така, има предвид дека на 17 ноември 1991 Собранието на Република Македонија усвои Устав вградувајќи демократски институции и гаранции за правата на човекот што се применуваат во Европа. Особено за заштитата на малцинс-твата, Уставот содржи неколку специјални одредби, чии главни карактеристики, секако треба да се споменат:

(а) Основните одредби се содржани во членот 48 (1), кој утврдува дека членовите на неколку националности имааат право за слободно искажување, одржување и развој на својот национален идентитет; тоа се однесува и за национпалните “својства”.

(б) Во членот 48 (2) Републиката гарантира дека националниот, културниот, јазичниот и религиозниот идентитет на неколкуте националности ќе биде заштитен.

(ц) Членот 48 (3) на неколкуте националности им го дава правото да формираат културни и уметнички институции и образовни и други здруженија, кои ќе им овоз-

можат да го изразуваат, да го одржуваат и да го развиваат својот национален идентитет.

(д) Во согласност со членот 48 (4) тие, исто така, имаат право да се образуваат на својот јазик во основното и средното образование. Овие одредби треба да се реализираат со статут. Во училиштата во кои наставата се изведува на јазик на една од другите националности, македонскиот јазик, исто така, треба да се изучува.

(е) Во врска со тоа, значаен е членот 45 бидејќи определува дека секој граѓанин може да основа приватно училиште, на секое образовно ниво, освен во основното образование. Членот 19 (4) определува дека и религиозните заедници се овластени да формираат училишта...

(ф) во врска со јазикот и писмото, членот 7 (2) определува дека општините во кои мнозинството жители припаѓааат на друга националност, јазикот и писмото на другата националност мора да се користат за официјалните потреби, напоредно со македонскиот јазик и кириличната азбука. Членот 7 (3) ја содржи истата определба за заедниците во кои значителен број жители припаѓаат на односната националност. Во овие два случаја, сепак, односните права дополнително треба прецизно да се утврдат со закон.

(г) Членот 9 (1) од Уставот забранува секаква дискриминација врз основа на расно, национално и социјално потекло и боја на кожа врз основа на политичко или религиозно убедување.

4. На 6 јануари 1992 Собранието на Република Македонија го дополни Уставот од 17 ноември 1991 со усвојувањето на следниот Уставен закон (потоа се наведуваат амандманите на Уставот, н.б.).

Според тоа, Арбитражната комисија е на мислење:

- дека Република Македонија ги исполнува барањата во Насоките за признавање на новите држави од Источна Европа и од Советскиот Сојуз и Декларацијата за Југославија усвоена од Советот на Европската заедница на 16 декември 1991;

- дека Република Македонија, понатаму, ги отфрла сите територијални претензии, од кој било вид, недвосмислени соопштенија засновани на меѓународното право; дека користењето на името Македонија не може во себе да подразбере каква било територијална претензија спрема друга држава;

- дека Република Македонија формално се обврзува, во согласност со меѓународното право, да се воздржи како генерално, така и врз основа на член 49 на својот Устав посебно, од кава било непријателска пропаганда против која било друга држава: нешто што произлегува од изјавата на министерот за надворешни работи на Републиката ја даде на Арбитражната комисија на 11 јануари 1992, одговарајќи на барањето на Комисијата за појаснувањето на Уставниот амандман 2 од 6 јануари 1992.[433]

Париз, 11 јануари 1992 год.

Р. Бадентер[434]

**Документ бр.13**

ПИСМО

ОД ЏОРЏ БУШ ДО КИРО ГЛИГОРОВ:

СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ ВЕРУВААТ ДЕКА

ТРЕБА ДА СЕ ДАДЕ ПОЗИТИВЕН ПРИОД КОН БАРАЊЕТО

НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ

(8 април 1992 год.)

"Почитуван г-не претседателе,

[433] Ахил Тунтев, Република Македонија – прва декада (1990-1999), Скопје 2005, стр.80-83
[434] Признавањето на Македонија, избор од светскиот печат, редакција Георги Ајановски, Скопје 1993, стр.15-20

Го примив барањето на Вашата Влада за признавање како независна држава, поддржано од народот на Република Македонија.

Ги поздравуваме обврските што Вашата Република ги презеде, како во својот дијалог со Соединетите Американски Држави во текот на последните месеци така и со Европската заедница и со Арбитражната комисија на Конференцијата на ЕЗ во поглед на демократските вредности и посебните обврски вградени во сите спогодби на КЕБС, вклучувајќи го Завршниот документ на Хелсинки и Парискага повелба за евентуалното разрешување на југословенската криза од страна на Мировната конференција на ЕЗ, која што има мандат од КЕБС, како и во поглед на отсуството на какви било македонски територијални претензии спрема соодветните држави и немешање во нивните работи.

Како што е содржано во заедничката изјава на САД и на Европската заедница од 10 март, Соединетите Американски Држави веруваат дека треба да се даде позитивен приод кон барањето на Република Македонија за признавање.

Истовремено, чувствителни сме околу загриженоста изразена од Грција, која е пријател и сојузник на Соединетите Американски Држави.

Соединетите Американски Држави ќе продолжат интензивно да дејствуваат со Европската заеденица и со нејзините земји-членки за итно разрешување на преостанатите прашања меѓу Грција и Република Македонија, со што ќе се овозможи Соединетите Американски Држави, исто така, и на Вашата Република да и доделат признание. Наш став е дека принципите за слобода и потребата за одбегнување на понатамошната нестабилност на вознемирениот Балкан бараат ова прашање да се реши колку што е можно побргу. Ние цврсто ги поткрепуваме усилбите на Претседателството на ЕЗ во оваа насока и ургираме кај Вас да останете активно ангажирани во овие напори.

Во меѓувреме, имам задоволство да Ве информирам дека САД иницираа процес за обновување на економските повластици за Република Македонија, кои беа суспендирани за Југославија во почетокот на декември 1991 година, во поглед на генерализираниот систем на третман со преференцијални тарифи и техничка помоќш од САД.

Соединетите Американски Држави високо ги ценат Вашите упорни усилби за промоција на едно мирно, политичко разрешување на југословенската криза, за трасирање мирољубив период кон независноста и консолидирање на демократијата, целосно почитување на човековите права и пазарните реформи во Вашата Република.

Се надевам на континуиран развој на срдечни и продуктивни односи меѓу народот на Република Македонија и Соединетите Американски Држави.[435]

Со почит,

Џорџ Буш"

**Документ бр.14**

ИЗЈАВА

НА БУГАРСКИОТ ПРЕТСЕДАТЕЛ ЖЕЉУ ЖЕЛЕВ:

БУГАРИЈА ОДЛУЧИ ДА ЈА ПРИЗНАЕ НЕЗАВИСНОСТА

НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. ТОА Е ИЗРАЗ НА ПРИНЦИПИЕЛНАТА ПОЛИТИКА НА БУГАРИЈА, КОЈАШТО ГО ПОЧИТУВА ПРАВОТО НА СЛОБОДА И ДЕМОКРАТСКО САМООПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СИТЕ НАРОДИ,

ВКЛУЧУВАЈЌИ И СОЗДАВАЊЕ НА САМОСТОЈНИ

И НЕЗАВИСНИ ДРЖАВИ

(14 јануари 1992 год.)

"Почитувани сонародници, денес, 15 јануари 1992 година, Република Бугарија се одлучи да ја признае независноста на Република Словенија, на Хрватска, на Босна и Херцеговина и на Македонија. Ова решение е во духот на на одлуката на Арбитражната комисија на Европската заедница, раководена од претседателот на францускиот уставен суд Роберт Бадинтер. Тоа е израз на принципиелната политика на Бугарија, којашто го почитува правото на слобода и демократското самоопределување на сите народи, вклучувајќи и создавањето на самостојни и независни држави.

Решението е уште една потврда за стремежот на Бугарија да биде фактор на стабилноста на Балканот и да помогне во натамошното обединување на Европа со

[435] Признавањето на Македонија, избор од светскиот печат, редакција Георги Ајановски, Скопје 1993, стр.44-45

принципите на меѓународното право и вредностите на демократијата. Тука националните интереси на Бугарија се совпаѓаат со целите на современата општоевропска политика.

Нашата позиција е логичко продолжение на односите кон кризата на запад од нашата граница, позиција што бугарската држава ја истакнува повеќепати. Убедени сме дека ова решение е важен чекор кон потесна соработка со нашите соседи и уште потесна интеграција во рамките на општоевропските процеси. Тоа е суштествената карактеристика на новата надворешна политика, политика којашто Република Бугарија ќе ја продолжува и понатаму.

Уверен сум дека целиот бугарски народ и сите политички сили ќе го поддржат решението на државното раководство на Република Бугарија."[436]

**Документ бр.15**

РУСИЈА ЈА ПРИЗНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПОД УСТАВНОТО ИМЕ

(Август 1992 год.)

"Кога Козирев пристигна во Белград, се најде под синхронизиран притисок од страна на грчката дипломатија во Москва и оној што дојде од Милошевиќ и ...неговиот режим. Излез од таа состојба побара во прекинувањето на турнејата и откажувањето на посетата на Македонија...

....Козирев пет-шест дена потоа ја посети Македонија...При посетата не извести нас од македонското раководство и јавноста дека Русија донела одлука да ја признае Македонија, но при посетата не ја предаде нотата со која Р Македонија официјално се известува за признавањето. Со тоа Козирев во Македонија не постапи на начин како што постапуваше кога ги посетуваше Словенија, Хрватаска и Босна и Херцеговина, туку на крајот на својата посета рече дека нотата за признавањето на Македонија ќе ни ја испрати штом се врати во Москва.

[436] Признавањето на Македонија, избор од светскиот печат, редакција Георги Ајановски, Скопје 1993, стр.23

Тој се врати...,но нотата не дојде...минаа јуни и јули, нота немаше. Во почетокот на август, при посетата на претседателот на Русија, ...Јелцин на Бугарија, состојбите се променија. Со упорниот и аргументиран настап на бугарскиот претседател Жељу Желев, отпаднале резервите...и рускиот претседател решил Русија веднаш да ја признае Македонија. Одлуката ја донел уште кога се наоѓал во Бугарија и веднаш од Софија го испрати заменикот на Козирев, Виталиј Чуркин во Македонија, кој на 5 август му ја предаде нотата за признавањето на нашиот министер..., Денко Малески... Тој настан беше од огромно значење за нас, меѓу другото и затоа што Русија ја призна Македонија под нејзиното уставно име..."[437]

**Документ бр.16**

ПРОТОКОЛ

ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ ДИПЛОМАТСКИ ОДНОСИ МЕЃУ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА

( Лондон 26 август 1992 год.)

"...Република Турција и Република Македонија,

Со желба за понатамошно развивање на нивните политички, стопански, културни и други врски, за добробит на нивните народи,

Раководени од начелата содржани во Повелбата на Обединетите нации, Хелсиншкиот завршен документ, Париската повелба за Нова Европа и другите документи на КЕБС,

Истакнувајќи го нивното залагање за универзалните начела на суверена еднаквост, неповредливост на границите, територијалниот интегритет...

...Одлучни да ги одржуваат историските трајни традиции на пријателство, соработка и добрососедство меѓу нивните земји и народи,

[437] Стојан Андов, На мој начин, Скопје 2003, стр.376

Сакајќи регионот на Балканот да биде зона на мир и стабилност и целосно свесни за огромните стопаснки можности што се нудат со зголемена натамошна соработка меѓу балканските земји,

Страните се договорија да воспостават дипломатски односи на ниво на амбасади сметано од денот на потпишувањето на овој протокол согласно Виенската конвенција за дипломатски односи од 1961 година.

Овој протокол е потпишан во Лондон на 26. 08.1992 година, на македонски, турски и англиски јазик и сите три текста се еднакво автентични..."[438]

**Документ бр.17**

ОДЛУКА

НА СОБРАНИЕТО ЗА СТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ВО ЧЛЕНСТВО НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ

( Скопје, 29 јули 1992 год.)

"Врз основа на член 121 од Уставот на Република Македонија и член 3 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 29 јули 1992 година, донесе

О д л у к а

за стапување на Република Македонија во членство

на Организацијата на Обединетите нации

Член 1

Собранието на Република Македонија одлучи Република Македонија како суверена и самостојна држава, да стапи во членство во Организацијата на Обединетите нации.

Член 2

[438] Министерство за надворешни работи на Репуиблика Македонија

Барањето за стапување во членство во Организацијата на Обединетите нации да го поднесе претседателот на Републиката.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА[439]

Бр.08-3157/1

29 јули 1992 год.

Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО

НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Стојан Андов (потпис)"

**Документ бр.18**

До Стојан Андов, Претседател на

Собранието на Република Македонија

За ваше информирање и користење Ви ја доставувам Платформата за иднината на југословенската заедница, која заедно со претседателот на Претседателството на СР Босна и Херцеговина, ја предложивме како основа за разговорите на состано-кот на претседателите на републиките, односно претседателите на претседателствата на републиките во Сараево на 6 јуни 1991 година.[440]

Претседател на Република Македонија

Киро Глигоров,

[439] Собрание на Република Македонија, Служба за документација

[440] Стојан Андов, На мој начин, Скопје 2003, стр.310-314

**Документ бр.19**

"ПРАТЕНИЧКА ГРУПА НА ПДП И НДП

ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА[441]

Врз основа на член 177 став 1 и врз основа на Амандман 79 од Уставот на Република Македонија, како и врз основа на член 318 од Деловникот на работата на Собранието на Република Македонија, Пратеничката група на ПДП и НДП му предлага на Собранието на Република Македонија Декларација за рамноправниот статус на Албанците во Македонија.

Ве молиме Декларацијата да биде разгледана на наредната седница на Собранието на Република Македонија, и согласно член 244 од Деловникот да се усвои по итна постапка.

ПРАТЕНИЧКА ГРУПА НА ПДП И НДП

Ешреф Алиу (потпис)

Тргнувајќи од фактот дека праведното решавање на националниот статус на Албанците во Македонија е суштинско прашање за остварување на демократијата и демократската практика, за зацврстувањето на мирот и стабилноста во Републиката и услов за вклучување во европските интеграциони процеси;

- Имајќи го предвид заедничкото историско минато на македонскиот и албанскиот народ;

- Имајќи ја во предевид заедничката борба на овие народи за национална и социјална слобода изразена преку Илинденското востание, АСНОМ и НОБ;

441

- Имајќи ги предвид досегашните заеднички напори во изградбата на Република Македонија како заедничка татковина и држава на сите граѓани што живеат во неа, а врз основа на член 177 став 1 и амандман 79 од Уставот на РМ, како и член 318 од Деловникот за работата на собранието предлагаме да Собранието на РМ ја усвои следната:

ДЕКЛАРАЦИЈА

за рамноправен статус на Албанците

во Македонија

Собранието на Република Македонија ја изразува својата определба дека во натамошната трансформација и доградба на политичкиот и економскиот систем и на другите области на општествениот живот доследно ќе ги почитува следните појдовни основи:

1. Во Република Македонија сите граѓани како единки и колективитети се рамноправни, имаат исти права, обврски и одговорности и се носители на суверенитетот.

2. Организирањето и функционирањето на власта во локалните заедници и во Републиката се засновува врз резултатите на слободните и демократски избори.

3. Националниот состав на собранијата е појдовна основа за составот на сите органи на државната власт.

4. Национални јазици во Република Македонија се: македонскиот, албанскиот и турскиот јазик.

5. Во Република Македонија службени јазици се: македонскиот и албанскиот (во подрачјата каде што живеат Албанци).

6. Република Македонија гарантира рамноправност во административниот, информативниот, образовниот, културниот и општествено-политичкиот систем.

7. На сите граѓани на Македонија им се гарантира правото да ја изразуваат својата национална култура и да основаат установи и организации за остварување на тие

права, вклучувајќи го и правото за одбележување на историски настани и датуми, како и правото на употреба на националните и верските симболи.

8. Република Македонија ќе пропишува уставно-правен механизам со кој ќе се гарантира национална рамноправност, при што за сите прашања кои се однесуваат на меѓунационалните односи и заедничките интереси ќе се одлучува со консензус.

9. Албанците во Република Македонија имаат право да одлучуваат за својата судбина и во тој контекст да го понесат својот дел на одговорноста за судбината на Републиката.

10. Овие определби на соодветен начин ќе се инкорпорираат во Уставот на Републиката.

Скопје, 29 јули 1991 год.

ПАРЛАМЕНТАРНА ГРУПА

НА ПДП И НДП

КООРДИНАТОР,

Ешреф Алиу (потпис)"

**Документ бр.20**

„Народноослободителниот фронт на Словеномакедонците (НОФ) се појави како сенародно антифашистичко движење на отпорот на македонскиот народ... Движењето на НОФ претставува продолжение на НО борба што ја водеше во последните години македонскиот народ заедно со прогресивните антихашистички сили на грчкиот народ против политиката на национално угнетување и уништување што ја спроведува владејачката капитаистичка олигархија спрема македонскиот народ".[442]

II ОСНОВНИ ЦЕЛИ НА НОФ.

1) Независност-демократија

НОФ како главна цел има, на чело на македонскиот народ и во борбен сојуз со грчкиот народ, да се бори за независнот и демократија во нашата земја. Оваа борба е

[442] Државен архив на Република Македонија, Збирка Егејска Македонија во НОБ 1945-1949, АЕ: 12/48 год.

борба за спасување на нашиот народ, борба за национално и физичко постоење, ова е борба за слободен национален културен развој, за слободтата и правата на нашиот народ во рамките на демократска Грција.

2) Национална рамноправност

Реализирањето на националната рамноправност и признавањето на национални-те права на нашиот народ ја составува втората основна цел за која се бори НОФ. Реализирањето на националната рамноправност му ја гарантира на нашиот народ и на другите малцинства што живеат во нашата земја, можноста да ја зачуваат и развија својата национална култура, зазик, училишта, сите права и обичаи.

Нашиот братски народ на НР Македонија внатре во рамките на ФНРЈ, во единство и заедничка борба со другите југословенски народи, успеја да ја извојува својата слобода и своите права. Така и нашиот народ во единство и неразрушлив фронт на заедничката борба со грчкиот народ за независност и демократија на нашата земја. ќе ги извојува своите права и слобода.[443]

**Документ бр.21**

ИЗВЕШТАЈ

НА МУЛТИЈАДЕС ПОРФИРОГЕНИС, ЧЛЕН НА ЦК НА КПГ,

ЗА ПОЛИТИКАТА НА КПГ КОН НОФ

„Во август 1948 год. на Вичо се одржа Пленум на Централниот совет на НОФ. Отидовме заедно со Иоанидис за да удриме по разбивачката дејност што се вршеше во НОФ, особено од Керамитчиев и Паскал (Митревски, н.б.). Имавме решено, од Секретаријатот на НОФ да го отстраниме само едниот - Керамитчиев. Но, во дискусијата се покажа дека требало да отпаднат двајцата. На страната на Керамитчиев беа мнозинството на раководителите на НОФ, кои сакаа да го задржат на чело на организацијата. Но кога го видоа нашиот цврст став, гласаа за отстранување на двајцата.“[444]

**Документ бр.22**

[443] Државен архив на Република Македонија, Збирка Егејска Македонија во НОБ 1945-1949, АЕ: 12/48 год.
[444] Државен архив на Република Македонија, Збирка Егејска Македонија во НОБ 1945-1949, кутија 20/302

„ПДВ, вчера, на 20.IV.1949 година, на својата вонредна седница, го изнесе следниот апел:

Трите години што изминаа ја турнаа Грција во уште поголема беда. Десетици илјади мажи и жени го изгубија животот...За да и стави крај на ваквата трагедија, ПДВ многупати предлагаше да престанат воените операции и да дојде до едно демократско примирје. Но, сите наши предлози се отфрлуваа.

Денес ние повторно им ја подаваме раката на нашите противници. Треба да престане драмата на еден милион обездомени земјоделци, кои се истерани од своите огништа. Треба да престане трагедијата на стотиците илјади голи, гладни и незгрижени деца. Време е да се вратат кај своите имоти, своите семејства, во своите домови, униформираните војници што војуваат. Доста веќе со крвопролевањето во Грција. Нека изгасне пожарот.

За да имаме мир и ред во Грција ние сме готови да направиме најголеми отстапувања. Ја даваме оваа изјава иако ДАГ останува непобедлива. Нашиот патоказ. исклучиво се интересите на народот на Грција и на и на мирот.

Во последно време, официјалните претставници на владата од Атина изјавуваат за потребата од нови парламентарни избори во Грција. Ние сме готови и суштински да придонесеме за еден таков мирољубив и демократски начин за решавањето на грчкото внатрешно прашање.[445]

Слободна Грција, 20.IV.1949 Привремената демократска влада"[446]

**Документ бр.23**

**ДЕКЛАРАЦИЈА**

(Јули 1992 год.)

1. Собранието на Република Македонија го оценува за неприфатлив и го отфрла делот на Декларацијата на Европскиот совет на Европската заедница за поранешна Југославија, усвоена во Лисабон на 27 јуни 1992 година, што се однесува за признавањето на Република Македонија "со име што нема да го вклучува терминот Македонија",

[445] Државен архив на Република Македонија, фонд: Егејска Македонија во НОБ 1945-1949, а/е 48/Б/49;
[446] А М, Егејска Македонија во НОБ 1949, т.VI, док.104. стр 218-219

Со прифаќањето на ваквиот став, макар и привремено, се прави преседан со исклучително тешки меѓународнио последици.

2. Собранието на Република Македонија го поздравува делот на Декларацијата што ги гарантира границите на Република Македонија и нивната неповредливост во согласност со принципите на Повелбата на Обединетите нации и на Париската повелба.

3. Со пренесувањето на дел од својот суверенитет во Демократска Федеративна Југославија, Федеративна Народна Република Југославија и Социјалистичка Федеративна Република Југославија, врз основа на правото на самоопределување, Република Македонија е меѓународен субјект со јасно изразено и признаено име, суверенитет и територијален интегритет и како таков субјект е рамноправен правен наследник на СФРЈ, прифатен на Конференцијата за Југославија на Европската заедница и во нејзините документи.

4. Собранието на Република Македонија со Декларацијата од 17 септември 1991 година ја потврди волјата на граѓаните на Република Македонија изразена на референдумот од 8 септември истата година, во која тие се определија за самостојна и суверена држава под името Македонија, што се изрази и со Уставот на Република Македонија донесен на 17 ноември 1991 година. Во овие документи се истакнува дека Република Македонија ќе се залага за доследно почитување на принципите на меѓународните односи содржани во документите на ООН, завршниот документ од Хелсинки и Париската повелба на КЕБС.

5. За легитимноста и оправданоста на своето барање засновано врз Декларацијата за меѓународно признавање, Република Македонија доби и официјална потврда во извештајот на Арбитражната комисија на Конференцијата за Југославија на Европската заедница, во кој е заземен ставот дека "Република Македонија ги исполнува условите од насоките за признавање на новите држави во Источна Европа и во Советскиот сојуз и Декларацијата за Југославија усвоени од Советот на ЕЗ на 16 декември 1991 година", како и дека " употребата на името Македонија не содржи какви било територијални претензии кон друга држава".

6. Името Македонија е основа за името на еден народ - македонскиот народ, кој претставува мнозинство во Република Македонија и со неговото негирање се врши и дискриминација врз тој народ и националностите што живеат со него. Тоа не е во функција на обезбедување мирен и стабилен сесран развој на Република Македонија и заживување на нејзиниот суверенитет и независност, обезбедени на миерних и демократски начина.

7. Собранието на Република Македонија и натаму инсистира и бара од Европската заедница, како и од пошироката меѓународна заедница, Конференцијата за европска безбедност и соработка и Организацијата на Обединетите нации и нејзините членки, меѓународно да ја признаат Република Македонија со нејзиното име и во постојните граници.

8. Оваа Декларација да се објави во " Службен весник на Р Македонија".[447]

Собрание на Република Македонија

Бр. 08-2812/1 Претседател на Собранието на Република Македонија

3 јули 1992 год. Стојан Андов с.р"[448]

**Документ бр.24**

ОДЛУКА
НА СОБРАНИЕТО ЗА СТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВО ЧЛЕНСТВО НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ
( Скопје, 29 јули 1992 год.)

„Врз основа на член 121 од Уставот на Република Македонија и член 3 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 29 јули 1992 година, донесе

О д л у к а

за стапување на Република Македонија во членство

---

[447] Службен весник на Република Македонија
[448] Ахил Тунтев, Република Македонија, Прва декада (1990-1999) Скопје 2005, стр.84-85

на Организацијата на Обединетите нации

Член 1

Собранието на Република Македонија одлучи Република Македонија како суверена и самостојна држава, да стапи во членство во Организацијата на Обединетите нации.

Член 2

Барањето за стапување во членство во Организацијата на Обединетите нации да го поднесе претседателот на Републиката.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА[449]

Бр.08-3157/1 ПРЕТСЕДАТЕЛ

29 јули 1992 год. НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Скопје Стојан Андов (потпис)"[450]

**Документ бр.25**

ПИСМО СО СВЕЧЕНА ИЗЈАВА

НА КИРО ГЛИГОРОВ ДО БУТРОС ГАЛИ ЗА ПРИЕМ НА Р МАКЕДОНИЈА ВО ООН:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГИ ПРИФАЌА ОБВРСКИТЕ СОДРЖАНИ ВО ПОВЕЛБАТА НА ОН И СВЕЧЕНО СЕ ОБВРЗУВА ДЕКА ЌЕ ГИ ИСПОЛНУВА

(Скопје, 30 јули 1992 год.)

[449] Ахил Тунтев, Република Македонија, Прва декада (1990-1999) Скопје 2005, стр.86-87

[450] Службен весник...

“Во согласност со одредбата 4 на Повелбата на ОН и сообразно на законските определби и правила на процедурата СБ 50-60 и сообразно на одредбите на процедурата на Генералното собрание 134-138 што се однесуваат на приемот на нови членови во Обединетите нации, ја имам честа во името на Република Македонија и во својство на претседател да побарам прием на Република Македонија како држава-членка на Обединетите нации.

Дејствувајќи во рамките на демократските процеси во регионот на Централна и Источна Европа и во согласност со конституцијата на новите држави, Република Македонија стекна независност и сувереност низ мирољубиви и демократски промени. Во согласност со принципите на самоопределување и еднакви права на Повелбата на Обединетите нации Собранието на Република Македонија усвои Декларација за меѓународно признавање на Република Македонија како суверена и независна држава. На оваа Декларација и претходеше референдум организиран во Република Македонија на 8 септември 1991, на кој определбата на жителите за независна и суверена држава Македонија, беше потврдена. Во согласност со Уставот на Република Македонија, усвоен на 17 ноември 1991 година, Република Македонија е суверена, независна, демократска и социјална држава.

Република Македонија ги прифаќа обврските содржани во Повелбата на Обединетите нации и целосно ги поддржува Обединетите нации и зголемувањето на нивната улога во унапредувањето на меѓународниот мир. Ја потврдуваме нашата приврзаност кон принципите и целите на Обединетите нации, кои се поставени во Повелбата и ги осудуваме сите нарушувања на тие принципи. Ја почитуваме растечката улога на Обединетите нации во светските настани и нивната растечка делотворност.

Република Македонија ги прифаќа Хелсиншкиот финален документ, Париската повелба за нова Европа, Хелсиншката самитска декларација и Хелсиншките одлуки, како и сите документи на Конференцијата за европска безбедност, сите обврски и одговорности содржани во тие документи и е решена да дејствува во согласност со нивните законски одредби.

Почитувајќи ги Вашите лични напори, и во рамките на општите одговорности на Обединетите нации, го изразувам моето искрено уверување дека приемот на Република Македонија во Обединетите нации како држава-членка ќе биде значаен чекор

кон постигнување мирољубиво решение на кризата на територијата на поранешна Југославија.”

(Кон барањето е приложена и потпишана изјава на претседателот Киро Глигоров, со следната содржина)

“Во врска со молбата на Република Македонија за прием во Обединетите нации ја имам честа од името на Република Македонија, во својство на претседател да изјавам дека Република Македонија ги прифаќа обврските содржани во Повелбата на Обединетит нации и свечено се обврзува дека ќе ги исполнува.[451]

Киро Глигоров, претседател на Република Македонија”

[451] Објавено во “Нова Македонија”, од 27 јануари 1993 год.

**Документ бр.26**

ВМРО - Демократска партија за
македонско национално единство
Централен управен одбор
Бр. 331/92
17.08. 1992 год.
СКОПЈЕ

МТВ, Македонско радио
„Нова Македонија"
„Вечер"

С О П Ш Т Е Н И Е

Со чинот на прифаќањето од страна на претседателот на Републиката на уште еден мандатор од партијата на СДС, која веќе го потроши тоа свое право, на најгруб начин во Македонија се изигрони резултатите од првите повеќепартиски избори.

ВМРО-ДПМНЕ, по изгласувањето недоверба на т.н. експертска влада, очекувајќи дека на младата македонска демократија ќе и се дадат можности да заживее. Од тие причини ја прифати понудата од претседателот Глигоров за да истакне свој кандидат за мандатор што ќе одреди состав на нова влада. Откако раководството на ВМРО-ДПМНЕ не постигна согласност со партиите на кои сметаше во извршувањето на оваа уставна обврска, чесно и законски го врати мандатот.

Партијата која по редоследот на бројот на пратеници во Парламентот доби мандат, исто така го врати, со јасно образложение за причините на откажувањето од страна на мандаторот Петар Гошев.

Тоа што сега оваа вистина, дел од раководството на СДС ја заобиколуваат и повторно истакнуваат свој мандатор, а претседателот го прифаќа, не е само обид за одржување на власт на болшевичкото комунистичко крило во Македонија, туку и пример без преседан во парламентарните држави во светот. Тоа партиско раководство, поддржувано од претседателот на Републиката, пред очите на македонската јавност изврши уште еден јавен пуч врз демократијата.

ВМРО-ДПМНЕ и натаму се залага за почитување на Уставот и изборните резултати, што значи и формирање на политичка влада, односно распишување нови парламентарни избори.

Служба за информирање
при ВМРО-ДПМНЕ

17.08.1992г.

Скопје

MAKEDONSKI ZADGRANIČEN KOMITET
Das Makedonische Komitee in Exil
VMRO DPMNE
Berlin

ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство
Скопје

**Документ бр.27**

СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

Продолжувајќи ги своите разговори во Комитетот за Надворешни работи на американскиот Сенат,претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Г.Љупчо Георгиевски побара Комитетот да го постави прашањето за меѓународно признавање на Македонија под постоечкото име,и во таа смисла да му предложи на Сенатот усвојување на соодветна резолуција која би му била упатена на Стејт Департментот.Меѓутоа претседателот Љупчо Георгиевски од повеќе претставници на Комитетот беше запознат дека имаат информации дека македонската Влада и претседателот Глигоров се спремни на компромис за името "Бивша Југословенска Република Македонија",но дека на тој пат основната пречка е негативниот став на ВМРО-ДПМНЕ,која не сака да прифати промена на уставното име Македонија.

Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Љупчо Георгиевски на 26. 02. 1993 година,разговараше и со високиот функционер на Националниот совет за безбедност на САД,одговорен за Европа Г.Џеј Хол кој,како и другите американски функционери истакна,решавањето на проблемот со Македонија треба да и се препушти на Европската заедница.

Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Г.Љупчо Герогиевски ја посети и Карнеги фондацијата,каде пред поголем број угледни професори и политичари одржа предавање за актуелната економско-политичката и безбедносната ситуација во Македонија и проблемите околу нејзиното пошироко меѓународно признавање.По одржаното предавање кое прдизвика голем интерес кај присутните,Г. Љупчо Георгиевски одговараше на бројни поставени прашања.

Претседателот Георгиевски имаше повеќе средби и со раководни луѓе на Ирекс фондација кои го известија дека оваа фондација наскоро планира отворање на свое претставништво во Македонија,со што на повеќе македонски интелектуалци ќе им биде овозможено да ги користат нејзините услуги, стипендии,семинари и слично).

СКОПЈЕ 27. 02. 1993 г.

СЛУЖБА ЗА ИНФОРМИРАЊЕ НА
ВМРО -ДПМНЕ

**Документ бр.28**

РЕЗОЛУЦИЈА 817(1993)
НА СОВЕТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ЗА ПРИЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ООН:
МУ ПРЕПОРАЧУВА НА ГЕНЕРАЛНОТО СОБРАНИЕ ДРЖАВАТА ДА БИДЕ ПРИМЕНА ВО ЧЛЕНСТВО НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ И НА ТАА ДРЖАВА ПРИВРЕМЕНО ДА И СЕ ОБРАЌАМЕ СО "ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛОВЕНСКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", СЕ ДОДЕКА НЕ СЕ НАДМИНЕ РАЗЛИКАТА ШТО СЕ ПОЈАВИ ВО ВРСКА СО ИМЕТО НА ДЖАВАТА
(Њујорк, 7 април 1993 год.)

"Барање за членство (на Република Македонија,н.б.), содржано во документот S/25147 Одлуки

На својата 3.195-та седница, на 6 април 1993, Советот, по утврдувањето на дневниот ред, одлучи да се осврне на барањето содржано во документот S/25147 за членство во Обединетите нации, поднесено за расправа и за мислење во Комитетот за прием на нови членки, како што е предвидено со Одредбата 59 од привремените правила на процедурата.

На својата 3.196-та седница, на 7 април 1993, Советот го разгледа извештајот на Комитетот за прием на нови членки во врска со барањето содржано во документот S/25147 за прием во членство на Обединетите нации

Резолуција 817 (1993) од 7 април 1993

Советот за безбедност,

Разгледувајќи го барањето за прием во Обединетите нации содржано во документот S/25147,

Земајќи предвид дека барателот ги исполнува критериумите за членство пропишани во членот 4 од Повелбата на Обединетите нации,

Поздравувајќи ја готовноста на копретседателот на Постојаниот комитет на Меѓународната конференција за поранешна Југославија, по барање на генералниот секретар, да ги користи неговите добри услуги за да се надмине гореспоменатата разлика и да ги поттикне мерките за градење на доверба меѓу страните,

Имајќи ја предвид содржината на писмата добиени од страните содржани во документите S/25541, S/25542 и S/25543,

1.Ги поттикнува страните да продолжат да соработуваат со копретседателот на Постојаниот комитет на Меѓународната конференција за поранешна Југославија за да дојде до брзо надминување на нивната разлика;

2. Му препорачува на генералното собрание, државата, чие барање е содржано во документот S/25147, да биде примена во членство на Обединетите нации и на таа држава, за сите потреби, во рамките на Обединетите нации привремено да и се обраќаме со "поранешна југословенска Република Македонија", се додека не се надмине разликата што се појави во врска со името на државата.

3. Бара генералниот секретар да го известува Советот за резултатите од иницијативата преземена од копретседателот на Постојаниот комитет на Меѓународната конференција за поранешна Југославија. [452]

Усвоено без гласање на 3.196 -та седница."[453][454]

**Документ бр.29**

ПРИЕМ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ
(април 1993)
ПРЕПОРАКА
ОД СОВЕТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ДО ГЕНЕРАЛНОТО СОБРАНИЕ :
ПРИЕМ ВО ЧЛЕНСТВО НА ООН НА ДРЖАВАТА ПРИВРЕМЕНО ОСЛОВУВАНА
СО "БИВША ЈУГОСЛОВЕНСКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА"
(Њујорк, 7 април 1993 година)

Советот за безбедност на 7 април му препорача на Генералното собрание да ја прими во членство на Обединетите нации државата, која за сите потреби во Организацијата привремено ќе биде ословувана со "бивша југословенска Република Македонија", до решавањето на разликите што се јавија околу името на државата.

Советот ја презеде оваа активност со усвојувањето, без гласање, на Резолуцијата 817 (1993). Советот исто така ја усвои претседателската изјава, објаснувајќи ја својата позиција околу името на државата.

---

[452] Од официјалните записници на Советот за безбедност на ОН, 48-та година, Прилог за април, мај и јуни 1993 год.;

[453] Виктор Габер, За македонската дипломатија..., стр. 259

[454] Ахил Тунтев, Република Македонија, Прва декада (1990-1999) Скопје 2005, стр.87-88

Во Преамбулата на Резолуцијата 817, Советот, констатирајќи дека несогласувањето што се јави околу името на оваа држава треба да биде решено во интерес за зачувувањето на мирољубивите односи во регионот. По усвојувањето на Резолуцијата, преседателот на Советот, Џамшид Маркер (Пакистан) ја прочита изјавата во името на членовите на Советот. Тој рече дека референцата во Резолуцијата на "бивша југословенска република" не носи какви било импликации дека државата на која се однесува има каква било врска со Сојузна Република Југославија (Србија и Црна Гора). Тоа само го отсликува историскиот факт дека оваа држава во минатото била република во поранешната Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Советот , исто така, ја изразува својата надеж дека двете страни, како и сите други кои се засегнати, ќе избегнуваат преземање чекори кои решението би го направиле потешко... заемно прифатливо решение на овие проблеми би било главниот придонес за одржувањето на мирољубивите и добрососедски односи во регионот" , рече претседателот.

Приемот на бившата југословенска Република Македонија ќе доведе до вкупен број на 181 земја членка на Обединетите нации. Советот го започна разгледувањето на молбата за прием на оваа земја на 6 април, кога го упати предметот до својата Комисија за прием на нови членови. Денешната активност е преземена како одговор на извештајот на Комисијата (документ C/25544). Советот се одлучи да се откаже од временскиот рок изложен во правилото 60 од привремените правила за процедура, за да ја поднесе својата препорака до продолжението на 47 заседание на Генерал-ното собрание.

Изјавата од претседателот гласи:

"Советот за безбедност штотуку препорача државата, чија молба е во документот C/25417, да биде примена во членство на Обединетите нации. Ми претставува големо задоволство, што од името на членовите на Советот, и честитам на оваа држава на овој историски настан. Членовите на Советот се надеваат на нејзиниот брз прием во Обединетите нации.

“Советот ја поздравува иницијативата преземена од копредседателите на конференцијата за бивша Југославија на барање на генералниот секретар, за утврдување на механизам за разрешување на несогласувањата кои се јавија во врска со името на државата и унапредување на мерките за градење на доверба меѓу двете страни. Советот ја истакнува исклучителната важност на што поскорото имплементирање на мерките за градење на доверба кои се спомнуваат во штотуку усвоената Резолуција. Советот ја изразува надежта дека иницијативно спроведена, дека двете страни, и сите други кои се засегнати, ќе го одбегнат преземањето чекори кои решението би го направило потешко и дека двете страни ќе го прифатат и ќе го спроведат исходот. Заемно прифатливото рњешение на ова прашање ќе биде најголемиот придонес на за одржување на мирољубивите и добрососедски односи во регионот.

“Советот е јасен дека референцата во Резолуцијата која штотуку е усвоена, на “бивша југословенска Република” не носи какви било импликации дека државата на која се однесува има каква било врска со Сојузна Република Југославија (Србија и Црна Гора). Тоа само го отсликува историскиот факт дека државата што е препорачана за прием во Обединетите нации со сегашната Резолуција, во минатото била република во бившата Социјалистичка Федеративна Република Југославија”.[455]

Седницата што започна во 11.35 часот, заврши во 11.41 часот.”

455 Признавањето на Македонија (избор од светскиот печат)..., стр. 250-252

**Документ бр.30**

СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

ВМРО-ДПМНЕ ја предупредува уште еднаш македонската јавност дека политиката на постојана дефанзива и концесии за македонските државни и национални интереси на македонскиот државен врв продолжува.

Таквата антинационална политика, која ја доведе Македонија во безизлезна ситуација и на внатрешен и на надворешен план, сега се обидува доживеаниот тежок пораз на меѓународен план да го претвори во триумф.

За да ја подели одговорноста со сите во стариот добар комунистички ман манир, македонскиот државен врв преку режимските мас медии почнува да подготвува терен дека единствениот излез е да се прифати предложеното име "бивша југословенска република Македонија".

ВМРО-ДПМНЕ најенергично го отфрла таквото сценарио и подвлекува дека гнилиот компромис со прифаќањето"бивша југословенска република Македонија" ќе преставува антинароден и криминален акт за кој сторителите,кога-тога ќе мораат да одговараат пред својот народ.

ВМРО-ДПМНЕ не може повеќе да дозволува власта и понатаму да го злоупотребува народот, убедувајќи го дека треба да се прифати името "бивша југословенска република Македонија".

ВМРО-ДПМНЕ ќе стори се Република Македонија да биде призната под своето уставно име.

Скопје,18.03.1993г. СЛУЖБА ЗА ИНФОРМИРАЊЕ НА ВМРО-ДПМНЕ

ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство Скопје

MAKEDONSKI ZADGRANIČEN KOMITET
Das Makedonische Kommite
VMRO DPMNE
Berlin Deutschland

1993-03-19 09:14 09121706 VMRO $ DPMNE VMRO-DPMNE 001 S01

**Документ бр.31**

-02-24 13:59 091213706 VMRO $ DPMNE VMRO-DPMNE 010 S01

СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

Продолжувајки ги контактите во седиштето на ООН во Њујорк, претседателот на ВМРО–Демократска партија за македонско национално единство, г. Љупчо Георгиевски на 23. февруари 1993 година, во одвоени средби, се сретна со претставниците на американската, руската, бугарската, мароканската и хрватската мисија. Во разговорите основно внимание беше посветено на приемот на Република Македонија во ООН.

Врачувајки го Меморандумот на ВМРО–ДПМНЕ за прием на Република Македонија во ООН под постоечкото име, претседателот на ВМРО–ДПМНЕ, г. Љупчо Георгиевски доби цврсти уверувања дека Советот на безбедност на ООН не може да пристапи кон усвојување на било каква резолуција за промена на името на Република Македонија ако претходно нема добиено согласност од македонската влада.

Претставниците на странските мисии изразија изненадување зошто Македонија сеуште нема поднесено барање за прием во УНИЦЕФ, УНЕСКО и некои други меѓународни организации за чие зачленување не е потребно Македонија да биде членка на ООН.

Скопје, 24.02.1993 година

СЛУЖБА ЗА ИНФОРМИРАЊЕ НА ВМРО–ДПМНЕ

ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство Скопје

MAKEDONSKI ZADGRANIČEN KOMITET
Das Makedonische Kommite
VMRO DPMNE
Berlin Deutschland

**Документ бр.32**

ВМРО - Демократска партија за
Македонско-национално единство
Централен управен одбор
Бр. 32/93
25.02.1993 год.
Скопје

MAKEDONSKI ZADGRANIČEN KOMITET
Das Makedonische Komitee
VMRO DPMNE
Berlin Deutschland

СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

Продолжувајки ја својата посета на САД претседателот на ВМРО-ДПМНЕ г.Љупчо Георгиевски денес во Вашингтон беше примен од повеќе високи функционери на Стејт Департментот,функционерот на Стејт Департментот задолжен за Европа г. Ралф Џонсон во подолгиот разговор со претседателот Љупчо Георгиевски го изнесе званичниот став за Македонијакој,за жал,во овој момент е многу поблизок до грчкиот.

Џонсон ,меѓутоа ,демантираше дека САД дале било каква јавна поддршка на Англиско-Француско-Шпанскиот предлог резолуција за промена на името на Р. Македонија,нагласувајки дека решавањето на овој проблем болата куќа го има препуштено на Европската Заедница.

Во разговорот со г.Дресман функционер во Стејт Департментот одговорен за Македонија, како и во средбата со г.Ралф Џонсон претседателот Љупчо Георгиевски се заложи за поактивна улога на САД во решавањето на македонскиот проблем барајки активна поддршка на Вашингтон за приемот на Р.Македонија во ООН под постојечкото име.

Функционерот во Стејт Департментот одговорен за проблематиката на човековите права во светот,Г-ѓа Нанси Ели Расел изворно го запозна претседателот Љупчо Георгиевски СО извештајот на Стејт Департментот за човековите права во Македонија.

Г-ѓа Расел го изрази своето изненадување што овој извештај го нема добиено соодветниот третман во Македонија,во толку повеќе што станува збор за прв извештај од таков карактер за состојбата со човековите права Македонија.

Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Љупчо Георгиевски ја посети и Американската информативна агенција,каде со челнит луѓе на агенцијата беше разговарано за интензивирањето на американската информативно културна дејност во Македонија како и за добивање на поголем број стипендии и друга помош за македонските студенти и интелектуалци.

служба за информирање на ВМРО-ДПМНЕ

1993-02-27 15:29 09121370б VMRO $ DPMNE VMRO-DPMNE 002

**Документ бр.33**

...донско-национално единство
...нтрален управен одбор
Бр. 33793
26. 02. 199 3 год.
...ПЈЕ

СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

Продолжувајки ги своите контакти во Вашингтон, претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, г. Љупчо Георгиевски денес ги посети американскиот Конгрес и Сенат.

Во разговорите со демократскиот конгресмен Алберт Вин, член на Комитетот за надворешни работи на Конгресот и сенаторот Џон Вернер, претседател на Комитетот за одбрана на Сенатот, опширно беше разговарано за конкретизацијата на можностите за формирање американско лоби за ширење на идејата за признавање на Република Македонија под постоечкото име.

Изразувајки ја својата спремност да и' помогнат на Македонија и нејзините демократски сили, конгресменот Алберт Вин и сенаторот Џон Вернер го известија претседателот Љупчо Георгиевски дека посега, за жал, многу малку се знае за Македонија и дека Македонија мора да ја интензивира својата информативно-пропагандна дејност во САД.

Претседателот Љупчо Георгиевски разговараше и со претседателот на Националниот институт на Демократската партија, г. Кенет Волак, кој го запозна со активностите на Институтот на планот на ширењето на демократијата во довчерашните источно-европски земји. Г. Кенет Волак, на барање на г. Љупчо Георгиевски, изрази спремност Институтот да и' ја пружи на Македонија неопходната помош при одржувањето на идните парламентарни избори.

Претседателот Љупчо Георгиевски го посети и еден од најстарите и најреномирани институти - Институтот Брукинкс, чии политички совети ги користи американската влада и други земји во светот, каде со челните луѓе, меѓу кои и госпоѓа Сузан Вудворд, која припрема посебна книга за распаѓањето на Југославија, беше опширно разговарано за забрзувањето на демократските процеси во Македонија.

Скопје, 26.02.1993 год.

СЛУЖБА ЗА ИНФОРМИРАЊЕ НА ВМРО-ДПМНЕ

ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство · Скопје

1993-02-27 15:29 091213706 VMRO $ DPMNE VMRO-DPMNE 002

## Документ бр.34

1992-01-30 14:59 091213706 VMRO $ DPMNE VMRO-DPMNE 010 S01

ВМРО - Демократска партија за Македонско национално единство
Централен управен одбор
бр. 146
23.1.1992 год.
Скопје

ДО
СИТЕ ЗАДГРАНИЧНИ СЕКЦИИ НА
ВМРО-ДПМНЕ ВО ДИЈАСПОРАТА

Драги браќа и сестри,

Ве известуваме дека Извршниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ одржа седница на 16-1-1992 г. во Скопје. Меѓу другите прашања се разгледуваа и: 1) последиците од албанскиот референдум;
2) однесување на Партијата по непризнавањето на Р. Македонија од страна на земјите членки на ЕЗ и
3) состојбата во Партијата.

После сестраната дискусија во која учествуваа сите членови на ИК се искристализираа следните видувања:

1. Референдумот што го организираа албанците со полна подршка на ПДП И НДП претставува атак врз македонската држава и обид за федерализација на Република Македонија. Вината и одговорноста за оваа ситуација ја има власта во Р.Македонија, којашто беше кусогледа и компромисерска, па сметаше дека со последователни мали отстапки ќе ги омекнат аспирациите на албанците во РМ. Неможеше да предвидат дека тоа е добро обработена стратегија на што укажуваа и бојкотот на пописот, бојкотот на референдумот од 8-9-1991 г. и негласањето за Уставот на РМ.

ИК смета дека, со оглед на процесот на признавањето на РМ, не треба да се преземаат никакви активности што би можеле да испровоцитаат некои судири помеѓу албанското население и припадниците на ВМРО-ДПМНЕ. Разрешувањето на овој проблем треба да се препушти на државата и ВМРО-ДПМНЕ да дејствува во Собранието.

Малку смирителни тонови дојдоа од истапувањето на г-н Ештреф Алиу на емисијата "Отворен екран" на 16-1-1992 г. кога изјави дека пратеничката група на ПДП и НДП ја прифатила оцемката на Владата на РМ и дека референдумов треба да се смета како еден тест, оти зад него не стои никаква политичка платформа. ИК, меѓутоа, смета дека резултатите од референдумот ќе бидатползувани според потреба. Треба да се има и во предвид дека албанците располагаат во светот, а особено во САД, Белгија и Австрија,со моќно лоби, па не е изклучено да сета оваа игра со референдумот е дел од некое поголемо сценарио со конечна цел за создавање на обединета Албанија, што имплицира заграбување на западна Македонија. Поради сето ова ВМРО-ДПМНЕ преку пратеничката група ќе инсистира на што поскоро донесување на релевантни закони со цел работите да земат нормален тек.

T.

**Документ бр.35**

ВМР[illegible] - [illegible] партија за
Македонск[illegible] единство
Централен [illegible] одбор
бр. 49
8.12 1991 год.
СКОПЈЕ

ДО СИТЕ ЗАДГРАНИЧНИ СЕКЦИИ НА ВМРО-ДПМНЕ

ДРАГИ СЕСТРИ И БРАЌА!

Особено не радува тоа што можеме да Ве известиме дека на 17.11.1991 година Собранието на Република Македонија го усвои и прогласи првиот демократски Устав на македонската држава. Во врска со ова сакаме поподробно да Ве информираме за текот на расправите што се водеа во јавноста сѐ до прокламацијата на Уставот.

Иницијатива за замена на стариот комунистички Устав на т.н. Социјалистичка Република Македонија отпочна парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ. За жал, оваа иницијатива не можеше да се развие повеќе од предлог, бидејќи дојде објаснување од Претседателството на Собранието дека е посакувано да иницијативата биде партиски неутрална, за да може да биде поддела од сите партии во Парламентот. Се договори да му се даде предимство на Претседателот на Републиката, и тој тоа и го направи. Се случи, меѓутоа, оваа писмена иницијатива да не биде придружена со политичка платформа усвоена во Собранието, а која што би ги содржела политичките појдовни елементи на Уставот. Овој недостаток подоцна предизвика жолчни дискусии во дебатата за општиот лик на Уставот.

Владата на Република Македонија формира стручна група за изработка на Нацрт-Уставот, а која беше воглавно составена од професори на Правниот факултет во Скопје, се разбира, со комунистичко педигре. Нацртот ја мина пропишаната процедура т.н. јавна дискусија и се дадоа бројни амандмани, така што на крајот, при утврдувањето на конечниот текст се појавија над 400 амандмани. И нашата партија поднесе 36, од кои 4 беа клучни:

а) Член 1 од Уставот да гласи дека Република Македонија е национална држава на македонскиот народ.

б) Во член 7. да се бришат ставовите 2 и 3 што зборуваат за службена употреба на јазиците на националнотите, а да остане дека официјалниот јазик е само македонскиот и неговото кирилично писмо.

в) да се оневозможи паралелизам во образованието,

г) и проблемот на локалната самоуправа.

За жал, во дебатата, албанско-комунистичка коалиција не дозволија ниту еден амандман од ВМРО-ДПМНЕ да биде усвоен.

Пред гласањето за целиот Устав пратениците на ВМРО-ДПМНЕ заземаа позитивен став кон Уставот од следните причини:

2. -

Документ бр.36

1. Со оглед на реалната можност Словенија и Хрватска да бидат признаени од страна на Европската економска заедница, останувањето без Устав за Република Македонија би значело губење на услов за евентуално меѓународно признавање како и губење на темпото, бидејќи донесувањето нов Устав би се завлекло до една година.

2. Ова пролонгирање лошо би се одразило врз целокупното законодавство во Република Македонија, со што би се оневозможило било какви кадровски промени како и создавање на услови за заживување на стопанството, што е во многу тешка состојба.

3. За да се спречи евентуалното економско ембарго на ЕЕЗ.

4. Албанските партии (ПДП и НДП) не гласаа за Уставот. Нашиот евентуален негативен став би нé довел во несакана конотација со нив.

5. Уставот содржи елементи што ја означуваат Република Македонија како самостојна и суверена држава, а во преамбулата е назначено дека Република Македонија е национална држава на македонскиот народ итн.

Земајќи го во предвид и тоа дека г-н Глигоров веднаш на 18.11.1991 година отиде за Виена да побара поддршка од Г-н Мок и Г-н Враницки за меѓународно признавање на Република Македонија, сметаме дека сме постапиле исправно што го дадовме својот глас за Уставот.

Ви препорачуваме да ја разгледате оваа информација на Вашите состаноци и да ни јавите за вашите мислења.

Исто така Ве молиме да дејствувате во својата средина за создавање на поволна клима за Македонија и нејзиното признавање како меѓународен субјект како и популаризација на ВМРО-ДПМНЕ како носител на тие промени во Република Македонија. акаме да Ви напомeнеме дека политичкиот дел од нашата програма е остварен: создавање на самостојна и суверена Република Македонија со своја надворешна политика, своја економска политика и своја војска (во разработка). Сето ова се реализира исклучиво на иницијатива на нашата партија. Слободно можеме да кажеме дека ниту една друга партија до денешен ден не предложила буквално ништо за било каква промена во политичкиот и економскиот живот во Република Македонија. Затоа се гордееме што припаѓаме на партија која што е носител на сите промени во нашата татковина.

Братски срдечни поздрави.

ЗА ИЗВРШНИОТ КОМИТЕТ НА ВМРО-ДПМНЕ

Тодор Богданов

ВМРО - Демократска партија за Македонско национално единство · Скопје ·

**Документ бр.36**

Ех - 07

И се обраќаме на македонската јавност, на сите македонски [illegible] ти, како внатре во распарчената и поделената татковина, така и во емиграцијата ширум, со

П Р О Г Л А С

за формирање

В М Р О - ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНСКО НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО

1. ВМРО - ДПМНЕ ќе работи за националното и територијалното обединување на распарчениот македонски народ во самостојна национална држава во рамките на обединета Европа, во која македонската нација единствено може да ги оствари своите права во полна демократија и да си обезбеди забрзан и сеопшт стопански напредок, што секогаш била благородната цел на сите македонски патриоти што се бореле и умирале за една слободна и независна Македонија.

2. ВМРО - ДПМНЕ е против секакво тоталитаристичко владеење и властување, таа се бори за целосни граѓански слободи и права и смета дека тие права единствено можат да се остваруат во парламентарната демократија.

3. ВМРО - ДПМНЕ како партија што извира од народот и му припаѓа на народот е против секаков вид македонски врховизам и против него се бори во духот на илинденскиот идеал на македонскиот народ, но со демократска форма на политичка борба.

4. ВМРО - ДПМНЕ е за духовно, национално, политичко и економско обединување на сите македонци без разлика во која држава тие живеат и тоа македонско обединување го прави врз илинденскиот идеал, затоа и ВМРО - ДПМНЕ се разликува од сите други македонски партии и движења кои со македонското обединување само манипулираат со предизборната програма.

5. ВМРО - ДПМНЕ е за измирување на сите македонци кои остануваат во духот на бесмртниот илинденски идеал. ВМРО - ДПМНЕ прифаќа соработка само со македонски партии и движења на кои им е туѓ секаков предавнички врховизам.

6. ВМРО - ДПМНЕ е за вклучување на Република Македонија во рамноправна соработка со сите републики на Југославија, соработка со сите балкански држави и за создавање на Балкан без граници и заедничка балканска економска програма.

7. ВМРО - ДПМНЕ е должна да побара од СР Србија повлекување од македонската територија која се наоѓа незаконски присвоена во границите на СРС и САП Косово вклучувајки ве тука и манастирот Прохор Пчински - кој има историско значење за македонскиот народ.

**Документ бр.37**

М Е М О Р А Н Д У М

за приемот на Република Македонија во ООН

Најенергично ја отфрламе нацрт-резолуцијата на Англија, Франција и Шпанија, Република Македонија да биде примена во членство на ООН со привремена употреба на името "бивша југословенска Република Македонија".

Македонската држава не е ниту "привремена", ниту "бивша југословенска Република Македонија". Таа е историска стварност со чиј меѓународно-правен субјективитет мора да се соочи светската заедница. Меѓународно-правниот субјективитет на Република Македонија е признат од неколку држави во светот, меѓу кои Русија, Турција, Бугарија, Словенија, Хрватска. и т.н.

Македонскиот народ, како и секој друг народ во светот, има право на самоопределување. Таквото свое право македонскиот народ и граѓаните на Република Македонија го потврдија на референдумот од 8 септември 1991 година и со усвојување на Уставот на Република Македонија на 17 ноември 1992 година, со што тие уште еднаш јасно и гласно ги потврдија своите вековни, исконски желби и тежненија за создавање на самостојна, независна и меѓународно призната македонска држава под името Република Македонија.

Република Македонија, според тоа, има само едно име, кое никој не може да го менува, условува или наложува со диктат. Тоа е исклучиво право на македонскиот народ и граѓаните на Македонија.

ВМРО - ДПМНЕ како парламентарна опозиција со 35 пратеници во Парламентот зад кој што стојат 300.000 гласачи, истакнува дека нашите предлози за вакви значајни прашања како што е меѓународното признавање на Македонија под постојаното име не се респектирани од страна на позицијата. Заклучоците кои што се усвоени на Педесет и петтата седница на Собранието на Македонија се изгласани со 66 гласа од вкупно 120 пратеника, во отсуство на опозицијата. Цениме дека тие заклучоци даваат зелено светло

**Документ бр.38**

П Р И С Т А П Н И Ц А

за членување во ДПМНЕ – ВМРО

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Презиме, татково име и лично име | Георѓиевски, Томе Љупчо |
| 2. | Место, ден, месец и година на раѓањето | г. Штип, 17.I-1966 |
| 3. | Место на живеење, адреса, телефон | Делчево, ул. „Солунска" 75 |
| 4. | Професија | професор по книжевност (невработен) |
| 5. | Работно место, адреса, телефон | / |
| 6. | Националност | МАКЕДОНЕЦ |
| 7. | Религија | православен |
| 8. | Додатни податоци | |

И З Ј А В А

Станувам член на Демократската партија за македонско национално единство.

Ја прифаќам политичката платформа на ДП-НЕ, како и другите важечки документи усвоени од партијата.

Станувајќи доброволно член на ДПМНЕ, го задржувам своето право да ја напуштам партијата, доколку за тоа се појави потреба од било какви и да е причини.

| Место | Дата | Своерачен потпис |
|---|---|---|
| Скопје | 17.VI-1990 | Георѓиевски Љупчо |

Ч. кн. бр. 0001

**Документ бр.39**

**ВМРО Демократска партија за македонско национално единство**

Македонија, Скопје, ул. Петар Драшин бр.36 *Тел. 389 (0)91 111 441, 227 627 факс. 211 586*

*До Задграничните комитети на ВМРО-ДПМНЕ*

Почитувани браќа,

Централниот комитет на ВМРО ДПМНЕ на седницата одржана на 24.10.1994 година едногласно донесе одлука за целосен бојкот на Вториот круг на изборите '94, поради очигледен и груб државен фалсификат на резултатите од истите. Ваквата одлука на Централниот комитет е поддржана и од Демократската партија како и од други помали партии и независни кандидати. Заради ефикасно спроведување на ваквата одлука ЦИШ ги дава следните задолжителни инструкции

-Се задолжуваат сите задгранични комитети на ВМРО-ДПМНЕ на денот на одржувањето на вториот круг на изборите масовно да го бојкотираат а со тоа и да бараат целосно поништување на првиот круг на изборите одржан на 16.10.1994 година

- Секој Задграничен комитет на денот на гласањето е задолжен да обезбеди книга за собирање на потписи за поништување на изборите на 16.10.1994 година.

- Веднаш по завршувањето на гласањето во недела 30.10.1994 година да се соопшти бројот на потписници, во штабот на партијата во Скопје - Македонија.

Со братски поздрав за обединета Македонија

Скопје, 27.10.1994 година

*Генерален секретар*
*Борис Змејковски*

## Документ бр.40

ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство
VMRO-Democratic Party for Macedonian National Unity
"Петар Драпшин" 38, Скопје, Македонија

В.М.Р.О.
Демократска партија за македонско национално единство
Централен комитет
Бр. 862
25.10.1994 год.
Скопје

**До**
**општинскиот изборен штаб**
**на ВМРО-ДПМНЕ**

СТРОГО ДОВЕРЛИВО
ПАРТИСКА ТАЈНА

Предмет: **Задолжителни инструкции**

Централниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ на седницата одржана на 24.10.1994 година едногласно донесе одлука за целосен бојкот на Вториот круг на изборите '94, поради очигледен и груб државен фалсификат на резултатите од истите. Ваквата одлука на Централниот комитет е поддржана и од Демократската партија како и од други помали партии и независни кандидати. Заради ефикасно спроведување на ваквата одлука ЦИШ ги дава следните задолжителни инструкции:

- Сите Општински изборни штабови се должни веднаш да ги запознаат со оваа одлука Месните изборни штабови членовите и симпатизерите и другите граѓани на своето подрачје и пропагираат нејзино пошироко прифаќање.

- За поуспешна реализација на оваа одлука Општинските изборни штабови на ВМРО-ДПМНЕ веднаш да стапат во контакт со Општинскиот изборен штаб на Демократската партија заради координирање на заедничкиот настап.

- На денот на изборите недела 30.10.1994 година бојкотот ќе се изврши на следниот начин:

а) Во сите општини, во сите градови и поголеми села во убаво импровизирани гласачки кутии (во поголем формат обвиткани со бела хартија на кои е поставено македонско државно знаме) се врши и гласање со претходно доставени ливчиња од Партиите (истите навреме ќе бидат доставени). Заедно со гласачкото ливче се става и Државната покана за гласање.

б) За реализација на ова заедно со претставници на Демократската партија се формираат заеднички изборни комисии за секоја кутија.

в) На кутиите не смее да има партиски обележја.

г) Општинските и месните изборни штабови се должни да обезбедат постојано дежурство околу кутиите (тука максимално да се

## Документ бр.41

# СТАТУТ
## НА ВМРО – ДПМНЕ

Поаѓајки од идејно-политичката основа на големиот Илинден за македонската државност, сувереност и самобитност, а врз основа на член 2 од Законот за општествени организации и здруженија на граѓани, Конгресот на ВМРО – Демократска Партија за Македонско Национално Единство, одржан во Прилеп во 1991 година на ден Воскресение, донесе

С Т А Т У Т
на
ВМРО – ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА ЗА МАКЕДОНСКО НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО

### 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

ВМРО – ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА ЗА МАКЕДОНСКО НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО е политичка партија (во натамошниот текст Партија) во која врз основа на принципот на слободно пристапување членуваат оние кои ги прифаќаат програмските цели и задачи на Партијата во рамките на уставните определби на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Социјалистичка Република Македонија.

Член 2

Партијата се стреми кон создавање на суверена и самостојна национална држава на македонскиот народ како правна држава која низ своите институции и инструменти ќе гарантира правна сигурност на сите субјекти, а особено ќе ги негува правата и слободите на човекот и граѓанинот опфатени со Повелбата на Обединетите Нации како предуслов за градење на демократски односи и политички систем во кој врз основа на пазарните законитости се создаваат услови за развој на сите духовни вредности, на социјалната правда и сигурност и на еколошки чиста работна и животна средина.

Член 3

Името на Партијата е ВМРО – ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА ЗА МАКЕДОНСКО НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО.
Скратеното име на Партијата е ВМРО – ДПМНЕ.
Кратенката ВМРО (Внатрешна Македонска Револуционерна Организација) се додава како израз на традиција, врз чија идејно-политичка основа, како континуитет, се изградени програмските цели и задачи на Партијата.

**Документ бр.42**

9-16 16:35 091213706 VMRO + DPMNE VMRO-DPMNE 008 S01

Македонско Радио, НТВ, „Вечер" и „Н. Македонија" ПРЕСС-БИРО

ВМРО - Демократска партија за Македонско национално единство
Централен комитет одбор
Бр. 697/92
16.09 1992 год.
СКОПЈЕ

СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

Изминаа веќе два месеци од обелоденувањето на политичките афери сврзани со формирањето на паравоените терористички организации ("Сина птица") и недозволеното и противуставно прислушкување на ВМРО-ДПМНЕ од страна на Службата за државна безбедност, но за жал на јавноста не и беа презентирани одговорите и епилогот од нив. Упорното молчење и индолентноста во постапувањето на надлежните државни органи - Владата, Министерството за внатрешни работи и на Комисијата за контрола на работата на Службата за државна безбедност, не може да се протолкува поинаку освен како обид да се прикрие и заташка тежината на овие противзаконити активности на МВР и да се избегне одговорноста на главните актери на оваа полициско-политичка ујдурма - председателот на Републиката Глигоров, министерот за внатрешни работи Љубомир Фрчковски, одговорноста на подсекретарот на СДБ Слободан Богоевски и на помошник министерот Добри Величковски и началникот Мите Апостоловски. Трагично е и погубно за македонската демократија и за македонската држава што овие раководители сеуште раководат со македонската државна безбедност.

Особено загрижува молчењето на Јавниот обвинител на Македонија кој сеуште не покренал постапка за одговорност спрема овие лица иако има доволно елементи за сторени кривични дела за кои се гони по службена должност, со што најдиректно се доведуваат под прашање уставните принципи и залоѓби за вистинско функционирање на правната држава во Република Македонија.

Наспроти ваквата инертност, ВМРО-ДПМНЕ високо го цени и поддржува патриотскиот гест на г-дин Александар Диневски кој, по цена на саможртва јавно ги демаскира и осуди ваквите нелегални и противуставни активности на МВР кон ВМРО-ДПМНЕ и останатите национални партии,

7 07:58 091213706 VMRO $ DPMNE VMRO-DPMNE 001 S02

со што даде конкретен придонес за заштитата на граѓанските и човековите права во Македонија од антидемократските постапки на државните органи.

Скопје,16.09.1992 година СЛУЖБА ЗА ИНФОРМИРАЊЕ НА ВМРО-ДПМНЕ

ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство Скопје

ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство **ВМРО-ДПМНЕ** VMRO - Democratic Party for Macedonian National Unity **VMRO-DPMNU**

ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство
Централен управен одбор
Бр. 248
26.10.1993 год.
СКОПЈЕ

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

за јавноста

ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство, деновиве до Истражниот судија во Општинскиот Суд Скопје 1 поднесе барање за спроведување на истрага против Љубомир Фрчковски, министер за внатрешни работи, Слободан Богоески, потсекретар на СДБ, Добри Величковски, помошник на министерот и Мите Апостоловски, началник на Управа во МВР. Барањето уследи по донесеното решение од страна на заменикот јавен обвинител во истиот суд со кое е отфрлена кривичната пријава против погоре споменатите лица заради основани сомневања дека сториле кривично дело "неовластено прислушкување и тонско снимање" во врска со т.н. афера "Дувло".

ВМРО-ДПМНЕ не е изненадена од ваквиот однос на обвинителството кој само ја потврдува оценката за длабоката исполитизираност и директно влијание врз правосудните органи од страна на владеачката неокомунистичка коалиција што се потврди и во други случаи во овие органи. ВМРО-ДПМНЕ како директно и тешко оштетена страна во овој спор зад кој стои и валидна јасна одлука на собраниската Комисија за контрола над работата на СДБ, ќе ги употреби сите легални правни механизми вистината за овој случај да ја расветли докрај, а го задржува правото за се обрати и до надлежните меѓународни институции.

СКОПЈЕ, 26.10.1993 год.

ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство Скопје

СЛУЖБА ЗА ИНФОРМИРАЊЕ НА ВМРО-ДПМНЕ

**ВМРО-ДПМНЕ,** ул. „Петар Драпшин" бр. 36, 91000 Скопје, Република Македонија, тел: 38 91 111-441; Факс: 38 91 111-441
**VMRO - DPMNU,** ul. „Petar Drapšin", N°36, 91000 Skopje - Republic of Macedonia, tel: 38 91 111-441; Fax: 38 91 111-441

**Документ бр.43**

ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство ВМРО-ДПМНЕ VMRO - Democratic Party for Macedonian National Unity VMRO-DPMNU

ВМРО - Демократска партија за Македонско-национално единство
Централен управен одбор
Бр. 194
21.06 199 4 год.
СКОПЈЕ

# СООПШТЕНИЕ
## за јавноста

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, денес упати до претседателот на Собранието на Република Македонија, согласно Деловникот на Собранието, писмено барање како прва точка на закажаната 76-тя седница на дневниот ред да биде внесена точката:

- Актуелно-безбедносната состојба во Република Македонија, со посебен осврт на актуелно-безбедносната состојба во Општина Тетово.

Наназад неколку години состојбите воОпштина Тетово се оптоварени со притисок врз Македонците, атакуван е нивниот живот и имотот, а сето тоа од официјалните власти во Република Македонија во голема мера е премолчувањето. Последните неколку немили настани, лишувањето од живот на еден малолетник, како и загрозување на животот на поголема група малолетници од страна на група возрасни албански екстремисти и сепаратисти, со право ја вчудоневиди и загрижи целата македонска јавност. Повеќе од очигледно е дека состојбите и проблемите што ја оптоваруваат актуелно-безбедностата состојба во Општина Тетово, а со тоа и на Република Македонија кулминираат до крајна мера и не може Владата да се однесува рамнодушно да ја известува македонската јавност со соопштенија. Неопходно е под итно Владата на Република Македонија, во интерес на вистината, детално, усмено да го информира Собранието на Република Македонија за актуелно-безбедносната состојба во Република Македонија со посебен осврт на состојбите во општините каде што локалната власт е во рацете на ПДП и да предложи соодветни мерки за заштита на Македонците од општините во западниот дел на нашата држава.

*Скопје, 21.јуни 1994 г.*

ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство Скопје

*Служба за информирање на ВМРО-ДПМНЕ*

ВМРО-ДПМНЕ, ул. „Петар Драпшин" бр. 36, 91000 Скопје, Република Македонија, тел: 38 91 111-441; Факс: 38 91 111-441
VMRO - DPMNU, ul. „Petar Drapšin", N° 36, 91000 Skopje - Republic of Macedonia, tel: 38 91 111-441; Fax: 38 91 111-441

## Документ бр.44

**ВМРО - Демократска партија за Македонско-национално единство**
**Централен управен одбор**
Бр. 532/92
14.08. 1992 год.
СКОПЈЕ

ИНФОРМАЦИЈА

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, по бројните тешкотии и отпори од страна на комунистичките пратеници во македонскиот Парламент, успеа да се избори за усвојување на новото знаме на Република Македонија, со симболот: жолто шеснаесетокрако сонце на средината од црвената основа. Нашата пратеничка група, и партијата истовремено, е уверена дека наскоро ќе дојде и до изгласувањето на симболите на новиот грб (жолт лав на црвена основа), на што комунистите, исто така, жестоко се спротиставуваат, измислувајќи и разновидни изговори. Но, и покрај тоа, цврсто сме уверени дека Македонија наскоро ќе го добие својот државен грб, онаков каков што заслужува и сака да има.

На предлог на пратеникот на ВМРО-ДПМНЕ, Коле Дуловски, македонскиот парламент прифати и изгласа амандман на новиот Закон за државјанство на Република Македонија, со кој сите Македонци во дијаспората, независно од тоа дали се родени или не во Македонија, по свое барање без никакви процедури ќе се стекнат со македонско државјанство.

На ваквиот предлог комунистите и нивниот министер за внатрешни работи д-р Љубомир Фрчковски се обидоа дополнително, откако амандманот беше изгласан и прифатен, да го поништат со образложение дека тоа ќе им наштети на нашите иселеници, и дека ќе ја ослаби македонската позиција на престојната мировна конференција во Лондон.

Овој амандман, што го поддржуваат сите пратеници на ВМРО-ДПМНЕ и за што спроведоа десетина дискусии во Парламентот, е веќе влегнат во процедура на внесување во Законот, што значи извојувана е уште една победа над комунистите.

Откако комунистичкиот мандатор Петар Гошев ја врати доверबата за состав на нова влада, изигрувајќи го Уставот, СДС истакна уште еден мандатор (Бранко Црвенковски), а претседателот Глигоров го прифати. Со тоа во Македонија најгрубо се прекршени изборните резултати, изигран е законот, и извршен уште еден пуч врз демократијата.

ген. секретар Борис Змејковски

1992-08-18 09:47 091213706 VMRO $ DPMNE VMRO-DPMNE 005 20

**Документ бр.45**

ВМРО - Демократска партија за
Македонско национално единство
Централен управен одбор
Бр. 177/92
10.12. 1992 год.
Скопје

СООПШТЕНИЕ

Македонската интелегенцијата, селаните и сите лојални граѓани на Република Македонија, во овој историски миг најенергично треба да ѝ се спротивставаат на промената на името на нашата расдничка татковина Македонија.

Перфидна и смислена лага е обидот со некаква додавка или придавка да се одземе основното што го имаме, и што го имале нашите прадедовци; името.

Македонија може да опстојува со сопствени сили и со признавање од страна на тие земји кои тоа го посакуваат. Тие кои доведоа до состојба да го губиме и името, треба да си заминат од политичката сцена за добро на државата и народот.

Скопје, 10.12.1992 г.

СЛУЖБА ЗА ИНФОРМИРАЊЕ ПРИ
ВМРО - ДПМНЕ

**Документ бр.46**

2-12-16 14:38 091213706 VMRO $ DPMNE VMRO-DPMNE 004 S03

СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

Нацрт-декларацијата на Советот на ЕЗ од 12.12.1992 г. претставува уште еден доказ повеќе за поразот на "мудрата" и сторилна надворешна политика на македонскиот државен врв, кој е единствениот виновник за меѓународната изолација и блокада во која денес се наоѓа Република Македонија.

Г. К. Глигоров со својата досегашна антимакедонска политика и бројните манипулации со јавноста, вклучувајќи го и невидениот циничен предлог и согласност за промена на името на Републиката, не само што драстично ја ослабна преговарачката позиција на Македонија, туку го сруши достоинството на државата и народот и се откажа од идеалите на сите оние кои го дадоа животот за независна Македонија.

Затоа на г. Глигоров и неговата врхушка не смее повеќе да им се дозволи да го злоупотребуваат народот, убедувајќи го и понатаму дека виновниците за поразот треба да се бараат на трета страна. Дојде време кога на народот мора да му се каже дека ЕЗ и Грција не ја победија Македонија, туку дека тоа го стори неспособното државно раководство.

ВМРО-ДПМНЕ бара г. К. Глигоров веднаш да му положи сметка на македонскиот народ за драматично тешката внатрешна и надворешна ситуација во која денес се наоѓа Македонија. Ако воопшто има морал и достоинство, претседателот на Републиката треба итно да се повлече од функцијата. Тоа е единствениот пат да се избегне опасноста од понатамошното тонење на Македонија во безизлез.

ВМРО-ДПМНЕ подвлекува дека Македонија ќе биде меѓународно призната држава и дека таа битка можат да ја извојуваат само националнo и демократско ориентираните сили во Републиката.

Скопје, 14.12.1992 г. ИНФОРМАТИВНА СЛУЖБА НА ВМРО-ДПМНЕ

ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство Скопје

**Документ бр.47**

С О О П Ш Т Е Н И Е

ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство цени дека самото изгласување на Уставот каде што Република Македонија е конституирана како суверена и самостојна држава не е доволно за нејзино меѓународно признавање. Неопходна е материјализација на Уставот, како и донесување на Декларација за независност и интензивирање на државните активности пред меѓународните форуми и дипломатските претставништва за признавање на Република Македонија.

Истовремено, соочени со заканите кои што секојдневно и се упатуваат на Македонија од страна на "гласноговорникот" на српската политика В. Шешељ, српскиот Парламент и српската влада, неопходно е итно обраќање до Советот за безбедност на ОН за упатување на "сини шлемови" и нивно разместување на границата меѓу Република Србија и Република Македонија.

ВМРО - ДПМНЕ истовремено укажува дека доаѓањето на "сините шлемови" и нивно разместување само меѓу границата во кризните жаришта спрема Хрватска, предизвикува оправдано стравување од опасноста што може да уследи за поделбата на бившата југословенска држава на два дела. Во еден дел би се нашле Словенија и Хрватска, што ќе го забрза процесот на нивното меѓународно признавање, а во другиот дел наспроти волјата на македонскиот народ, епублика Македонија би останала во Србославија. Ангажирањето на "сините шлемови" и нивното распоредување на границите со Република Србија ќе создаде гаранција за целосно конституирање на македонската држава и за мирот и спокојството на сите граѓани во Република Македонија.

СЛУЖБА ЗА ИНФОРМИРАЊЕ НА ВМРО-ДПМНЕ

Скопје, 28.11.1991 г.

**Документ бр.48**

ВМРО-Демократска партија за
македонско национално единство
***ВМРО-ДПМНЕ***

IMRO-Demokratic party for
macedonian national unity
***IMRO-DPMNU***

## *Соопштение за јавноста*

ВМРО-ДПМНЕ се надева дека признавањето на БЈРМ од страна на САД набргу ќе резултира и со признавање под нејзиното уставно име - Република Македонија.

На тој начин Американската администрација ќе даде конкретен придонес за дефинитивното распрснување на илузиите на македонскиот државен врв за евентуално приклучување на Р.Македонија кон таканаречената СР Југославија и за стабилизирањето на мирот на југот на Балканот.

ВМРО-ДПМНЕ со задоволство констатира дека и надворешно политичката стратегија на Партијата денес е веќе реалност така што довчерашните "мудри" заложби и изјави на најголемата инвестиција на СДСМ г-н Киро Глигоров дека " разбивањето на Југославија претставува антиисториски развој" денес се повеќе од смешни и утопистички .

Република Македонија денес е признат меѓународен субјект - цел за која ВМРО-ДПМНЕ единствено се залагаше од своето основање. ВМРО-ДПМНЕ бара од претседателот на Република Македонија Киро Глигоров да ја запознае македонската јавност кои услови треба да ги исполни нашата држава за да бидат воспоставени целосни дипломатски односи со САД и

какви аранжмани всушност се кријат зад условите за воспоставување на дипломатски односи изнесени во писмото на претседателот Клинтон до претседателот Глигоров

*Скопје,10 фебруари 1994 година*

***Служба за информирање на ВМРО-ДПМНЕ***

**Мане вчера не можев да ти ги испратам телефаксите поради тоа што беше блокиран системот на компјутерот при инсталирање на нови програми**

**ЗОРАН**

# БИБЛИОГРАФИЈА

## ИЗВОРИ

### Необјавени извори

### ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Архив на ЦК СКЈ; Фонд: ЦК на КПМ 1941/27

Фонд: KCXXVII

Фонд: АСНОМ; број на фонд 158

Фонд: Баталјон „Мирче Ацев"

Фонд: Егејска Македонија во НОВ

Фонд: Збирка Егејска Македонија во НОВ 1945-1949, кут.20/33/55

Фонд: Кабинет на претседателот на Р. Македонија

Фонд: НОБ

Фонд: Претседател на Република Македонија

Фонд: Претседателство на Владата на НРМ

Фонд: Судско досие на Методија Андонов – Чento; Окружен НО Суд Скопје

Фонд: ЦК КПМ

Фонд: ЦК СКМ

### ПРИВАТНИ АРХИВИ

Емил Крстески – син на Глигор Крстески претседател на ВМРО СДРМА

Ефтим Гашев

Иван Соколов

Маноил Јаковлевски

Перо Мицевски

Сотир Пастенаров

**ОБЈАВЕНИ ИЗВОРИ:**

Archives diplomatique...Nantes.Fond, Etata General des fonds, Serie, Skopje, vol.2

Archives diplomatique...Paris..Serie, Z, Europe, Sous-serie, Greece 1949-1955, vol.53.

Archives diplomatiques Nantes, Skopje, vol.201

Arhiv Jugoslavije; Ustavni razvoj Jugoslavije

D SP SFRJ, II, 1946, стр. 321-322

Direction de la documentation Francaise. Recuell des documents de la Conference de Paris, 29.07 –15.10.1946.

Dokumenti o spoljnoj politici SFRJ, 1946, II, dok.64. str 184-187

Jisip Broz Tito, Govori i clanci, knj.II, Naprijed, Zagreb 1959

Livre V Come vendu Stenographique des vingt-troisieme et vingt-quatrieme Séance plenaires tenues le jeudi, 22 aout 1946. Expose de M.Manuilski-Ukraine.

MEMORANDUM SRPSKE AKADEMIJE NAUKA I UMETNOSTI (nacrt) Jesen 1986

UN Security Council, Official Records, First Year: Second Series, No 26, pp. 588-590

Автобиографија на М. Андонов Ченто; Методија Андонов Ченто документи и материјали; ДАРМ; Скопје 2002

АСНОМ 1944-1964; Зборник на документи; Скопје 1964

*Декларација за сувереност на Социјалистичка Република Македонија*, НУ Музеј на македонската борба за државност и самостојност, Скопје

Димитар Влахов, Говори и статии 1945-1947, Скопје 1947

Државен архив на Република Македонија, *Прва Влада на Македонија*, Документи, том II, книга I, Скопје 1995

Зборник Македонија 1988-1999; Фондација институт отворено општество Македонија; Скопје, 2001.

Зборник НОБ; том VII, кн. 1, документ 64

Извори за Ослободителната војна и револуција во Македонија 1941-1945; Том I; Документи на КПЈ и КПМ; ИНИ; Скопје 1968

Историски архив на КПЈ; т.VII, Македонија

Од официјалните записници на Советот за безбедност на ООН, Четириесет и осмата година, Прилог за април, мај и јуни 1993

Републичка изборна комисија, број 20-29, 20 септемрви 1991 Скопје

Скопје во НОВ 1941-материјали од научниот собир; Скопје, 13-14 јуни 1972

Службен весник на Република Македонија

Службен весник на Социјалистичка Република Македонија

Службен лист на ДФЈ

Службен лист на СФРЈ

Устав на Република Македонија, Скопје 1991

Устав на СФРЈ, Устави на социјалистичките републики и покраини, Белград, 1974

Чехословачки дипломатски документи за Македонија1976-1989, кн. 4, ред. Новица Велјановски, Јан Ритлих, ДАРМ, Скопје 2010

**СПИСАНИЈА И ВЕСНИЦИ**

V. Borba

В. Вечерне новости

В. *Млад борец*

В. Нова Македонија

В. Политика Политика; број 27404; понеделник 22 јануари 1990 Белград

В. *Утрински весник*,

В. Форум

Весник Вест

Искра; Орган на ПК на КПЈ во Македонија; VII/1 јануари 1941

**ТВ ПРИЛОЗИ**

Видео инсерти, *Телевизија Загреб ТВ Дневник*, 1989 година

Радио Слободна Европа; интервју со Милан Кучан; www.slobodnaevropa.org; 27.02.2008.

Радио телевизија Србија (РТС); емисија за 14-от Конгрес на СКЈ; Трезор, сечања.

Серијал документарни филмови „20 години македонска независност“

**ИНТЕРНЕТ СТРАНИ**

http://www.sdsm.org.mk/Default.aspx?mId=45&lId=1

https://books.google.mk/books?id=vsy5IAsKJsYC&pg=PA158&hl=en#v=onepage&q&f=false

https://www.cia.gov/library/

https://www.youtube.com/watch?v=BjzVd5pw51E

https://www.youtube.com/watch?v=e4OwoNGP4ck

https://www.youtube.com/watch?v=G9q440imUC8

https://www.youtube.com/watch?v=-JRDuRP_NGE

https://www.youtube.com/watch?v=vxnI93wV1TI

*Веб страна на СДСМ*, историја на партијата.

Документарен филм „Dosije“, https://www.youtube.com/watch?v=v4Wj4eJ0-bg

Документарен филм „*Jedinica*“ прв дел,

Документарен филм „Sablja“ https://www.youtube.com/watch?v=rBPnsDqfqWI

Документарен филм „Vidimo se u čitulji“,

Документарен филм „*Vlast I mafija*“ прв дел,

Филм „Арканови тигрови“, https://www.youtube.com/watch?v=7xwqU4UY4ts

**АРХИВИ НА ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ**

Влада на Република Македонија

Министерство за надворешни работи на Репуиблика Македонија

Собрание на Република Македонија, Служба за документација

СР Македонија, Републичка изборна комисија, билтен бр.20, избори `90, конечни резултати од изборите за пратеници во Собранието на СР Македонија, Скопје 27.12.1990.

Стенограми од Собрание на Република Македонија

Стенограмите од седницата на Советот за безбедност на Обединетите Нации, D SP SFRJ, II, 1946, стр. 321

**ИНТЕРВЈУА И СЕЌАВАЊА НА УЧЕСНИЦИ И СВЕДОЦИ**

Александар Бичиклиски

Александар Диневски

Александар Флоровски

Борис Змејковски

Владо Змејковски

Драган Димишков

Ѓорѓи

Ѓорѓи Доцев

Ефтим Гашев

Иван Соколов

Ламбе Арнаудов

Љубиша Георгиевски

Маноил Јаковлевски

Перо Мицевски

Раде Станковски

Сотир Пастенаров

Тане Марковски

Филип Петровски

**ЛИТЕРАТУРА**


- Blank, Stephen J.; Yugoslavia's Wars: The Problem From Hell"; U.S. Army War College.
- Carole Rogel; The Breakup of Yugoslavia and Its Aftermath;2004
- Dan N. Jacobs, The New Communist Manifesto and Related Documents, New York: Harper Torchbooks 1965
- Drakulic, Slavenka; How We Survived Communism and Even Laughed; Harper Collins 1993.
- Hane Perry Clark Carey & Andrew Galbraith Carey, The Web of Modern Greek Politics (New York: Columbia University Press, 1968

- Hayden, Robert M; "Constitutional Nationalism in the Formerly Yugoslav Republics."; Slavic Review, Vol. 51, No. 4, 1992.
- Ingrao, Charles and A. Emmert Thomas; Confronting the Yugoslav Controversies; United States Institute of Peace Press Washington, D.C. 2009.
- Ivan Markešič; Kriza i transformacija političkih stranaka; Zagreb 2007
- John Campbeel and Philip Sherrard, Modern Greece, London: Benn 1968, str.249
- Kaplan, Robert D.; Balkan Ghosts: A Journey Through History. St. Martin's Press, 1993
- Karahasan, Dzevad; Saraevo, Exodus of a City; Kodansha America 1994.
- Keith R. Legg, Politics in Modern Greece (Stanford: Stanford University Press, 1969.
- N. Thomas & K. Mikulan; The Yugoslav wars (1), Slovenia & Croatia 1991-95; Oxford 2006.
- Pesic, Vesna; Serbian Nationalism and the Origins of the Yugoslav Crisis; Washington 1996.
- Sardon, Jean-Paul. "Demographic Change in the Balkans Since the end of the 1980's."
- Stipe Mesić, Kako je srušena Jugoslavija, Mislav pres, Zagreb 1994
- Vjekoslav, Perica; Balkan Idols, Religion and Nationalism in Yugoslav States; Oxford University, 2002.
- Zizmond, Egon; "The Collapse of the Yugoslav Economy." Soviet Studies, Vol. 44, No. 1, 1992.
- Ахил Тунтев, *Република Македонија прва декада (1990-1999)*, Скопје 2005
- Ачкоска, Виолета; Демнеечки дух – тајното полициско досие на политичкиот затвореник суден за Македонија Ѓорѓи Доцев Ордев; Скопје 2012.
- Ачкоска, Виолета; Универзитет „св. Кирил и Методиј" Филозофски факултет Скопје; Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991); Скопје, 2011.
- Вејденфелд, Вернер, Веселс Волфган; Европа од А до Ш; Прирачник за европска интеграција; Фондација Конрад Аденауер; Скопје, 2009.
- Виктор Габер, За македонската дипломатија

- Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991)*, Скопје 2011
- Виолета Ачкоска, Никола Жежов, *Зборник, Политички затвореници 1945-1990*, втор том, Скопје 2012
- Димитар Мирчев; Ферментација на демократијата и на нацијата, сите македонски пролети 1943-1993; Скопје 2013
- Државен архив на Република Македонија, *Драган Богдановски „Мојата борба за Македонија"*, Скопје, 2014
- Ефтим Гашев, *Нашата кауза*, второ издание, Скопје 2007
- Илиевски, Доне; Афтокефалноста на Македонската православна црква; Скопје, 1972.
- Киро Глигоров, Македонија е се` што имаме, Скопје 2002
- Лазар Колишевски; Аспекти на македонското прашање; НИП „Наша книга"; Скопје 1979.
- Љубчо Георгиевски, Тоа сум јас, Скопје 2012
- Михаило Апостолски, *Сеќавања*, приредил Михаил Белдедовски, Скопје 2003
- Никола Кљусев, Предизвици, Книга трета, Видувања, Скопје 2000
- Павел Шатев; Македонското национално ослободително движење; „Македонско дело"; год. I, бр.11, 10.02.1926
- Павловски, Јован; Сто македонски години 1903-2003; Скопје 2004.
- Признавањето на Македонија, избор од светскиот печат, редакција Георги Ајановски, Скопје 1993
- Стојан Андов, На мој начин, Скопје 2003
- Стојан Киселиновски, Средбата на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија, Гласник на ИНИ, јануари-април 1988
- Страхил Гигов; Сеќавања; Скопје 1975.
- Тодорова, Марија; Замислувајќи го Балканот; Скопје, 2001.
- Трпевска, Жаклина; Бојда, корени на националниот идентитет; Скопје, 2012.

**СОДРЖИНА:**


ВОВЕД 2

**ГЛАВА I „СОЗДАВАЊЕ И РАСПАД НА ФЕДЕРАЦИЈА“**

МАКЕДОНЦИТЕ ОД ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА ДО РАСПАДОТ НА СФРЈ 5

ПОДЕЛЕНОСТА КАЈ МАКЕДОНЦИТЕ 9

МАКЕДОНЦИТЕ ПОМЕЃУ ПАРТИСКИТЕ ДИРЕКТИВИ И НАЦИОНАЛНИТЕ ЦЕЛИ 17

СТУДЕНТСКАТА ПРОЛЕТ 1968 ГОДИНА 24

МЕМОРАНДУМ НА САНУ 29

ГАЗИМЕСТАН 36

ПОЧЕТОК НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИОТ РАСПАД 39

14. КОНГРЕС НА СКЈ 47

РАСПАДОТ НА ЈУГОСЛАВИЈА ПРЕКУ БАЛКАНСКОТО ПОДЗЕМЈЕ 56

ПО СТАПКИТЕ НА СЛОБОДАН МИЛОШЕВИЌ 64

**ГЛАВА II „МАКЕДОНИЈА КОН НЕЗАВИСНОСТА**

УРИВАЊЕТО НА ПОЛИТИЧКИОТ МОНОПОЛ 68

ПЛУРАЛИЗМОТ ВО МАКЕДОНИЈА 79

ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ВО МАКЕДОНИЈА 83

ВМРО ДПМНЕ 84

СДСМ 97

ПРВИТЕ ПОВЕЌЕПАРТИСКИ ИЗБОРИ ВО МАКЕДОНИЈА 98

ПРВАТА КОНСТИТУТИВНА СЕДНИЦА 106

СОЗДАВАЊЕ НА ВЛАДА 111

МАКЕДОНЕЦ КАКО КОЛАТЕРАЛНА ШТЕТА 123

ПРЕГОВОРИ ЗА СПАС НА ЈУГОСЛАВИЈА 125

НЕЗАВИСНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 127

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАКО ПРИЗНАТА ДРЖАВА 133

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА АПЛИЦИРА ЗА ЧЛЕНСТВО ВО ООН 143

ВНАТРЕШНИОТ АСПЕКТ НА МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ 145

МАЛЦИНСТВАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 155

ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ ВО 1994 ГОДИНА 159

**ГЛАВА III „МАКЕДОНИЈА СРЕД БАЛКАНСКОТО БУРЕ БАРУТ“**

МАКЕДОНЦИТЕ ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА 162

МАКЕДОНСКО-ГРЧКИТЕ ОДНОСИ ПРИ РАСПАДОТ НА ЈУГОСЛАВИЈА 175

ДЕКЛАРАЦИЈА НА ПРОГОНЕТИТЕ МАКЕДОНЦИ 176

МАКЕДОНСКО-ГРЧКИТЕ ОДНОСИ ПО МАКЕДОНСКАТА НЕЗАВИСНОСТ 178

ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛОВЕНСКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 179

ПРОМЕНА НА ДРЖАВНОТО ЗНАМЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 209

ЗАБЕЛЕШКА 211

ЗАКЛУЧОК 212

ПРИЛОЗИ 215

БИБЛИОГРАФИЈА 283